РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1025
Скопје, 15 февруари 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1025 од 15 февруари 2012 год


**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за оцена на подобноста на пријавената темата за изработка на докторска дисертација **Оптимизационa техно-економска анализа за инвестициски одлуки при имплементација на софтверски системи за управување со животниот циклус на производите** и оспособеност на кандидатот **м-р Емилија Ристова** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................1-7

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Неврофизиолошки корелации и ендофенотипови при дефицит на внимание со или без хиперактивност**, изработена од **д-р Силвана Маркова-Симоска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................8-12

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје (**Филип Ценоски**)....................13

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Компаративна анализа на македонското и италијанското искуство во заштита на човековите права во случаи на тортура**, изработена од **м-р Петар Јорданоски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................14-20

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на бетонските и дрвените конструкции на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Оливер Колевски**)....................21-24
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација пријавени на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Ангелчо Папов, м-р Илија Кондиноски, м-р Драган Димитриевски**)....................25
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд пријавени на Градежниот факултет во Скопје (**Ѓуро Велковски, Ана-Марија Влиткоска, Александра Цветановска**)....................26

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Неопходни чекори кон целосна контрола, сузбивање и ерадикација на бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија**, и оспособеноста на кандидатот **м-р Тони Киранџиски** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....................27-30

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Фармакогнозија**, од авторите **проф. д-р Светлана Кулеванова, доц. д-р Ѓоше Стефков и ас. м-р Марија Карапанџова**, пријавен на Фармацевтскиот факултет во Скопје....................31-34

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Ива Дујак, м-р Ивана Јорданова, м-р Предраг Гаврилов, м-р Локман Хебиби, м-р Зуле Стојанова, м-р Игор Атанасов, м-р Краља Каранфилова, м-р Јасмина Додева, м-р Горан Купенков, м-р Менче Ивановска, м-р Весна Христовска, м-р Данче Николовска Вратсовска, м-р Дејан Ристовски, м-р Симон Милошески, м-р Махије Мустафа, м-р Соња Димоска, м-р Билјана Цветаноска Гугоска, м-р Валентина Анѓелкоска, м-р Ивана Никифоровска, м-р Александар Петрески, м-р Јелена Таст, м-р Марија Пендевска, м-р Алмира Цури-Мемети, м-р Ивана Бојовска, м-р Ракип Малоски, м-р Никола Груевски, м-р Лазар Арсовски, м-р Елена Мучева, м-р Кристина Бицева, м-р Аднан Селмани**)....................35-38
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Катерина Наумовска, Билјана Андова, Елена Бонеска, Никола Марковски, Ана Колеќеска, Марина Арнаудова, Влатко Петревски, Ејјуб Ферухан, Софче Величковска, Марко Миленковиќ, Александра Левајковска, Сузана Јовановска, Александра Стојаноска, Тања Михаилова, Емилија Бумбароска, Елена Јорданоска, Ана Цветановска, Тошо Кипријанов, Јован Чочевски, Елена Димитриева, Јордан Симонов**)....................39-40

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на редовен професор од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Митко Хаџи-Пуља**)....................41-51

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Иван Ѓаковски, Билјана Наумовска, Љубе Ристовски, Викторија Јанчевска-Анѓелковиќ, Милорад Белкоќески, Ангелина Канчевска, Зоран Трајковски**)....................52
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Нестационарни појави во доводно-одводните органи при преодни режими на реверзибилна Францис-турбина** и оспособеноста на кандидатот **м-р Виктор Илиев** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................53-59

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Медицинско казнено право**, од авторите **проф. д-р Никола Тупанчески, доц. д-р Александра Деаноска, м-р Драгана Кипријановска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................60-66

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на еден асистент во научната област болести на преживни животни на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**м-р Игор Џаџовски**)....................67-72

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје (**м-р Катерина Мијалова, м-р Катерина Ангелевска-Најдеска, м-р Јован Аврамоски, м-р Михајло Николовски, м-р Виолета Ташева, м-р Бајрам Цапа, м-р Фросина Николовска, Неџип Шехоли, м-р Васко Пополиски, д-р Зоран Панов, д-р Катерина Поповска, д-р Душица Неделкоска, м-р Амир Имери, м-р Ремзије Ракипи, м-р Милица Филиповска, м-р Елена Донева, м-р Александар Николовски, м-р Богдан Ѓурчевски, м-р Димитар Аневски, м-р Анета Петковска, м-р Никола Цуцулески**).......73-75
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Влатко Јанчовски, Николета Стрезовска, Сунчица Саздовска, Катерина Глигориевска, Сања Бошкова, Игор Величковски, Јулијана Ивановска, Ема Арсовска, Јасмина Чаминска, Жарко Поп Илиев, Методи Пеновски, Данчо Домков, Надица Кретевска, Јован Пауновски**)........ 76


**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје (**м-р Зоран Богески, м-р Роберто Трајковски, м-р Светлана Талеска, м-р Верица Јосимовска, м-р Викторија Грозданова-Коцевски, м-р Ристо Палигора, м-р Шенер Биљали, м-р Драган Ѓалевски, м-р Владимир Талески, м-р Шинази Мемеди, м-р Адхурим Расими**)........77
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Билјана Петковска, Павле Арсовски, Трајче Петковски, Соња Николова**)........78


**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје (**Даниела Станковска-Плачковска, Кети Петкоска**)...79


**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**


1. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Изолација, молекуларна идентификација и типизација на микобактерии од mycobacterium tuberculosis комплексот изолирани од говеда во Република Македонија**, и оспособеноста на кандидатот **м-р Искра Цветковиќ** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје........80-86


**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Трансформација на летачката пепел во нови материјали, во согласност со тетрадата добивање-структура-својства-примена**, од **м-р Билјана Анѓушева**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје........87-91


**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај клинички изолати на Escherichia coli и Klebsiella spp.: детекција, преваленција и молекуларна типизација**, изработена од **д-р Ана Кафтанџиева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........92-96

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на редовен професор по предметите просветителството и романтизмот во словенечката книжевност, реализмот и модерната во словенечката книжевност, методика на наставата по книжевност 1, методика на наставата по книжевност 2; предмети од областа на македонската книжевност и јужнословенските книжевности (втор изборен модул); предмети од областа македонска култура (втор изборен модул) на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Јасна Котеска**)....................97-124

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција** и оспособеност на кандидатот **м-р Ана Младеновска** за научна работа, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје..........................................................125-128
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Културните фактори во процесот на учење јазик-истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија** и оспособеност на кандидатот **м-р Наџи Селими** за научна работа, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје....................................129-133
3. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Магичниот реализам во македонскиот долгометражен игран филм** и оспособеност на кандидатот **м-р Соња Јаќовска-Самарџиева** за научна работа, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје..........................................................134-138
4. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Скулптурата во урбаниот простор (Скопје)** и оспособеност на кандидатот **м-р Стојче Тоциновски** за научна работа, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.........139-142

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Реферат за избор на научен советник во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**д-р Зоранчо Малинов**)..........................................................143-153

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Рецензија на ракописот **Методика на музичкото образование** од авторот **доц. д-р Владимир Талевски**, пријавен на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје..........................................................154-161

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Ана Чупеска, м-р Горан Петрески**)...............................162
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Елена Кипровска, Благој Тодоровски, Ивона Галиќ Петков, Елена Костовска, Игор Анѓелков, Верка Брдарова**)..............................................163

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на еден соработник во научната област педологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Миле Маркоски**)..........................................164-170

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник - еден асистент од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Слободан Велевски**).171-174

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација пријавени на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Ана Витанова-Рингачева, м-р Маја Милевска-Кулевска, м-р Шејназе Ајдини-Муртези, м-р Весна Тасевска, м-р Хуреме Гурра. м-р Наташа Воиновска, м-р Анета Симоска, м-р Марина Спасовска, м-р Марија Гиревска, м-р Катерина Сековска-Анѓелковиќ**)....175-176
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд пријавени на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Гордана Наумовска, Татјана Димова-Анастасов, Бољана Ивановска, Бети Силјановска-Дрнков, Гзиме Бафтири, Мирјана Пачовска, Емилија Јанакиева, Габриела Стојаноска, Христина Преснакулева**)....177-178


**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје (**Јованка Јузмеска**)....179


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област генетика и селекција на растително производство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Мирјана Јанкуловска**)....180-189
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област фитопатологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Билјана Кузмановска**)....190-197
3. Реферат за избор на соработник во звањето асистент во научната област хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска**)....198-201
4. Реферат за избор на вонреден професор во научната област ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Силвана Манасиевска-Симиќ**)....202-212


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**


1. Реферат за избор на доцент по француски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Слободанка Колемишевска**)....213-219

# РЕФЕРАТ

## ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТКАТА М-Р ЕМИЛИЈА РИСТОВА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-1811/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на редовната седница одржана на 4.11.2011 година, определена е Комисија во состав:

1. вонр.проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет - Скопје
2. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет - Скопје
3. проф. д-р Миколај Кузиновски, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Емилија Ристова и да даде оцена за оспособеноста на кандидатката за научна работа и за подобноста на пријавената тема за изработка на докторска дисертација со наслов:

**„Оптимизациона техно-економска анализа за инвестициски одлуки при имплементација на софтверски системи за управување со животниот циклус на производите."**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Кратка биографија

Кандидатката м-р Емилија Ристова е родена на 14.10.1978 година во Кочани, Република Македонија. Основно и средно образование има завршено во Кочани, со континуиран одличен успех. Високото образование го продолжила во учебната 1997/1998 година на Машинскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 10.10.2002 година на насоката за термотехника и термоенергетика, со просечен успех 9,58. Во текот на студирањето, за секоја студиска година е одликувана со пофалница за постигнат одличен успех. Поради одличните резултати, добитник е на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование и наука на Република Македонија, која ја добила во текот на студиите на Машинскиот факултет. Во текот на три студиски години, односно во период од шест семестри, м-р Ристова е ангажирана како демонстратор за предмети на додипломските студии на повеќе студиски насоки кои ги покрива Катедрата за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за производно инженерство, насока: индустриско инженерство и менаџмент. Магистрирала во февруари 2009 година со просечен успех 9,71, на тема „Анализа на системите за менаџмент на односите со корисниците во однос на перципцијата за времето на опслужување".

По дипломирањето, се здобива со работно искуство во неколку компании во земјава. Во периодот од 2003 година до 2007 година работела во компанијата за производство и продажба на компјутерска опрема и фискални каси, "Акцент компјутери" во Скопје, на работни позиции: менаџер за продажба и сервис на компјутерска опрема и менаџер за квалитет. Од 2007 година до 2009 година работела во компанијата Вип Оператор Дооел, член на Mobilkom Austria group, Скопје, на работната позиција координатор на проекти и процеси.

Од октомври 2009 година е вработена на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип како помлад асистент и притоа е одговорна за спроведувањето на вежбите и консултациите по предметите информационо управувачки системи и системи за квалитет и стандарди. Дополнително е ангажирана во Центарот за обезбедување на квалитет при Универитетот.

Своето образование континуирано го надградува преку учество на обуки и семинари, при што се здобива со повеќе сертификати, меѓу кои се издвојуваат: Certificated ISO/DIS 19011 Internal auditor, Hewlett Packard Digital Workplace Sales Professional, Project Management, Primas Unternehmensberatung GmbH, Teamcenter PLM Siemens и други.

Активно го владее англискиот јазик.

Кандидатката има повеќегодишно работно искуство во доменот на информатичката технологија, употребата на новите мобилни дигитални платформи и софтверските пакети за управување со системите за менаџмент на односите со корисниците. Активно учествува во развојот и имплементацијата на нови апликации при реализација на проектни задачи за новите мобилни компјутерски платформи (Blackberry), преносливост на броеви во мобилната телефонија (Mobile Number Portability), како и имплементација на информациони системи за успешно управување на односите со корисниците (CRM - системи).

Предлог - докторската дисертација вклучува техно-економска анализа при имплементација на информациони системи од аспект на проектни ризици, стандарди и протоколи во услови на воведување на нови технологии како што се веб-базираните услуги (Cloud Computing), со што работното искуство на кандидатката и соодветните обуки од областа на проектниот менаџмент и имплементација на системите за квалитет обезбедуваат соодветни знаења и аналитичка способност неопходни во спроведувањето на анализата.

Обуката за Teamcenter PLM Siemens (софтверскиот пакет за ефикасно управување со животниот век на производите, производ на компанијата Siemens Industry Software Ltd.), спроведена од овластени претставници на компанијата Siemens Industry Software Ltd. и ITS-Industrial Technology Systems, и овозможува стекнување практични искуства од примената на ваков софтверски пакет и запознавање со можните начини на справување при управување со големи количества податоци и нивно складирање.

## 2. Преглед на објавени научноистражувачки трудови

1. **Emilija Ristova**, Zoran Panov, *An approach of systems analysis of CRM and improving customer satisfaction trough the management of perception waiting*, Natural resources and technology, Volume IV, Faculty of Natural & Technical Sciences, Goce Delcev University Stip, Macedonia, 2010.

2. **Ristova E.**, Stefanovski J. , Stefanovska Lj, *Attributes and success factors of partnering relations trough supply chains, JIT case study for a manufacturing company*, The VII International Congress "Machinery, Technology, Materials", International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year IV, ISSN 1313-0226, Issue 6/2010, pp. 57-59, Bulgaria, 2010 (http://mech-ing.com/journal/6-2010.html).

3. Ljubica Stefanovska, **Emilija Ristova**, *Innovative Employee Reward Methods Use and Its Linkage with Employee Motivation and Performance*, The 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Proceedings ISBN 978-608-65144-2-6, pp. 1116 – 1123, Macedonia, 2011.

4. **Ristova E.**, Markov Z. *The importance of development and implementation of national environmental strategy for manufacturing companies*, The 19th International Scientific and Technical Conference on Transport, Road-Building, Agricultural, Hoisting & Hauling and Military Technics and Technologies, International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 3/2011, pp. 47-50, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/3-2011.html).

5. Panov Z., **Ristova E.**, Stefanovska Lj, *Enviromental strategies in the mining: The importance of development and implementation national environmental strategy for waste treatment*, The 11th International Multidisciplinary GEO Conference SGEM 2011, Cross Ref SCOPUS, Indexed in ISI Web of Knowledge, Conference Proceedings Volume VIII, pp. 319-326, Bulgaria, 2011.

6. Serafimovska H., **Ristova E.**, *The Impact Of Leadership On Achieving Total Quality Management*, The VIII International Congress "Machinery, Materials, Technologies", International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 7/2011, pp. 26-28, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/7-2011.html).

7. **Emilija Ilija Ristova**, Zoran Panov, Vladan Borko Andonovik, *Development of dental biomaterials cloud computing concept*, European Biotechnology Congress 2011, Abstract published in "Current Opinion in Biotechnology" (Impact Factor 8.486), Volume 22, Supplement 1, pp. S50, Turkey, 2011.

8. **E. Ristova**, Z. Panov, H. Serafimovska, *Manufacturing strategy, total quality management and HR strategy: an integral performance measurement model*, International Conference on Innovative Technologies In-Tech 2011, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies ISBN 978-80-904502-6-4, pp.462-464, Slovakia, 2011.

9. D. Mirakovski, Lj. Stefanovska, **E. Ristova**, *TQM and Higher Education Institutions: Issues regarding the implementation process at Integrated State University*, International Conference on Innovative Technologies In-Tech 2011, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies ISBN 978-80-904502-6-4, pp.381-383, Slovakia, 2011.

10. Panov Z., **Ristova E.**, Stefanovska Lj., *Supply chain's performance measurement system – An integrated framework*, The VIII International Congress "Machinery, Materials, Technologies", International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 2/2011, pp. 22-25, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/2-2011.html).

11. **Emilija Ristova**, Valentina Gecevska, *AHP methodology and selection of an advanced information technology due to PLM software adoption*, Proceedings of XV International Scientific Conference on Industrial Systems, ISBN 978-86-7892-341-8, COBISS.SR-ID 266010119, pp. 588-562, Novi Sad, Serbia, 2011.

## 3. Предложена тема за докторска дисертација

### 3.1 Образложение на темата

Основа за давање на образложение за оправданоста на предложената тема за изработка на докторска дисертација за кандидатката м-р Емилија Ристова претставуваат стекнатите сознанија врз основа на спроведената анализа на бројните литературни извори во областа - предмет на научното истражување, оптимизациони анализи и донесување на инвестициски одлуки за примена на информациски технологии во производните и деловните системи и процеси. Кандидатката ги проучува резултатите и препораките од истражувањата во областа - предмет на научното истражување, преку анализа на научни трудови, статии и дискусии од бројни конференции и научни списанија, а притоа посветува внимание на осознавање на постојните стандарди и истражување на сознанијата за изготвување на нови стандарди во истражуваната област на светско и европско ниво.

Кандидатката го проучува ефикасното управување со животниот век на производите, што претставува современа деловна стратегија, сет од активности за поддршка на колаборативните процеси, управување, дисеминација и заедничко користење на податоците за производите во компанијата (од концепт па сè до негова дистрибуција, одржување и рециклирање). Софтверските системи за ефикасно управување со животниот век на производите (PLM – Product Life Cycle Management софтверски системи) се комплексни по својата содржина, скапи решенија и воедно зависни од вендорите за постпродажното одржување. Одовде, неминовно се поставува прашањето поврзано со трошоците за нивна интеграција во една компанија, од аспект на потребна технологија и инфраструктура во моментот на интеграцијата, како и анализа за следен, краткорочен и среднорочен период.

Согласно со спроведените анализи, кандидатката согледува дека инвестиции во софтверските системи, како што се комплексните информациони системи за ефикасно управување со животниот век на производите, се прават со цел: одржување на конкурентноста на компанијата, флексибилност, зголемување на брзината со која новите производи, а и веќе постојните се лансираат на пазарот, поддршка во исполнувањето на корисничките барања, како и обезбедување на корпоративна лојалност кон корисниците преку управување со пост-продажните фази на одржување, па сè до планирање на реупотреба и рециклирање заради заштита на животната средина. PLM - софтверските решенија не се повеќе ексклузива единствено на големите компании, тие се основа за иновација и подобрување на перформансите на сите компании независно од нивната големина.

Во образложението, кандидатката м-р Ристова потенцира дека компаниите стануваат сè повеќе свесни за потребата од интеграција на PLM - софтверски решенија, пред сè од стратегиски аспект (одржување на својата конкурентност на пазарот), но трошоците сè уште претставуваат критична точка во процесот на одлучување. Комплексноста на проектите за интеграција на вакви софтверски решенија драстично ги зголемуваат трошоците, и затоа за компаниите е важно да постои методолошки приод во донесување на инвестициска одлука пред самата имплементација. За да ги постигне стратешките цели и да остане конкурентна на пазарот, компанијата, односно нејзиниот врвен менаџмент мора да донесе вистински одлуки за инвестиции во информатичката технологија и инфраструктура. Пред сè, задолжително треба да одговори на следниве аспекти: овозможување брз, ефикасен и сигурен пристап до податоци потребни за реализација на процесите во различни оддели во компанијата кои можат да се изведуваат независно, паралелно или истовремено; управување со комплексни бази на податоци; ефикасно управување преку максимално искористување на постојната технолошка и информатичка инфраструктура, како и човечките ресурси.

Во однос на имплементацијата на нови информатички технологии, последните години е присутен тренд на веб-базирани услуги (Cloud Computing), кој сè повеќе се наметнува како оптимална инвестициска алтернатива. Во образложението кандидатката констатира дека анализата за тоа зошто Cloud Computing претставува една од можните алтернативи за инвестирање во информатички ресурси во компанијата, при интеграција на софтверски системи за ефикасно управување со животниот циклус на производите, е поттикната од: зголемениот притисок врз компаниите за поголема иновативност и флексибилност во исполнувањето на барањата на пазарот/купувачите (значи тие треба да се фокусираат на иновативноста, а не на проблемите поврзани со имплементација на инфраструктура и нејзино одржување); "start-up" компаниите, како и малите и средните претпријатија не можат да си дозволат големи инвестици во информатичката технологија и инфраструктура заради интеграција и на онака скапите софтверски PLM - решенија; флексибилност и поголема брзина при лансирање на новите производи на пазарот нудејќи можност за пристап и користење на веќе дефинираните податоци, итн.

Основната идеја на оваа нова парадигма, наречена Cloud Computing е трансфер на информатичката инфраструктура во мрежа, со цел оптимизација на оптоварувањето од аспект на простор за складирање и приклучок на различен број корисници и намалување на

трошоците за управување со ИТ - ресурси (хардвер и софтвер). Кај Cloud, ресурсите се виртуелно меѓусебно поврзани и имаат динамичко провизионирање (според т.н SLA (Service Level Agreement) договори, склучени помеѓу провајдерите и корисниците) за да обезбедат унифицирање. Се разликуваат три основни видови на Cloud Computing услуги: софтвер како услуга (SaaS – Software as a Service), платформа како услуга (PaaS – Platform as a Service) и инфраструктура како услуга (IaaS – Infrastructure as a Service).

Согледувањата од спроведените истражувања и анализи и овозможуваат на кандидатката м-р Емилија Ристова да дојде до констатацијата дека потребата од конкурентност и флексибилност на компаниите од една страна, и ефикасни инвестициски одлуки од друга страна, наведуваат кон потреба од истражувања за нови бизнис-модели, различни од досегашните традиционални начини на инвестиција во информатичката технологија и инфраструктура. Современиот начин на живот, но и интеракциите во бизнис-околината интензивно и динамично се менуваат. Воопшто, интеграцијата на софтверски системи за ефикасно управување со животниот циклус на производите се поврзани со големи инвестиции во технологија, инфраструктура и одржување, а условено пред сè од постојаното лансирање на нови производи со нови функционалности на пазарот. Одовде и важноста од спроведување на техно-економска анализа и изнаоѓање на системски модел за донесување на стратегиски инвестициски одлуки за имплементација на нови информатички технологии во компаниите при интегрирање на PLM - софтверски решенија, што претставува предмет на предложената тема за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Ристова.

## 3.2 Цели на докторската дисертација

Кандидатката во пријавената тема јасно ги образложува целите на истражувањето во предложената докторска дисертација, односно преку спроведување на оптимизациона техно-економска анализа да се развие системски модел за донесување на стратегиски инвестициски одлуки при интеграција на комплексни PLM - софтверски решенија во компаниите, а со цел ефикасно управување со информатичките ресурси. Развиениот системски модел треба да претставува корисна апликативна алатка во донесувањето одлуки на врвниот менаџмент во компаниите при избор на најсоодветното решение и инвестирање во нови ИТ- технологии.

Од поставените цели на истражувањето во предложената докторска дисертација, произлегуваат научните тези, со чие потврдување кандидатката ке даде придонес во истражуваното подрачје. Математичката анализа ќе се спроведе со мултикритериумска оптимизација и примена на детерминистички методи базирани на техно-економски критериуми применети на детектирани квантитативни и квалитативни параметри, како индикатори на перформансите на анализираните системи; преку воведување на скалабилноста и проектниот ризик како критериуми во процесот на селекција; како и анализи на сензибилност како алатки на методологијата на донесување на одлуки преку оценка на влијанието од промената во приоритет на клучните критериуми врз рангирањето на варијантите.

## 3.3 Методологија на истражувањето

При спроведувањето на истражувањата во предложената докторска дисертација, м-р Ристова предлага тие да се реализираат со мултидисциплинарен приод преку примена на аналитички методи на истражување за анализа на научна литература, синтеза на применувани методологии и постигнати резултати во истражуваната област, како и анализа на математички детерминистички и хеуристички оптимизациони методологии. Притоа ќе се користи AHP (Analytical Hierarchy Prioritization) методологијата за повеќекритериумска

оптимизација и ќе се анализира можноста за примена на еволутивни хеуристички оптимизациони алатки за моделирање на идентификуваните критериуми и поткритериуми.

Во истражувањето за предложената докторска дисертација, при развојот на системскиот модел за донесување на инвестициска одлука, кандидатката предлага примена на АНР - методологија и компаративна оптимизациона анализа. АНР (Analytic Hierarchy Process) методологијата ќе се примени како мултикритериумска оптимизациона алатка за донесување одлуки со приоритетизација на квантитативни и квалитативни параметри во критериумските математички функции. Компаративна оптимизациона анализа ќе биде спроведена преку анализа на квантитативни и квалитативни параметри во критериумските целни функции. Како алатки за опишување на перформансите на анализираните инвестициски деловни процеси во компаниските системи ќе се користат периодот и степенот на враќање на инвестицијата, интерната стапка на принос, нето-сегашната вредност и границата на рентабилност.

При развојот на системскиот модел за донесување на стратегиска инвестициска одлука, кандидатката предвидува спроведување на верификација на бизнис-моделот за донесување на одлука во компаниите при воведување на нови технологии за ефикасно управување со информатичките ресурси при интеграција на софтверски системи за управување со животниот циклус на производите. Верификацијата ќе се спроведе преку користење на софтверските алатки Expert Choice и MatLab, со проектирање и симулација на развиениот системски модел во виртуелна програмска околина. Expert Choice овозможува да се спроведат анализи на сензибилност кои се многу важни при донесувањето на одлуки во практиката. Анализи на сензибилност ќе се спроведат за да се определи влијанието од промената во приоритет на клучните критериуми врз рангирањето на варијантите. При тоа ќе се користи модулот Dynamics sensitivity од софтверскиот пакет Expert Choice и ќе се овозможи преку една днамична промена во приоритетноста на определени критериуми од процесот на одлучување за определена варијанта, да се утврди влијанието врз конечното рангирање на варијантите и верификција на резултатите.

## 3.4 Очекувани резултати

Со реализацијата на истражувањата во предложената докторска дисертација, кандидатката м-р Ристова очекува да се постигнат поставените цели и да се развие системски модел, базиран на математичко-аналитички пристап, за донесување на стратегиски инвестициски одлуки при имплементација на нови технологии во компаниите, со цел ефикасно управување со информатичките ресурси при интеграција на софтверски системи за ефикасно управување со животниот циклус на производите.

Изборот на најсоодветно решение за инвестирање во ИТ - технологија и инфраструктура сам по себе не значи единствено финансиска анализа. Ограничувањата на досегашните истражувања во оваа област произлегуваат токму од едностраните финансиски анализи. Идентификацијата на скалабилноста (значително зголемената флексибилност за да се одговори на променливите бизнис услови во кои компанијата стопанисува) и проектниот ризик (ризик при имплементација на нови технологии), како критериуми кои се од пресудно влијание на конечното решение и нивното вклучување во процесот на селекција, го даваат научниот придонес од очекуваните резултати во оваа докторска дисертација. Вклучувањето на скалабилноста и проектниот ризик како немерливи трошоци во инвестициските анализи дава една сеопфатност на третираниот проблем, односно поголема точност во донесувањето стратегиски инвестициски одлуки од страна на компанискиот врвен менаџмент.

Кандидатката смета дека преку мултидисциплонарниот приод во третираната проблематика и севкупната анализа на финансиските аспекти, скалабилноста и проектниот ризик (пред сè изразен преку поткритериумот сигурност на податоците), а во зависност од големината на компанијата (определена преку годишниот обрт/годишен обрт на средства

наменети за управување со информатички ресурси, бројот на земји во кои компанијата дејствува, како и чуствителноста на податоците кои компанијата ги продуцира), како резултат ќе се обезбеди системски модел за точна индикација како една компанија треба да управува со своите информатички ресурси за да обезбеди интегрирање и ефикасно користење на PLM-софтверските системи, односно кога и дали да користи виртуелизација/традиционален начин на инвестирање во информатичка технологија, веб базирани услуги (SaaS, PaaS, IaaS) или хибриден модел.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, го дава следниов

**ПРЕДЛОГ**

1. Комисијата смета дека кандидатката м-р Емилија Ристова, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења, оспособена е за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, обемот на истражувањето, методологијата на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов:

   **„Оптимизациона техно-економска анализа за инвестициски одлуки при имплементација на софтверски системи за управување со животниот циклус на производите"**

   е подобна и ќе претставува актуелно и современо истражување кое ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага вонр.проф. д-р Валентина Гечевска од Машинскиот факултет во Скопје.

Комисија

1. Вонр. проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.
   Машински факултет-Скопје

2. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, с.р.
   Машински факултет-Скопје

3. Проф. д-р Миколај Кузиновски, с.р.
   Машински факултет-Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ **НЕВРОФИЗИОЛОШКИ КОРЕЛАЦИИ И ЕНДОФЕНОТИПОВИ ПРИ ДЕФИЦИТ НА ВНИМАНИЕ СО ИЛИ БЕЗ ХИПЕРАКТИВНОСТ**, ИЗРАБОТЕНА ОД **Д-Р СИЛВАНА МАРКОВСКА-СИМОСКА**, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на својата XI редовна седница, одржана на 22.XII.2011 година, определи Комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Силвана Марковска-Симоска, со наслов „Неврофизиолошки корелации и ендофенотипови при дефицит на внимание со или без хиперактивност", во состав:

1. проф. д-р Бети Дејанова

2. проф. Д-р Вера Петрова

3. проф. Д-р Марија Ралева

По внимателното разгледување на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА до Наставно-научниот совет го доставува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација НЕВРОФИЗИОЛОШКИ КОРЕЛАЦИИ И ЕНДОФЕНОТИПОВИ ПРИ ДЕФИЦИТ НА ВНИМАНИЕ СО ИЛИ БЕЗ ХИПЕРАКТИВНОСТ, претставува самостоен труд презентиран на 155 страни и додаток на објавените трудови, со приложени 38 табели, 56 графикони и 15 слики. Материјалот е изложен во 7 поглавја последователно распоредени, а содржината е поткрепена со библиографија од 155 референци.

***Воведот*** е соодветно конципиран во последователни целини кои се надоврзуваат една на друга и во кои е изложена суштината на понатамошните иследувања. Тука, кандидатката се осврнува на присуството на симптомите на ова растројство не само во детската, туку и во возрасната популација и ги наведува дијагностичките критериуми, преваленцијата, етиопатогенетските показатели на ова растројство и досегашните невропсихолошки и неврофизиолошки испитувања од оваа област. Понатаму е даден опис на поимот ендофенотип и следува

објаснување на активностите на егзекутивниот систем на мозокот, чие нарушување е причина за појава на ADHD (attention deficit hyperactivity disorder) симптомите. Објаснет е и концептот на мозочната брзина или "brain rate".

Во ***мотивот за истражувањето*** се наведени фактите дека ADHD е често и клинички хетерогено растројство. Со утврдувањето на различните QEEG (quantitative electroencephalography) - дефинирани подгрупи кај возрасните би била можна употребата на QEEG-то во проценка и дијагноза на ADHD, а варијабилноста во склоп на ADHD - популацијата би имала влијание и при преземањето на соодветни терапевтски мерки, на пр. развој и селекција на протоколи за биофидбек и неврофидбек третман, кои во светот се применуваат при различни ментални и физички нарушувања. Од друга страна, кандидатката нагласува дека изработката на докторскиот труд е дел од тематиката која се обработувала во EU COST B27 проектот со наслов "Electric neuronal oscillations and cognition", во кој учествувале 28 земји, при што кандидатката бил член на работната група за дијагностика и третман.

Во третото поглавје се дадени јасно дефинираните ***Цели на трудот,*** кои произлегуваат и се поврзани со важноста од мотивите на трудот и истражувањето:

1. идентифицирање на можното присуство на различни електроенцефалографски кластери и проценка на неврофизиолошките показатели на егзекутивните функции во популацијата на возрасни со ADHD;
2. идентифицирање на невропсихолошките поттипови и бихејвиоралните карактеристики;
3. пресметување на вредностите на brain-rate и нивната просторна распределба кај двете групи на испитаници;
4. опис на ендофенотиповите меѓу ADHD – популацијата;
5. подобрување на дијагностицирањето на ADHD кај возрасните, користејќи го мултидимензионалниот пристап составен од неврофизиолошки и невропсихолошки методи, покрај стандардната клиничка проценка.

Во четвртото поглавје, односно делот ***Испитаници и методи,*** од кое се гледа дека станува збор за трансверзална студија, даден е опис на основните карактеристики на двата примерока на испитаници за остварување на целите на студијата: 67 возрасни дијагностицирани како ADHD (според DSM-IV) од двата пола на возраст од 18 до 50 години, и 50 нормални возрасни индивидуи. Инклузионите и ексклузиоините критериуми се јасно поставени. Поради сложеноста на испитуваната проблематика, дел од истражувањето е спроведено во Македонија (во Отсекот за невроинформатика при ИЦЕИМ-МАНУ и Лабораторијата за неврофизиологија при Институтот за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје во соработка со клиниките за психијатрија и

неврологија), а дел за време на престојот на кандидатот во Praxis für Kind, Organisation und Entwicklung во Chur, Швајцарија.

Поставувањето на дијагноза на ADHD е спроведено со помош на психијатар. Сите испитаници се интервјуирани и имаат пополнето прашалници за присуство на симптомите на ADHD: Current and Childhood Symptoms Scale (Barkley), Brief Symptom Inventory (Derogatis), Health History (Barkley), Trauma questionnaire (Müller & Thomann) и Semi-structured Interview for Adults with ADHD (Barkley)). Невропсихолошката проценка е изведувана со два теста: CogMed Working Memory Testing Tool со времетраење од 20-30 мин. и Amsterdam Neuropsychological Test (ANT, de Sonneville, 1994) со времетраење од 1,5 час. Овде авторката особено нагласува дека ова се испитувања кои за првпат се воведуваат кај нас преку ова спроведено истражување. Со овие испитувања добиен е увид во: реакционото време, фокусираното и поделено внимание, одржувањето и пренасочувањето на вниманието, работната меморија, социјалната адаптибилност, визуо-просторната ориентација и процесирањето на информации кај испитуваните групи.

QEEG снимањето е вршено со апаратурата Mitsar System (St. Petersburg, Russia). EEG-то е снимано при мирна состојба со очи затворени и отворени, како и при изведување на континуирани визуелни и емоционални задачи, visual contionous performance task (VCPT) и emotional continous performance task (ECPT) со времетрање од 2,5 часа.

Целосната употребена методологија е јасно опишана во детали, што овозможува и репликација на студијата.

Во петтото поглавје, ***Резултати***, презентирани се добиените резултати. Покрај адекватните статистички анализи, поспецифично употребени се серија на факторски анализи на варијансата (ANOVA/MANOVA), користејќи ги следниве фактори: топографија, состојба при мерење и припадност на група. Сите податоци се компјутерски обработени со стандардна статистичка програма (Statistica 7.0).

Резултатите од оваа научна студија, авторката ги презентира и ги дискутира под четири поднаслови (невропсихолошки резултати, неврофизиолошки резултати, резултати за "brain rate" и за евоцираните потенцијали). Детално се дадени вредностите за сите испитувани неврофизиолошки и невропсихолошки параметри во вид на табели и графикони, како и компарација не само помеѓу двете основни испитувани групи (нормална и ADHD), туку и помеѓу четирите добиени ADHD - поттипови и контролната група.

Во шестото поглавје, ***Дискусија,*** добиените резултати за испитуваните параметри на сите групи и подгрупи се систематизирани според начинот на презентирање во делот „Резултати", и авторката детално и критички ги анализира и ги компарира користејќи ги актуелните сознанија и веќе постојните стандарди, како и личното искуство во работата на ова поле. Дискусијата е водена според поставените цели и поткрепена со соодветни опсервации и современи податоци.

Во седмото поглавје, ***Заклучоци***, авторката преку релевантни анализи, констатации, методологија и резултати споредливи со тие добиени надвор од границите на нашата земја, го валоризира значењето на спектралните EEG - абнормалности и примената на QEEG - методата и невропсихолошките тестови при дијагнозата на ADHD кај возрасните, што суштински го истакнува научниот и стручниот придонес на дисертацијата. Може да се заклучи дека применетите невропсихолошки и неврофизиолошки мерки релативно јасно го диференцираат ADHD на четири поттипа, илустрирајќи го хетерогениот и мултуфакторијалниот карактер на ова растројство со различна клиничка експресија, и со различни невропсихолошки и електрофизиолошки абнормалности, а последователно на тоа и со различен одговор на постојните третмани.

Оваа докторска дисертација има за цел да ја унапреди и забрза употребата во клиничката практика на комбинираните невропсихолошки и неврофизиолошки процедури како објективен показател на ADHD, со цел подобра проценка, суптипизација и третман на ADHD.

На крајот е приложен списокот од современата литература од оваа проблематика, составен од 155 референци од познати автори и референтни списанија за дадената област, цитирани според стандардите.

Начинот на поставување на психофизиолошкиот проблем и научната мисла во приложената докторска дисертација е јасен, разбирлив, така што следењето на приложениот материјал е едноставно и покрај сложеноста и специфичноста на истражуваната област. Придонесите на авторотката на овој докторски труд се објавени во четири меѓународни научни списанија и се усно презентирани на 15 меѓународни научни конференции.

ЗАКЛУЧОК

Оценувајќи ја докторската дисертација НЕВРОФИЗИОЛОШКИ КОРЕЛАЦИИ И ЕНДОФЕНОТИПОВИ ПРИ ДЕФИЦИТ НА ВНИМАНИЕ СО ИЛИ БЕЗ ХИПЕРАКТИВНОСТ на кандидатката д-р Силвана Марковска-Симоска, можеме да констатираме дека таа во целост ги исполнува критериумите на самостојна истражувачка работа во која успешно е одговорено на поставените цели. Темата на докторската дисертација е интересен и актуелен проблем и е од особен интерес за повеќе области: психијатрија, неврофизиологија, неврологија и психологија. Сеопфатната проценка на неврофизиолошките и невропсихолошките параметри во овој труд создава основа врз која ќе се унапредува дијагностичкиот процес и ќе се креираат плановите за третман на ADHD. Оваа докторска дисертација има за цел да ја унапреди и забрза употребата на комбинираните невропсихолошки и неврофизиолошки процедури во клиничката практика како објективен показател на ADHD, со цел подобра проценка, суптипизација и третман на ADHD.

ПРЕДЛОГ - МИСЛЕЊЕ

Врз основа на изнесените податоци, **Рецензентската комисија** позитивно ја оценува докторската дисертација **НЕВРОФИЗИОЛОШКИ КОРЕЛАЦИИ И ЕНДОФЕНОТИПОВИ ПРИ ДЕФИЦИТ НА ВНИМАНИЕ СО ИЛИ БЕЗ ХИПЕРАКТИВНОСТ**, на кандидатката д-р Силвана Марковска - Симоска, и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го прифати извештајот и да овозможи понатамошна постапка за јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 26.I.2012

Рецензентска комисија,

1. Проф. д-р Бети Дејанова, с.р.

2. Проф. Д-р Вера Петрова, с.р.

3. Проф. Д-р Марија Ралева, с.р.

**Одобрена тема за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет**

| р. бр | кандидат | наслов на тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Филип Ценовски дипл.инж.арх. | **„Нелинеарната совитливост како тополошки концепт на континуирани морфолошки трансформации во архитектурата“** | Д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор, |

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МАКЕДОНСКОТО И ИТАЛИЈАНСКОТО ИСКУСТВО ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЛУЧАИ НА ТОРТУРА" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ПЕТАР ЈОРДАНОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на одржаната седница на 25.11.2011 година по предлог на Наставничкиот колегиум на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи формира Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов „Компаративна анализа на македонското и италијанското искуство во заштита на човековите права во случаи на тортура" на кандидатот м-р Петар Јорданоски, во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, проф д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Гордан Калајџиев и проф д-р Тони Дескоски.

Комисијата во наведениот состав со внимание го разгледа приложениот докторски труд и на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му го поднесува следниов:

## **ИЗВЕШТАЈ**

## 1. СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд под наслов „Компаративна анализа на македонското и италијанското искуство во заштита на човековите права во случаи на тортура" на кандидатот м-р Петар Јорданоски е напишан на 296 страници компјутерски отчукан текст, со 463 фусноти и 115 библиографски единици кои вклучуваат книги, статии, документи и

извештаи на меѓународни и национални тела. Трудот е поделен на вовед, пет поглавја и заклучок.

Во **ВОВЕДОТ** кандидатот ги дава своите воведни забелешки за предметот на неговата натамошна анализа. Тортурата претставува најкомплексен начин на повреда на човековите права. Нејзината специфика во делот на повредата на човековите права е дека сторителот е државата, отсликана во службите и нејзините службеници. Тоа значи дека вршителот на тортура зад себе го има целиот државен систем кој ја дозволил, овозможил или не ја санкционирал тортурата. Афирмирајќи ги човековите права како универзална вредност и цивилизациска придобивка, меѓународната заедница прифати дека тортурата и мачењето претставуваат сериозна повреда на фундаменталните права на човекот- неговото достоинство, телесниот интегритет и безбедноста на личноста.

Во **ПРВИОТ ДЕЛ** насловен како: **Поим, дефиниција, историски развој и причини за вршење на тортура**, кандидатот најпрво дава преглед на тортурата низ историјата. Историскиот осврт го започнува со тортурата во античкиот свет, потоа раниот среден век, доцниот среден век, кој е воедно и „златно доба" на тортурата, постепеното напуштање на тортурата во 19 век, нејзиното враќање на голема врата во првата половина на 20 век, како и ставот на католичката црква во однос на тортурата.

Понатаму кандидатот продолжува со дефиниција на поимот тортура. Кандидатот ги проследува дефинициите на тортурата во најзначајните меѓународните правни акти. Во трудот се наведени и други дефиниции на тортурата донесени на регионално ниво (американски регионален систем, африкански регионален систем, организацијата на исламската конференција), како и дефиниции на тортурата во правните системи на некои држави. Во сите документи кои се правно обврзувачки е наведено дека во никакви околности не може да се дерогира ова човеково право.

Кандидатот во првиот дел исто така се осврнува и на дефинирањето на тортурата од аспект на меѓународното право за човековите права и од аспект на меѓународното хуманитарно право, како и на дефиницијата на тортурата во Конвенцијата против тортура

и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување на ООН од 1984 година. Главна цел на Конвенцијата против тортурата е борба со неказнивоста и обврска на државите е да ја криминализираат тортурата, да воспостават сеопфатна јурисдикција во однос на тортурата, вклучително и универзална јурисдикција и да ги изведат извршителите и организаторите на тортурата пред лицето на правдата.

Понатаму следува детално определување на поимот тортура во смисла на објаснување на дејствијата кои се подведуваат под овој поим; дистинкција помеѓу тортурата и законски предвидените санкции; елементите потребни за постигнување на прагот на тортура и дистинкцијата помеѓу тортурата и нехуманиот и деградирачки третман. Кандидатот притоа се осврнува на јурисдикцијата на Европскиот суд за човекови права и јурисдикцијата на меѓународните кривични трибунали.

Првиот дел завршува со анализа на причините поради кои се врши тортура, и тоа: “заштита на државата” како крајна цел и степенот на економски развој како индикатор.

**ВТОРИОТ ДЕЛ** со наслов: **Меѓународни и регионални стандарди, спречување и санкционирање на случаи на тортура**, започнува со анализа на универзалните и регионалните системи за заштита од торутра. Во рамките на универзалниот систем на Обединетите нации, кандидатот дава осврт на активностите на Комитетот на ОН против тортура, Поткомитетот на ОН против тортура, Специјалниот известувач за тортура на ОН и останатите тела. Во рамките на европскиот регионален систем кандидатот ги анализира активностите на Европскиот суд за човекови права и Комитетот за превенција на тортура при Советот на Европа. Во анализата на регионалните системи се вклучени и американскиот и африканскиот систем, како и забраната на тортура во арапскиот и муслиманскиот свет.Кандидатот се задржува и на прашањето за опасноста од дуплирање на активностите меѓу различни тела.

Вториот дел понатаму продолжува со објаснувањето на карактеристиките на превентивниот пристап во борбата против тортурата. Забраната на тортура на хартија не значи ништо доколку не добие практично и адекватно обезбедување. Во контекст на несоодветното постапување, превентивните и заштитни обезбедувања против

несоодветното постапување се суштински. Многу од овие обезбедувања треба да се најдат во националниот правен систем, во заштитата што ја нудат на поединци од сите видови на напади, како и преку правата на жртвите да бараат отштета од оние што го извршиле нападот. Тука се мисли пред се на обврската за испитување на сите наводни примери за тортура и несоодветно постапување.

Кандидатот исто така се задржува и на меѓународните стандарди за санкционирање на случаи на тортура преку детална анализа на стандардите за истрага на Европскиот суд за човекови права и проследување на неговата практика во неколку важни точки како: момент на достигнување на минимално ниво на суровост; обврска на државата да докаже како настанале повредите; принципот mutadis mutandis; отсуство на ефективна истрага; непреземање на адекватни дејствија во истрагата и душевното страдање и болка како облик на тортура.

**ТРЕТИОТ ДЕЛ** насловен како: **Модерни предизвици во борбата со тортурата** го обработува влијанието на борбата против тероризмот врз вршење и санкционирање на случаите на тортурата и илегалната имиграција како предизвик за прекршување на апсолутната забрана на тортурата.

Несомнено е дека борбата со тероризмот е главниот предизвик во спречувањето и санкционирањето на тортурата. Сепак, се повеќе е извесно дека илегалната имиграција ќе биде предизвикот на XXI век; се повеќе европски влади во услови на економска криза се наоѓаат пред предизвикот да ги почитуваат принципите на меѓународното право и согласно со тоа да ги прифаќаат реките на имигранти и азиланти кои доаѓаат од сиромашните земји, пред се од Африка, или пак да потклекнат под притисокот на јавноста и да ја спроведуваат push-back политиката. Од друга страна, политиката на двојни стандарди и отсуството на јавна и моќна критика од релевантните меѓународни тела и силен притисок врз државите кои спроведуваат брутални облици на тортура го подрива целокупниот систем на превенирање и отстранување на тортурата. Аклиматизираната тортура во системот и отсуството на критички настроено јавно мислење кон неа е исто така силна пречка и недостаток.

**ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ** насловен како: **Проблемот на тортурата во Италија** ја обработува Италија како исклучително интересен феномен од аспект на правната рамка за спречување и борба со тортурата. Пред се, Италија е една од ретките држави кои припаѓаат на, условно речено, западната цивилизација, во која не постои кривично дело тортура во КЗ. Дотолку повеќе, парламентарната дебата од 2006 год. го исфрли на виделина фактот дека голем дел од пратениците од владејачката коалиција ја разбираат тортурата на многу чуден начин. Понатаму во Италија не постои омбудсман на национално ниво како облик на заштита на граѓанинот од секој облик на повреда на неговите права. Италија му нема пристапено на Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура и следствено во државата не е воспоставен национален превентивен механизам. Италија е рекордер во ЕУ по број на лица во притвор од вкупната затворска популација - преку 43,6%. Италија го држи првото место во ЕУ по пренатрупаност од затворите со неверојатни 153%. Во Италија функционира исклучително строг затворски режим, кој, според извештаите на КПТ и одлуките на ЕСЧП, е на самата граница да претставува повреда на членот 3 од ЕКЧП.

Во **ПЕТТИОТ ДЕЛ** под наслов: **Проблемот на тортурата во Македонија,** кандидатот прави детален осврт на забраната на тортурата во македонскиот правен систем. За оваа цел кандидатот ги анализира и извештаите на релевантните меѓународни тела, со акцент на извештаите на Комитетот против тортура на ОН, како и забелешките и препораките на народниот правобранител. Кандидатот го анализира и затворскиот систем во Македонија, како и превентивните и контролни механизми. Потоа кандидатот се задржува на конкретни случаи на тортура и лошо постапување вво практиката на македонските судови и пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Во **ЗАКЛУЧОКОТ,** кандидатот ги дава своите заклучни коментари и препораки. Централно прашање, според кандидатот, останува тоа како да се зголеми ефективноста на

апсолутната забрана на тортурата и која било форма на нехуман или деградирачки третман, која претставува еден од пиларите на нашата демократија. Главните цели би биле: намалување на ризикот од тортура и лошо постапување, идентификување на условите во местата на задржување кои би можеле да доведат до ситуации во кои не се почитуваат базичните човекови права, зајакнување на заштитата на ранливите групи и развивање на култура на апсолутно почитување на личноста од страна на лицата кои го спроведуваат законот. Јасно е дека се потребни видливи промени и инвестициии како во политичката волја, така и во однос на финансиски ресурси со цел изведување на темелна промена на затворскиот систем. Дополнително, зголемувањето на ефикасноста и ефективноста на судскиот систем мора да биде во корелација со посветеноста да се подобрат условите и третманот на лицата кои престојуваат во кое било од местата на задржување.

Во оваа смисла е потребна широка и сеопфатна реформа на затворскиот систем. Круцијални препораки од неколку битни извештаи (СЕ, ЕУ, КПТ, ОБСЕ, ОН) треба да се земаат предвид, бидејќи тие претставуваат предуслов за ефективна реформа во оваа област.

## 2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд под наслов „Компаративна анализа на македонското и италијанското искуство во заштита на човековите права во случаи на тортура" на кандидатот м-р Петар Јорданоски третира една мошне интересна и актуелна тема. Трудот е концепциски добро обмислен и структуриран. Трудот е пишуван на јасен и разбирлив начин и за неговата изработка кандидатот користел богата литература.

Во трудот кандидатот предвидува сугестии и модели за ефективна и адекватна заштита на човековите права во случај на тортура и друг суров, нехуман или деградирачки третман или казнување во Македонија. Трудот содржи и препораки до јавниот обвинител и судството, највисоките државни власти, високите структури во Министерството за

внатрешни работи и Министерството за правда, цивилното општество и други релевантни тела.

Од сето погоре изложено, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет да го прифати овој позитивен извештај и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на неговиот докторски труд.

Скопје 18.1.2012

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.
3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.
4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.
5. Проф. д-р Тони Дескоски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА БЕТОНСКИТЕ И ДРВЕНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет, на својата 381. седница одржана на 28.12.2011 година, нè избра за рецензенти за избор на асистент по предметите од областа на бетонските и дрвените конструкции.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" на 6.12.2011 година, се пријави м-р Оливер Колевски, дипл. град. инж. (арх. бр. 916-1 од 13.12.2011). Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот Оливер Колевски е роден на 1.8.1978 година во Куманово, Република Македонија. Основно образование завршил во периодот 1985-1993 год., во ОУ "Вук Караџиќ", а средно во периодот 1993-1997 год. во ДСУ Гимназија "Гоце Делчев", и двете во Куманово, со континуиран одличен успех. Во учебната 1997/98 год. се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока. Студиите ги завршил со среден успех од 8,14. Дипломската работа под наслов „Главен проект на армиранобетонска двобродна приземна хала" по предметот армиранобетонски конструкции 2, на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции ја изработил под менторство на проф. д-р Санде Атанасовски и ја одбранил со оценка 10 (десет), на 19.10.2005 година. Кандидатот магистрирал на 29.12.2011, на тема „Влијание на брзината на градење врз однесувањето на армиранобетонски елементи во тек на време", под менторство на вонр. проф. д-р Горан Марковски.

За време на студиите, кандидатот се истакнува како вредна, исполнителна и трудољубива личност, при што посебно се забележуваат неговите афинитети кон предметите од инженерската практика. Преку соработката со кандидатот за време на студиите и по дипломирањето, можеше да се забележи дека има одлично познавање на англискиот јазик и компјутерските програми (MS Office, AutoCAD, SAP 2000, Robot Millenium, ArcGIS 8 и др.)

Во периодот април-септември 2003, кандидатот е вработен како соработник во „ГИС-ДАТА "- Скопје, на проект за изработка на дигитални мапи на делови од Република Македонија, за потребите на „Мобимак".

Поради тие негови квалитети, во учебната 2003/04 и 2004/05 година, како студент е ангажиран за демонстратор по предметот информатика и CAD-ориентиран софтвер, кој ангажман подоцна е проширен и на предметите нумерички методи и теорија на конструкциите, сите на Катедрата за теорија на конструкции.

По дипломирањето, неговиот ангажман на Факултетот продолжува, како надворешен соработник на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, а од

2007 година е избран во звањето помлад асистент по сите предмети од областа на бетонските и дрвените конструкции.

Паралелно со неговиот ангажман на Факултетот (одржување на вежби), кандидатот учествува во изработка на повеќе идејни и главни проекти на конструкции од армиран бетон (станбени, административни и деловни објекти, мостови и сл.). Како особено важно би го истакнале неговото учество во изработка на Проект за зајакнување и поправка на вкупно 50 мостови на НАТО-правецот „BOTTLE", делница Катланово – Велес и Неготино – Богородица.

Во продолжение се дадени релевантните научно-стручни и апликативни трудови на кандидатот изработени во неговата досегашна практика:

А) Научно-стручни трудови:

1. Aleksovski G., **Kolevski O.**, "Homogenization Theory for Media with Periodic Structure", Internacionalni Naucno Strucni Skup, Gradjevinarstvo - nauka i praksa, Februar 2006, Zabljak, Crna Gora.
2. **Kolevski O.**, "Glavni Projekat Armirano-Betonske Dvobrodne Prizemne Hale", Internacionalni Naucno Strucni Skup, Gradjevinarstvo - nauka i praksa, Februar 2006, Zabljak, Crna Gora.
3. **Kolevski O.**, "Design for Strengthening of Reinforcement Concrete Bridge", Workshop for Young Engineers, Stability Pact for South Eastern Europe and DAAD, October 2007, Belgrade.
4. Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Самарџиоска Т., Михајлов В., Тодоров К., **Колевски О.**, "Проект за зајакнување и поправка на мостовите во Република Македонија", XI симпозиум на ДГКМ, Септември 2007, Струга.
5. Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., **Колевски О.**, Тодоров К., Наков Д., "Проект за зајакнување и поправка на мостовите во Република Македонија - Фаза LOT2", XIII Симпозиум на ДГКМ, октомври 2009, Охрид.
6. Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., **Колевски О.**, Наков Д., Богоевски А., "Реализација на вонгабаритен транспорт", XIII симпозиум на ДГКМ, октомври 2009, Охрид.
7. **Оливер Колевски,** Горан Марковски, „СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РАЗЛИЧНИ КОНСТРУКТИВНИ СИСТЕМИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА НАДГРАДБА НА ПОСТОЕН ОБЈЕКТ", 14-ти Меѓународен симпозиум на ДГКМ, септември 2011, Струга
8. G. Markovski, S. Atanasovski, Z. Desovski, T. Arangelovski, **O. Kolevski**, D. Nakov, "Design for strengthening and repair of the bridges in Republic of Macedonia", Prohitech First International Conference, Rome, Italy, June 2009.
9. **Oliver Kolevski**, "NATO Project for Repair and Improvement of Bridges and Carriageway Structures on NATO Route "Bottle", "BEST" Workshop, Skopje, April 2008 (organised by faculty of Civil Engineering - Skopje);
10. Учество во работилница: „Имплементација на еврокодовите во националната регулатива", ИСРМ ТК30, 2007, Скопје, Р. Македонија.
11. Учество на стручни предавања од областа на еврокодовите во Лисабон Потругалија, март 2011.
12. Учество на стручен курс за анализа на собирањето и течењето на бетонските конструкции во Удине, Италија, мај 2011 година.

Б) Стручни трудови:

1. Идејни и главни проекти на станбени згради, административни објекти, индустриски хали и слично, во периодот од 2006 до 2011 година (како соработник);
2. Идејни решенија за училишни фискултурни сали за потребите на Владата на Р. Македонија (како соработник);
3. Основен и Изведбен проект на конструкција на основно училиште во с. Врапчиште, Гостивар (како соработник);
4. Основен и Изведбен проект за конструкција на објектот: Катна гаража со деловен простор, на ул. Иван Милутиновиќ, општина Центар, Скопје;
5. Основен проект за конструкција на надградба на објект на ул. 487, бр.9, општина Центар, Скопје (како соработник);
6. Изведбен проект за конструкција на надградба на објект на ул. Даскал Камче, бр.1, општина Карпош, Скопје, (како соработник);
7. Изведбен проект за конструкција на административно-деловен објект на плоштад Македонија, општина Центар, Скопје (како соработник);
8. Техничка документација за конструкција на армирано-бетонска темелна плоча на административно-деловен комплекс во Москва, Русија (како соработник); Скопје, март 2006 год.
9. Главен проект за конструкција на армиранобетонски патен мост за градски сообраќај во Штип, во соработка со проф. д-р Зоран Десовски; Скопје, април 2006 год.
10. Главен проект за патен мост во с. Шипковица, Тетово, во соработка со проф. д-р Санде Атанасовски; Скопје, јуни 2006 год.
11. Елаборат од извршени испитувања на носивоста на рамни дрвени палети 1200 mm x 1000 mm, произведени во „TITAN" Цементарница „УСЈЕ" А.Д. – СКОПЈЕ, во соработка со проф. д-р Зоран Десовски; Градежен факултет-Скопје, април 2007 год.
12. Проект за поправка и зајакнувањена мостовите и носивата конструкција на НАТО-правецот „BOTTLE", делница Катланово – Велес (арматурни детали и техничка документација за вкупно 30 моста), во соработка со проф. Санде Атанасовски, проф. Зоран Десовски, проф. Горан Марковски и др.; Скопје, април-декември 2006 год.
13. Проект за поправка и зајакнување на мостовите и носивата конструкција на НАТО-правецот „BOTTLE", (LOT.2), (делница Неготино – Богородица) (техничка документација за вкупно 20 моста), како дел од работната група НАТО/Мостови, од Градежниот факултет во Скопје, март 2007 год.
14. Елаборат од извршено испитување со пробно товарење на носивата конструкција на мост B75, B51 и B119 (на незајакнат и на зајакнат и поправен мост), како дел од работната група НАТО/Мостови, од Градежниот факултет во Скопје, 2006 -2007 год.
15. Елаборат од извршени испитувања на Градежниот факултет во Скопје, за доказ на атхезијата помеѓу карбонски ленти и бетонска конструкција, за потребите при изведување на работите за зајакнување на мостовските конструкции од НАТО-правецот „BOTTLE" (со проф. д-р Санде Атанасовски, проф. д-р Зоран Десовски и доц. д-р Горан Марковски), Градежен факултет-Скопје, јануари-март 2007 год.
16. Студија за состојбата на мостовите на патниот правец Дојран- Валандово-Струмица-Радовиш-Штип-Велес-Скопје за реализација на вонгабаритен

транспорт, јули 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).

17. Студија за состојбата на мостовите на патниот правец Скопје – Тетово – Јажинце за реализација на вонгабаритен транспорт, јуни 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).
18. Студија за состојбата на мостовите на патниот правец Богородица-Богданци-Валандово-Удово-Демир Капија-Неготино-Велес-Скопје за реализација на вонгабаритен транспорт, јули 2009 (со проф. д-р С. Атанасовски, проф. д-р З. Десовски, проф. д-р Г. Марковски, ас. м-р Т. Арангеловски, ас. О. Колевски, А. Богоевски).

## ЗАКЛУЧОК

Од погоре наведените податоци, може да се констатира дека кандидатот м-р Оливер Колевски, дипл. град. инженер, во целост ги исполнува формалните услови за избор во звањето за кое конкурира. Од личното познавање на кандидатот, следејќи ја неговата активност од студентските денови, неговиот досегашен ангажман во наставниот процес, како и научно-истражувачката и апликативната дејност како соработник, можеме да истакнеме дека станува збор за инвентивен млад човек кој се развива во добар педагог и темелен истражувач.

Врз основа на претходно изнесеното, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, кандидатот м-р Оливер Колевски, дипл. град. инженер, да го избере во звањето асистент.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Санде Атанасовски с.р
2. Проф. д-р Зоран Десовски с.р
3. Проф. д-р Кирил Граматиков с.р

# ПРЕГЛЕД
## на пријавена и прифатена тема за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје

на 382. седница на Наставно – научниот совет одржана на 01.2.2012 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | м-р Ангелчо Панов, дипл. град. инж. | "Избор на локација за депонија базиран на повеќекритериумска евалуација и географско информациони системи" | проф. д-р Катерина Доневска, Градежен факултет во Скопје |
| 2 | м-р Илија Кондински, дипл. град. инж. | "Прогноза на потребната вода за наводнување кај системите управувани во реално време" | проф. д-р Катерина Доневска, Градежен факултет во Скопје |
| 3 | м-р Драган Димитриевски, дипл. град. инж. | "Прилог кон континуираниот мониторинг за статусот на подземните води" | проф. д-р Љупчо Петковски, Градежен факултет во Скопје |

**ПРЕГЛЕД**

**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје**

**на 382. седница на Наставно – научниот совет одржана на 01.1.2012 година**

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Ѓуро Велковски, дипл.град.инж. | "Одредување на влијателни фактори за ефикасно работење ма микро и мали градежни претпријатија" | проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска, Градежен факултет во Скопје |
| 2 | Ана – Марија Влинтоска дипл.град.инж. | "Капацитативно проектирање – концепт за обезбедување на сеизмичка отпорност на зградите" | проф. д-р Љупчо Лазаров, Градежен факултет во Скопје |
| 3 | Александра Цветановска дипл.град.инж. | "Пожарно однесување на челичните столбови кај повеќекатни згради" | проф. д-р Атанас Филиповски, Градежен факултет во Скопје |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА "НЕОПХОДНИ ЧЕКОРИ КОН ЦЕЛОСНА КОНТРОЛА, СУЗБИВАЊЕ И ЕРАДИКАЦИЈА НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ ОВЦИТЕ И КОЗИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 19. XII 2011 година, донесе одлука бр. 0201-4577/3 со која се формира Комисија за утврдување на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот за научна работа, во состав: проф. д-р Динс Митров, проф. д-р Славчо Мреношки и проф. д-р Павле Секуловски, на кандидатот м-р Тони Киранџиски и темата под работен наслов „Неопходни чекори кон целосна контрола, сузбивање и ерадикација на бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија".

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Оспособеност на кандидатот

М-р Тони Киранџиски е роден на 27. V 1968 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Во 1998 година се запишал на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб, кој го завршил во 1995 година. Првото работно искуство го стекнува на фарма за говеда во околината на Скопје како одговорен за здравствената заштита и репродукција на околу 160 молзни крави. Во 1996 година се вработил како координатор на Компонентата за здравствена заштита на животните, на проект финансиран од Светската банка, каде во соработка со меѓународни експерти ги дефинира целите на компонентата (воспоставување на системи за надзор на здравствената заштита на животните), на што работи во следните неколку години.

Во 1997 година се запишал на постдипломски студии на Универзитетот во Рединг, во единицата за ветеринарна епидемиологија и истражување (VEERU-Veterinary Epidemiology and Research Unit). Со звањето магистар по епидемиологија се стекнал во 1998 со магистерската теза "Потребни податоци за епидемиолошка анализа со *Brucella melitensis* инфекција" (Data Requirements for the Epidemiological analysis of *Brucella melitensis* infection in Macedonia). Од 1998 година продолжил да работи на наведениот проект при што го води развојот на Националниот епидемиолошки информативен систем (НЕИС), кој е првиот информативен систем од областа на здравствената заштита на животните во Македонија. Во 2001 година е назначен за раководител на Одделението за здравствена заштита на животните во Управата за

ветеринарство-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и е одговорен за планирањето, организацијата и имплементацијата на активности за надзор и контрола/ерадикација на заразните заболувања на животните во Македонија.

Од доставените биографски податоци се гледа дека кандидатот во текот на досегашниот работен век се здобива со бројни обуки и дополнителна едукација во областа на здравствената заштита на животните (Quantitative Risk Analysis for Animal Health and Food Safety-2001; USDA, APHIS and Fort Collins Colorado-2003; Regulatory & Quality Infrastructure Development for Food Safety and Quality-SIDA-2003) и бројни други кратки обуки. Редовно учествува на меѓународни собири и состаноци од областа на здравствената заштита на животните. Во 2001 година вршел консултантски услуги во Управата за ветеринарство на Република Хрватска за развој на Информативен систем во областа на здравствената заштита на животните. Во 2002 година како коавтор ги подготвува работните задачи на лабораторискиот информативен систем кој се вовел во употреба на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје како компјутерски систем со кој се овозможува електронско прибирање, анализа и известување на лабораториските резултати направени во рамките на рутинските дијагностички испитувања на ФВМС, истражување на жаришта итн. ЛабИС претставува логична надградба на веќе постојниот НЕИС. Како раководител на Одделението за здравствена заштита на животните, одговорен е за развој на законски одредби од областа на здравствената заштита на животните, програми за контрола на повеќе болести (бруцелоза кај овци и кози, бруцелоза кај говеда, туберкулоза, ТСЕ, лигавка и шап, син јазик и др.), разработка на систем за имплементација на мерки во непредвидени ситуации, организација и имплементација на симулативни вежби (Авијарна инфлуенца-USAID STOPAI, FAO-AI Desktop simulation exercise), голем број на имплементирани обуки за ветеринарни инспектори и приватни ветеринари. Во 2007 е назначен за раководител на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните при што работните задачи се прошируваат и на областа за идентификација и регистрација на животните. Кандидатот во исто време е одговорен и за системот за идентификација и регистрација на овците и козите во Република Македионија и одржување на системот за идентификација и регистрација на говедата. Во 2009 година работел на подготовка на системот за идентификација и регистрација на свињите.

Спред законските прописи, кандидатот м-р Тони Киранџиски ги исполнува условите и е способен за самостојна изработка на докторска дисертација.

Подобност на темата

Кандидатот м-р Тони Киранџиски за изработка на докторската дисертација предлага работен наслов „Неопходни чекори кон целосна контрола, сузбивање и ерадикација на бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија". Предложената тема кандидатот ја предлага врз основа на многубројните литературни податоци кои укажуваат на предностите и големото значење на новите методи и техники за

контрола, сузбивање и целосна ерадикација на бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија.

Во воведот и прегледот на литературата кандидатот опширно и детално ги елаборира податоците од литературата кои се поврзани со темата за докторската дисертација. Укажува дека бруцелозата кај малите преживари е континуиран проблем во Република Македонија и предизвикува големи загуби во сточарското производство. Додава дека болеста се смета за најголем здравствен проблем кај малите преживари во Република Македонија. Кандидатот нагласува дека сериозните консеквенции од болеста се главната причина зошто бруцелозата е врвен приоритет на државните програми за здравствена заштита на животните. Во претходните години ветеринарните власти безуспешно се обидувале да ја стават болеста под контрола, истовремено трошејќи огромни финансиски средства од државниот буџет. Сепак, овие напори имале слаб ефект кој најдобро е илустриран во табелата подолу (Kirandjiski at al. 2010).

Табела: Број на тестирани, позитивни и заклани животни и финансиски средства потрошени за сузбивање на болеста

| Година | Тестирани животни | Позитивни животни | Заклани животни | Процент на заклани животни | Финансиски средства во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 640,221 | 15,413 | 8,579 | 55,7% | 109,715,238 |
| 2005 | 583,932 | 13,141 | 9,750 | 74,2% | 111,797,687 |
| 2006 | 594,279 | 13,943 | 8,453 | 62,6% | 75,184,813 |
| 2007 | 291,536 | 18,978 | 13,016 | 68,6% | 107,361,050 |

Кандидатот потенцира дека неприспособената стратегија за сузбивање на болеста која истовремено неконзистентно се имплементирала (покриеност со тестирани и одземени заболени животни) во услови на недостатокот на идентификација и регистрација на стадата и животните, постојаното движење на стадата со недоволна контрола на движењето и недоволните финансиски средства биле причините за слабите резултати од напорите за контрола на болеста. Така, во 2008 година, по извршената евалуација на состојбата, Управата за ветеринарство воведува нова програма за контрола на болеста кај малите преживари. Врз основа на постојните податоци, усогласена е стратегија која се базира на примена на тестирање и колење во општините каде што болеста традиционално е присутна и каде што вакцинацијата е забранета. Во општините каде што стапката на болеста била висока применета е масовна вакцинација на сите овци и кози во првата година на спроведување на стратегијата додека во наредните години се продолжило со вакцинација на младите животни оставени за приплод. Во останатитот дел од земјата е прифатена стратегијата која предвидува вакцинација на младите животни оставени за приплод и тестирање и колење на возрасните животни.

По завршувањето на докторската дисертација ќе биде прикажана комплетна анализа (застапеност и стапка на појава на ниво на стадо и индивидуално ниво), разработена на ниво на епидемиолошки целини и групирана во епидемиолошки подрачја.

Со воведувањето на стандардните епидемиолошки протоколи за анализа на жариштата на болеста ќе се разјасни и статистички ќе се потврди главниот начин на ширење на болеста во државата, а со самото тоа и можност за целно насочување на напорите за понатамошна контрола на ширењето на болеста. Со анализа на недостатоците во дијагностиката на болеста ќе се надминат проблемите со големиот број на „позитивни стада“ со епидемиолошки неоправдани резултати (само едно заболено животно). Исто така, со разработка на принципи за соодветна примена на различни дијагностички тестови ќе се избегне непотребно колење на животни (и примена на други рестриктивни мерки во стадото) кои се серолошки позитивни како резултат од спроведената вакцинација. Со воведување на Информативниот систем ќе се обезбедат информации за континуирано и навремено следење на болеста. Информативниот систем исто така ќе обезбеди и стандардни статистички анализи на состојбата, вклучително и GIS презентација. Изработката на модифицираната стратегија ќе доведе до целосна контрола и конечно до ерадикација на болеста.

## ЗАКЛУЧОК

Од изнесените податоци се гледа дека предложената тема е многу интересна за работа. Кај нас досега не е работена таква тема од која ќе произлезат неопходни чекори за целосна контрола, сузбивање и ерадикација на бруцелозата кај овците и козите. Според предлогот и опфатените поглавја по кои ќе биде обработена темата, сметаме дека таа ќе биде многу актуелна и од интерес за науката и практиката.

Поради сево претходно изнесено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина да ја прифати предложената тема на кандидатот м-р Тони Киранџиски „Неопходни чекори кон целосна контрола, сузбивање и ерадикација на бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија" и да му одреди ментор за раководење во текот на изработката на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Дине Митров, с.р.

Проф. д-р Славчо Мреношки, с.р.

Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ФАРМАКОГНОЗИЈА", ПРИЈАВЕН НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 280 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на својата XVII седница одржана на 19.9.2011 година, донесе одлука бр. 02-544/10 од 19.9.2011 година за избор на членови на Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Неда Мимица-Дукиќ, Природно-математички факултет, Универзитет во Нови Сад, Србија;
- проф. д-р Катерина Горачинова, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје;
- доц. д-р Руменка Петковска, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје.

Комисијата има задача да изврши рецензија на ракописот ФАРМАКОГНОЗИЈА од авторите: проф. д-р Светлана Кулеванова, доц. д-р Ѓоше Стефков и ас. м-р Марија Карапанџова. Рецензентската комисија, по внимателното проучување на ракописот, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во оваа книга, класичната фармакогнозија е обработена во два дела, делот *Општа фармакогнозија* и вториот, специјалниот дел каде што е обработена природната *materia medica*. Започнува со поглавјето *Општа фармакогнозија* каде што се опфатени дефиницијата и предметот на проучување, историјатот на употреба на растителните droги и дефинициjата за дрога. Во ова поглавје е даден осврт на производството на droги, нивното потекло како и основите за испитување на drогите. Во вториот дел се дадени монографиите на растителните droги, класифицирани според хемискиот состав на drогите, според класификацијата на растителните хемиски компонети што е дадена претходно во учебникот Фитохемија. Секоја монографија на дрога содржи покрај вообичаените податоци како што се биолошките извори за добивање, карактеристиките на самите droги, производството, хемискиот соастав, дејството и употребата, дополнително податоци што се однесуваат на стандардите за квалитет и параметрите што се испитуваат и користат во проценката на квалитетот на природните суровини, главно според Европската фармакопеја. Монографиите ги содржат и податоците за механизмите на дејството на drогите, можните несакани ефекти при употребата и други токсиколошки аспекти, како и други податоци

од интерес за проучување во рамките на фармакогнозијата. Освен лековити и ароматични droги, обработени се и други природни фармацевтски суровини, главно од растително потекло, што се користат во фармацевтската практика, особено во фармацевтската технологија и во козметологијата.

Во вториот дел од книгата под насловот *Природни лековити, ароматични и други растителни суровини,* содржините се поделени во осум поглавја. Авторите го започнуваат овој дел со суровини што главно содржат примарни метаболити и тука, во три поглавја, се обработени *дрогите што содржат јаглехидрати, масни droги и дрогите што содржат производи на аминокиселини.*

Во поглавјето *Droги што содржат јаглехидрати* се обработени 25 различни droги, и тоа: 3 droги што содржат прости јаглехидрати, 2 droги што содржат фруктани, по една дрога со растителни влакна и што содржат хетерополисхариди, 4 droги со полисахариди од морски алги, 2 droги со растителни гуми и 12 droги со слузи.

Следува поглавјето каде што се обработени вкупно 27 масни droги, опфаќајќи 6 масла што се користат во терапијата, 6 индеферентни масла, едно масло што се користи во исхраната и пет различни восоци.

Во третото поглавје од оние што ги обработуваат примарните метаболити се обработени дрогите што содржат производи на аминокиселини, и тоа: две склеропротеински droги, една природна суровина со протеиди и 4 со ензими, 2 droги со цијаногени хетерозиди, 3 droги со глукозинолати и 3 droги што содржат други сулфурни соединенија.

Во поглавјето со droги што содржат органски к-ни опфатени се 4 средства за освежување и еден лаксатив.

Во следното поглавје се обработени вкупно 69 droги што содржат фенолни соединенија. Најнапред се дрогите феноли (3), па дрогите-деривати на салицилна к-на (4) и кафеична к-на (2), следуваат дрогите што содржат кумарини (4), фуранокумарини (4), пиранокумарини и хромони (1), лигнани (3), со диарилхептаноиди (3). Овде се обработени и по 16 droги со флавоноиди и танини, 8 droги со хинони и 5 droги со флуороглицин.

Најголем број на droги (113) се обработени во поглавјето за растителни суровини што содржат терпенски и стероидни соединенија. Овде се вброени 5 ароматични експекторанси, една инхалациска суровина, три амаро-ароматици, пет карминативни droги, 2 ароматични диуретици, 4 иританси и рубифациенси, една антифлогистична дрога и 2 ароматични антисептици. Тука се и 4 ароматици, коригенси и зачини, една инсектицидна дрога, 10 droги со иридоидни хетерозиди, по пет droги што содржат сесквитерпенски лактони и дитерпени, 8 со смоли и балзами, 18 со сапонини, 8 со кардиотонични хетерозиди. Во ова поглавје се и растителните суровини со стероидни хормони (7) и што содржат друг тип на стероли и тритерпени (7), како и каротенските droги (6) и витаминските droги (11).

Во последното поглавје се опфатени 44 алкалоидни droги. Обработена е по една растителна суровина што содржи екгонински алкалоиди, изохинолински, апорфински, трополонски, монотерпенски-изохинолински,

езерински, ергот, со бинарни индолни алкалоиди, хинолински, имидазолни и терпенски алкалоиди. Воедно тука се содржани и дрогите со тропански алкалоиди (5), пиперидински и пиридински алкалоиди (6), фенилетиламински алкалоиди (2), протоберберински алкалоиди (6), морфинански алкалоиди (2), монотерпенски-индолни (4), стероидни алкалоиди (2) и со пурински алкалоиди (6). Во целата книга се обработени вкупно 299 различни дроги, од кои 108 се официнелни дроги. За подобро изучување на дрогите и нивните биолошки извори авторите обезбедиле вкупно 486 различни слики со цртежи на растенија, како и фотографии на растенија и дроги. Авторите изработиле и дополнителни 230 слики со прикази на различни хемиски структури на компоненти од хемискиот состав на обработените дроги. Како новина во оваа книга, за официнелните дроги, покрај основниот текст за дрогата се појавува засенчено квадратно поле со текст што содржи сиже-информации изведени од фармакопејата, а се однесуваат на идентификацијата на дрогата (макроскопија, микроскопија, боена реакција, тенкослојна хроматографија, сл.), потоа за тестовите за општите испитувања како и за барањата за содржина на активни материи на соодветната дрога.

Ракописот на оваа книга во целост го покрива материјалот од областа на фармакогнозијата, делот *Materia Medica,* за студентите по фармација. Трудот според содржината и особено според стилот, длабината на анализата и начинот на презентацијата на материјата одговара на содржината и целите на предметот фармакогнозија во интегрираната студиска програма за фармацевти, но претставува и повеќе од тоа, еден изворедно добро подготвен материјал за изучување на други предмети од додипломската и од постдипломската едукација на фармацевтите. За изработката на овој учебник авторите користеле бројна литерартура од домашни и од странски автори. При тоа авторите покажале голема педагошка смисла, сето тоа заедно со личното искуство да го преточат во компактни целини и да го интерпретираат на современо научно ниво.

Оваа книга можат да ја користат не само студенти туку и соработници од други факултети од хемиска, технолошка како и биолошка насока каде што се изучуваат природните производи, како и нивната биолошка и фармаколошка активност. И покрај тоа што во книгата дрогите се опишани на класичен, фармакогностички начин, тоа не ја намалува актуелноста на книгата, бидејќи авторите се потпираат и се повикуваат на современата литература (вкупно 54 литературни единици) и актуелните книги од оваа област кои досега се објавени на светско ниво. Вредноста на овој ракопис е уште поголема благодарение на богатото научно и наставно искуство на главниот автор, проф. д-р Светлана Кулеванова, која е светски афирмиран научник и професор од оваа област.

Истовремено, содржините во оваа книга се концептуално и графички уредени според најновите светски трендови во оваа област, според што, со полно право може да го заземе своето место помеѓу најсовремените фармагогностички изданија. Севкупната содржина е еластично конципирана

за да може да ги задоволи барањата од програмските содржини по неколку предмети на студентите на додипломска и постдипломска настава на фармацевтските факултети, како дополнение во наставата на неколку задолжителни и изборни предмети што се слушаат на универзитетите во Р. Македонија, а воедно и да ги задоволи аспирациите и да ја задоволи љубопитноста на пошироката читателска јавност, што во последно време е сé пожелна за токму вакви содржини соодветно на трендот за враќање кон природата и природното.

Веруваме дека овој труд ќе биде соодветно учебно помагало за совладување на програмската содржина на предметот фармакогнозија, на додипломските студии на Фармацевтскиот факултет, но и дека ќе биде многу полезен материјал за совладување на други програмски содржини во додипломската и постдипломската едукација. Исто така, веруваме дека овој труд ќе побуди интерес и кај пошироката јавност, особено кај сите оние чии професионални и стручни активности се поврзани со лековитите растенија и со природните производи.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

ЗАКЛУЧОК

Трудот „Фармакогнозија",од авторите проф.д-р Светлана Кулеванова, доц. д-р Ѓоше Стефков и ас. м-р Марија Карапанџова, претставува соодветна стручна разработка на материјата од областа на природните лековити ароматични и други фармацевтски суровини како и нивна терапевтска и друга примена во фармацијата и медицината, генерално. Имајќи ги предвид карактерот, опфатот и намената на ракописот, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да го усвои како учебник по предметот фармакогнозија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Неда Мимица-Дукиќ с.р.

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р.

Доц. д-р Руменка Петковска с.р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторски дисертации на Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
| --- | --- | --- |
| М-р Ива Дујак | „Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија" | проф.д-р Нада Секуловска<br>проф.д-р Снежана Р.Јовановска<br>проф.д-р Лидија П.Ивановска |
| М-р Ивана Јорданова | „Планирање на локален економски развој -со посебен осврт на Општина Штип" | проф.д-р Сашо Ќосев<br>проф.д-р Пеце Недановски<br>проф.д-р Наталија Николовска |
| М-р Предраг Гаврилов | „Искуството на земјите од Југоисточна Европа членки на ЕУ со подготовките за воведување на еврото" | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Локман Хебиби | „Кредитен ризик и управување со кредитен ризик во земјите на транзиција, со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Зуле Стојанова | „Промотивни стретегии за настап на раноградинарските производи на странскиот пазар" | проф.д-р Нада Секуловска<br>проф.д-р Снежана Р.Јовановска<br>проф.д-р Митре Стојановски |
| М-р Игор Атанасов | „Брендирање на дестинации како стратегиска маркетинг алатка за репозиционирање и создавање конкурентски предности" | проф.д-р Снежана Р.Јовановска<br>проф.д-р Валентина Жилеска Панчевска<br>проф.д-р Нада Секуловска |
| М-р Краља Каранфилова | „Директниот маркетинг и социјалните медиуми" | проф.д-р Снежана Р.Јовановска<br>проф.д-р Анита Ц.Шулеск<br>проф.д-р Нада Секуловска |
| М-р Јасминка Додева | „Карактеристики на тековните трансфери и одржливост на платно-билансната рамнотежа, со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Методија Несторовски |

| | | |
|---|---|---|
| М-р Горан Купенков | „Улогата и примената на методологијата за следење и мерење на оперативниот ризик во банките, со особен осврт на банките во Република Македонија" | проф. д-р Љубе Трпески<br>проф.д-рМихаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Менче Ивановска | „Анализа на промената на вредноста на компаниите под влијание на промените во обртниот капитал" | проф.д-р Владимир Филиповски<br>проф.д-р Сашо Арсов<br>проф.д-р Методија Несторовски |
| М-р Весна Христовска | „Современи пристапи на управувањето со девизните резерви од страна на централните банки со посебен осврт на случајот на Македонија" | проф.д-р Владимир Филиповски<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Данче Николовска Вратеовска | „Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилност" | проф.д-р Владимир Филиповски<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>академик Таки Фити |
| М-р Дејан Ристовски | „Практики и процедури за справување со измамите во Европската Унија во контекст на создавање на единствен европски модел за управување со јавниот сектор и потреба од негова имплементација во Република Македонија" | проф.д-р Љубомир Кекеновски<br>академик Таки Фити<br>академик Гоце Петрески |
| М-р Симон Милошески | „Тестирање на моделот за вреднување на капиталните средства (CAPM) со опфат на дистрибуцијата на приноси-докази од пазарите во подем" | проф.д-р Весна Буцевска<br>проф.д-р Сашо Арсов<br>проф.д-р Владимир Филиповски |
| М-р Махије Мустафи | „Моделирање на динамичките ефекти од промените на јавната потрошувачка и даноците врз економската активност" | проф.д-р Славе Ристески<br>проф.д-р Владимир Филиповски<br>доц.д-р Драган Тевдовски |
| М-р Соња Димоска | „Управување со интелектуален капитал како клучен ресурс за постигнување конкурентна предност" | проф.д-р Димитар Бојаџиоски<br>академик Таки Фити<br>проф.д-р Блажо Недев |

| | | |
|---|---|---|
| М-р Билјана Цветаноска Гугоска | „Реафирмација на регионалниот економски развој: современи трендови за подобрување на ефикасноста на стратегиите и политиките” | проф.д-р Наталија Николовска<br>проф.д-р Олга Т.Градишка<br>проф.д-р Сашо Ќосев |
| М-р Валентина Анѓелкоска | „Современи трендови во обезбедувањето и наплатата на побарувањата во банките, со посебен осврт на банките во Република Македонија” | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Ивана Никифоровска | „Стратегии на динамична интеракција помеѓу глобализацијата и регионалниот развој: кластерингот на производните активности” | проф.д-р Наталија Николовска<br>проф.д-р Златка Поповска<br>проф.д-р Олга Т. Градишка |
| М-р Александар Петрески | „Примена на модел на кредитен ризик: ефекти врз кредитно портфолио на деловни банки од Република Македонија” | проф.д-р Весна Буцевска<br>проф.д-р Сашо Арсов<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Јелена Таст | „Ефектите од странските директни инвестиции во земјите во транзиција со посебен осврт на Република Македонија” | проф.д-р Љубица Костовска<br>академик Таки Фити<br>проф.д-р Наталија Николовска |
| М-р Марија Пендевска | „Влијание на менаџментот на знаење врз иновативноста на претпријатијата во Република Македонија” | проф.д-р Благоја Ѓорѓијовски<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски<br>проф.д-р Кирил Постолов |
| М-р Алмира Цури - Мемети | „Виртуелизација на бизнисот - социјална, глобална и локална димензија” | проф.д-р Благоја Ѓорѓијовски<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски<br>проф.д-р Кирил Постолов |
| М-р Ивана Бојовска | „Меѓународно интегрирано известување - перспективи во Република Македонија” | проф.д-р Блажо Недев<br>проф.д-р Зорица Б.Лазаревска<br>проф.д-р Зоран Миновски |
| М-р Ракип Малоски | „Современи аспекти на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија” | проф.д-р Пеце Недановски<br>проф.д-р Трајко Славески<br>проф.д-р Ангел Георгиев |

| | | |
|---|---|---|
| М-р Никола Груевски | „Економските ефекти на различните видови меѓународни текови на капитал со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Методија Несторовски<br>проф.д-р Владимир Филиповски |
| М-р Лазар Арсовски | „Модел за имплементација на е-Влада во Република Македонија" | проф.д-р Сашо Јосимовски<br>проф.д-р Калина Т.Благоева<br>проф.д-рЛидија П.Ивановска |
| М-р Елена Мучева | „Влијанието на Централната банка врз финансиската стабилност" | проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Кристина Бицева | „Економските потенцијали на културното наследство во насока на унапредување на неговата заштита" | проф.д-рЉубомир Кекеновски<br>проф.д-р Ристо Христов<br>проф.д-р Наталија Николовска |
| М-р Аднан Селмани | „Влијанието на промените во групното одлучување врз организациската ефективност" | доц.д-р Леонид Наков<br>проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Катерина Наумовска | „Унапредување на вкупниот квалитет со најдобрата практика (бенчмаркинг) во претпријатијата " | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Билјана Андова | „Паричниот мултипликатор и современите трендови на финансискиот сектор” | проф.д-р Љубе Трпески |
| Елена Бонеска | „Промотивни активности на додатоци на храна” | проф.д-рНада Секуловска |
| Никола Марковски | „Современи маркетинг канали во индустријата за месо и преработка на месо во Р.Македонија и пазарите на земјите членки на Европската Унија” | проф.д-р Митре Стојановски |
| Ана Колеќеска | „Стратегиското планирање и зголемување на конкурентноста на малите претпријатија” | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Марина Арнаудова | „Финансиската анализа во функција на намалувањето на кредитниот ризик во банкарскиот сектор на Република Македонија” | проф.д-р Зоран Миновски |
| Влатко Петревски | „Подобрување на бизнис процесите со имплементација на виртуелизација и компјутерско работење во облак во систем - интеграторски компании преку примерот на компанијата КИНГ ИЦТ” | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Ејјуб Ферухан | „Стратегии на монетарната политика-искуството на земјите од Балканот” | проф.д-р Љубе Трпески |
| Софче Величковска | „Унапредување на менаџерската етика во здравствените организации” | проф. д-р Бобек Шуклев |

| | | |
|---|---|---|
| Марко Миленковиќ | „Стртегии за инвестирање на најуспешните светски инвеститори во хартии од вредност” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Александра Леваjковска | „Република Македонија на патот до еврото (прилагодување на регулативната рамка на НБРМ со Статутот на Европската Централна Банка” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Сузана Јовановска | „Дистрибутивните канали во индустријата за производство и пласман на сладолед во европските земји и Република Македонија” | проф. д-р Митре Стојановски |
| Александра Стојаноска | „Јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Тања Михаилова | „Компаративна анализа на платните инструменти во Европската Унија и Република Македонија” | проф. д-р Љубе Трпески |
| Емилија Бумбароска | „Улогата на микрофинансирањето во развојот на малите бизниси и креирањето на нови работни места - посебен осврт за Република Македонија” | академик Таки Фити |
| Елена Јорданоска | „Улогата на агенциите за кредитен рејтинг на меѓународните пазари на капитал” | проф. д-р Михаил Петковски |
| Ана Цветановска | „Улогата на деловната етика во стратегискиот менаџмент” | доц. д-р Леоид Наков |
| Тошо Кипријанов | „Стратегии за настап во зрели и опаѓачки дејности” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Јован Чочевски | „Улогата на банкарството во сенка во САД во финансиската криза од 2007 до 2010 г.” | проф. д-р Љубе Трпески |
| Елена Димитриева | „Управување со ликвидносниот ризик во банкарскиот сектор во Република Македонија, со посебен осврт на примерот на Комерцијална Банка АД Скопје” | проф. д-р Љубе Трпески |
| Јордан Симонов | „Усогласување на царинското законодавство на Република Македонија со европското законодавство(acquis communautaire) и идните предизвици од полноправното членство во Европската Унија” | проф. д-р Ирена Кикеркова |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА, АХИТЕКТОНСКА КОМПОЗИЦИЈА И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 32. седница одржана на 24.11. 2011 год., донесе одлука со која нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во „Дневник“ и „Коха“ од 8.11.2011 год., се пријави д-р Митко Хаџи-Пуља, д.и.а., досегашен вонреден професор во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на поднесените документи, увидот во досегашната работа и врз основа на познавањето на кандидатот го даваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци и работно искуство

Д-р Митко Хаџи Пуља е роден 1957 година во Скопје.

**1985/2001:**
Асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје

**2001,** доцент на Архитектонскиот факултет во Скопје по предметите внатрешна архитектура, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

**2006,** вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје по предметите: внатрешна архитектура, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

**2007/08 2008/09 2008/09 2009/2010 2010/2011:**
Учесник во архитектонските студија: I, II.

Универзитетски дипломи:
-**1982,**дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ( 1975-1981) под менторство на проф. Александар Никољски;
-**1990,**специјализирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема „Анализа на зафатени простори од аспект на архитектонска композиција“;

- **1996,**магистрирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема „Обликовни постапки во компонирањето на архитектонскиот простор“;

-**2011,**докторска дисертација на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, под менторство на проф. д-р Мартин Гулески, на тема „За феноменологијата на архитектонскиот простор: био-културен пристап“.

Прегледот на референцијалните трудови од наставната, теоретско-едукативната, научноистражувачката и проектантската дејност до неговиот избор во звањето вонреден професор објавен во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.461, 521, 686, 777, а изборот во звањето вонреден професор во Билтенот бр. 900.

## II. Наставно – образовна дејност

Од изборот во звањето вонреден професор од 2006 до 2011 година, кандидатот вонр.проф. д-р Митко Хаџи-Пуља на Архитектонскиот факултет во Скопје учествува во наставата и вежбите по предметот внатрешна архитектура, како и со предавања на предметите теорија на форма и архитектонско проектирање во продлабочената настава (по стара наставна програма), а од 2007 /2008 година учествува во наставата и вежбите по предметите внатрешна архитектура 1 и 2, архитектонска композиција и во архитектонско студио 1 и 2 (според новата студиска програма - ЕКТС).

Во остварувањето на наставните програми за кои е биран, односно додипломските студии, како и наставата на постдипломските студии, вонр.проф. д-р М. Хаџи-Пуља покажува значајни и препознатливи резултати.

Во периодот по последниот избор, вонр.проф. д-р М. Хаџи-Пуља учествува во изведувањето на продлабочената настава во VIII и IX семестар, и тоа:

- 2008/2009 - Учење + Домување, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (раководител: проф. д-р М. Бакалчев);
- 2009/2010 - Прототип на станбен блок, Железничка колонија, Буњаковец, Скопје (раководител: проф. д-р З. Блажевска);
- 2010/2011 – Облакодер, за онтологија на вертикалата, Скопје / Вардарска долина (раководители: проф. д-р М. Бакалчев и д-р М. Хаџи-Пуља).

Особено е вредно за внимание учеството на вонр.проф. д-р М. Хаџи-Пуља во дефинирањето на содржините и методите на работа во архитектонските студија 1 и 2 заедно со проф. д-р М. Бакалчев. Архитектонските студија 1 и 2 започнаа со работа за прв пат според ЕКТС–програмата во 2007 /2008 година и денес бележат видни резултати и значајни успеси.

Проф. д-р М. Хаџи-Пуља со особен ентузијазам ги поттикнува студентите во стекнување на нови и продлабочени знаења, вештини и способности во разбирањето на просторните консеквенци од различните социјални и технолошки новини и случувања на глобално ниво, придонесувајќи кон формирањето на широк професионален профил на архитект.

Наставно-образовната дејност подразбира и учество во дипломски задачи каде што вонр.проф. д-р М. Хаџи-Пуља успешно и активно учествува како ментор на преку 100 задачи на повеќе теми: „Сценарија за обнова на македонското село"; „Македонски винарии"; „Музички центар – Едукативен и перформативен"; „Јужен булевар – сценарија за развој"; „Инфо точка и времено домување на Скопско кале".

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од наставно-образовната дејност (115,4).

## III. Научноистражувачка дејност

Истражувачкиот интерес на вонр.проф. д-р Митко Хаџи-Пуља е со широк дијапазон што резултира со повеќе трудови кои ја проучуваат феноменологијата на архитектонскиот простор, неговата онтогенеза и филогенеза, елементите и обликовните постапки во неговото компонирање при што просторот се зема како основен медиум на човековото суштествување.

Во неговата докторска дисертација, архитектонскиот простор се третира како основна теза и се генерира на три нивоа: појавно ниво – како сетилна даденост, појмовно ниво - како ментална конструкција и симболичко ниво - како медиум на културолошка репрезентација, при што сите три се синтетизираат во етичкото.

Просторот и времето како архетипски искуства во трудот се третирани како категории на свеста, а постапките со кои битието го обликува искуството на просторот се истите постапки со кои тоа се обликува себеси.

За одбележување е и неговиот истражувачки интерес и придонес во повеќе различни области (ликовна уметност, филм, графика и др.), а особено во областа на архитектонската теорија и критика со учество во домашни, регионални и меѓународни семинари од што се произлезени и објавени негови трудови во меѓународни стручни списанија.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на научноистражувачката дејност (71,8).

**IV. Стручно-уметничка дејност**

И во овој меѓуизборен период, во областа на стручно-уметничката дејност вонр.проф. д-р Митко Хаџи-Пуља покажува сестрана индивидуална и тимска работа, која се одликува со разновидни тематски, архитектонски, архитектонско-урбанистички, конкурсни и др. трудови презентирани во различни медиуми на локално и национално ниво. Некои од овие трудови можат да се издвојат како значајни во заложбите за унапредување на културата на просторот и јавната свест.

Изложбите на тема: „City of Posible Worlds“ во 2006 година и „META MAK CUT-OUTS“ во 2008 година, се значајни национални репрезенти на меѓународната архитектонска изложба La Biennale di Venezia, каде што д-р М. Хаџи-Пуља се јавува како куратор (заедно со д-р М. Бакалчев и д-р В. П. Коробар), како и јавно претставеното дело „Learing Architecture“ на изложбата La Biennale di Venezia во 2010 година (куратори: д-р М. Бакалчев и д-р М. Хаџи-Пуља).

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-уметничката дејност (126,0).

**V. Стручно-апликативна дејност**

Научноистражувачките, стручно-уметничките и теоретските знаења од областа на архитектурата, како и пошироките сознанија и ставови од други уметности и области блиски на архитектурата, наоѓаат свој одраз во изработката на бројни идејни и основни архитектонски проекти. Од нив најголем број се со потпис МБМХП и се производ на поширок тим соработници.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-апликативната дејност (98,5).

**ОБРАЗЕЦ** **Анекс 2**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2005/2006 (2+5), вежби: 5 часа x 15 нед. x 0,03 поени x 3 групи = 6,75 предавања: 2 часа x 15 нед. x 0,04 = 1,2 | 7,95 |
| 2. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководители: проф. м-р Гоце Аџи-Митревски, проф. д-р Михаил Токарев, проф. д-р Тихомир Стојков), зимски сем. 2005/2006 (2+0), предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 3. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2005/2006 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 4. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Тихомир Стојков), зимски сем. 2005/2006 (3+5), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 5. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2006/2007 (2+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 4,5 предавања: 2 часа x 15 нед. x 0,04 = 1,2 | 5,7 |
| 6. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф. д-р Тихомир Стојков, проф. м-р Гоце Аџи-Митревски), зимски сем. 2006/2007 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 7. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2006/2007 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 8. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава, раководители: проф. д-р Влатко Коробар, проф.м-р Гоце Аџи-Митревски), зимски сем. 2006/2007 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 9. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2007/2008 (2+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 4,5 предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2 | 5,7 |
| 10. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф.м-р Гоце Аџи-Митревски), зимски сем. 2007/2008 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 11. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава, раководител: проф.д-р Тихомир Стојков), зимски сем. 2007/2008 (4+8), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 12. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2007/2008 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 13. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2007/2008 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 14. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2007/2008 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 15. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2008/2009 (2+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 4,5 предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2 | 5,7 |
| 16. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Тихомир Стојков), зимски сем. 2008/2009(4+8), предавања:1 час x 15 недели x 0,04= 0,6 | 0,6 |
| 17. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Зорица Блажевска), зимски сем. 2008/2009 (4+8), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04= 0,6 | 0,6 |
| 18. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2008/2009 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 19. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2008/2009 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Теорија на форма (продлабочена настава, раководител: проф. м-р Гоце Аџи-Митревски), летен сем. 2008/2009 (3+5),предавања:1 час х 15 недели х 0,04= 0,6 | 0,6 |
| 21. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2008/2009 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 22. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2009/2010 (2+5), вежби: 5 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи = 6,75 предавања: 2 часа х 15 нед. х 0,04= 1,2 | 7,95 |
| 23. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 24. | Внатрешна архитектура, летен сем. 2009/2010 (2+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 25. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 26. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери“, раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф. м-р Митко Хаџи Пуља), летен сем. 2009/2010 (3+5), предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 27. | Внатрешна архитектура, зимски сем. 2010/2011 (2+5), вежби: 5 часа х 15 нед.х 0,03 поени х 3 групи = 6,75 предавања: 2 часа х 15 нед. х 0,04 = 1,2 | 7,95 |
| 28. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери“, раководители: проф. д-р Минас Бакалчев, проф. м-р Митко Хаџи Пуља), летен сем. 2010/2011 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 29. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2010/2011 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 30. | Внатрешна архитектура (ЕКТС), зимски сем. 2010/2011 (2+2), вежби: 2 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи = 2,7 | 2,7 |
| 31. | Архитектонска композиција, зимски сем. 2010/2011 (2+0), предавања: 2 часа х 15 недели х 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 32. | Меѓународна летна школа за архитектура на тема „Процес“ во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, манастир „Св. Јоаким Осоговски“, раководител: Хрвоје Њириќ, 8.7-16.7. 2006 – учесник. | 1 |
| 33. | Работилница „Уредување на кејот на реката Вардар, лев брег – просторот како медиум“, во организација на град Скопје и Архитектонски факултет - Скопје, МКЦ, Скопје, 1.3-9.3. 2007 – раководител. | 1,5 |
| 34. | Работилница „Скопје, културни патеки“, Route of Culture, Master Class of: Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja, Ss. Cyril & Methodius University, реализирана со помош на италијанската влада и IMG, Скопје, 2008 – раководител. | 1,5 |
| 35. | Ментор на 101 дипломска работа на теми: „Сценарија за обнова на македонското село“, „Македонски винарии“, „Музички центар – Едукативен и перформативен“, „Јужен булевар – сценарија за развој“, „Инфо точка и времено домување на Скопско кале“. 101 х 0,2 = 20,2 | 20,2 |
| | **Вкупно** | **115,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Бакалчев, М. + Хаџи Пуља, *М. Културни патеки / Скопје навигатор*, Мастер класа: Бакалчев, М. + Хаџи Пуља, М. , Скопје, 2008 – автор на монографијата/каталог. | 7,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект: Темпус-проект на ЕУ: Реформирање на архитектонската едукација во КАРДС-земјите (раководител: проф. д-р Влатко Коробар), European Union project: TEMPUS SCM C019 A04 – „Re-forming Architectural Education in the Cards Countries" - institution participant & co-ordinator. (Serbia, Bosnia & Herzegovina, Albania, Macedonia), 2005/2006. | 5 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Бакалчев, М., Хаџи Пуља, М. „Град на можни светови", Културен живот бр.3-4/2006, Скопје, 2006. | 1,8 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи Пуља, М., разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Проектантското ниво на градење е во криза", Порта 3, бр.50, 15.1.2007. | 2 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи Пуља, М., разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Архитектурата е професија која зрее низ времето", Порта 3, бр.85, 30.6.2008. | 2 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Хаџи Пуља, М.„Архитектура=сеќавање на иднината", Пресинг, ISSN 1857-744-x, год.I, бр.1, Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија, февруари 2011. | 2 |
| 7. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „City of Posible Worlds (WORLD = CITY = WORLDS)". The Macedonian participation at 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2006. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 8. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „City of Possible Worlds", објавен труд во „Cities, Architecture and Society". 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Richard Burdett), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2006. | 5,4 |
| 9. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „META MAK CUT-OUTS, (Archi(Cut-Out) tecture / Popular Architecture". The Macedonian participation at 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2008. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 10. | Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „META MAK CUT-OUTS", објавен труд во „Out There, Architecture Beyond Buildings, Volume 4". 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Aaron Betsky), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2008. | 5,4 |
| 11. | Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „Learning Architecture". The Macedonian participation at 12 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2010. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 12. | Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „Learning Architecture", објавен труд во „People meet in Architecture: Biennale Architettura 2010 - Participating countries/ Collaborative Events". 12 International Architecture Exhibition (director Kazuyo Sejima), La Biennale di Venezia, Marsilio Editori, s.p.a., Venice (pp 48-51), 2010. | 5,4 |
| 13. | „Град на можни светови"; „Секојдневен манифест" (Минас Бакалчев, Митко Хаџи Пуља), 2 предавања на научен собир „ФОРУМ СКОПЈЕ", Скопје, 2008. (2+2=4) | 4 |
| 14. | Учество во научен стручен собир: Трибина на Утрински весник „Скопје треба да се гради, но дали со објекти од стари разгледници" (учесници: Трифун Костовски, Елизабета Канчевска Милевска, Виолета Аларова, Никола Ристановски, Минас Бакалчев, Митко Хаџи Пуља), Утрински весник, 19.1 2007. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Предавање на научен собир со меѓународно учество: Ohrid Summer University (OSU): International, Interdisciplinary Summer School for Young Faculty from SEE and EU: „Integrating Cultures / Negotiating New Subjectivities" (Course Director: Suzana Milevska, PhD), Ohrid, 2007. | 3 |
| 16. | „Everyday Manifesto / Metamak Architecture" (Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja), предавање на научен собир со меѓународно учество одржано на „BALKAN production_02 In conversation with architects from Southeast Europe Az W/ Architekturzentrum Wien – Podium", Виена, Австрија, 2008. | 3 |
| 17. | „Metamak" (Minas Bakalčev, Mitko Hadzi-Pulja, Sasa Tasic, Dimitar Papasterevski), предавање на референтен странски универзитет „TUDelft", Delft, Холандија, 2007. | 3 |
| | **Вкупно** | **71,8** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | „МБМХП ПАНОРАМА 2000-2005: ЕПИДИЈАГРАМСКИ ПЕЈСАЖ" (МБМХП), јавно претставено дело – изложба, коридор, Архитектонски факултет, 2006, Скопје. | 8 |
| 2. | „Сеќавање на Живко Поповски", јавно претставено дело – изложба, коридор: Архитектонскиот факултет - Скопје, јануари 2007. | 8 |
| 3. | „City of Posible Worlds", јавно претставено дело, национално претставување на 10-та меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), Венеција, 10.9.2006 - 19.11.2006. | 8 |
| 4. | „The Blinded House 7x11", (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Д. Папастеревски), јавно претставено дело, национално претставување на „House in Transition/ Habitat at Ypenburg", Artotek & Qenep architecture, Den Hague, The Netherlands, 23.4 - 16.5.2007. | 8 |
| 5. | „META MAK CUT-OUTS", јавно претставено дело, национално претставување на 11. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), Венеција, 14.9.2008 - 23.11.2008. | 8 |
| 6. | „Brave New World Imprints - Towards the Face" (М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља), јавно претставено дело на „BRAVE NEW WORLD", IFA Institut fur Auslandsbeziehungen, Berlin, 2008. | 8 |
| 7. | „Learning Architecture", јавно претставено дело, национално претставување на 12. Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља), Венеција, 2010. | 8 |
| 8. | Идејно архитектонско решение за „Фасадно обликување на хидроцентрала – Матка", локација: езеро Матка - Скопје, инвеститор: ЕВН - Македонија (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ), 2007. | 2 |
| 9. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа Љубиќ", локација: ул.Орце Николов, бр.174, Скопје, 2007 - (автори: МБМХП) | 2 |
| 10. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа (надградба-доградба)", локација: Водно, Скопје, 2007 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 11. | Идејно архитектонско-урбанистичко решение за „Конгресен центар – Св. Јован Кукузел", локација: ул. Партизанска - Охрид, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008. | 2 |
| 12. | Идејно архитектонско решение за „Македонско-италијански едукативен центар", локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2008 (автори: МБМХП). | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови“, локација: Бардовци, Скопје, 2008 (автори: МБМХП) | 2 |
| 14. | Идејно архитектонско решение за „Православен храм, црква Св. Илија“, локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски) | 2 |
| 15. | Идејно архитектонско решение за „Туристички комплекс Св.Стефан“, локација: Охрид, 2008 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 16. | Идејно архитектонско решение за „Трговско-угостителски објект“, локација: плоштад „Македонија“, Скопје, 2009 (автори: МБМХП). | 2 |
| 17. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 18. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, 2009 (автори: МБМХП). | 2 |
| 19. | Идејно архитектонско решение за „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, 2010/2011 - (автори: МБМХП). | 2 |
| 20. | Идејно архитектонско решение за „Угостителски објект со времено домување“, локација: Горица, Охрид, 2010 (автори: МБМХП) | 2 |
| 21. | Идејно архитектонско решение за "Семејна куќа – вила Стојковски“, локација: ул. Лазар Димитров б.б, Скопје, 2011 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски) | 2 |
| 22. | Изведен објект, „Преградба на две станбени единици за семејство Илоски“, локација: Центар, Скопје, (автор: М. Хаџи Пуља), 2008. | 4 |
| 23. | Изведен архитектонски објект „Црква Свети Илија“, локација: Говрлево, Скопје, (автори: М.Бакалчев, М.Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008 | 4 |
| 24. | Изведен архитектонски објект „Трговско-угостителски објект“, локација: плоштад „Македонија“, Скопје, (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 25. | Изведен архитектонски објект „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 26. | Изведен објект, „Ентериерно уредување на станбена единица“, локација: Центар, Скопје, (автор: М. Хаџи Пуља), 2010. | 4 |
| 27. | Изведен архитектонски објект „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, (автори: МБМХП), 2010-2011. | 4 |
| 28. | Групно јавно претставување на архитектонски дела на „13. БИМАС– Биенале на македонската архитектура“, МГС - Музеј на град Скопје, 2006; „СКОПЈЕ ГРАД НА СОЛИДАРНОСТА 1963/2008“, Музеј на град Скопје (концепт/ просторна инсталација: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, Б. Зеќири), 2008; „Културно преоткривање/ Архитектонско и урбано преобликување на културните патеки“, Мала станица, Скопје, 2008; „14. БИМАС“, МГС - Скопје, 2008; „АСК - Архитектура Скопје 2008“, МГС - Музеј на град Скопје, 2008; „АСК 2009“, МГС - Скопје, 2009; „НИЕ, 60-години Архитектонски факултет“, Скопје, Музеј на град Скопје, 2009; „15. БИМАС „Културен центар - Мала станица, Скопје, 2009; „АСК 2010“, МГС – Скопје, 2010. (9 x 2 = 18) | 18 |
| | **Вкупно** | **126,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Промотор на изложба: Made In Germany, Architecture + Religion / Архитектура + религија, Goethe Institute, Музеј на град Скопје, 2006. | 0,5 |
| 2. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа Љубиќ“, локација: ул. Орце Николов, бр.174, Скопје, 2007 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Идеен архитектонски проект за „Семејна куќа (надградба-доградба)“, локација: Водно, Скопје, 2007 (автори: МБМХП) | 2 |
| 4. | Идеен и основен архитектонски проект за „Македонско-италијански едукативен центар“, локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2008 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 5. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови“, локација: Бардовци, Скопје, 2008 (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 6. | Идеен и основен архитектонски проект за „Православен храм, црква Св. Илија“, локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор – Говрлево, 2008 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), (2+2=4) | 4 |
| 7. | Идеен архитектонски проект за „Туристички комплекс Св.Стефан“, локација: Охрид, 2008 (автори: МБМХП) | 2 |
| 8. | Идеен и основен архитектонски проект за „Трговско-угостителски објект“, локација: плоштад „Македонија“, Скопје, 2009 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 9. | Идеен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 (автори: МБМХП) | 2 |
| 10. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, 2009 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 11. | Идеен и основен архитектонски проект за „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, 2010/2011 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 12. | Идеен и основен архитектонски проект за „Катна Гаража“, локација: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин, Скопје, инвеститор: град Скопје, 2010 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |
| 13. | Идеен и основен архитектонски проект за „Угостителски објект со времено домување“, локација: Горица, Охрид, 2010 (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 14. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа – Вила Стојковски“, локација: ул. Лазар Димитров бб, Скопје, 2011 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |
| 15. | Графички дизајн: Циклус проекти/календари за Комерцијална банка за 2008, 2009, 2011; Графички дизајн: Циклус проекти (плакати, покана, книга) за Градежни конструктори за 2005, 2007, 2009; плакат и каталог за изложба ПЛАКАТ/КАТАЛОГ: НИЕ, 60 години Архитектонски факултет, Скопје, 2009; плакат и каталог за изложба Културни патеки / Скопје навигатор, 2008; октомври 2009; изработка на каталог „City of Possible Worlds (world = city = worlds)"(ISBN 9989-156-24-7), 2006; графичко уредување на изложба „Изложба за Живко Поповски", изложбен коридор: Архитектонски факултет - Скопје, јануари 2007; графички дизајн на плакат за изложба „26 јули- Скопје", Музеј на град Скопје, 26.7.2007; изработка на плакат за изложба: „13 Ноември-Скопје", Музеј на град Скопје, 13.11.2007; изработка на плакат за изложба: „Скопска тврдина - археолошки истражувања", Музеј на град Скопје, 10.12.2007; изработка на каталог „Metamac Cut-Outs, archi(cut-out)tecture / popular architecture (ISBN 978-9989-156-57-1), 2008; Графички дизајн – лого за Инженерска институција на Македонија, 2009; Графички дизајн – лого за Комора на архитекти и инженери на Македонија, 2009; (14 x 2 = 28) | 28 |

| Дејности од поширок интерес | | |
|---|---|---|
| 16. | Меѓународна награда на 10. Интернационална архитектонска изложба, Венециско биенале, куратор на Македонскиот павилјон, Венеција, 2006. | 2 |
| 17. | Голема годишна награда на ААМ, за најуспешно реализирано архитектонско дело во 2006, покровител на наградата Претседател на Р. Македонија, 2006. | 2 |
| 18. | Голема награда за архитектура на град Скопје (архитектонска реализација), Македонско-италијански едукативен центар, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, АСК, Архитектура Скопје, 2008. | 2 |
| 19. | Студиски претстој во странство (Италија, Франција, Германија, Австрија, Швајцарија, Холандија), 2006-2010. (7 x 0,5 = 3,5) | 3,5 |
| 20. | Член на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2005-2011. | 0,5 |
| 21. | Член на комисии за избор во звање 2006-2010. (10 x 0,2 = 2) | 2 |
| 22. | Член на Советот при Министерството за култура на Македонија, 2009 - 2011. | 3 |
| 23. | Претседател на жири-комисии при Министерството за култура на Македонија, 2009 - 2011. (3 x 3 = 9) | 9 |
| 24. | Продекан за настава и наука, 2005-2009 | 4 |
| | **Вкупно** | **102,5** |
| | | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **115,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **71,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **126,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **102,5** |
| **Вкупно** | **415,7** |

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија, во севкупното дејствување и творештвото на вонр.проф.д-р Митко Хаџи-Пуља и врз основа на неговото лично познавање, Комисијата смета дека тој, во периодот по неговиот последен избор, недвосмислено ги потврди сопствениот висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Вонр.проф.д-р Митко Хаџи-Пуља е инвентивен, високо креативен со јасно изграден личен став - педагог – учител, ерудит со широки и темелни познавања во областа на архитектурата и уметноста, и сестран истражувач – аналитичар, во смисла на неговиот широк интерес за многу комплементарни области на науката и на уметноста.

Неговите индивидуални ставови за севкупните состојби во архитектурата денес ја потврдуваат неговата достигната творечка и професионална зрелост и оставаат јасна и неизбришлива трага на полето на архитектонското и уметничкото творештво во Република Македонија.

Неговата проектанска работа и изведените архитектонски дела имаат профилирана прогресивна творечка насока, во согласност со референтните движења во архитектурата во светот, кон кои треба да се поместува архитектонското творештво кај нас.

Учеството на Венецијанското архитектонско биенале, бројните проекти и реализации, освоените награди, честите јавни настапи и посебно претставувањето на студентски проекти изработени под негово менторство и со негов јасен педагошки белег, преку изложби и други јавни манифестации, се неговата референца на плоден творец и учител.

Етичноста, хуманата димензија и високо изградените професионални, уметнички и педагошки критериуми се темелните премиси на неговото делување во образованието на архитектите и во неговите релации со околината.

Комисијата посебно го истакнува неговиот придонес во иновирањето на предметните содржини во наставата на Архитектонскиот факултет, преку кој на актуелните образовни тенденции им дава личен белег и наставата на Архитектонскиот факултет ја придвижува кон главните текови на архитеконското образование денес.

Ценејќи го сето претходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот вонр.проф.д-р Митко Хаџи-Пуља, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избран во звањето редовен професор во областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Иванка Кировска, редовен професор – претседател с.р
2. Д-р Влатко П. Коробар, редовен професор – член с.р
3. Д-р Минас Бакалчев, редовен професор – член с.р

# ПРЕГЛЕД
на теми за изработка на магистерски труд прифатени на седницата
на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
одржана на 2.2.2012 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Иван Ѓаковски | *Анализа на методите за дефинирање на метролошките карактеристики на мерните алати* | Проф. д-р Миколај Кузиновски |
| Билјана Наумовска | *Оптимизација на канцелариско работно место за лице во инвалидска количка* | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Љубе Ристовски | *Фактори кои што влијаат при одлучувањето во врвниот (ТОП) менаџмент* | Проф. д-р Ванчо Донев |
| Викторија Јанчевска-Анѓелковиќ | *Развој на методологија за дефинирање на потреби од обуки за информациската технологија во јавниот сектор* | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Милорад Белкоќески | *Анализа на оштетувањата на носечките конструкции на дигалките при специфични улови на работа* | Проф. д-р Марјан Гаврилоски |
| Ангелина Канчевска | *Подобрување на деловните процеси преку развој на интегриран систем за управување со податоци во центрите за неформално образование* | Вон. проф. д-р Валентина Гечевска |
| Зоран Трајковски | *Следење на емисијата од моторите СВС и нејзино подобрување со примена на математички модели* | Проф. д-р Миле Димитровски |

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ВИКТОР ИЛИЕВ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр.02-3486/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 29.12.2011 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Предраг Поповски, Машински факултет – Скопје
2. проф. д-р Звонимир Костиќ, Машински факултет – Скопје
3. проф. д-р Валентино Стојковски, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Виктор Илиев и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

## Нестационарни појави во доводно-одводните органи при преодни режими на реверзибилна Францис-турбина

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот м-р Виктор Илиев, дипл.маш.инж., е роден на 2.4.1979 год. во Штип. Основното образование го завршил во основното училиште „Никола Карев" во Пробиштип со одличен успех. Средното образование го продолжил и го завршил во средното машинско училиште "Наум Наумовски Борче" во Пробиштип, исто така со одличен успех. На Машинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1997/1998, на насоката хидротехника, пневматика и автоматика, а дипломирал во октомври 2002 година со средна оценка на студирање 8,74. Дипломската работа ја одбранил со оценка 10 (десет).

За време на студиите во периодот од 2000 до 2002 година бил вклучен во образовниот процес како демонстратор за давање помош при реализација на вежбите по предметите: статика и јакост 1, кои ги покрива Институтот за механика. За постигнатиот одличен успех во прва, втора и трета година од студиите му биле доделени пофалници од страна на Машинскиот факултет. Во втора, трета, четврта и петта година од студиите бил корисник на стипендија за талентирани студенти доделена од Министерството за образование и наука на Р.Македонија.

По дипломирањето, во јануари 2003 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје при Институтот за хидротехника, пневматика и автоматика, на истражувачкото подрачје автоматика.

Во април 2003 година се вработил како инженер-проектант во фирмата ТЕРМО КИНГ-Скопје, генерален застапник на германската компанија WEISHAUPT-NEUBERGER за производство на горилници, системи за греење и управувачки DDC (DirectDigitalControl) системи. За време на вработувањето престојувал на повеќе еднонеделни стручни семинари и школувања во центрите за обука на Weishaupt-Neuberger во Р.Германија и Р.Словенија. Исто така, за време на вработувањето учествувал како стручен соработник при изработка на повеќе машински проекти од областа на термотехниката, термоенергетиката и заштитата на животната средина и повеќепати бил одговорен инженер за монтажа и пуштање во работа на опрема во инвестициски објекти.

Во мај 2008 година се вработил како стручен соработник во фирмата ГЕИНГ-Krebs und Kiefer International GmbH&Co Скопје. За време на вработувањето учествувал во изработка на тендерска документација и идејни машински проекти за изградба на хидроенергетски објекти.

На Машинскиот факултет во Скопје се вработил во октомври 2008 година, прво како помлад асистент, а од октомври 2011 како асистент на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Со оглед на неговото вработување на Машинскиот факултет во Скопје и неговото понатамошно насочување во согласност со развојната политика на Институтот, направена е измена на истражувачкото подрачје во областа хидроенергетика, работен наслов на тема и дел од листата на предмети. Испитите од постдипломските студии ги положил со средна оценка на студирање 9,8.

Магистерскиот труд под наслов „Анализа на влијанието на нестационарните појави во доводните органи и агрегатите на хидроенергетските објекти при преодните режими", под менторство на проф. д-р Предраг Поповски, го одбранил на 18.3.2011 год. и се стекнал со звањето магистер на машински науки.

Во периодот од изборот во соработничко звање помлад асистент до денес активно учествува во образовниот процес (во првиот циклус на студии) на Машинскиот факултет преку реализација на вежбите по поголем број предмети на повеќе насоки на академските и професионалните студии. Од неговото прво вработување до денес, во претходните 8 години, активно учествувал во повеќе научноистражувачки и апликативни активности.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно го користи германскиот јазик. Има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми.

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Придонесот од обновливите извори на енергија во иднина се очекува значајно да се зголеми, главно заради зголемената способност за искористување на поголем дел од хидроенергетскиот потенцијал. Во 1999 година хидроенергијата покриваше 19% од светските потреби од електрична енергија со вкупно инсталиран капацитет околу 692 GW. Меѓутоа, произведената електрична енергија од хидропотенцијалот во износ од 2633 TWh претставува само 33% од економско и 18% од технички искористливите ресурси. Според ова, хидроенергијата и понатаму претставува голем енергетски потенцијал со висок раст во 21 век.

Развојот и зголемувањето на искористеноста на хидроенергетскиот потенцијал треба да се бара во четири области и тоа: со изградба на нови големи хидроелектрани, со обнова на постојни хидроелектрани, реконструкција на стари хидроелектрани и изградба на мали хидроелектрани.

Важен аспект од развојот на хидрелектраните е се поголемата потреба енергетските објекти да овозможуваат стабилизирање на глобалната енергетска мрежа преку можноста за брза промена на работниот режим. Зголемувањето на искористеноста на обновливите извори на енергија, како што се ветерните електрани, чија искористливост не може да се загарантира, претставуваат извор на нарушување на енергетската мрежа која денес се смета за стабилна. На пример во Европа, каде што термоелектраните се уште имаат доминантна улога, влијанието на наглите промени на ветерот не можат да бидат избалансирани со термоелектраните. Од друга страна, изградбата на пумпно-акумалациони хидролектрани (ПАХЕ) често е единствена можност да се избалансира режимот на работа во енергетскиот систем, или да се складираат вишоците на енергијата.

Модерните хидроелектрани мора да се соочат со новите предизвици поврзани со потполно различните стратегии на управување, кои, пак, доведуваат до зголемување на барањата на целата опрема. Хидроелектраните се повеќе се поставуваат на различни режими на работа, како што се вклучување или исклучување на агрегатите (турбина+генератор), итно исклучување, побег на агрегатите, испад на системот од фазата на синхронизација, брзо поставување на нов режим на работа, преод од турбински во пумпен режим на работа (кај реверзибилни турбини во ПАХЕ) и обратно итн.

Конструирањето, управувањето и регулацијата на хидроенергетските објекти бараат способност за точно дефинирање на динамичкото однесување на уредите земајќи ги предвид различните аспекти на експлоатација. Според тоа, се наметнува потребата од интегрирање на нови технологии и методологии за подобрување на динамичкото однесување, притоа обезбедувајќи сигурност и зголемување на доверливоста на самите објекти. Сето ова бара развивање на подобро разбирање и точно предвидување на динамичкото однесување на хидроелектраните.

Во хидроенергетските објекти, нестационарното струење на флуидот се јавува поради вклучување или исклучување на агрегатите (турбина+генератор), итно исклучување на агрегатите, зголемување или намалување на снагата во електроенергетскиот систем, затворање и отворање на преттурбинските затворачи, побег на агрегатите, испад на системот од фазата на синхронизација, електрични дефекти итн. Сите овие наведени режими на работа предизвикуваат промена на протокот, притисокот, бројот на вртежи итн., т.е. режимот на работа на агрегатот.

Анализата на преодните режими кај ПАХЕ се усложенува заради фактот што реверзибилната машина работи како турбина или како пумпа во зависност од насоката на ротација.

Карактеристиката на реверзибилната турбина претставена во четири квадранти мора да биде успешно моделирана со трансформација во поларни координати со цел да се избегнат проблемите кои би можеле да се појават при изведувањето на нумеричката пресметка. Разбирањето на математичката трансформација на карактеристиката на турбината во четирите квадранти е предуслов за добивање квалитативна анализа на преодните режими на ПАХЕ. Ова е едно од клучните ограничувања при моделирањето на преодните режими на ПАХЕ, особено поради S-обликот на карактеристиката на турбомашината.

Нестабилната работа на реверзибилна Францис-турбина поради побег е најчест случај на истражување при анализа на преодните режими. Поради S-обликот на карактеристиката на реверзибилната турбина во турбински режим, во случај на работа при побег се добива нестабилно однесување проследено со голема периода на осцилации.

Во современите услови на работа, кога на објектите и процесите им се наметнуваат најстроги барања за квалитетно управување со нив, се наметнува потребата од добро познавање на суштината на процесите. За таа цел, неопходно е да се определат

математичките модели на разгледуваниот процес кои на веродостоен начин ја претставуваат динамиката на самиот процес. Овие математички модели се доста сложени од математичка гледна точка и претставуваат нелинеарни парцијални диференцијални равенки. Сложеноста на таквите модели ја попречува неговата рационална применливост и понатамошната постапка најчесто се одвива во правец на изнаоѓање математички методи за нивно упростување (на пр. дискретизација на парцијалните диференцијални равенки). Упростувањето на математичките модели поаѓа од поголем број на реални претпоставки со што би се постигнало максимална дозволена идеализација на процесот.

За математичко моделирање на преодните режими на ПАХЕ ќе биде искористен еднодимензионалниот пристап на моделирање. Пристапот на моделирање се проширува на останатите компоненти од системот како што се: резервоар (водна акумулација), доводен тунел, водостан, цевковод под притисок, предтурбински затворач, турбина, дифузор, одводен цевковод итн.

Нумеричката пресметка претставува современ приод за решавање на преодните режими на работа на хидроелектраните. Се разбира, при тоа е неопходна база на експериментални податоци со определена точност, преку кои се врши верификација (калибрација) на поставениот нумерички модел од секој аспект (робусност, трендови, точност). По добивањето на веродостоен модел со кој е овозможено релативно сигурно нумеричко експериментирање, можат да бидат извршени модификации на параметрите на регулација и да бидат анализирани ефектите врз динамичкото однесување на ПАХЕ.

## 3. Цели на докторската дисертација

Главната цел на докторската дисертација е предвидување и точно дефинирање на динамичкото однесување на агрегатите на пумпно-акумулационите хидроелектрани при преодните режими на работа. Посебен акцент е ставен на анализата на нестационарните појави во доводно-одводните органи на реверзибилна Францис-турбина, вклучувајќи го и дифузорот на реверзибилната турбина. За остварување на главната цел ќе се реализираат детални истражувања кои ќе дадат голем придонес во добивање на веродостојна динамичка претстава за однесувањето на ПАХЕ при преодните режими на работа.

Најпрво, ќе се изврши презентација на теоретските основи на нестационарните појави и работните режими на реверзибилните Францис-турбини и процесите при пуштањето во пумпен и турбински режим и преод од еден во друг режим на работа, како и преглед на современи истражувања во оваа област.

Следна цел е нумеричко моделирање на преодните режими на ПАХЕ во услови на различна конфигурација на доводно-одводните органи, вклучувајќи нестационарни појави во дифузорот на реверзибилната турбина. Со нумеричкото моделирање ќе бидат опфатени и преодни режими на ПАХЕ при сукцесивно (континуално) пуштање и исклучување, како и премин од турбински режим во пумпен и обратно.

За моделираните сценарија, ќе биде извршена нумеричка пресметка и симулација на преодните режими и нестационарните појави во доводните и одводните органи на реверзибилна Францис-турбина, вклучувајќи го и дифузорот на реверзибилната турбина. Врз основа на спроведената пресметка ќе биде изведена детална анализа на динамичкото однесување на ПАХЕ при проедните режими на работа земајќи ги предвид различните аспекти на експлоатација.

Од нумеричките пресметки ќе се добијат голем број на симулации за различни почетни и гранични услови и се очекува да произлезат сигурни резултати кои треба овозможат сигурно определување на гаранциските параметри на регулацијата на

ПАХЕ. Верификацијата на резултатите ќе се спроведе со извршување на компаративна анализа со експериментални резултати.

Резултатите од нумеричката пресметка добиени за промената на притисокот и протокот во дифузорот на реверзибилната турбина и притисниот цевковод можат да бидат корисни како гранични услови при изведување на тридимензионална CFD-пресметка на нестационарно струење.

Од целокупното истражување како главни придобивки ќе произлезат: соодветен верифициран модел на пресметка, заклучоци и насоки за придонесот на нумеричката техника за точно предвидување и дефинирање на динамичкото однесување на доводно-одводните органи на реверзибилна Францис-турбина. Овие придобивки обезбедуваат брз и сигурен избор на соодветни решенија кои водат кон најбезбедно и оптимално функционирање на ПАХЕ од аспект на задоволување на гарантираните параметри при преодните режими.

## 4. Фази на изработка на докторската дисертација

Реализацијата на докторската дисертација ќе се одвива во следниве фази:

- вовед во проблематиката;
- преглед и презентација на достапната литература од предметната проблематика со коментари и мислења за одделни сознанија;
- преглед на воведни истражувања, значење и улога на ПАХЕ во работата на електроенергетскиот систем;
- поставување (проучување) на теоретските основи за анализа на нестационарните појави и работните режими на реверзибилните Францис-турбини (пумпа-турбина);
- анализа на преодните режими на работа на агрегатите (пумпа-турбина) и доводно-одводните системи на ПАХЕ;
- проучување на процесите при пуштање во пумпен и турбински режим на работа и преод од еден во друг режим;
- нумеричко моделирање на преодните режими во услови на различна конфигурација на доводните и одводните органи, вклучувајќи нестационарни појави во дифузорот на реверзибилната турбина;
- нумеричко моделирање на S-обликот на карактеристиката на реверзибилна францис-турбина;
- анализа на преодни режими при сукцесивно пуштање и исклучување и премин од пумпен во турбински режим и обратно;
- изведба на детална нумеричка пресметка и симулација на преодните режими и нестационарните појави во доводните и одводните органи, вклучувајќи го и дифузорот на реверзибилната турбина;
- верификација на поставениот нумерички модел за пресметка со експериметални резултати;
- анализа и коментар на резултатите произлезени од истражувањето;
- донесување заклучоци и констатации;
- изнесување на препораки за понатамошна работа.

## 5. Методологија на истражувањето

Основата за реализација на планираните фази во предлог-докторската дизертација е во примената на современа нумеричка техника и експериментални истражувања за анализа на динамичкото однесување на пумпно-акумулациони хидролектрани при преодните режими на работа. Посебен акцент е ставен на анализа на нестационарните појави во доводните и одводните органи на реверзибилна Францис-турбина, вклучувајќи го и дифузорот на реверзибилната турбина.

Комплексноста на предвидените истражувања има особено важен карактер, при што резултатите ќе се добијат преку симулации и избор на соодветен нумерички модел (софтверски пакет) за анализа на динамичкото однесување на ПАХЕ и примена на резултати добиени од експериментални истражувања со цел верификација на поставениот модел. Овој веродостоен модел овозможува да се изврши сеопфатна и обемна анализа за реално прогнозирање и определување на граничните параметри на преодните режими на ПАХЕ.

Врз основа на спроведената нумеричка пресметка и компаративната анализа со експриментални резултати ќе се потврдат постапките кои можат директно да се искористат при конструирањето, управувањето и регулацијата на хидроенергетските објекти (ПАХЕ), со цел брзо и точно дефинирање на динамичкото однесување на уредите земајќи ги предвид различните аспекти на експлоатација на инсталацијата.

## 6. Очекувани резултати

Од предложената докторска дисертација и горенаведената методологија и фази на спроведување на истражувањето се очекува да се добијат следниве резултати:

- детална анализа на нестационарни појави во доводните и одводните органи при преодни режими на работа на реверзибилна Францис-турбина, вклучувајки го и дифузорот на реверзибилната турбина;
- усвојување на веродостоен нумерички модел за симулација и анализа на нестационарните појави при преодните режими на работа на ПАХЕ;
- добивање на можност за голем број на симулации за различни почетни и гранични услови кои ќе овозможат заклучоци за определување на гаранциските параметри на регулацијата на ПАХЕ;
- верификацијата на сигурноста на моделирањето преку компаративна анализа на резултати од нумеричка пресметка со резултати од експериментална анализа;
- добивање на модели кои овозможуваат намалување на времето потребно за анализа, пресметка и дефинирање на динамичкото однесување на ПАХЕ при преодните режими на работа без разлика на сложеноста на системот;
- изведените повеќекратните симултани пресметки ќе овозможат да се усвои постапка за техно-економски оптимален избор на гарантираните (поставени) параметри при проектирањето на објектите и опремата;
- истражување кое обезбедува постапка за избор на соодветни решенија кои водат кон оптимално функционирање на ПАХЕ од аспект на задоволување на сигурноста при преодните режими.

# ЗАКЛУЧОК

1. Врз основа на досегашниот степен на образование и активностите во поглед на научноистражувачката и стручна работа, Комисијата заклучува дека кандидатот м-р Виктор Илиев, дипломиран машински инженер, располага со потребните знаења и способности за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува предвидените услови со Правилникот за стекнување на докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за докторска дисертација со наслов „Нестационарни појави во доводно-одводните органи при преодни режими на реверзибилна Францис-турбина" е подобна и претставува придонес во современите истражување во областа на хидроенергетиката, механиката на флуиди и хидрауличните турбомашини и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација го предлагаме проф. д-р Предраг Поповски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Предраг Поповски,
   Машински факултет – Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Звонимир Костиќ,
   Машински факултет – Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Валентино Стојковски,
   Машински факултет – Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕДИЦИНСКО КАЗНЕНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ТУПАНЧЕСКИ, ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ДЕАНОСКА-ТРЕНДАФИЛОВА И М-Р ДРАГАНА КИПРИЈАНОВСКА

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 23 декември 2011 година, ја утврди потребата од издавање учебник по предметот медицинско казнено право. Имајќи го предвид текстот за учебник по медицинско казнено право што го подготвија и предложија авторите проф. д-р Никола Тупанчески, доц. д-р Александра Деаноска - Трендафилова и м-р Драгана Кипријановска, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за рецензенти ги определи акад. Владо Камбовски и проф. д-р Александар Димовски.

По внимателното проучување на предложениот текст за учебник по медицинско казнено право, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Приказ на учебникот

Учебникот на проф. д-р Никола Тупанчески, доц. д-р Александра Деаноска - Трендафилова и м-р Драгана Кипријановска под наслов „Медицинско казнено право“ опфаќа текст од 380 страници, пишуван во компјутерска техника со нормален проред и стандарден слог на буквите, заедно со пописот на користената литература.

Структурата на трудот ја сочинуваат: предговор, два дела, од кои првиот е општ и се состои од четири глави, а вториот носи наслов: „Посебни медицински и медицински асоцирани процедури и интервенции“ и содржи 12 глави.

1. Во првата глава од учебникот што носи наслов „Основни карактеристики на медицинското казнено право“, се расправа за значењето на медицинското казнено право како посебна научна дисциплина, како и за предметот на медицинското казнено право. Авторите ја објаснуваат посебноста на медицинското казнено право како релативно млада наука родена во концептот на модерните тенденции за „атомизација“ на казненото право како метод за негов посеопфатен интердисциплинарен развој. Во таа смисла, тие нагласуваат дека медицинското казнено право во иднина ќе добие во своето значење со оглед на фактот што современата медицина, како конвенционалната, така и алтернативната медицина, претходно сфатени како вештина на лекувањето и вршењето на професијата постепено, се трансформираат во „вештина на манипулирање“, вршење експерименти и други дејствија кои претставуваат облик на злоупотреба на човековиот живот, здравјето и достоинството.

Во рамките на оваа глава, исто така, е инкорпорирана генезата на медицинското казнено право; авторите, имено, настојуваат да го запознаат читателот дека иако е млада научна дисциплина, појавата на медицинското казнено право се наѕира од многу одамна, а ваквата теза ја поткрепуваат давајќи приказ на најстарите законски прописи кои содржат одредби за казнена одговорност на лекарите. Понатаму во оваа глава се прикажани изворите на медицинското казнено право, пред сѐ осврнувајќи се врз домашните и меѓународните позитивноправни извори со кои се регулирани одделните аспекти, методи и техники на лекување, а предмет на опсервација претставува и односот помеѓу медицинското казнено право и останатите научни дисциплини. Во последниот дел, во една интегрална форма се претставени основните начела врз кои е фундирано медицинското казнено право. Авторите посебно упатуваат на нивното значење како елементарни постулати или водечки идеи со филозофско - правна и морално - етичка содржина во обидот за зачувување на одамна установениот систем на фундаментални вредности - почитување на личноста, добродетелството и правдата.

Во втората глава поблиску се обработени „Теоретските гледишта за дозволеноста на (био) медицинските интервенции". Во таа насока, авторите истакнуваат дека лекарските, поточно медицинските интервенции во најширока смисла на зборот уште одамна биле разгледувани по прашањето на нивната правна дозволеност, пред сѐ поради тоа што многу често навлегуваат во сферата на физичкиот интегритет на личноста и *prima facie,* претставуваат дела на телесно повредување, но претежноста на заштитеното во однос на повреденото добро, целта на постоењето на односот лекар-пациент и сл. ги оправдуваат лекарските дејствија, односно биомедицинските постапки сѐ додека тие имаат терапевтска и доброволна основа. Како што ќе забележат самите автори, класичните теории за оправданоста на лекарските интервенции во современи услови не се предмет на расправа и разгледување, меѓутоа причината поради која накратко се задржуваат и врз овие прашања наоѓа свое логично објаснување во основната теза дека ваквите теоретски концепти содржат гледишта што и денес се основа на современите концепти за обезбедување на легалност и легитимност на медицинските интервенции.

„Права и обврски на субјектите на медицинските процедури" е насловот на третата глава каде што авторите се осврнуваат на односот лекар - пациент, најнапред конфронтирајќи ги различните мислења застапувани од страна на припадниците на медицинската професија и оние на правната фела во поглед на потребата од правно регулирање на споменатиот однос, за понатаму да продолжат со разработка на основните концепции за односот лекар – пациент (патерналистичката наспроти концепција на автономија на пациентот). Во денешни услови, како што нагласуваат авторите, патернализмот е надминат и преовладува фазата на автономија на пациентот со што се намалува асиметричноста на односот, а нејзин израз е највисокиот стандард во областа на медицинските интервенции – златниот стандард - согласноста на пациентот. Соодветно место во рамките на оваа глава имаат и меѓународни и национални инструменти кои се во функција на обезбедување заштита на правата и интересите на пациентите, а на самиот крај следува и краток приказ на стандардните правила на медицинските процедури во врска со апликацијата на биомедицината.

Прашањата кои претставуваат предмет на елаборација на четвртата глава, „Казненоправна одговорност на здравствените работници", се едни од најактуелните и истовремено, најконтроверзни прашања интерполирани на подрачјето на медицинското казнено право. Во овие рамки, авторите ја подвлекуваат потребата од засилена казненоправна интервенција имајќи ги предвид нараснатите можности за злоупотреба на научните знаења и евидентното присуство на т.н. јатроген криминалитет кој секојдневно зафаќа сè пошироки размери, во настојувањата за зачувување на вистинските вредности на основните човекови добра (во прв ред, човековиот живот и здравје) и нивната изложеност на сè поголеми и потешко совладливи ризици. Во понатамошниот дел, даден е приказ на одделните видови и карактеристиките на одговорноста на здравствените работници. Во рамките на оваа глава се лоцирани и излагањата за лекарската (медицинска) небрежност, различните теоретски стојалишта во поглед на (не) оправданоста од инкриминирање на небрежните лекарски (медицински) дејствија, како и концептуалната поставеност на небрежноста во домашното и во компаративното право. Конечно, авторите се задржуваат и врз легислативните модели поставени во насока на обезбедување заштита на човековото здравје (на европско и на англоамериканско тло), завршувајќи ги овие излагања со приказот на основните карактеристики на делата против здравјето на луѓето во Кривичниот законик на Македонија.

Вториот дел насловен како „Посебни медицински и медицински асоцирани процедури и интервенции" е централниот и суштински дел на овој учебник. Тука се разработени посебните прашања, односно правните аспекти на различните видови медицински интервенции систематизирани во одделни глави.

Првата глава, „Евтаназија", е посветена на прашањата поврзани со евтаназијата во светлината на филозофско – правната анализа, поимот и видовите на евтаназија, медицински асистираното самоубиство, а даден е и осврт врз англоамериканската судска практика и практиката на Европскиот суд за човекови права од Стразбур. Имено, авторите во оваа глава не се задоволуваат само со едноставното определување на евтаназијата и медицински асистираното самоубиство онака како што тие се регулирани во националното казнено право, туку појавите ги разгледуваат и на компаративно рамниште посочувајќи на решенијата прифатени во одделните законодавства на државите. На крајот од оваа глава, евтаназијата се разгледува во корелација со некои останати инкриминации систематизирани во посебниот дел од Кривичниот законик на Македонија.

Основните проблеми и дилеми поврзани со абортусот и правото на живот на идниот плод претставуваат предмет на анализа на втората глава од овој учебник под наслов „Казненоправни аспекти на абортусот". Во неа, авторите продлабочено ги анализираат теоретските гледишта за утврдување на моментот на раѓање, правната рамка на абортусот согласно со меѓународните документи и компаративните искуства, допуштеното и противправното прекинување на бременоста според националната легислатива. Имајќи ги предвид постојните варијации на решенијата во одделните држави, авторите констатираат дека опсегот на казненоправна заштита на идниот живот во компаративното право ужива значително пошироки рамки, што е на линија на основните сфаќања кои ја нагласуваат потребата од будно следење на постојната динамика на односите и

новите научни откритија кои креираат т.н. „слободна зона“ во која се вршат голем број манипулации и злоупотреби.

„Трансплантацијата на органи и ткива од човечко потекло“ е насловот на третата глава. На оваа медицинска интервенција не случајно ѝ е посветено вакво внимание во трудот; трансплантацијата, имено, претставува една од широко прифатените терапевтски методи за која постои висок консензус за начелната корисност и етичка допуштеност. Се работи за техника на лекување која претставува последно решение за третирање на многу сериозни и летални болести. Покрај определувањето на поимот и видовите на трансплантацијата, авторите го илустрираат инкорпорирањето на поважните меѓународни правила во кои се определени условите за нејзина допуштена примена во националното законодавство, па во таа насока поконкретно се задржуваат на новата трансплантацископравна рамка во Република Македонија, се разбира, посебно осврнувајќи се врз казненоправните аспекти на трансплантацијата на органи и ткива.

Четвртата глава носи наслов „Давање итна медицинска помош“ и во неа се нагласува дека навременото укажување итна медицинска помош во целокупниот систем на здравствена заштита е од пресудно значење за зачувување на животот и здравјето на пациентот и спречување на евентуални трајни последици и оштетувања што може да настапат во овие услови. Покрај нејзината морална и етичка заснованост, должноста за постапување во ургентни ситуации од страна на медицинскиот персонал е синтетизирана во правни норми што произлегува од законските прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Консеквентно на тоа, авторите накратко се осврнуваат на етичките кодекси и на основните законски прописи од кои извира должноста за укажување итна медицинска помош, како и условите под кои доаѓа до активирање на казненоправниот механизам на заштита во оваа сфера.

Во петтата глава од овој учебник, „Поим, карактеристики и одговорност за лекарска грешка“, всушност, се претставени различните теоретски стојалишта кои се стремат да дадат своевиден научен придонес кон определување на поимот - лекарска (медицинска) грешка, елементите кои ја чинат структурата и лимитирачката функција на централниот поим и условите за одговорност. Не оспорувајќи ја вредноста на изнесените дефиниции кон одредувањето на поимот, бидејќи секоја од нив тежнее да проникне и да ја објасни неговата суштина, авторите констатираат дека ниту една од нив не е во можност да обезбеди поголема прецизност, јасност и применливост. Не постои доминантна или барем единствено обврзувачка дефиниција на поимот лекарска грешка. Неуспехот да се изнајде макар минимален теоретски консензус, според авторите, кореспондира со сензитивноста на темата за која станува збор со оглед на фактот што се работи за подрачје на кое се преземаат различни активности проследени со висок степен на ризик кои најчесто остануваат во рамките на т.н. сива зона со оглед на големиот број тешкотии при разграничувањето на одделните појави кои „конкурираат” на ова место: лош исход од лекувањето, медицински несреќен случај, медицинска грешка и небрежност. Во истиот дел се разработени и одделните елементи од чие постоење зависи и оцената за тоа дали лекарот (здравствениот работник) во конкретниот случај сторил грешка при вршењето на својата професионална

дејност. Сепак, во рамките на оваа глава тежиштето е ставено врз казненоправните аспекти на лекарската грешка, па во таа смисла, детално е елаборирано законското битие на казненото дело несовесно лекување болни како централно лекарско дело во постојната номенклатура на делата против здравјето на луѓето. На крајот од оваа глава, соодветно внимание им е посветено и на казненоправните аспекти на естетската хирургија, поточно, на типологијата на т.н. „естетските" лекарски грешки.

„Лекарска тајна" е насловот на шестата глава во која авторите даваат објаснување за основното значење на овој поим, нејзиното предметно (де)лимитирање, а составен дел од овие излагања се и правните гледишта за допуштеноста на откривање професионална лекарска тајна. Очекувано, во рамките на оваа глава, авторите се задржуваат и врз основните законски прописи во кои е статуирана должноста за чување лекарска тајна и одговорноста на лекарот за неовластено откривање на тајната која му била доверена при вршење на професијата.

Седмата глава под наслов „Клонирање", покрај определување на поимот и видовите клонирање, во себе ги инкорпорира и бројните правно – етички дилеми кои произлегуваат од и во врска со клонирањето, потоа, релевантните меѓународни инструменти кои ја третираат оваа проблематика и она што е од особена важност, казненоправните аспекти на клонирањето, како на национално, така и на компаративно рамниште. Во оваа пригода, авторите констатираат дека наспроти репродуктивното клонирање кое се третира како забрането, противправно дејствие, предвидено како такво во кривичните закони низ светот, во однос на терапевтското клонирање сè уште не постои глобално унифициран став околу допуштеноста, па во некои законодавства тоа е казниво, а во други дозволено. Настојувајќи да се избегне каква било употреба на терапевтското клонирање спротивно на неговата основна цел, терапевтското клонирање, ќе забележат авторите, треба да биде дозволено само за терапевтски цели, под строго определни услови и критериуми.

Генетскиот инженеринг, одделните видови агенси подобни за биотероризам и посебно, инкриминациите на создавањето, складирањето и употребата на биолошкото оружје се предмет на анализа на осмата глава од овој учебник насловена „Биолошко оружје и генетски модификации на биолошките агенси". Поконкретно, разгледувањето во рамките на оваа глава е фокусирано врз релевантните инкриминации во казненото законодавство на Албанија, Аргентина, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Франција и Македонија.

Прашањата во врска со хуманата артифициелна прокреација или обезбедувањето потомство по пат на вештачко, поточно биомедицинско потпомогнато оплодување како широко применувана техника не само во светот, туку и кај нас, се детално обработени во деветтата глава која носи наслов „Правна регулација и казненоправни аспекти на репродуктивните технологии". Тука е даден приказ на основната законска рамка за биомедицинско потпомогнатото оплодување, и тоа во поглед на поимот, видовите, потоа, условите за користење на постапката за биомедицинско потпомогнато оплодување, забраната за паричен надоместок, вклучително и заштитата на личните податоци. Во понатамошниот дел од оваа глава, авторите се задржуваат на една од најактуелните, но истовремено и најконтроверзни методи кои се применуваат како алтернатива за решавање на

проблемот со неплодноста и добивањето потомство - сурогат-мајчинството. Во таа смисла, изнесени се некои теоретски размислувања за споменатиот поим, по што следува и осврт врз легислативната рамка на државите од европско тло и оние од прецедентното право во поглед на третманот на сурогат-мајчинството. Авторите ја заокружуваат оваа глава давајќи краток приказ на одделните инкриминации во сферата на биомедицинско потпомогнатото оплодување.

Нагласувајќи ја потребата од изучување на *фармацевтското право* како нова научна дисциплина родена под влијание на фармаколошките откритија кои се движат со незапирлива брзина и отвораат многубројни проблеми по однос на заштитата и безбедноста на пациентите, авторите во рамките на десеттата глава од овој учебник насловена како „Казненоправни аспекти на фармацевтската дејност" го објаснуваат развојот и значењето на фармацевтската дејност, новата улога на фармацевтот во системот на здравствената заштита, а наедно ги прикажуваат и решенијата од Законот за лековите и медицинските помагала, давајќи притоа и краток преглед на поважните подзаконски акти со кои поконкретно се уредени одделните аспекти на активностите во врска со лековите и медицинските помагала. Сепак, средишна точка претставуваат грешките при медикаментозниот третман на пациентот од аспект на нивната типологија и извршителскиот круг. Детално се елаборирани т.н. фармацевтски казнени дела содржани во сетот одредби против здравјето на луѓето и посебно, инкриминацијата од чл. 211 КЗМ каде што е санкционирана т.н. аптекарска грешка, вклучително и легислативната покриеност на оваа проблематика во компаративното право.

Свесни дека прашањата кои го сочинуваат предметот на проучување на медицинското казнено право се навистина многубројни, па е речиси невозможно да се изврши соодветна елаборација на сите, авторите во посебна глава (глава единаесет), насловена „Други (био) медицински интервенции", настојуваат да дадат сеопфатен приказ и на некои други актуелни прашања каде што казненото право и биомедицинските науки имаат допирни точки. Така, во оваа пригода тие се осврнуваат на т.н. квазимедицински практики (надрилекарството); казненоправните проблеми поврзани со заразните болести; „нарко - инкриминациите" во мера во која медицинското казнено право се впушта во расправање на проблемот на наркоманијата и нарко – криминалитетот, како и статусот и начинот на постапување со душевно болните лица и генерално, третманот на непресметливите деликвенти и примената на мерките на безбедност.

Последната глава на учебникот под наслов „Улогата на биомедицината во кривичната постапка" е резервирана за одделните видови медицински вештачења, употребата на анализите на ДНК во системот на казнена правда, анализата на гените во немедицински цели, а на самиот крај е даден и краток осврт врз скромната практика на Европскиот суд за човекови права од Стразбур во сферата на биомедицинските прашања.

**<u>Заклучни согледувања и оцена</u>**

Уште од самиот наслов може да се насети дека текстот за учебник по *медицинско казнено право* е редок, пионерски труд во кој научно се обработени некои од најактуелните прашања во врска со биомедицинските интервенции кои

заслужуваат мултидисциплинарен пристап и актуализирање на односот меѓу моралот и етиката, биолошките и медицинските науки и правото, особено на оние аспекти кои значат нивна злоупотреба и повреда на основните човекови слободи и права и исполнување на битијата на казнените дела од оваа област. Ова е прва книга во која поконкретно се елаборирани најважните теми од областа на биомедицината и казненото право во потесна смисла, а очекуваме нивниот број и обем да се зголемува и проширува во секое следно издание.

Текстот на учебникот е пишуван со јасен и читлив стил, а сепак нуди богатство на сознанија од повеќе аспекти: позитивноправни, компаративни, примери од судската практика, филозофско – етички осврти итн., кои претставуваат широки основи и солидни извори за поттикнување на студентите и другите читатели на засилен интерес и подетално проучување на одделните процедури, појави, методи.

Овој учебник, пред сè, е наменет за студентите на магистерските студии по казнено право, но и на другите насоки на магистерските студии на Правниот факултет кои го избрале овој предмет, а сметаме дека ќе биде од голема корист и за сите што ги проучуваат биомедицинските науки, особено во установувањето на допирните точки со правото, поконкретно - со казненото право. Исто така, сметаме дека овој учебник ќе биде од голема корист и за практичарите од двете области, особено што, со посебна тежина и сериозност, авторите ја анализираат судската практика на домашните судови и на Европскиот суд за правата на човекот.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест и задоволство да го препорачаме објавувањето на овој труд и неговата употреба како учебник по предметот медицинско казнено право.

Рецензенти,

1. Акад. Владо Камбовски, с.р.

2. Проф. д-р Александар Димовски, с.р.

# РЕФЕРАТ

## *ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БОЛЕСТИ НА ПРЕЖИВНИ ЖИВОТНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Наставно – научниот совет на својата седница одржана на 30.12.2011 година ја донесе одлуката број 0201 4502/4, за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Славчо Мреношки, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и проф. д-р Игор Улчар, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" од 15.12.2011 и весникот „Коха" од 15.12.2011 година за избор на еден асистент во научната област болести на преживни животни на кој се пријави кандидатот м-р Игор Цацовски, помлад асистент на ФВМС.

Откако ги разгледа сите поднесени документи и приложените трудови, Рецензентската комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *1. Биографски податоци за кандидатот*

### *М-р Цацовски Игор*

М-р Цацовски Игор е роден на 19.3.1979 година во Мостар, Р. Босна и Херцеговина. Основно образование завршил во Скопје во 1993 година, а средно ветеринарно училиште во УСО „Браќа Миладиновци" во Скопје во 1997 година, со континуиран одличен успех. Во 1997 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на кој и дипломирал во 2004 год. со просечен успех на студиите 8,7. Во текот на студирањето, како талентиран студент се стекнал и со државна стипендија од Министерството за образование и наука. Во 2006 година го положил стручниот испит за доктор по ветеринарна медицина. Во 2007 година запишал постдипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на отсекот микробиологија, епизоотиологија и имунологија. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просек 10,00 и на 13.12.2011 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Серопреваленца на ленти вирусите кај малите преживари во Република Македонија".

Во доставените биографски податоци се наведуваат следниве активности:

- бил демонстратор при Катедрата за анатомија на домашните животни при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, 1999-2002 година;
- извршувал професионална практика во "Клиниката за мали животни- Заниновиќ" во Љубљана, Р. Словенија, во 2003 година;
- стажирал во амбулантата за мали животни „Пет-вет" во Скопје, Р. Македонија, 2004-2005;
- од 10.2.2005 до 8.12.2005 година редовно бил вработен во фирмата „Фарма-Вет" од Битола;
- од 8.12.2005 до 31.10.2006 година редовно бил вработен во Ветеринарната станица во Битола;
- од 31.10.2006 до 27.1.2007 година редовно бил вработен во фирмата „Фарма-Вет" од Битола;

- од 27.1.2007 година до денес редовно е вработен како помлад асистент по предметите внатрешни болести кај преживните животни и основи на клиничка и лабораториска дијагностика при Катедрата за здравствена заштита на фармски животни, под водство на проф. д-р Дине Митров.

За сите претходно наведени активности кандидатот има доставено соодветна документација.
Има одлично познавање на англискиот јазик како и работата со компјутери.

Во текот на своето работење на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, кандидатот има учествувано на повеќе стручни обуки и бил претставник на Факултетот на повеќе меѓународни и домашни собири:

[ 19 – 22.12.2006 ]. Обука за ракување и работа со Bio-Rad IQ5 Multicolor Real-Time PCR Detection System, заедно со специјализираниот Bio-Rad IQ5 Optical System Sofwear version 2.0 standard edition, и апликација на real-time PCR.
Квалификуван обучувач : Dr. Doinita Ispas
Директор: Biochem. Daniela Badea

[ 10.9.2007 ]. Учество на работилница по Проектот за зајакнување на безбедноста на храната и контролата на квалитетот.
Training Module 8: Laboratory management and accreditation;
International STE/trainer: Dr. Henk Heihthuijsen

[ 28.1 – 08.2. 2008 ]. Учество на работилницата “Diagnosis of Avian Influenza” како дел од EU 6th Framework Coordination Action Project “FLUTRAIN”, во OIE и National Reference Laboratory for New Castle Disease and Avian Influenza – IZS Venezie,Legnaro (Padova), Italy.
Flutrain координатор : Ilaria Capua DVM

[05.5 – 08.5. 2008]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума и Годишното собрание на националните лаборатории за африканска свинска чума одржано во Хановер, Германија.

[15.6 – 16.6.2009]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Валдеолмос, Мадрид, Шпанија.

[17.9.2009 – 18.9.2009]. Учество во Националната интегрирана десктоп симулациона вежба за птичји грип кај анималната и хумана популација во Македонија, одржана во Скопје, Македонија.

[22.9 – 02.10.2009]. Учество на работилницата со наслов : "Regional European Training Course on Advanced Molecular Diagnosis and Characterization of Avian Influenza (Bird Flu)", организирана од FAO/IAEA Joint Division и EU ConFluTech Project, во Сајберздорф, Австрија.

[07.12 – 18.12.2009]. Учество на работилницата со наслов: "Regional Training Course on Genomic DNA Preparation, Microsatellite Analyses and Sequencing" организирана од IAEA во рамки на IAEA Technical Cooperation Regional Project RER/5/015 "Supporting Early Warning and Surveillance of Avian Influenza Infection in Wild and Domestic Birds and Assesing Genetic Markers for Bird Resistance", одржана во Сајберздорф, Австрија.

[18.1 – 19.1.2010]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на комбинираниот годишен состанок на Националните лаборатории за Лигавка и шап и Везикуларна болест кај свињите , одржан во Брисел, Белгија.

[27.1 – 29.1.2010]. Учесник во работилницата како дел од FP6-проектот "Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in Macedonia", одржана во Охрид, Македонија.

[24.3 – 25.3.2010]. Учество на работилницата Animal Welfare: From cure to prevention, во организација на FVE и Ветеринарната управа на Србија, одржана во Белград, Србија.

[19.5 – 20.5.2010]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Пулави, Полска.

[28.10 – 30.10.2010]. Учество на научно-стручниот собир "Денови на ветеринарна медицина 2010", Охрид, Македонија.

[12.12 – 17.12.2010]. Стручна посета на Ветеринарниот факултет и Националниот ветеринарен институт во Љубљана, Словенија.

[18.5-19.5.2011]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Постојна, Словенија.

[12.5-13.5.2011]. Учество на 4-тата Годишна работилница на европските референтни лаборатории за бруцелоза, под наслов „Идентификација и типизација на бруцелата - бактериологија и молекуларна биологија", одржана во Слиема, Малта.

[09.9-11.9.2011]. Учество на научно-стручниот собир "Денови на ветеринарна медицина 2010", Охрид, Македонија

[19.9-23.9.2011]. Обука за методите за дијагностика на беснилото, вирусолошки и молекуларни, во Европската и OIE-референтна лабораторија за беснило во Нанси, Франција.

[21.9-22.9.2011]. Учество на Годишниот состанок на националните референтни лаборатории за дијагностика на беснило во рамките на проектот „Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia", Нанси, Франција.

[14.11-15.11.2011]. Учество на првата регионална работилница по проектот „Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia", во склоп на IPA-програмата за Западен Балкан, одржана во Загреб, Хрватска.

## *2. Наставно-образовна дејност*

Помл. ас. Џаџовски Игор во изминатиов период успешно ги изведува активностите поврзани со практичниот дел од наставата по предметите: основи на клиничка и лабораториска дијагностика и внатрешни болести кај преживни животни.

Покажува големо залагање и посветеност во организирањето и изведувањето на практичните вежби по овие два предмета, а исто така активно е вклучен и во изведувањето на практичните вежби по предметот амбулаторна клиника. Со своите методи на работа го има подигнато нивото и квалитетот на содржините кои се обработуваат и совладуваат со практичниот дел од наставата по соодветните предмети и им овозможува на студентите да се стекнат со квалитетни практични знаења и вештини кои понатаму ќе ги користат во своето професионално работење.

Кандидатот м-р Џаџовски Игор покажува особен интерес и отвореност за воведување на нови, современи методи на учење и работа кои ќе придонесат кон понатамошно подобрување на квалитетот на практичната настава која треба да ги следи најновите светски трендови од оваа област.

## *3.Научни и стручни трудови*

Кон својата пријава кандидатот м-р Џаџовски Игор, помлад асистент, ги поднесе и следниве објавени трудови:

Трудови за рецензирање:

1. Naletoski, I., Kirandziski,T., Mitrov, D., Krstevski, K., **Dzadzovski, I.**, Acevski, S. (2010) Gaps in Brucellosis Eradication Campaign in Sheep and Goats in Republic of Macedonia: Lessons Learned CMJ; 51; 351-6
2. Mitrov D, Naletoski I, Kirandziski T, **Dzadzovski I,** Krstevski K, Acevski S. Seroprevalence of Cattle Brucellosis in the Republic of Macedonia (2005-2009). Maced J Med Sci. 2010;3(3):233-238. Epub 2010 Sep 13. doi.10.3889/MJMS.1957-5773.2010.0139.
3. Cvetkovic I, Dodovski A, Naletoski I, Mrenoski S, Mitrov D, Krstevski K, Dzadzovski I, Cvetkovic A. (2010) Surveillance of Avian Influenza Viruses in Farmed Poultry in 2009 in Republic of Macedonia Mac. Vet. Rew. Vol 33, No. 1, 19 - 24, 2010.
4. Славчо Мреношки, Иванчо Налетоски, Дине Митров, Искра Цветковиќ, Кирил Крстевски, Игор Џаџовски, Зденко Маркиќ: Класична куга свиња у републици Македонији - Стање и изазови. Зборник деветог симпозиума - здравствена заштита, селекција и репродукција свинја, Сребрно језеро, 26-28.5.2011 год.

5. Игор Цацовски, Синиша Ацевски, Кирил Крстевски, Иванчо Налетоски, Дине Митров: ПРВИЧНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА СОСТОЈБАТА СО КЛАСИЧНАТА СВИНСКА ЧУМА (КСЧ) КАЈ ДИВИТЕ СВИЊИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА. Постер-презентација, ДВМ, Охрид, 9-11.9.2011 год.

6. Krstevski K, Dzhadzhovski I, Naletoski I, Mitrov D, Acevski S, Mrenoshki S, Cvetkovikj I, Janevski A (2011) Implementation of Molecular Assay for Detection of Bluetongue Virus. Proceedings, Days of Veterinary Medicine, Ohrid, p.91-93.

7. Mrenoshki S, Cvetkovikj I, Krstevski K, Mitrov D, Naletoski I, Dzhadzhovski I (2011) Epidemiology of Clostridial Infection in Small Ruminants and Cattle in R.Macedonia in Period of 1992 – 2010. Proceedings, Days of Veterinary Medicine, Ohrid, p.93-94.

8. Acevski S, Mitrov D, Osmanov D, Krstevski K, Dzhadzhovski I, Gjurkovski I, Janevski A (2011) The case of Osteosarcoma (OSA) in Female Samoyed. Proceedings, Days of Veterinary Medicine, Ohrid, p.79-81.

9. Mrenoshki S, Mitrov D, Cvetkovikj I, Cvetkovikj A, Krstevski K, Djadjovski I. (2011) Update on Rabies sitation in Republic of Macedonia. Book of Abstracts, 4th Workshop on Rabies, Nancy, France, p.18.

**На меѓународно ниво, стручно-апликативната активност м-р Игор Цацовски, помлад асистент, ја реализирал преку учество во:**

- реализација на предвидените активности од FP6 - проектот „Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in Macedonia" (Project No.: 043653), во периодот од 1.5.2007 до 31.10.2009 година;

- од 01.3.2009 до 30.4.2009 година во Скопје, 2 недели бил обучувач на курсот за обука на двајца научници од Таџикистан, за методи на молекуларна дијагностика на бруцелозата, под покровителство на проектот TAD/5/003, поддржан од Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), под име: Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats;

- од 14.9.2009 до 14.11.2009 година, во Скопје, бил обучувач на курсот за обука на тројца научници од Судан за методите и техниките на молекуларната дијагностика, под покровителство на проектот SUD/5/031 "Setting Up a National Network For The Control of Livestock Diseases That Affect Exports", поддржан од Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA);

- учесник во регионалниот проект на меѓународната агенција за атомска енергија: IAEA Technical Cooperation Regional Project RER/5/015 "Supporting Early Warning and Surveillance of Avian Influenza Infection in Wild and Domestic Birds and Assesing Genetic Markers for Bird Resistance", реализиран во периодот од 2009 до 2011 година.

- учесник е во билатералниот проект со Словенија: „Епидемиолошка студија на ретровирусните инфекции кај преживарите во Словенија и Македонија", кој се реализира во периодот од 1.1.2010 до 31.12.2011 година;

- учество во проектот во склоп на IPA-програмата за Западен Балкан.„Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia“, започнат во 2010 и предвиден да заврши во 2012 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на севкупната приложена документација, земајќи ја предвид и севкупната досегашна активност на кандидатот, научноистражувачката и педагошката работа како и досегашното искуство, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да го избере кандидатот м-р Игор Џаџовски во звањето асистент во научната област Болести на преживни животни.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. проф. д-р Дине Митров, вонреден професор, с.р.

2. проф. д-р Славчо Мреношки, вонреден професор, с.р.

3. проф. д-р Игор Улчар, вонреден професор, с.р.

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторска дисертација
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија за подобност* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Катерина Мијалова | "Современи аспекти на маркетингот на туристичките дестинации во Република Македонија" | -д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>-д-р Татјана Петковска<br>-д-р Марија Ацковска |
| *2.* | м-р Катерина Ангелевска-Најдеска | "Маркетинг стратегии за позиционирање на осигурителните компании на пазарот на осигурителни услуги во Република Македонија" | -д-р Татјана Петковска<br>-д-р Татјана Петковска-Мирчевска<br>-д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| *3.* | м-р Јован Аврамоски | "Улогата на комерцијалните банки во финансирањето на реалниот сектор, во услови на ниска акумулативна способност и нарушена ликвидносна позиција на претпријатијата во Република Македонија" | д-р Марија Ацковска<br>-д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| *4.* | м-р Михајло Николовски | "Современите карактеристики и перспективи на светските пазари на пари со посебен осврт на пазарот на пари во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Верица Јанеска<br>-д-р Климентина Попоска |
| *5.* | м-р Виолета Ташева | "Економија на јавниот сектор со посебен осврт на енергетскиот систем и развојот на електропреносната мрежа во Република Македонија" | -д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев<br>-д-р Васил Поповски |
| *6.* | м-р Бајрам Цапа | "Улогата на туризмот во локалниот економски развој на општина Дебар" | -д-р Марија Ацковска<br>-д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Нако Ташков |
| *7.* | м-р Фросина Николовска | "Управување со внатрешната финансиска криза во претпријатието во функција на одржување на континуитетотво работењето" | -д-р Неда Петроска-Ангеловска<br>-д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев |
| *8.* | м-р Неџип Шехоли | "Финансискиот менаџмент на подобрување на ефикасноста и ефективноста на бизнис здравствените институции во Косово" | -д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев<br>-д-р Неда Петроска-Ангеловска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | м-р Васко Паполиски | "Улогата и значењето на планирањето на човечките ресурси при настапот на компаниите на меѓународните пазари" | д-р Васил Поповски<br>-д-р Дејан Пендев<br>-д-р Верица Јанеска |
| 10. | д-р Зоран Панов | "Влијанието на странските директни инвестициина развојот на рударството и енергетиката во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Славе Арменски<br>-д-р Дејан Пендев |
| 11. | д-р Катерина Поповска | "Улогата на солвентноста во креирањена современ систем на управување со ризици во осигурителни компании" | д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Климентина Попоска<br>-д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 12. | д-р Душица Неделкоска | "Влијанието на животниот стил на потрошувачите врз промотивните стратегии на компаниите" | д-р Татјана Петковска-Мирчевскка<br>-д-р Татјана Петковска<br>-д-р Марика Башеска-Георгиеска |
| 13. | м-р Амир Имери | "Економски ефекти од зачленувањето на Република Македонија во Европската Унија" | -д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Томе Неновски<br>-д-р Верица Јанеска |
| 14. | м-р Ремзије Ракипи | "Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија" | -д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Абдулменаф Беџети<br>-д-р Климентина Попоска |
| 15. | м-р Милица Филиповска | "Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средни претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската Унија" | -д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев<br>-д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 16. | м-р Елена Донева | "Практиките на менаџментот на човечките ресурси во функција на развојот на текстилната индустрија во Република Македонија" | -д-р Верица Јанеска<br>-д-р Васил Поповски<br>-д-р Биљана Ангелова |
| 17. | м-р Александар Николовски | "Прием на ризик во неживотното осигурување со анализа на прием на ризик во осигурување на стока во транспорт-карго осигурување" | -д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Климе Попоски<br>-д-р Климентина Попоска |
| 18. | м-р Богдан Ѓурчевски | "Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со Европската Унија и меѓународните стандарди" | -д-р Снежана Костадиноска-Милошеска<br>-д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Татјана Петковска |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19. | м-р Димитар Аневски | "Улогата и влијанието на малите и средни банки врз развојот на малите и средни претпријатија во Република Македонија" | -д-р Климентина Поповска<br>-д-р Биљана Ангелова<br>-д-р Дејан Пендев |
| 20 | м-р Анета Петковска | "Иновациите како фактор на економскиот раст со посебен осврт на Република Македонија" | -д-р Дејан Пендев<br>-д-р Васил Поповски<br>-д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 21. | м-р Никола Цуцулески | "Влијание на однесувањето на потрошувачите врз креирањето маркетинг стратегии во туризмот во Република Македонија" | 1.Татјана Петковска-Мирчевска<br>2.д-р Татјана Петковска<br>3.Марија Ацковска |

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Влатко Јанчовски | "Влијанието на екстерните фактори врз стратегискиот раст и развој на малите претпријатија" | д-р Дејан Пендев |
| *2.* | Николета Стрезовска | "Еволуција на малите бизниси низ претприемнички активности" | д-р Дејан Пендев |
| *3.* | Сунчица Саздовска | "Примена на стратешкиот менаџмент во функција на развој на граѓанските организации" | д-р Дејан Пендев |
| *4.* | Катерина Глигориевска | "Улогата на информациите во функција на развојот на нов производ кај малите бизниси" | д-р Татјана Петковска |
| *5.* | Сања Бошкова | "Извозот како начин за интернационализација и професионализација на малите и средни претпријатија во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| *6.* | Игор Величковски | " Влијание и значење на трошоците врз финансискиот резултат во претпријатието " | д-р Биљана Ангелова |
| *7.* | Јулијана Ивановска | "Трансмисијата на финансиската криза од 2008 година врз банкарството во Република Македонија " | д-р Климентина Попоска |
| *8.* | Ема Арсовска | "Добрите производствени практики во функција на подобрување на еколошката ефикасност на конвенционалното земјоделско производство" | д-р Наташа Данилоска |
| *9.* | Јасмина Чаминска | "Развој и продажба на современи банкарски производи и услуги" | д-р Биљана Ангелова |
| *10.* | Жарко Поп Илиев | "Инвестиции на приватните инвеститори во сопственички капитал како средство за финансирање на економски развој" | д-р Биљана Ангелова |
| *11.* | Методи Пеновски | "Можности и перспективи за воведување на финансискиот производ "проектил" како дел од проектното кредитирање" | д-р Климентина Попоска |
| *12.* | Данчо Димков | "Развој на менаџерски вештини за управување со инкубатори" | д-р Дејан Пендев |
| *13.* | Надица Крстевска | "Специфичности на планирањето за он лине продажбан а опрема за климатизација и греење на примерот на компанијата ИЦС-груп Скопје" | д-р Зоран Јаневски |
| *14.* | Јован Пауновски | "Редуцирање на претприемничкитенеуспеси во пост старт АП фазата" | д-р Дејан Пендев |

# ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје
Научни совети одржани на 13.12.2011, 16.12.2011 и 29.12.2011 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-рЗоран Богески | *Крушевската револуционерна околија на Македонската револуционерна организација (1893-1908)* | проф. д-р Марија Пандевска<br>проф. д-р Александар Трајановски<br>проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова |
| м-р Роберто Трајковски | *Воените операции на Германскиот вермахт во Македонија септември 1943, ноември 1944 година* | проф. д-р Марјан Димитријевски<br>проф. д-р Тодор Чепреганов<br>проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски |
| м-р Светлана Талеска | *Библиотекарството во Битола-историски развој* | проф. д-р Нада Караџоска<br>проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска<br>проф. д-р Михајло Георгиевски |
| м-р Верица Јосимовска | Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија 1913-1944 | проф. д-р Вера Гошева<br>проф. д-р Надежда Цветковска<br>проф. д-р Тодор Чепреганов |
| м-р Викторија Грозданова-Коцевски | Творештвото на Дичо Зограф и црковно-историските прилики во Скопје и скопскиот регион во средината на XIX век | проф. д-р Никола Митревски<br>проф. д-р Драги Ѓоргиев<br>проф. д-р Милан Бошкоски |
| м-р Ристо Палигора | Зографите од Магарево (XIX век) и нивните современици во Битолскиот регион | проф. д-р Никола Митревски<br>проф. д-р Драги Ѓоргиев<br>проф. д-р Милан Бошкоски |
| м-р Шенер Биљали | Градовите во Македонија во XVIII-XIX век | проф. д-р Јован Јанев<br>проф. д-р Амет Шериф<br>проф. д-р Драги Ѓоргиев |
| м-р Драган Ѓалевски | Воените аспекти на византиската дипломатија на Балканот (средина на IX почеток на XI век) | проф. д-р Митко Панов<br>проф. д-р Милан Бошкоски<br>проф. д-р Ирена Стефоска |
| м-р Владимир Талески | Историскиот развој на битовата драма | проф. д-р Танас Вражиновски<br>проф. д-р Симо Младеновски<br>проф. д-р Марко Китевски |
| м-р Шинази Мемеди | Историски преглед на испламските верски објекти во Република Македонија опфатени со законот за заштита на културното наследство | проф. д-р Катерина Тодороска<br>проф. д-р Љубица Јанчева<br>проф. д-р Катерина Мирчевска |
| м-р Адхурим Расими | Народната албанска традиција во македонија и Косово (1945-2011) | проф. д-р Катерина Тодороска<br>проф. д-р Наташа котлар-Трајкова<br>проф. д-р Катерина Мирчевска |
| | | |

# ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на магистерски трудови на ЈНУ Институ
за национална историја-Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Билјана Петковска | *Битолската богословија „Свети Јован Богослов" (1922-1941)* | проф. д-р Надежда Цветковска |
| Павле Арсоски | *Историски развој на армијата на Република Македонија* | проф. д-р Марјан Димитријевски |
| Трајче Петковски | *Храм „Рождество на Света Богородица" (1835-1918)* | проф. д-р Катерина Тодороска |
| Соња Николова | *Штипската партиска организација и активноста на Киро Кукушев-секретар на МК на КПЈ за Штип* | проф. д-р Тодор Чепреганов |
| | | |

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на
**ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Даниела Станковска-Плачковска | „Филмски менаџмент: теорија, искуства, македонски состојби“<br><br>„Film Menagement: Theory, Practice, Macedonian Condition“ | Проф. д-р Мишел Павловски |
| 2. | Кети Петкоска | „Слободно време: граѓанскиот наспрема концептот во ерата на медиумската експанзија“<br><br>„The Civil Concept of Leisure vis-s-vis the Concept of Leisure in Media Expansion Era“ | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „ИЗОЛАЦИЈА, МОЛЕКУЛАРНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ТИПИЗАЦИЈА НА МИКОБАКТЕРИИ ОД MYCOBACTERIUM TUBERCULOSIS КОМПЛЕКСОТ ИЗОЛИРАНИ ОД ГОВЕДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТКАТА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата редовна седница одржана на 22.11.2011 година, донесе одлука бр. 0201-4219/6 со која се формира Комисија во состав: проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Иванчо Налетоски и проф. д-р Дине Митров за утврдување на подобноста на кандидатот м-р Искра Цветковиќ и предложената тема: „Изолација, молекуларна идентификација и типизација на микобактерии од mycobacterium tuberculosis комплексот изолирани од говеда во Република Македонија".

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Биографски податоци и стручно-научна дејност*

Искра Цветковиќ е родена 1981 во Скопје, Р. Македонија. Основното и средното образование ги завршила во Скопје, а во учебната 1999/2000 се запишала на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ФВМС), на кој и дипломирала во 2005 година со просечен успех 9,83. Од 25.12.2006 година е во редовен работен однос на Катедрата за микробиологија и имунологија при ФВМС. Постдипломските студии во областа микробиологија, епизоотиологија и имунологија ги завршила во 2010 година кога по одбраната на магистерскиот труд "Епидемиологија на авијарни инфлуенца вируси во Република Македонија", се стекнала и со степен магистер на ветеринарни науки. Во 2011 година е избрана во академското звање асистент. На додипломските студии е асистент на предметите микробиологија и имунологија.

Покрај редовните обврски во наставата, ас. м-р Искра Цветковиќ работи во три лаборатории на ФВМС на проблематиката на дијагностицирање заразни болести кај животните (бактериолошка, вирусолошка и лабораторија за дијагностика на беснило).

Учесник е во пет меѓународни проекти: 1) Шеста рамковна програма, *Priority SSP/5.4.6. Specific Support Action (SSA)* проект - *"Porcine Circovirus Disease: towards improved food quality and safety within new member states and associated candidate countries"*, 1 декември 2004 - 31 мај 2008. Project coordinator: Gordon Allan, The Queens University, Belfast, United Kingdom; 2) Шеста рамковна програма (проект бр. 043653) - *Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools For The Major Transboundary Diseases of Animals in F.Y.R. of Macedonia (TRANSB_DIS_ANIM_MK)*, 1 мај 2007 – 29 октомври 2009. Раководител: проф. д-р Иванчо Налетоски, ФВМС. 3) Синтеза на нови кумарински деривати со потенцијална биолошка активност и детерминација на нивната структура, проект финансиран од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и наука на Република Бугарија, 2007 – 2009. Раководител: проф. д-р Емил Поповски, Институт за хемија, Природно-математички факултет, Скопје. 4)

*"Capacity building of the veterinary service for implementation of EU Acquis EuropeAid/124586/C/SER/MK"* 2010-2012, ИПА - програма 2008 и 5)Седма рамковна програма, *"EDENext, Biology and control of vector borne infections in Europe"* 2011-2013.

Од моментот на нејзиното вработување до денес има остварено голем број научни и стручни посети и учествувала во повеќе работилници и програми за обука во земјата и во странство (Франција, Хрватска, Словачка, Унгарија, Англија, Италија, Данска, Србија, Босна и Херцеговина и Северна Ирска).

Учесник е во подготовката на документацијата за имплементирање на барањата од стандардот ISO 17025.

Подрачја на научноистражувачки и стручен интерес на ас. м-р Искра Цветковиќ се: бактериологија, вирусологија, имунологија и заразни болести кај домашни и диви животни.

Ас. м-р Искра Цветковиќ има објавено 14 научни трудови. Член е на Македонската ветеринарна комора и Македонското друштво на микробиолози. Член е во секретаријатот на научно-стручниот собир "Денови на ветеринарна медицина" што се одржува еднаш годишно од 2010 година. Учествувала во изготвувањето на еден прирачник - „Упатство за земање и испорака примероци" (2009).

***Мислење за предлог - пријавата за изработка на докторска дисертација***

Кандидатката м-р Искра Цветковиќ за изработка на докторската дисертација предлага работен наслов *Изолација, молекуларна идентификација и типизација на микобактерии од mycobacterium tuberculosis комплексот изолирани од говеда во Република Македонија.*

Предложената тема кандидатката ја предлага врз основа на многубројните литературни податоци од оваа област, како и поради фактот што туберкулозата кај говедата е заболување кое досега во Р. Македонија не е проучувано.

Доставениот предлог за изработка на докторска дисертација ги содржи следниве елементи за научноистражувачка студија: вовед, мотив, цели, материјал и методи, очекувани резултати и литература.

Во *Воведот*, кандидатката опширно и детално ги елаборира податоците од литературата кои се однесуваат на карактеристиките на туберкулозата, нејзините причинители и нејзиното значење како зооноза од посебен јавен интерес. Фактот што стекнатите искуства низ вековите и темелното познавање на карактеристиките на заболувањето предизвикано од микобактериите сепак не биле доволни за да се заврши војната против туберкулозата, уште повеќе го потенцира значењето на ова заболување, како и борбата за негово искоренување.

Туберкулозата кај говедата (ТГ) предизвикана од микобактериите од *Mycobacterium tuberculosis complex* (МТВС комплекс) е зооноза со комплексен епидемиолошки модел кој вклучува трансмисија на инфекцијата кај и меѓу домашните животни, дивите животни и човекот. Зоонотската туберкулоза претставува една од многуте последици на адаптибилноста на видовите микобактерии на различни домаќини.

Микобактериите се класифицирани во фамилијата *Mycobacteriacae* во која постои само еден род одн. *Mycobacterium*. Името на родот е предложено од страна на Lehman и Neumann, 1896 година, кои родот не го разделиле во подродови туку од практични причини направиле класификација на две групи, одн. брзорастечки микобактерии – во оптимални услови, колониите се видливи пред седум дена и

спорорастечки микобактерии - во оптимални услови, колониите се видливи по седум дена.

Бројот на видовите на родот *Mycobacterium* во последните години значително се менува. По последните податоци, опишани се околу сто видови микобактерии – најголем број сапрофити, а постојат малку видови кои кај луѓето и животните предизвикуваат хронични заболувања.

Во групата на спорорастечки микобактерии припаѓа МТВС - комплексот во кој се сместени следните претставници: *M. tuberculosis, M. bovis, M. bovis* BCG, *M. caprae, M. africanum. M. Microti. M. Canetti.* и *M. pinnipedii.*

*M. bovis* како главен предизвикувач на ТГ има еден од најшироките дијапазони на домаќини од сите познати патогени и е дијагностициран насекаде во светот. *M. bovis* е изолиран од говеда, диви преживари, кози, свињи, овци, коњи, куче, мачка, лисица, елен, бизон, бафало, јазовец, диви свињи, антилопа, камила, лама, човек, примати, лав, хиена, бабун, леопард, којот итн.

Покрај *M. bovis,* други членови на МТВС - комплексот кои претходно биле класифицирани како *M. bovis*, и покрај идентичната 16s RNA - секвенца и 99,9% идентичност на нивните геномски секвенци сега се означени како нови видови. Овој факт се однесува за *M. caprae* – примарен предизвикувач на туберкулоза кај кози, но и на ТГ и *M. pinnipedii* кај фоки и морски лавови. Овие претходно наведени два вида се зоонотски патогени.

Постојат истражувања кои ја индицираат поврзаноста на големината на честичките што ги носат микобактериите кои се од критично значење за детерминација на инфективноста. Постои истражување направено во првата декада на 20 век, според кое најмалку 10 mg туберкулозни бацили се потребни за да предизвикаат алиментарна инфекција кај телињата, додека само 0,01 mg, одн. 1000 пати помала доза предизвикува инхалациона инфекција.

Примарен начин на инфекција претставува инхалацијата, но постојат и други начини како орален, професионален, конгенитален и преку рани.

Преносот на *M. bovis* меѓу говедата зависи од повеќе фактори како фреквенција и пат на излачување на причинителот. начин на инфекција, инфективна доза, време на изложеност и приемчивост на домаќинот.

Теренските искуства исто така укажуваат дека говедата кои се во раниот стадиум на заболувањето или имаат дискретни промени главно не го пренесуваат причинителот на животните со кои се во контакт.

Исто така, доколку животните во ран стадиум на заболувањето сепак го излачуваат причинителот, здравите животни кои се во контакт со нив главно не се заразуваат.

Туберкулозата е опишана како заболување кое се јавува благодарение на преносот меѓу дивите и домашните животни, што претставува огромна пречка за искоренување сè додека дивите животни претставуваат извор на заболувањето.

Дивите животни имаат двојна улога како резервоари за *M. bovis,* одн. постојат такви видови кои како домаќини имаат улога и во одржувањето на циркулацијата на микроорганизмот во популацијата, одн. негов пренос на домашните животни, но и диви животни кои имаат улога на последни домаќини каде што болеста не се одржува и поради тоа тие немаат улога во одржување на микроорганизмот во околината.

Некои видови диви животни, како јазовецот во Англија и Ирска, опосумот во Нов Зеланд и бафалото во Канада, претставуваат значајни резервоари на *M. bovis* кои ендемски ја одржуваат инфекцијата и претставуваат голема пречка во програмите за контрола и ерадикација на заболувањето.

Инфективниот процес кај туберкулозата започнува со депозиција на туберкулозни бацили во белите дробови или на фарингеалната и цревната слузница.

Резистентноста кои фагоцитите овозможува континуиран интрацелуларен раст и екстрацелуларно размножување. Околу фокусот на инфекцијата се развива инфламаторен одговор кој, пак, се шири на регионалните лимфни јазли. По првата недела од инфекцијата клеточните имунолошки реакции го менуваат одговорот на домаќинот од типичен инфламаторен одговор во реакција карактеристична за инфективни грануломи.

Лезиите кои настануваат во текот на туберкулозниот процес се означуваат како туберкули кои главно се составени од казеозен материјал. Овој процес е хроничен со карактеристики на продуктивно, одн. пролиферативно воспаление, и е карактеристичен за хуманата и ТГ кои се предизвикани од микобактерии патогени за цицачите.

Заболувањето може да има и акутен тек кога се јавува во вид на туберкулозна пневмонија.

Клинички, туберкулозата е хронично заболување кое се карактеризира со прогресивно слабеење, намален апетит, ирегуларна и слаба треска и локални симптоми како зголемени лимфни јазли, кашлање и дијареа. Многу од овие знаци се последица на ослободените цитокини во тек на инфламаторниот процес.

Патолошко анатомските промени се претставени во облик на туберкули во бронхијалните, медијастиналните, ретрофарингеалните и порталните лимфни јазли. Промените можат да бидат ограничени само на лимфните јазли, но можат да ги зафатат и белите дробови, црниот дроб, слезената и телесните празнини. Макроскопски, туберкулозните грануломи имаат жолтеникава боја со казеозна, казеозно-калцифицирана и калцифицирана конзистенција, а понекогаш можат да имаат и пурулентен изглед.

Методите за дијагностика на ТГ се следните: идентификација на причинителот, тест на доцна преосетливост и крвни анализи за ин витро мерење на клеточниот и хуморалниот имунитет.

Идентификацијата на причинителот се изведува по пат на изолација, микроскопски преглед и молекуларни методи.

Изолацијата на микобактериите на вештачки хранливи подлоги сè уште претставува златен стандард за дијагностика на ТГ, посебно доколку се работи за материјал, одн. органи без видливи и карактеристични патолошко анатомски промени. Микобактериите од МТВС - комплексот се спорорастечки микобактерии за чиј раст се потребни околу 8 недели. Растот на M. bovis понекогаш е видлив и за 3-6 недели, зависно од подлогата која се користи.

Микроскопскиот преглед се изведува со помош на специфично боење (Ziehl Neelsen), на препарати од клинички примероци или колонии на микобактерии. Оваа метода се карактеризира со ниска сензитивност поради фактот што патолошки променетите органи честопати содржат мал број на микобактерии, кои не можат да се визуелизираат на овој начин, но можат да се изолираат на хранливи подлоги.

Постојат многу молекуларни методи за брза идентификација на видовите во МТВС - комплексот. PCR - методите кои за таа цел се употребуваат ги детектираат 16S-23S rRNA, IS6110/IS1081 секвенците како и гените кои кодираат специфични протеини како MPB70.

Во последните десетина години, развиени се многу техники за типизација на МТВС - комплексот. Во споредба со другите бактерии, геномот на микобактериите има голем GC - удел (65%) и поради величината (4,4Мб) има ограничен полиморфизам. Полиморфните региони се делови од гени кои кодираат протеини важни за поодделни селективни одлики на бактериите како отпорност на антибиотици, антигени кои учествуваат во избегнување на имунолошкиот одговор и сл. Најчесто користени техники за типизација се VNTR – MIRU (Variable number

tandem repeats - micobacterial interspersed repetitive units), Spoligotyping (spacer oligotyping), RFLP (restriction fragment length polymorphism) и др.

Методите за молекуларна типизација имат голема улога во одредување на епидемиолошките карактеристики на ТГ како: одредување на изворот на инфекција, пренесување на заболувањето меѓу различни животински видови и на човекот, детерминација на двојна инфекција и реинфекција, идентификација на доминантен сој на причинителот на одредено подрачје или регион, идентификација на нови подвидови и сл.

Тестот на доцна преосетливост, одн. туберкулинскиот тест (пропишан тест за меѓународна трговија) претставува стандарден метод за детекција на ТГ со интрадермална апликација на прочистен протеински дериват и детекција на инфламаторни промени на местото на инјекција по 72 часа (доцна преосетливост). Овој тест може да се изведува со говедски туберкулин или комбинација на говедски и авијарен туберкулин (компаративен интрадермален тест). И покрај широката употреба на овој тест, неговата сензитивност е многу варијабилна 68-95%, додека специфичноста кај компаративниот тест е 96-99%. Употребата на овој тест како единствена дијагностичка алатка е дискутабилна поради неможноста за детектирање на причинителот кај анергични животни кои како резервоари на патогенот претставуваат извор на инфекција за понатамошно ширење на заболувањето.

Негативните страни на интрадермалниот тест довеле до развој на други дијагностички методи како детекција на Т - лимфоцити во полна крв, детекција на γ - интерферон во полна крв, ELISA и сл.

ТГ е ендемско заболување во многу европски земји и претставува значаен економски товар во сточарското производство. Контролата и ерадикацијата на ТГ се базираат главно на принципот на тестирање и нештетно отстранување и/или надзор во кланица.

Контролата и ерадикацијата на ТГ е од огромно значење како за здравјето на животните, така и поради зоонотскиот потенцијал на заболувањето. Најголем број на земјите - членки на ЕУ кои имаат воведено и ефикасно ги спроведуваат ерадикациските програми против ТГ во моментот се прогласени за слободни од ТГ. Сепак, постојат ЕУ - членки во кои ТГ не е искоренета: Ирска, Шпанија, Грција, Италија и Португалија и исто така сè уште претставува значаен проблем за јавното здравство посебно во земјите во развој, а особено во руралните региони каде што луѓето и животните се во близок и непосреден контакт.

И покрај интензивните напори за ерадикација, ТГ е присутна во светот и продолжува да претставува глобален проблем од големо значење.

*Мотивот за истражувањето* кандидатката го пронаоѓа во недостатокот на релевантни информации за вистинската застапеност на заболувањето кај говедата, причинителот на ТГ, доминантен генотип на причинителот во Република Македонија (РМ), епидемиолошки карактеристики на заболувањето (извор на инфекција, патишта на ширење, зоонотски потенцијал и сл.) и др. Овие информации се од особена важност и за дефинирање на мерките за контрола и ерадикација на ова заболување од РМ, бидејќи тоа е присутно во земјата со години наназад. Моментно, програмата за спречување и искоренување на заболувањето во РМ се темели на принципот тестирање и колење на животните. Тестирањето се изведува со методи (интрадермален туберкулински тест - единечен и компаративен) кои имаат варијабилна сензитивност (68-95%) и специфичност (96-99%), од каде што произлегува фактот дека тие не можат да дадат точна информација за присуството и раширеноста на заболувањето, но не се и дизајнирани да дадат одговор кој е причинителот на ТГ. Ова уште повеќе ја потенцира потребата и значењето на ова истражување, а сè со цел за успешна ерадикација на ТГ во РМ.

Имајќи го предвид мотивот за изработка на дисертацијата, кандидатот ги наведува следниве <u>*цели и задачи на истражувањето*</u>:

- изолација на видови микобактерии од родот *Mycobacterium;*
- молекуларна идентификација на видовите од родот *Mycobacterium;*
- генотипизација на изолираните соеви од MTBC - комплексот;
- утврдување на доминантен генотип на причинителот во РМ;
- меѓусебно споредување на генотипизираните изолати со цел за утврдување на изворот и патиштата на ширење;
- споредување на генотиповите од РМ со генотиповите од референтна база на соеви, одн. главните MTBC - лози;
- утврдување на евентуалната врска меѓу ТГ и хуманата туберкулоза во РМ;
- воспоставување на дијагностички методи за рутинска изолација и идентификација на микобактериите - предизвикувачи на ТГ.

Во делот <u>*Материјал и методи*</u>, м-р Искра Цветковиќ наведува дека испитувањето ќе се примени на говеда кои ќе бидат позитивни реактори на компаративен интрадермален туберкулински тест и притоа ќе се колат во санитарна кланица. Материјалот ќе се зема на линија на колење при што ќе се прави проценка на патолошко-анатомските промени и ќе вклучува: ретрофарингеални лимфни јазли, медијастинални лимфни јазли, мезентаријални лимфни јазли и променети ткива-бел дроб, црн дроб и сл.

Изолацијата на микобактериите ќе се изведува на вештачки хранливи подлоги Lowenstein Jensen и Stonebrinks во времетраење од 8 недели.

По изолацијата, сомнителните колонии ќе се идентификуваат по молекуларен пат со PCR, одн. припадниците на MTBC - комплексот ќе се диференцираат со амплификација на геномски региони на разликување (genomic region of difference-RD).

По извршената диференцијација ќе следува генотипизација на идентификуваните микобактерии-предизвикувачи на ТГ. Генотипизацијата ќе се изведува со VNTR – MIRU (Variable number tandem repeats – micobacterial interspersed repetitive units) методот. Со овој метод, соевите ќе се типизираат по пат на нумерички код кој кореспондира со бројот на репетирачките единици (VNTR) во 12 различни локуси кои содржат генетски елементи означени како микобактериски повторувачки единици (MIRU).

Во делот <u>*Очекувани резултати*</u>, кандидатката наведува дека добиените резултати од испитувањето ќе дадат одговор за вистинската преваленца и епидемиолошките карактеристики на ТГ во Македонија. Поконкретно, би се добиле резултати за видот на микобактерии кои ја предизвикуваат ТГ во РМ, би се утврдиле генотиповите на предизвикувачот, доминантниот генотип за РМ, неговата припадност или блискост на/со регионални или интернационални циркулирачки клонови на микобактерии и евентуалната врска меѓу ТГ и хуманата туберкулоза во РМ -- податоци кои се од особено значење за епидемиолошкиот надзор и контролата на заболувањето.

Со овој приод и добиените резултати за првпат ќе се обезбеди научен доказ за постоењето, раширеноста и епидемиолошките карактеристики на ТГ во РМ. Покрај тоа, добиените резултати ќе помогнат во утврдување на проблемите во

ерадикациските програми и нивно поефикасно водење, а сè со цел за успешно искоренување на ова заболување.

## ЗАКЛУЧОК

Целта врз која е базирана оваа студија, мотивот за изработка, предложената методологија, изборот на примероци за испитување како и претпоставката за очекуваните резултати, говорат дека реализацијата на докторската дисертација ќе има голем придонес од научен, стручен и практичен аспект.

Според предлогот и опфатените поглавја по кои ќе биде обработена темата, сметаме дека таа ќе биде многу актуелна и од интерес за науката и практиката.
Поради сево ова, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати предложената тема на кандидатката м-р Искра Цветковиќ, „Изолација, молекуларна идентификација и типизација на микобактерии од mycobacterium tuberculosis комплексот изолирани од говеда во Република Македонија", и да ѝ одреди ментор за раководење во текот на испитувањата.

Комисија

Проф. д-р Дине Митров с.р.

Проф. д-р Славчо Мреношки с.р.

Проф. д-р Иванчо Налетоски с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „**ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЛЕТАЧКАТА ПЕПЕЛ ВО НОВИ МАТЕРИЈАЛИ, ВО СОГЛАСНОСТ СО ТЕТРАДАТА ДОБИВАЊЕ-СТРУКТУРА-СВОЈСТВА-ПРИМЕНА**”, ОД КАНДИДАТКАТА М-Р БИЛЈАНА АНЃУШЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на VI редовна седница од 30.I.2012 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација под горенаведениот наслов во следниов состав: д-р инж. Милосав Милошевски, ред. проф. во пензија, ментор, д-р инж. Емилија Фиданчевска, вонр. проф., член, д-р инж. Јон Магдески, ред. проф., член, д-р инж. Кирил Лисичков вонр.проф., член и д-р инж. Гордана Русеска доцент, член.

По прегледот на доставената дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „**Трансформација на летачката пепел во нови материјали, во согласност со тетрадата добивање-структура-својства-примена**” од кандидатката м-р Билјана Анѓушева е презентирана на 221 страница. Во неа фигурираат 214 слики и 30 табели. По структура, дисертацијата е составена од следниве сегменти: Теоретски дел/литературен преглед, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература.

Тетрадата *добивање-структура-својства-примена*, која е операбилно мото во науката за материјали, е основната водилка во оваа докторска дисертација. Таа се однесува на густа и високопорозна керамика од летачка пепел, композитна керамика на база глина-летачка пепел, стакло-керамика на база летачка пепел и композити од типот стакло-керамика на база летачка пепел-отпадно стакло, дизајнирани според мултибариерниот концепт. Сите овие системи се компонирани од индустриски отпад и примарни/секундарни суровини.

Методологијата на научноистражувачката работа во својата структура започнува со сегменти од теоретски разгледувања како и литературен преглед, на слични системи кои доживеале медиумска промоција. Научната етика го дозволува повторувањето на сегменти од експериментот со

променливи кои се во корелација со „личната карта" на системот кој е предмет на истражувањето.

Сходно на правилото „теорија води, а експериментот одлучува", се дизајнира експериментот, т.е. се дефинираат експерименталните нијанси кои обезбедуваат оптимални вредности на функциите на оддек.

Кандидатката на 35 страници ги опишува различните методи на добивање на стакло-керамика од индустриски отпад, начините на добивање на порозна стакло-керамика, како и постапките за добивање композити од керамика-стакло со контролирана порозна структура.

Литературниот преглед, главно периодика од областа на науката за материјали, од понов датум, подоцна е успешно искористен за делумно толкување на експерименталните резултати.

Во *Експерименталниот дел* е даден опис на експерименталните техники што се користени при реализацијата на оваа докторска дисертација. Користени се инструментални техники од Универзитетот Friedrich Schiller, Институт за материјали, Јена, Германија, Институтот за материјали од Ахен, RWTH, Германија, Универзитетот за хемиска технологија и металургија во Софија, Бугарија, Бугарската академија на науките и уметности, Софија, Бугарија, Технолошкиот факултет во Нови Сад, Р. Србија, Фабриката за огноотпорна керамика BOMEX Refractory, Пехчево, Македонија и Лабораторијата за материјали при Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Овие техники се користени за дефинирање на „личната карта" на индустрискиот отпаден материјал, примарните и секундарните суровини, како и за карактеризација и особините на синтеруваните компакти, т.е. високопорозните системи со контролирана порозна структура.

Користени се пет видови летачка пепел од РЕК Битола, како и глина со дефинирана хемија, структурна и геометриска активност.

За креирање високопорозна структура со дефинирана геометрија на пори/каверни, како пороген беа користени дрвени струготини и јаглероден прав.

Во сегментот *Резултати и дискусија,* прикажан на 160 страници дефинирана е „личната карта" на летачката пепел од хемиски, геометриски и структурен аспект. Дефинирани се условите на консолидација по пат на пресување и синтерување. Добиените компакти беа карактеризирани од микроструктурен, физички, механички, фазен и термофизички аспект. Процесите на консолидација се оптимизирани со примена на 3Д- методата на површини. Статистичкото значење на процесните варијабли како температурата, брзината на загревање и притисокот на пресување во однос на порозноста и некои од механичките особини се прикажани во експлицитна форма како моделни равенки. Рендгеноструктурната анализа на компактите укажува на формирање нова структурна фаза - диопсид. Формирањето на диопсидот за време на синтерувањето се рефлектира на подобрување на механичките особини на компактот. Процесот на денсификација е контролиран со синтерување во присуство на течна фаза, која се евидентира како контактни течни мостови помеѓу зрната.

Дилатометриските испитувања на компактите добиени од прав со сите гранулации (петте видови летачка пепел) покажаа отсуство на ефект на хистерезис во циклусот на загревање и ладење на компактите во температурен интервал собна температура - 650°C- собна температура, што укажува на фактот дека системот се наоѓа во термичка рамнотежа. Хемиската стабилност во кисела, базна и неутрална средина е извршена преку контрола на масата на компактите во контакт со солна киселина, алкалија и вода, за време од 24, 168 и 720 часа, при што е покажано излачување од 3,5% во кисела средина и под 0,5% во алкална средина.
Механичката активација на летачката пепел е извршена со цел да се зголеми геометрискиот фактор на активност, а беше реализирана во топчеста мелница. Специфичната површина е комплекс од големината на честиците, нивната морфологија и порозност. Таа за време на третман од десет часа механичко активирање беше зголемена за 43,5%. Зголемениот фактор на геометриска активност го редуцира регионот на синтерување на системите, што е покажано со термомикроскопска анализа. Механички активираните правови од летачка пепел, консолидирани под контролирани услови на пресување и термички третман, даваат компакти кои поседувааат пониска порозност и повисоки механички особини во однос на стартните правови од летачка пепел. И во овој случај, при синтерувањето е применета оптимизација на процесните параметри на механички активираните пепели со примена на 3Д- методата на површини. Порозноста на компактите и некои од нивните механички особини се прикажани во форма на моделни равенки, во кои фигурираат променливите: температура, време на механичка активација и брзина на загревање.
Со цел понатаму да се активира лебдечката пепел, извршена е магнетна сепарација со магнетно поле од 0.7T и хемиска активација со 10 и 30% сулфурна киселина за време од 1 и 3 часа третман. Добиените резултати од овие две постапки покажаа минорен ефект.

Во дисертацијата е дизајниран композит од летачка пепел и глина.
Глината од познат локалитет е специфицирана од хемиски, фазен и термофизички аспект. Добиена е серија композити во кои содржината на глината варира од 10 до 90%. Консолидацијата на композитите е извршена на притисок од 45 MPa, температура од 900, 1000, 1050 и 1100°C и брзина на загревање во неизотермниот регион на термички третман од 3 и 10°min⁻¹. Композитот со состав 60%глина -40% летачка пепел синтеруван на 1100°C со $dT/d\tau$ =10°min⁻¹ покажа оптимални механички, физички и термофизички својства. Овој композит поседува порозност од 7%, технички коефициент на термичка експанзија од $7.10^{-6}$/°C, E-модул од 25 GPa и јачина на притисок од 100 MPa. Порите се со големина од 7-15 μm.

Со цел да се добие порозен композит беа користени неколку порогени, како дрвени струготини и јагленова прашина. И двата порогени беа со контролирана големина на честици. Микроструктурните испитувања на синтеруваните порозни композити, чија интегрална порозност се движеше од 30 до 45%, покажа изразита отворена порозност со каверни чија ширина

изнесува 10 до 30 μm. Е-модулот и јачината на свиткување кај испитуваните порозни композити се движи во интервал 3- 6 GPa и 7 MPa, соодветно. Евидентно е течно фазно синтерување.

Посебен сегмент во дисертацијата е посветен на мултибариерниот концепт за инертизација на летачката пепел со примена на отпадно лабораториско стакло. Процесот на оптимизација на синтерувањето на главните процесни параметри за композитот летачка пепел-стакло е извршен со примена на 3Д-методата на површини. Моделирањето е извршено на функциите на оддек: густина и јачина на свиткување. Оптимални резултати покажа композитот со содржина 40% стакло, синтеруван на температура од 1000°C/1час. тој поседува релативна густина од 89%, Е-модул и јачина на свиткување од 32 GPa и 63 MPa, соодветно. Микроструктурните испитувања покажаа дека стопеното стакло е хомогено дистрибуирано по целокупната матрица од летачката пепел.

Стакло-керамика од летачката пепел е добиена по пат на топење и нагло ладење на стопилката (квенчување). Со помош на DTA се идентифицирани температурата/регионот на трансформација, кристализација и точка на топење. Тенденциите на кристализација на проучуваните стакла се дефинирани со Hruby-виот коефициент. Динамиката на трансформација аморфно-кристално е следена со квантитативна рендгенска анализа.

Улогата на $TiO_2$ (5 мас.%), како нуклеус за активирана кристализација и подоцнешна денсификација, се манифестира во значителното намалување на густината на системите (од 17% до 9%), зголемување на јачината на свиткување ( од 50 до 67 MPa) и Е-модул од 30 на 35 GPa.

Врз основа на особините на густата и порозната керамика, дефинирана е нивната потенцијална примена. Таа главно се однесува на полето на техничката керамика, украсната керамика, како филтри за филтрирање топли гасови и друго.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов „Трансформација на летачката пепел во нови материјали, во согласност со тетрадата добивање-структура-својства-примена", од кандидатката м-р Билјана Анѓушева, претставува коректно реализирано научно дело од областа на науката за материјали, со јасно изразен прагматичен мотив.

Научната димензија на ова научно дело се огледува во дефинирањето на нијанси на консолидација на летачка пепел од РЕК Битола, нејзина хемиска/механичка активација и оптимизација на процесот на синтерување со примена на 3Д- методата на површини. Мултибариерниот концепт и постапката на нагло ладење на стопилка се искористени за дизајнирање композити од стакло-керамика кои поседуваат контролирана порозна структура и механички особини. Врз основа на особините на добиените керамички, т.е стакло-керамички системи е дефинирана нивната примена.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, да ја прифати оваа рецензија и да закаже јавна одбрана на предложената докторска дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р инж. Милосав Милошевски, ред. проф. во пензија, ментор, с.р.**

2. **Д-р инж. Емилија Фиданчевска, вонр. проф., член, с.р.**

3. **Д-р инж. Јон Магдески, ред. проф., член, с.р.**

4. **Д-р инж. Кирил Лисичков, вонр. проф., член, с.р.**

5. **Д-р инж. Гордана Русеска, доц. член, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „БЕТА-ЛАКТАМАЗИ СО ПРОШИРЕН СПЕКТАР (ESBL) КАЈ КЛИНИЧКИ ИЗОЛАТИ НА *ESCHERICHIA COLI* И *KLEBSIELLA SPP.*: ДЕТЕКЦИЈА, ПРЕВАЛЕНЦА И МОЛЕКУЛАРНА ТИПИЗАЦИЈА", ПОДНЕСЕНА ОД АС. Д-Р АНА КАФТАНЏИЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје бр. 0802 -658 од 23. XII 2011 год., формирана е Комисија за оцена на изработената докторска дисертација со наслов: „Бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај клинички изолати на *Escherichia coli* и *Klebsiella spp.*: детекција. преваленца и молекуларна типизација", во состав: проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска, проф. д-р Елена Трајковска Докиќ и проф. д-р Зорка Николова. Комисијата се состана и по разгледувањето на приложената дисертација го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

**Преглед на содржината на предлог-тезата:**

Предлог-темата е изнесена на 138 страници, на кои се опфатени сите поглавја кои треба да ги содржи научноистражувачкиот труд: вовед, мотив за изработка на трудот, цели на трудот, материјал и методи, како и статистичка анализа на резултатите добиени во ова истражување. Поднесокот е поткрепен со 30 табели и соодветно цитирана литература која содржи 183 референци.

Воведниот дел дава кус осврт на бета-лактамските антибиотици (пеницилини, цефалоспорини, карбапенеми и монобактами), нивниот афинитет кон ПВП (Д-ала-Д-ала транспептидаза и карбапенемаза), како механизам на антибактериско дејствување и од друга страна, причините заради кои бактериите развиле резистенција кон нив. Главно, резистенцијата кон бета-лактамските антибиотици се должи на продукцијата на ензимите бета-лактамази со кои бактериите го хидролизираат бета-лактамскиот прстен на антибиотикот, што е и најчест механизам на резистенција кај Грам-негативните бактерии, во кои спаѓаат и соевите кои кандидатката ги обработила во својата студија. За да се надмине проблемот со резистенцијата, произведени се трето-, и четврто-генерациски цефалоспорини кои содржат оксиимино група која ги заштитува од бета-лактамазите. Но, широката и масовна примена на овие цефалоспорини набрзо резултирала со продукција на бета-лактамази кои дејствуваат и врз новите оксиимино-цефалоспорини и монобактами, од каде што произлегол и терминот бета-лактамази со проширен спектар - ESBL (Extended spectrum beta-lactamases). До денес се познати 300 ESBL кои се мутанти на бета-лактамските ензими TEM-1, TEM-2 и SHV-1. Поточно, првата опишана ESBL е SHV-2. Познати се и

гените кои ја кодираат продукцијата на ESBL и се лоцирани во бактериските плазмиди или во бактерискиот хромозом, а со мобилните генетски елементи (транспозони и интегрони), тие можат да се пренесувааат на хромозомите на други бактериски видови. Појавата на резистенција кон оксиимино-цефалоспорините прв пат била забележана набрзо после нивната примена, некаде во осумдесеттите години, и тоа кај соеви на *Klebsiella ozenae*. Подоцна се најдени и гени кои го кодираат создавањето на ESBL и кај други бактериски родови од фамилијата *Enterobacteriaceae (E. coli, Serratia, Proteus, Enterobacter, Citrobacter* и *Sallmonella)*.

Бидејќи станува збор за соеви кои предизвикуваат болнички инфекции, овие високо резистентни соеви имаат поголем потенцијал да предизвикуваат болнички епидемии, при што е од голем интерес познавањето на типот на ESBL-продуцирачкиот сој. Наведени се неколку класификации на ESBL, а најновата која ја цитира кандидатката е направена во 2009 год и ги поделува на 3 класи: ESBL-A, ESBL-M и ESBL-CARBA. Како најчести ESBL-типови прикажани се: TEM, SHV и CTX-M Според литературни извори, кандидатката наведува постоење на повеќе од 180 TEM-типови и повеќе од 140 SHV-типови. Прикажана е епидемиологијата на овие типови на сите континенти.

Бидејќи ESBL-позитивните соеви се опишуваат како превалентни во болничките оддели со поголем број ризик-фактори, во понатамошниот текст се наведени и ризик-факторите за колонизација и инфекција со ESBL-позитивните соеви, што најмногу се должи на продолжен болнички престој, особено во ЕИЛ, терапија со цефалоспорини, азтреонам, аминогликозиди и др.

Како можности за детекција на овие соеви, кандидатката наведува и опишува повеќе лабораториски методи кои се групирани во 2 групи: фенотипски и молекуларни, од кои таа ги користела: модифициран диск-дифузионен тест, тест со комбинација на дискови (ESBL сет), E-тестови, Vitek ESBL, PCR.

Кандидатката била мотивирана за изработка на оваа студија од потребата да придонесе за подобрување на можностите за детекција на ESBL- позитивните изолати, што би помогнало во изборот на најсоодветна антибиотската терапија кај пациентите со хоспитални инфекции кои не давааат одговор на терапијата одредена според стандардните микробиолошки тестови.

Со ретроспективно-проспективен дизајн на студијата, кандидатката се обидела да даде одговор на четирите поставени цели на испитувањето:

1. да се одреди преваленцата и дистрибуцијата на ESBL-позитивните соеви на *Escherichia coli* и *Klebsiella spp* меѓу изолатите од пациентите хоспитализирани на универзитетските клиники во Скопје за да се споредат со други географски подрачја;
2. да се процени осетливоста на ESBL-позитивните соеви кон антмикробни средства поврзани со продукција на ESBL (бета-лактамски антибиотици) и кон не-бета-лактамски антибиотици;
3. да се одреди типот на ESBL со молекуларни методи;

4. типовите на ESBL да се корелираат со МИК-овите на антимикробните средства.

Во иситувањето биле вклучени 1207 соеви на *E.coli* (804) и *Klebsiella pneumoniae* (403) од хоспитализирани пациенти на универзитетските клиники во Скопје собирани во периодот февруари 2008 - јануари 2009 год. Од нив се селектирани 306 соеви според препораките на CLSI (Clinical Laboratory Standard Institute) со помош на рутински диск-дифузионен метод за да се одберат резистентните и умерено осетливите соеви кон еден од трето-генерациските цефалоспорини, а потоа со фенотипски и молекуларни методи била детектирана продукцијата на ESBL. Од фенотипските скрининг-методи биле користени модифициран диск-дифузионен метод во кој покрај стандардниот тест е користен и DDST (double disc sinergy test) и ESBL-селективен хромоген агар, а потоа конфирматорните тестови: дискови за детекција на ESBL (Mast diagnostics) Е-тест, одредување на МИК кон бета-лактамски и не-бета-лактамски антибиотици со автоматизиран VITEK-систем.
Присуството на гените кои ја кодираат продукцијата на TEM,SHV,CTX-M, OXA и DHA-бета лактамази биле докажувани со молекуларна мултиплекс ПВР кај 100, по случаен избор одбрани, ESBL-позитивни соеви (*E.coli* -52 соеви и *K. pneumoniae*-48 соеви).

За контрола на резултатите е направена компарација со стандардни контролони соеви *E.coli* ATCC 25922 за ESBL-негативност и *Klebsiella pneumoniae* ATCC 700603 за ESBL-позитивност.

За статистичка анализа на резултатите се користени дескриптивни статистички методи: фреквенции, проценти и кростабулации, што е во согласност со поставените цели на истаржувањето, а за тестирање на нултата хипотеза и донесување на заклучоците се користени непараметарски статистички тестови: $X^2$ (Хи-квадрат) тест, Yates-коригиран тест и Fischer-егзактен тест. Статистичката обработка била направена според програмот Статистика за Windows 8,0 на Институтот за епидемиологија и медицинска биостатистика при Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје.

Според добиените резултати, кандидатката детектирала статистички значајно повисок процент на ESBL-позитивни соеви на *K. pneumoniae* (31%) во однос на соевите на *E. coli* (15,7%). Сигнификантната разлика во преваленцата е докажана особено кај соевите на *K. pneumoniae subsp. pneumoniae* во однос на *K. pneumonae subsp. aerogenes.* Преваленцата на ESBL-позитивните соеви на двете бактерии била поголема на хируршките клиники отколку на интернистичките, но од вкупниот број на позитивни изолати најмногу ESBL-соеви биле изолирани од примероци од педијатриската клиника при УКИМ, додека анализата на дистрибуцијата на овие соеви по примероци од кои се изолираат покажала најголема застапеност во уринарните примероци.

Со тестовите за фенотипска детекција на ESBL-позитивните изолати на *E. coli* и *K. pneumoniae* докажана е сигнификантно поголема осетливост кон комбинацијата пиперацилин-тазобактам во однос на пиперацилинот, како и во однос на амоксицилин -клавуланската киселина. Исто така, прикажана е стопроцентна осетливост кон имипенем и кај двете испитани бактерии, додека разлики се детектирани

во осетливоста кон цефтазидим во корист на *E.coli* и кон цефепиме за *K. pneumoniae*. Од претходното и од испитувањето на осетливоста кон не-бета-лактамските антибиотици произлегува податокот дека лек на избор за терапијата на ESBL-позитивните соеви на *E. coli* и *K. pneumoniae* е имипенемот, како и пиперацилин-тазобактамот, додека во втора линија лекови на избор може да се вбројат цефепимот во високи дози и подобро во комбинација со аминогликозид при инфекции предизвикани со ESBL-позитивна *K. pneumoniae*, како и нитрофурантоин при уринарни инфекции предизвикани со ESBL-позитивна *E.coli*.

Со молекуларните методи најчесто докажани гени кои кодираат продукција на ESBL-ензими биле: bla-TEM, bla-SHV и CTX-M. Кај 61% од ESBL позитивните соеви детектирани се по 2-3 гени, а кај 39% само по еден ген одговорни за продукцијата на ESBL, од кои bla-TEM генот одговорен за TEM продукција е повеќе докажан кај *E.coli*, а bla-SHV кај *K. pneumoniae*. Од генетските комбинации најзастапена била bla-TEM+bla-SHV. Двогенските комбинации најмногу биле докажани кај уринарните примероци и тоа особено оние што потекнуваат од Клиниката за нефрологија. Докажана е значајна поврзаност меѓу присуството на поголем број гени (3 и повеќе) и резистенцијата кон амоксицилин-клавуланска киселина, цефотаксим, цефтазидим, цефепиме и нитрофурантоин, додека таква поврзаност меѓу бројот на гените и резистенцијата не е согледана во случај на пиперацилин-тазобактам. Што се однесува до типовите на ензимите, не е докажана поврзаност на ниту еден ензимски тип со резистенцијата кон флуоро-кинолоните или осетливоста кон имипенемот. Но, in vitro активноста на цефепим може да биде алтерирана кај соеви кои имаат комбинација од 2 гени, и тоа: TEM+SHV и TEM+CTX-M.

**Мислење за докторската дисертација**

Докторската дисертација е изработена според важечките критериуми за подготовка на изработка на еден научен труд. Идејата е актуелна, целите се јасно дефинирани, а очекуваните резултати реални и добиени врз основа на претходно искуство од основната методологија применета во магистерскиот труд под наслов „Проценка на методите за фенотипска детекција на продукцијата на бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај ентеробактериите", одбранет во декември 2004 год.
Користена е современа литература, која е коректно цитирана во текстот.

**ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА**

**Докторската дисертација под наслов БЕТА-ЛАКТАМАЗИ СО ПРОШИРЕН СПЕКТАР (ESBL) КАЈ КЛИНИЧКИ ИЗОЛАТИ НА *ESCHERICHIA COLI И KLEBSIELLA SPP.:* ДЕТЕКЦИЈА, ПРЕВАЛЕНЦА И МОЛЕКУЛАРНА ТИПИЗАЦИИЈА, поднесена од ас. д-р Ана Кафтанџиева, обработува еден проблем, актуелен во клиничкиот пристап на лекување на болничките инфекции предизвикани со *E.coli* и *Klebsiella pneumoniae*. Таа ги отсликува лабораториските можности за идентификација на ESBL-позитивните (резистентните) типови. Истражувањето**

**има несомнен придонес во решавањето на овој проблем, особено од терапевтски и епидемиолошки аспект. Докторската дисертација е коректно напишана и ги задоволува вообичаените критериуми. Предвидените методи и репрезентативниот материјал даваат целосно остварување на поставените цели. Со личните квалитети и своето претходно искуство, кандидатката успешно го изработила планираното испитување.**

**Врз основа на изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го прифати извештајот на Рецензентската комисија и да овозможи јавна одбрана на докторскиот труд .**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска с.р.
2. Проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ с.р.
3. Проф. д-р Зорка Николова с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И РОМАНТИЗМОТ ВО СЛОВЕНЕЧКАТА КНИЖЕВНОСТ, РЕАЛИЗМОТ И МОДЕРНАТА ВО СЛОВЕНЕЧКАТА КНИЖЕВНОСТ, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ 1, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ 2; ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ); ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата дваесет и втора редовна седница одржана на 11.1.2012 година, не избра за рецензенти за избор на кандидатката д-р Јасна Котеска во звањето редовен професор, која се јави на конкурсот распишан од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Дневник“ од 23.12.2011 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за предметите: просветителството и романтизмот во словенечката книжевност; реализмот и модерната во словенечката книжевност; методика на наставата по книжевност 1; методика на наставата по книжевност 2; предмети од областа на македонската книжевност и јужнословенските книжевности (втор изборен модул); предмети од областа македонска култура (втор изборен модул). Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Јасна Котеска е родена на 9.X1970 година во Скопје, кадешто ги завршила основното и средното училиште со континуиран одличен успех. Во учебната 1989/90 година се запишала на групата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје. Дипломирала во јуни 1994 година со просечна оценка 9,52.

Во учебната 1994/95 година се запишала на постдипломски студии по македонска книжевност на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје.

Во 1999 година успешно ја одбрани магистерската теза под наслов „Постмодернистичкиот расказ во македонската и во словенечката литература“, што ја изработи под менторство на проф. д-р Нада Петковска, и се здоби со звањето магистер на филолошки науки.

Во периодот од септември 1999 до јуни 2000 година посетувала постдипломска настава на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија, каде што ја изработи магистерската теза од областа на современата американска книжевност под наслов „Постполовите идентитети како метафора“, и доби звање магистер по уметност во родовите студии.

Во 2002, Ј. Котеска на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје го одбрани докторскиот труд под наслов „Моделите на женското писмо во современата македонска литература“ (изработен под менторство на д-р Нада Петковска) и се здоби со звањето доктор на филолошки науки.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Јасна Котеска, по дипломирањето, работела како професор по предметите македонски јазик и литература и правопис на македонскиот јазик во Средното економско училиште "Арсениј Јовков" во Скопје.

Од 1 септември 1995 година работи како помлад асистент на предметот нова словенечка книжевност на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје, кај проф. д-р Нада Петковска, а по магистрирањето е избрана за асистент по истиот предмет. Ј. Котеска е избрана во звањето доцент по нова словенечка книжевност на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во 2002 година. Со воведувањето на ЕКТС, Јасна Котеска ги предава предметите: просветителството и романтизмот во словенечката книжевност, реализмот и модерната во словенечката книжевност (за групата македонска книжевност и јужнословенски книжевности), нова словенечка книжевност 1 и 2 (за групата македонски јазик и јужнословенски јазици), преглед на светската книжевност 1 и 2 (за групите албански јазик и книжевност и турски јазик и книжевност), кои по ЕКТС ќе се преименуваат во вовед во светската книжевност 1, 2, 3 и 4 и осврт кон светската книжевност 1 и 2.

Таа ги предавала и изборните опциони предмети: постмодернистички книжевни техники и категоријата абјект во јужнословенските литератури и култури.

На 15.6.2007 година д-р Јасна Котеска е избрана во звањето вонреден профессор по нова словенечка книжевност.

Од последниот избор во наставно - научно звање (15.6. 2007 година, избор во звањето вонреден професор) до денес, д-р Јасна Котеска работи како вонреден професор на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

На матичната Катедра, д-р Котеска ги води предавањата и вежбите по следниве предмети: *просветителството и романтизмот во словенечката книжевност, реализмот и модерната во словенечката книжевност, нова словенечка книжевност 1 и 2, словенечка книжевност 6* (*постмодернизам*) (за групата словенечки јазик), *методика на наставата по книжевност 1, 2, 3 и 4* (за групата македонска книжевност) од 2010 до денес, *методика на наставата по книжевност 1 и 2* (за групата македонски јазик) од 2010 до денес. Таа, исто така, ги водела и предметите *преглед на светската книжевност 1, 2* (за групата албански и турски јазик и книжевност) (од 2007 -2010), *постмодернистички книжевни техники* (изборен, опционен, од 2007 до 2010) и *категоријата „абјект" во јужнословенските книжевности и култури* (изборен, опционен, од 2007 до 2010).

Во наведениот период, таа исто така ги држи предавањата и вежбите и по изборните, опциони предмети: *постмодерната во македонската книжевност и филм* и *Лакан и македонската книжевност и култура* (изборен, опционен, од 2008 до денес).

На постдипломските студии по македонска книжевност таа го води предметот *гинокритиката и македонското женско писмо.*

Од 2007 до 2011 година, д-р Јасна Котеска е ментор на шест магистерски труда и била член на пет комисии за одбрана на магистерски тези и докторски дисертаци

**Научноистражувачка дејност**

До 15.6. 2007 година (до изборот во звањето вонреден професор), д-р Јасна Котеска ги објавила книгите: *пстмодернистички литературни студии* (Македонска книга, Скопје, 2002, 346), *мкедонско женско писмо (теорија, историја и интерпретации* (Македонска книга, Скопје, 2003, 372) и *снитарна енигма* (Темплум, Скопје, 2006, 322.)

До последниот избор во звањето вонреден професор, д-р Јасна Котеска објавила преку 60 научни и стручни студии, есеи и рецензии во македонската и странската периодика, и тоа во македонските списанија: *Лик, Литературен збор, Наше писмо, Око, Lettre International, Спектар, Велес, СУМ, Книжевен контекст, Теории од Југоисточна Европа, Разгледи, Идентитети, Културен живот, Маргина, Блесок* и други. Исто така, до наведениот период, таа објавила десетици текстови во списанија и зборници во регионот и во странство,и тоа во: *Апокалипса* (Љубљана), *Сараевски свески* (Сараево), *Арс* (Подгорица), *Литкон* (Загреб), *Урбани врачеви* (Загреб), *Ромбоид+* (Братислава), *Литература* (Софија) и многу други. (Види го прилогот кон оваа белешкаж).

Д-р Ј. Котеска учествувала во повеќе научноистражувачки национални и меѓународни проекти: во 2006 година била дел од истражувачкиот проект *A Biograhical Dictionary of Women's Movements and feminisms. Central, eastern and South Eastern Europe*, 19th and 20th Centuries (CEU Press, Budapest, New York); во 2006 година била дел од истражувачкиот проект *Gender and Identity, Theories from and/or Southeastern Europe* (Belgrade Women's Studies and Gender Research Center); во 2006 година била дел од проектот *Реално- имагинарно* (Проект на Институтот за македонска книжевност); од 2004 до 2006 на *Регионална мрежа на родови и европски студии, тригодишен проект* (2004-2006); во 2005 година на проектот *Истражувајќи ја другоста* (Проект на ФИООМ, Скопје); во 2002 година на проектот *Другиот во наставните содржини* (Проект на ФИООМ, Скопје); во 2001 и 2002 година работела како дел од *Охридската летна школа* (Проект на Институтот Евро-Балкан од Скопје); во 2002 година била дел од *International AWID Network;* во 2002 и 2003 била член и Local Faculty Fellow на интернационалната наставна мрежа за високо образование Civic Education Project (CEP) (2002-2003); во 2004 и 2005 била Academic Fellow на интернационалната наставна мрежа за високо образование Higher Education Support Program (HESP) (2004-2005), од 2003 до 2005 била дел од истражувачкиот проект *Удвоена Другост: родовите аспекти на балканизмот во 1990-тите* на ФОСИМ и ХЕСП (2003-2005), и многу други.

Д-р Котеска била член на македонската родова мрежа (2000 година), член на секретаријатот на Македонско - словенечкиот научен собир (1997), двапати секретар на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (1995-1997), член на програмскиот комитет на женската програма на Институтот Отворено општество (2002-2003), член на академскиот борд на Институтот Евро - Балкан од Скопје (2002-2003), а за својата работа била наградена со стипендија на Институтот Отворено општество Будимпешта (1999-2000), добитник е на национална награда за најдобар есеј за 1996 година (литературен магазин на Македонската радио-телевизија) и други.

Во наведениот период, д-р Котеска учествувала на бројни домашни и меѓународни семинари, конференции и симпозиуми: *Семинарот за словенечки јазик, литература и култура* (Љубљана, 1995, 1997, 1998); *Караманови средби* (1997, Радовиш); *Македонско - словенечки научен собир* (1997, Скопје); *Словенечко - македонска конференција* (2000, Љубљана); *Феноменот љубов во балканските литератури и култури* (1998, Битола); Стратегии за родови

студии во Македонија (2000, Скопје); *Охридската летна школа/Ohrid Summer School: Reading the Balkan Subject and its Genders* (2001, Охрид); *Teacher's Training Trainers Workshop* (2001, Belgrade); *Seminar: Gender Studies – Experiences, Perspectives* (2001, Budva); *International Seminar: Construction of Masculinities/Интернационален семинар: Конструкција на маскулиноста,* (2001, Скопје); *International Seminar: Introduction into Non-Philosophy with Francois Laruelle/Семинар со ФрансоаЛаруел,* (2002, Скопје); *Critical Debates in Contemporary Philosophy* (2002, Ohrid); *9th AWID Forum* (2002, Guadalajara, Mexico); *Teaching Methodologies/Implementation of New Curricula in Higher Education* (2002, Budapest); *Улогата на наставниот кадар на факултетите* (2002, Ниш), *Teaching Methodology Workshop, CEP* (2002, Mavrovo); *International Conference: Gender in the Politics of the Clinic/Родот во политиките на клиниките* (2003, Скопје - организатор на конференцијата), *CEP/Eight Annual Student Balkan Debate Forum/Централно - европски студентски балкански форум* (2003, Херцег Нови– модератор на форумот); *CEP/HESP Teaching Methods in Higher Education/Наставни методи во високото образование* (2003, Охрид; 2004, Букурешт) и многу други.

Исто така, во наведениот период, д-р Котеска работела како уредник на двојазичното (македонско - англиско) списание за род, политика и култура *Идентитети* (2001-2003), член на уредувачкиот одбор на списанието *Литературен збор* (2005-2006), уредник од Македонија на хрватското електронско списание *Литкон* (2001-2002), уредник за критика во списанието *Блесок* (1998-2003) и други. Таа активно преведувала од словенечки јазик (делови од книгата „Теорија за денешно време" од Растко Мочник, 1999; поезија од Исток Осојник, 1999; раскази од Андреј Блатник, 1998, поезија од Алеш Дебељак, 1998, статија од Ирена Новак Попов, 1998; поезија од Алојз Ихан, 1997); од англиски (делови од книгата „Од другата страна на нормалното" од Петер Крастев, 2000) и други.

Од последниот избор во наставно - научно звање (15.6.2007 година, избор во звањето вонреден професор) до денес, д-р Јасна Котеска работи како вонреден професор на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

### Објавени книги

Од 2007 година до денес, д-р Јасна Котеска ги објавила **следниве книги**:

*Комунистичка интима* (Темплум, Скопје, 2008, 436 страници); и

*Антон Томаж Линхарт: Веселиот ден или Матичек се жени"- Монографија* - приредувач, избор, поговор, редакција на преводот (Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008, 107 страници).

***Комунистичка интима*** е студија што е дел лична нарација, а дел аналитичка студија што ги осветлува врските помеѓу социологијата на книжевноста, идеологијата и минатото во годините помеѓу 1960 и 1990 во македонската книжевност. Книгата се занимава и со личната историја на поетот Јован Котески (татко на авторката), но истовремено претставува широка анализа на комунистичката идеологија и нејзиниот однос кон книжевноста. Книгата е работена со комбинација на психоанализата, социологијата на книжевноста, историјата, политичката наука, културолошките студии, културните херменевтики, анализирајќи повеќе културолошки и социјални феномени од животот во идеолошкото минато, а се занимава и со прашањата на носталгијата, меморијата, говорот во идеолошките пораки, со одбрани книжевни и историски текстови, со улогата на интелектуалците, „судирот на книжевната левица" и

слични, мошне актуелни прашања, клучни за разбирање на нашето блиско минато, но и на сегашноста.

Книгата ***Антон Томаж Линхарт:*** *Веселиот ден или Матичек се жени* (Скопје, 2008), е монографско претставување на А.Т. Линхарт кадешто се појаснети приликите во словенечкото просветителство, улогата на Антон Томаж Линхарт за словенечкото просветителство, како и важноста на драмата на Линхарт за словенечката драмска литература.

Се работи за прв превод на драмата *Веселиот ден или Матичек се жени* од словенечки на македонски јазик, драма која се користи во наставата по предметите од областа на словенистиката. Драмата, всушност, претставува мошне умешна преработка на прочуеното дело на Бомарше *Свадбата на Фигаро*, чие дејство е поместено во Словенија.

Во 2008 година, на словенечки јазик, е објавена нејзината книга: *Intimist (eseji)*, во превод на Namitta Subiotto. (Ljubljana, 2008). Во 2011 година, на бугарски јазик, е преведена книга на Котеска, *Санитарна енигма*, во превод од македонски на бугарски јазик Станимир Панайотов (Софиа, 2011).

## Поглавја во книги

Во периодот од нејзиниот последен избор во наставно - научно звање (2007-2011) до денес, таа објавила **осум поглавја во книги**, од нив три на англиски јазик (во Скопје и во Берлин), една на германски јазик (во Берлин), една на хрватски (во Загреб) и една на српски јазик (во Белград), како и две поглавја во Македонија (да се види прилогот кон Био-библиографијата).

## Научни и стручни трудови

Во наведениот период, д-р Котеска објавила **52 научни и стручни труда** во земјава и во странство (да се види прилогот кон Био-библиографијата). Нејзините текстови од последниве пет години се преведени на англиски, германски, словенечки, албански, словачки, хрватски, српски, бугарски, грчки, романски и турски јазик.

Еден дел од нејзините трудови се објавени во списанијата и во периодиката во **странство**: *Transcript-review, Europe's Online Review of International Writing* (Лондон), *Европската комисија за правда* (Брисел), *Romboid +* (Братислава), *Die Horen* (Берлин) и други. Дел од нејзините статии и студии се објавени во списанијата во **регионот**: *Peščanik; Male Novine*; *Beton; Teorije i politike roda; Pro Femina* (Белград), *Fantom slobode/Goethe Institute*; *Kolo* (Загреб), *Apokalipsa* (Љубљана), *Социологически проблеми; Гласове* (Софија). Студиите и статиите на д-р Јасна Котеска се објавени и во научни и стручни списанија и зборници во **земјава**: *Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески", Зборникот од трудови од Третата македонско - словенечка научна конференција, Блесок, Решенија, Köprü, Interpretations 4, Глобус, Публика* и други.

Освен научните и стручни трудови, д-р Јасна Котеска во наведениот период (2007-2011) објавила 64 колумни во македонската периодика.

## Учество на семинари, конференции и книжевни манифестации

Од 2007 година до денес, д-р Јасна Котеска учествувала на **24 научни конференции**, семинари, симпозиуми или книжевни манифестации (да се види прилогот кон Био-библиографијата). Во **странство**, д-р Јасна Котеска

учествувала на следниве поважни конференции и семинари: *Implementation on Gender Mainstreaming Conference* (Brussels, 17-18.05. 2011), *Sessions on Women Studies and Gender Studies* (Budapest, 15-21. 05. 2010), *Symposium "Secret Services and Artists. 1945-1989/International Literature Festival,* (Berlin, 15-26.09. 2010), *Curriculum Resource Center, Gender Studies. Feminist Film Theory* (Budapest, 6-10. 10. 2008), *N\osztalgia* (Zanka, Hungary, 5-12.05. 2007), *International Seminar, Collegium Hungaricum Berlin* (Berlin, 28-30.09.2007), *Utopia, nostalgia, creative forgetting* (Budapest, 17-19.10.2007) и други.

Во **регионот**, д-р Јасна Котеска учествувала на следниве поважни конференции, книжевни средби и семинари: *Debata: Smelost sečanja* (Beograd, 10-11.02, 2011), *Književna manifestacija Bornina nedelja* (Vranje, 24-26.03. 2011), *Književna debata. Fantom slobode* Goethe Institut – Kroatien (Zagreb, 8-10. 12. 2011), *Summer School Deschooling Classroom. Abecedarium* (Herceg Novi, 10-11.08. 2010), *7th International Literary Festival* (Škocjan, Slovenia 22-27.09. 2010), *Семинар „Микроистория и миркоанализ"/„Политики на историята в XXI век", ЮЗУ „Неофит Рилски"* (Благоевград, 14-16.10. 2010), *Radical Education Collective/Moderna Galerija,* (Ljubljana, 27-29.11.2009), *Megjunarodni naučni skup: Pretstavljanje rodnih identiteta u književnostima i kulturama Balkana i jugoistočne Evrope* (Beograd, 29-30. 11. 2007) и други.

**Научни проекти**

Во наведениот период (од 2007 до денес), д-р Јасна Котеска зела учество во повеќе научноистражувачки национални и меѓународни **проекти**. Ќе наведеме неколку од поважните проекти (за детален список на проектите да се види прилогот кон Био-библиографијата). Во 2010 и 2011 година таа била член на проектот *Vom Wagen und Gewinnen* („Осмели се да се сетиш"), регионален проект на Гете-институтот од Берлин, со учество на единаесет земји од Источна и Југоисточна Европа (2010-2011 Berlin, Skopje, Bucharest, Belgrade, Tirana, Athens, etc). Во 2009 и 2010 работела на проектот *Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията* на ЮЗУ "Неофит Рилски", ПУ „Паисий Хилендарски", како и на семинарите „Политики на историята в XXI век" и "Социологически проблеми", София. Освен овие, таа три години работела и на проектот на Центарот за развој на наставни планови на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта (*Curriculum Resource Center, Central European University, Budapest, Hungary,* (2007, 2008 и 2010 година). Д-р Котеска работела на *Project radikalnega izobraževanja* (2009 година, Moderna galerija, Ljubljana), потоа на заедничкиот германско - унгарски културен проект *N\osztalgia* (German-Hungarian Cultural Year 2007), проект на Plotki (Berlin) и на Anthropolis (Budapest); а исто така и на проектот на Институтот за книжевност и уметност од Белград *Teorije i politike roda. Pretstavljanje rodnih identiteta u knjizevnostima i kulturama Balkana i jugoistocne Evrope* (2007 година).

Д-р Котеска двапати работела на проекти на Македонската академија на науките и уметностите: *Поимник на книжевната теорија* (2006 и 2007 година), како и на проектот *Interpretations 4 and 5/European Research Project for Poetics and Hermeneutics* (2010), исто така на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје.

**Други активности**

Во наведениот период, д-р Јасна Котеска направила антологиски избор од најновата македонска книжевна сцена за белградското списание *Бетон:*

*културно- пропагандни комплет* („Нова македонска књижевна сцена“ во *Бетон: културно- пропагандни комплет*, бр. 112, 10 јули, 2011, Београд).

Д-р Јасна Котеска во периодот 2007-2011 година редактирала, промовирала или рецензирала десетици книги и текстови од потесната област на македонската книжевност и култура.

Во наведениот период (2007-2011 година), д-р Јасна Котеска учествувала во работата на повеќе комисии и работни тела: секретар на Научниот собир посветен на проф. д-р Георги Сталев Поповски, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, одржан на 19 и 20 мај 2011; координатор на литературната секција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, лето 2008; член на комисијата за изготвување критериуми за избор на преведувачи за проектот на Министерството за култура на Република Македонија, март 2010; претседател на дисциплинската комисија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од 2011 година; член на комисијата за пресметка на варијабила 2008-2009; и други.

Од приложените био-библиографски податоци на кандидатката д-р Јасна Котеска можеме да заклучиме дека во својот целокупен развој од почетоците на академската кариера до денес, таа покажува несомнен развој на сите полиња, неопходни за заокружување на профилот на еден универзитетски професор.

Импресивната библиографија (во која спаѓаат посебни книги, поглавја во книги, прилози на научни собири, стаии и есеи, рецензии и прикази на новопојавени книги) покажува широк спектар на содржини и ја потврдува големата ангажираност на д-р Јасна Котеска во различни домени на современата наука за литературата. Релевантноста на нејзините прилози се потврдува со нивното објавување во многубројни странски списанија во регионот и во Европа. Во текстовите на Котеска се открива несомнен усет за книжевниот текст, за неговата естетика, како и теориски добро поткован автор кој сигурно оперира со научната терминологија. Во ваквите прилози особено доаѓа до израз способноста да се искаже јасен суд, поткрепен со аналитичка аргументација. Притоа треба да се истакне дека Котеска со особен интерес ги разгледува авторите што се поврзуваат со постмодернизмот, со женското писмо, но и со проблемот на идеолошката репресија.

Книгите и другите трудови на д-р Ј. Котеска се однесуваат на еден широк дијапазон прашања, разгледувани врз примери од македонската, словенечката и светската литература. Сето тоа го покажува интересот на Котеска кон многу домени на литературата, што ја прави компетентна за повеќе области.

Овој заклучок се однесува и на нејзините проектни активности.

Нагласуваме дека поголем број од трудовите на д-р Ј. Котеска подетално се анализирани при нејзините избори за звањето доцент и вонреден професор (нејзината магистерска и докторската теза, како и книгата *Санитарна енигма* и други значајни прилози). Во периодот од последниот избор, посебно внимание заслужува нејзината книга ***Комунистичка интима,*** што е дел лична нарација, а дел аналитичка студија што ги осветлува врските помеѓу социологијата на книжевноста, идеологијата и минатото во годините помеѓу 1960 и 1990 во македонската книжевност. И секако, за наставата особено корисна е книгата посветена на првиот словенечки драмски автор А.Т.Линхарт и самиот текст на драмата *Матичек се жени*, за првпат преведен на македонски јазик.

За целиот период од нејзиното вработување на Филолошкиот факултет до денес, кандидатката д-р Ј. Котеска покажа несомнен усет за наставно –научна дејност, но и суверено владеење на една поширока проблематика во науката за литературата, што ја прави мошне компетентна за звањето и предметите за кои конкурира. Покрај тоа, во досегашното реализирање на наставно-образовната

дејност д-р Котеска покажа несомнена креативност, иновативност во пристапот, како и способност за успешна комуникација со студентите.

Имајќи ги предвид сите компоненти што го чинат профилот на д-р Јасна Котеска, нејзините многубројни активности на повеќе полиња, релевантните резултати покажани во објавените книги, статии и научни проекти, познавањето странски јазици и секако, успешната наставна практика, слободни сме да го донесеме следниов

## ЗАКЛУЧОК

Јасна Котеска има научен степен доктор на филолошки науки, објавени книги и научни трудови во периодични и во релевантни научни списанија, учесник е на многубројни проекти, семинари, симпозиуми во земјава и во странство, и, што е особено важно - има искуство како универзитетски наставник, при што покажува несомнена педагошка подготвеност и смисла за организација на наставата и работата со студентите воопшто, што е особено битен фактор во новиот начин на студирање. Сите наведени активности (што изразено во бодови изнесуваат 291,29 бодови) ја прават особено квалификувана за работното место за кое конкурира, заради што оваа Комисија со особено задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* **да ја избере д-р Јасна Котеска во звањето редовен професор по предметите** *просветителството и романтизмот во словенечката книжевност; реализмот и модерната во словенечката книжевност; методика на наставата по книжевност 1; методика на наставата по книжевносдт 2; предмети од областа на македонската книжевност и јужнословенските книжевности (втор изборен модул); предмети од областа македонска култура (втор изборен модул).*

Скопје,
**6.2.2012**

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Нада Петковска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Науме Радически, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Јасна Јован Котеска**
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Научна област: книжевност – македонска и јужнословенски книжевности

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | часови | недели | семестри | поени | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | | | | | |
| 1 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 2 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 3 | Нова словенечка книжевност 1 (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 4 | Нова словенечка книжевност 2 (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 5 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 6 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 7 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 8 | Постмодернистички книжевни техники (изборен) (2+0), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 9 | Категоријата „абјект" во јужнословенските книжености и култури (изборен) (2+0), зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 10 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 11 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 12 | Нова словенечка книжевност 1 (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 13 | Нова словенечка книжевност 2 (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 14 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 16 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 17 | Постмодернистички книжевни техники (изборен) (2+0), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 18 | Категоријата „абјект" во јужнословенските книжености и култури (изборен) (2+0), зимски 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 19 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 20 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 21 | Нова словенечка книжевност 1 (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 22 | Нова словенечка книжевност 2 (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 23 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 24 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 25 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 26 | Постмодернистички книжевни техники (изборен) (2+0), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 27 | Категоријата „абјект" во јужнословенските книжености и култури (изборен) (2+0), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 28 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 29 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 30 | Нова словенечка книжевност 1 (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 31 | Нова словенечка книжевност 2 (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 32 | Методика на наставата по книжевност 1 (за гр. мак. книжевност) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Методика на наставата по книжевност 2 (за гр. мак. книжевност) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 34 | Методика на наставата по книжевност 3 (за гр. мак. книжевност) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 35 | Методика на наставата по книжевност 4 (за гр. мак. книжевност) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 36 | Методика на наставата по книжевност 1 (за гр. мак. јазик) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 37 | Методика на наставата по книжевност 2 (за гр. мак. јазик) (2+0), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 38 | Постмодерната во македонската книжевност и филм (2+0) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 39 | Лакан и македонската книжевност и култура (2+0) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 40 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (2+0), зимски/ 2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 41 | Нова словенечка книжевност 1 (2+0) зимски/ 2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 42 | Методика на наставата по книжевност 1 (за гр. мак. книжевност) (2+0) зимски/ 2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 43 | Методика на наставата по книжевност 3 (за гр. мак. книжевност) (2+0), зимски/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 44 | Методика на наставата по книжевност 1 (за гр. мак. јазик) (2+0), зимски/ 2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 45 | Постмодерната во македонската книжевност и филм (2+0) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| | **Вкупно** | | | | | **54** |
| | **Одржување вежби од прв циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | вкупно |
| 1 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 2 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 3 | Нова словенечка книжевност 1 (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 4 | Нова словенечка книжевност 2 (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (0+2), зимски/летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 6 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 7 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (0+1), зимски/летен 2007/2008 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 8 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 9 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 10 | Нова словенечка книжевност 1 (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 11 | Нова словенечка книжевност 2 (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 12 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (0+2), зимски/летен 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 13 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 14 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (0+1), зимски/летен 2008/2009 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 15 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 16 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 17 | Нова словенечка книжевност 1 (0+1), зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 18 | Нова словенечка книжевност 2 (0+1), зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 19 | Словенечка книжевност 6 (постмодернизам) (за гр. словенечки јазик) (0+2), зимски/летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 20 | Преглед на светската книжевност (за гр. албански јазик и книжевност) (0+1) зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 21 | Осврт кон светската книжевност (за гр. турски јазик и книжевност) (0+1), зимски/летен 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 22 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2010/2011 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Реализмот и модерната во словенечката книжевност (0+1), зимски/летен 2010/2011 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 24 | Нова словенечка книжевност 1 (0+1), зимски/летен 2010/2011 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 25 | Нова словенечка книжевност 2 (0+1), зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 26 | Постмодерната во македонската книжевност и филм (0+2) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 27 | Лакан и македонската книжевност и култура (0+2) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 28 | Просветителството и романтизмот во словенечката книжевност (0+1), зимски/ 2011 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 29 | Нова словенечка книжевност 1 (0+1), зимски/ 2011 | 1 | 15 | 1 | 0,03 | 0,45 |
| 30 | Постмодерната во македонската книжевност и филм (0+2) изборен, зимски/летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| | | | | | | **19,08** |
| | **Консултации со студенти** | студенти | | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | 2007/2008 | 160 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 2 | 2007/2008 | 160 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 3 | 2008/2009 | 160 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 4 | 2009/2010 | 160 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 5 | 2010/2011 | 170 | | 2 | 0,002 | 0,34 |
| 6 | Зимски семестар 2011 | 80 | | 1 | 0,002 | 0,16 |
| | | | | | | **2,46** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | 2007/2008 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески", магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 2 | 2008/2009 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески", магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 3 | 2008/2009 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески", магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 4 | 2009/20010 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески", магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 5 | 2010/2011 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески", магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| | **Вкупно** | | | | | **1,5** |
| | **Настава во школи и работилници** | | | | | |
| | | | | | поени | Вкупно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Работилница** Abecedarium, на Летната школа Расшколувано знаење (Summer School Deschooling Classroom). Организатори: Контрапункт, Скопје и ТкХ – генератор, Белград, 10 и 11 (6-12) август, 2010, Херцег Нови, Црна Гора. | | | | | 1 |
| 2. | **Семинар**: Микроисторија и микроанализа, Студенстки изследователски семинар „Микроистория и миркоанализ“, ПУ „Паисий Хилендарски“ и семинар „Политики на историята в XXI век“, ЮЗУ „Неофит Рилски“, 14-16 октомври, 2010, Благоевград, Република Бугарија. | | | | | 1 |
| | **Вкупно** | | | | | **2** |
| | **Ментор на дипломска работа** | | | | | |
| | | | | | Поени | Вкупно |
| 1 | „Поимот абјект во македонските публицистички текстови“ од Влатко Митковски (одбранета – јуни 2010) | | | | | 0,2 |
| 2 | „Модернизмот во драмите на Иван Цанкар (*Јакоб Руда*, *Соблазна во Шентфлоријанската долина* и *Лепа Вида*)“ од Јулијана Јовановска (одбранета – јуни 2010) | | | | | 0,2 |
| 3 | „Постмодернистички тела (согледби за постмодернизмот преку техничко-тематска анализа на драмата „Црни играчки“ од Венко Андоновски)“ од Давор Стојановски (одбраната – септември 2010) | | | | | 0,2 |
| 4 | „Интертекстуалност и метатекстуалност во македонскиот постмодерен расказ“ од Јадранка Јованова (одбранета октомври 2010) | | | | | 0,2 |
| 5 | „Просветителството во Словенија од Анкица Дамјановска“ (одбранета во декември 2010) | | | | | 0,2 |
| 6 | „Структурна анализа (на метафоричното ниво) во романот *Десеттиот брат* од Јосип Јурчич“ од Снежана Андоновска (одбранета зимата 2011) | | | | | 0,2 |
| 7 | „Симболизмот кај Кете и Мурн од Македонка Георгиева“ (одбранета на 22.9.2011) | | | | | 0,2 |
| 8 | „Категоријата абјект во македонската книжевност “ од Маријана Јанческа (одбранета на 14 октомври 2011) | | | | | 0,2 |
| | | | | | **Вкупно** | **1,6** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | | | | поени | Вкупно |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Член на 15 комисии за обрана на дипломски работи (2007-2011) | | | | 0,1 | 1,5 |
| | | | | | **Вкупно** | **1,5** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | | | | | |
| | | | | | поени | Вкупно |
| 1 | Магистерски труд *Khora: Femininity and Space in Plato's* Timaeus by Stanimir Panayotov (одбранет 14 декември 2011, „Институт Евро Балкан, Скопје) | | | | 0,3 | |
| 2 | Магистерски труд „Методички постапки за интерпретација на поетскиот текст во наставата по литература“ од Ана Витанова (Филолошки факултет „Блаже Конески“, одбранет на 5 април 2011). | | | | 0,3 | |
| 3 | Магистерски труд „Книжевната генерација на Борхесовците во поезијата и прозата“ од Јасмина Костадиновска (Филолошки факултет „Блаже Конески“, одбранет на 17 март 2011). | | | | 0,3 | |
| 4 | Магистерски труд „Есејот во македонската книжевност“ од Татјана Б. Ефтимоска (Филолошки факултет „Блаже Конески“, одбранет во јуни 2009). | | | | 0,3 | |
| | **Вкупно** | | | | | **1,2** |
| | **Член на комисија за оценка или одбрана на докторат** | | | | | |
| | | | | | поени | Вкупно |
| 1 | Докторска дисертација „Иронијата во македонската книжевност“ од Елизабета Петрушева (Филолошки факултет „Блаже Конески“, одбранета пролетта 2009) | | | | 0,5 | |
| | **Вкупно** | | | | | **0,5** |
| | | | | | | |
| | **Севкупно** | | | | | **83,84** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Монографии** | |
| | | |
| 1. | Котеска, Јасна: *Комунистичка интима*, Темплум, Скопје, 2008, 436 страници. ISBN 978-9989-189-41-8 | 8 |
| 2. | Котеска, Јасна (приредувач, избор, поговор, редакција на преводот). *Антон Томаж Линхарт: Веселиот ден или Матичек се жени“- Монографија.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2008, 107 страници. ISBN 978- | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 9989-724-63-3 | |
| | | |
| | **Монографии објавени во странство** | |
| | | |
| 1. | Koteska, Jasna: *Intimist (eseji)*, Prevedla Namitta Subiotto. „Društvo Apokalipsa, Ljubljana, 2008, 216 страници. ISBN 978-961-6644-30-3 | 12 |
| 2. | Котеска, Ясна. *Санитарна енигма*, превод од македонски на бугарски јазик: Станимир Панайотов, K&X, Critique & Humanism Publishing House, София, Бугарија, декември 2011. | 12 |
| | **Дел од монографија** | |
| | | |
| 3. | Koteska, Jasna. "Theoretical Psychoanalysis and Literature" во: *Interpretations. European Research Project for Poetics and Hermeneutics* Volumes No. 4/5, Edited by Katica Kjulafkova and Natasha Avramovska, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, 2011, 237-263. (English) | 4 |
| | **Дел од монографија објавен во странство** | |
| | | |
| 4. | Koteska, Jasna. „Komunistička memorija", preveo s makedonskog Borislav Pavlovski, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin-Zagreb. Објавено во: *Fantom slobode* , br. 2-3, Goethe Institute, Duriex, Zagreb, 2011, 249-276. (Croatian) | 6 |
| 5. | Koteska, Jasna: „Kommunistisches Gedächtnis", translated to German by Alexander Sitzmann, in: *Die Horen, Zeitschrift fur Literatur, Kunst und Kritik*, no.239, 3 Quartal, 2010, p. 129-149, Berlin, Germany. (German) | 6 |
| 6. | Koteska, Jasna. „Buržoaska hijerarhija sanitarnih tela". in: *Teorije i politike roda, Rodni identiteti u književnostima i kulturama jugoistočne Evrope*, urednica dr. Tatjana Rosić, Institut za književnost i umetnost, Beograd, 2008, 115-123. (Serbian) | 6 |
| 7. | Koteska, Jasna. „Intimist" во *N\osztalgia- Ways of Revisiting the Socialist Past*, editor Isabella Willinger, Berlin, 2007, 88-91. (English) | 6 |
| | | |
| | **Објавени трудови во домашни и странски научни/стручни списанија и зборници** | |
| | | |
| 8. | Котеска, Јасна. „За Јадранка: за канцеларијата на вистинскиот учител", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, Скопје, 2011, 17-25. | 2 |
| 9. | Koteska, Jasna. „Komunistička memorija", preveo s makedonskog Borislav Pavlovski, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin-Zagreb. In: *Fantom slobode* , br. 2-3, Goethe Institute, Duriex, Zagreb, 2011, 249-276. (Croatian) | 3 |
| 10. | Koteska, Jasna. „Nož iza leđa", во: *Peščanik*, Beograd, 4 Mart 2011, и во: *Male Novine*, Beograd, 5 mart 2011 (Serbian) | 2 |
| 11. | Koteska, Yasna. „Sinemada Var olmayan Baba Figürü", translated into Turkish by Seyhan Murtezan Ibrahimi, in *Köprü*, Nisan 2010, Sayi 42, Üsküp, Makedonya, 17-22. (Turkish) | 3 |
| 12. | Koteska, Jasna. „Terrorism", in: *Transcript-review*, Europe's Online Review of International Writing, translated from Macedonian by Rodna Ruskovska, 35th issue, 2010. (English) | 3 |
| 13. | Koteska, Jasna. "Na čom si, ked' vydávas svoje dielo?", prekl. Juraj Foltan a Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročnik 44-45, 2009-2010, s. 84-88. (Slovakian) | 3 |
| 14. | Koteska, Jasna. „Otcovia a synovial", preložili Juraj Foltán, Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročnik 44-45, 2009-2010, s. 77-83. (Slovakian) | 3 |
| 15. | Koteska, Jasna. „Láska v macedónskej fantastickej poviedke (k niektorým aspektom: prechod-hybris, vampirizmus, portrét-zrkadlo, l'úbostný trojuholník | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | akastrácia)", prekl. Alica Kuhilová, Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročník 44-45, 2009-2010, s. 55-72. (Slovakian) | |
| 16. | Котеска, Ясна „Комунистическа памет", Превод от македонски: Станимир Панайотов, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin-Sofia (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (Bulgarian) | 3 |
| 17. | Koteska, Jasna: „Kommunistisches Gedächtnis", translated to German by Alexander Sitzmann in: *Die Horen*, Zeitschrift fur Literatur, Kunst und Kritik, no.239, 3 Quartal, 2010, p. 129-149, Berlin, Germany. (German) | 3 |
| 18. | Koteska, Jasna. *Kujesta Komuniste*, perkthyer nga Milena Selimi, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Tirana (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany (Albanian) | 3 |
| 19. | Koteska Jasna. *ΚΟΜΟΥΝΙΣΤΙΚΗ ΜΝΗΜΗ*, από την πΓΔΜ. Μετάφραση: Emilija Majstorova-Stojanovska, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Athena (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany. (Greek) | 3 |
| 20. | Koteska, Jasna. *Memoria comunismului*, Simpraga în traducerea Aralei Ciora, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Bucharest (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany (Romanian) | 3 |
| 21. | Koteska, Jasna. Komünist hafizasi, translated by Oktay Ahmed, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Istanbul (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (Turkish) | 3 |
| 22. | Котеска, Јасна: „Комунистичка меморија", за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Скопје (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany | 3 |
| 23. | Koteska, Jasna: „Communist Memory", translated by Vera Trandafilovska i Rodna Ruskovska, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin-London (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (English) | 3 |
| 24. | Котеска, Јасна. „Филозофијата на ресентиманот во романот 'Див занес' од Атанас Вангелов", во *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010, 257-279. | 2 |
| 25. | Котеска, Ясна. „Архив, травма, помирение", in: *Социологически проблеми* 3-4 (Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията), год. XLII, книжка 3-4, София, 2010, 22-40. (Bulgarian) | 3 |
| 26. | Котеска, Ясна: „Отсъстващите бащи", in: *Социологически проблеми* 3-4 (Свидетелство и архив - между микроистория и социология, Софија, 2010. (Bulgarian) | 3 |
| 27. | Котеска, Ясна: "Към дебата за практическото минало: „Можем да изследваме ... следите... на миналото... но не самото минало" Хейдън Уайт", во: *Социологически проблеми* (Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията), год. XLII, книжка 3-4, Софија, 2010, 215-225. (Bulgarian) | 3 |
| 28. | Котеска, Јасна. „Категоријата интимност во првата словенечка нововековна драма 'Матичек се жени' од А. Т. Линхарт", во: *Зборникот од трудови од Третата македонско-словенечка научна конференција (Охрид, 2007)*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009, 405-427. | 2 |
| 29. | Koteska, Jasna. „Spaces without Time", in: *Radical Education Collective Conference, The Conference Proceedings*, 28 и 29 ноември, 2009, Moderna Galerija, Ljubljana. (English) | 3 |
| 30. | Koteska, Jasna. „Filozofija resantimana u romanu 'Divlji zanos" Atanasa Vngelova, prevela s makedonskog Borjana Prošev-Oliver, *Kolo*, Zagreb, 2010. (Croatian) | 2 |
| 31. | Koteska, Jasna. „Intimist". in: *Pro Femina, Časopis za žensku književnost i kulturu*, god. X, broj 51/52, Beograd, 2008, 268-282. (Serbian) | 2 |
| 32. | Котеска, Јасна/Koteska, Jasna. „Отсутни татковци/Absent Fathers", in: *Блесок/Shine*. No. 61-62, Скопје/Skopje, July October 2008. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Котеска Ясна. „Санитарното налагане на табуата (балкански родови последици)", во: *Гласове (нова хуманистика от балкански авторки"*, Издателство СОНМ, София, Бугариа, 2007, 157-171. (Bulgarian) | 3 |
| | | |
| | **Учество на научен/стручен собир/конференција со реферат** | |
| | | |
| 34. | „Implementation on Gender Mainstreaming, Comments Paper for the Republic of Macedonia". Text presented at the Conference: *Good Practice in Gender Mainstreaming*, European Commission of Justice (Brussels) and ÖSB Consulting GmbH (Wien), held 17 and 18 May, 2011 in Brussels, Belgium. Published: *Europa, European Commission, Justice*, 2011 http://ec.europa.eu/justice/gender-equality/files/exchange_of_good_practice_be/mk_comments_paper_en.pdf (English) | 1 |
| 35. | „Комунистичка меморија", текст презентиран на тркалезната маса: *„Осмели се да се сетиш"*, проект на Гете-институтот од Скопје, одржана на 2 јуни 2011 година во Скопје, Македонија. | 1 |
| 36. | "The Secret Services and Artists 1945-1990 in Macedonia (With a Special Reflection on the Case of the Macedonian Poet Jovan Koteski)", text presented at the *10th Literaturfestival Berlin*, 17-19 September, 2010, at the Conference »Enlightenment versus Concealment. Secret Police, Artists and the Examination and Reappraisal of the Communist Dictatorships«, Berlin, Germany. (English) | 1 |
| 37. | "Nine Out of Ten: On Women in Literatures and On the Construction of the Literary Canon", text presented at the Symposium "White Ink: Post/feminisms, Gender theories and Literature", at the *7th Festival Review Within Review*, KUD Apokalipsa, 22-27 September, 2010, Skocjan, Slovenia. (English) | 1 |
| 38. | „Филозофијата на ресентиманот во романот 'Див занес' од Атанас Вангелов", текст изложен на *Симпозиумот посветен на Атанас Вангелов*, Филолошки факултет, Скопје, 15 и 16 декември 2009, и во *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010, 257-279. | 1 |
| 39. | „Nož iza leđa", Debata: Smelost sečanja, "O kulturi sečanja na prostoru bivše Jugoslavije", 10-11 fevruari, 2011, Goethe Institute, Beograd, Srbija. | 1 |
| 40. | "Uloga malih kultura danas", Književna manifestacija Bornina nedelja, Vranje, 24-26 mart, 2011, Vranje, Srbija. | 1 |
| 41. | "Fantom slobode" Književna debata. Fantom slobode. Goethe Institut – Kroatien, 8-10 декември 2011, Zagreb, Hrvatska. | 1 |
| 42. | Sessions on Women Studies and Gender Studies, Curriculum Resource Center, Central European University; (Централноевропски универзитет, Будимпешта, Центар за развој на наставни планови); 15-21 мај 2010, Budapest, Hungary. | 1 |
| 43. | „Словенистиката на Филолошки факултет 'Блаже Конески', Скопје", тркалезна маса „Словенистиката и македонистиката – искуства, перспективи и идеи, 50 години од наставата по словенечки јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески", 20 април 2010, Скопје. | 1 |
| 44. | „Викиликс и самиздат", реферат изложен на панел дискусијата: ефектите на Wikileaks, Центар за истражување и креирање политики, 24 декември 2010, Скопје. | 1 |
| 45. | „Словенистиката во Македонија", Тркалезна маса по повод излегувањето на антологијата на словенечки кус расказ на македонски јазик „За што зборуваме", Институт за македонска книжевност, 10-12 ноември 2009, Скопје. | 1 |
| 46. | „Spaces without time" text presented at the Radical Education Collective. Moderna Galerija, Ljubljana, Slovenia. Радикална конференција, Модерна галерија, Љубљана, 27-29 ноември, 2009, Љубљана, Словенија. | 1 |
| 47. | "Gendered Film" text presented at CRC, Gender Studies. Feminist Film Theory. Проект на Curriculum Resource Center, Central European University (Централноевропски универзитет, Будимпешта, Центар за развој на наставни планови); 6-10 октомври 2008 година, во Будимпешта, Унгарија. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 48. | "Intimist" Simposium: N\osztalgia, мај 2007, German - Hungarian Cultural Year 2007, project of Plotki (Berlin) and Anthropolis (Budapest), мај 2007 година во Занка, Унгарија. | 1 |
| 49. | „Интернационален семинар на Collegium Hungaricum Berlin", 28-30 септември 2007 во Берлин, Германија. | 1 |
| 50. | „Утопија, носталгија и креативно заборавање", 17-19 октомври 2007 во Будимпешта, Унгарија. | 1 |
| 51. | Megjunarodni naučni skup: Pretstavljanje rodnih identiteta u književnostima i kulturama Balkana i jugoistočne Evrope, 29-30 ноември 2007, Белград, Србија. | 1 |
| | | |
| | **Одржано предавање по покана на универзитет** | |
| | | |
| 52. | Public Lecture "Macedonian Female Literature" for students from the University Adam Mickiewicz from Poznan, Poland, held on the 11th of May 2011, at the Faculty of Philology "Blaze Koneski", Skopje Macedonia (Lecture held in English). | 1 |
| | | |
| | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | |
| | | |
| 53. | Koteska, Jasna. „Prosthetic Ideologies Versus Ethical Acts: Freud and Lacan Against the Communist Heritage of the 20th Century". за конференцијата *Critical Social Theory: Freud & Lacan For the 21st Century,* April 7 and 8, 2010, Boston, Massachusetts. (English) | 1 |
| | **Вкупно** | **183,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Поглавје во книга** | |
| 1. | Котеска, Јасна. „Небо на Фима Клетникова" во *Фима Клетникова: Небо,* Менора, Скопје, 2010, 103-104. | 2 |
| 2. | Котеска, Јасна. "Дијалог и Самиздат", во: *Решенија*, списание за политичка култура и дијалог, Цивил, Скопје, 2011, 66-76./ Koteska, Jasna. „Dialogu dhe samizdati", in: *Zgjidhje*, Reviste per kulturen politike dhe dialogun, Civil, Skopje, 2011, 186-196 (Albanian)/ Koteska, Jasna. „Dialogue and Samizdat", *Cure*, Civil, Skopje, 2011, 306-316 (English) | 2 |
| 3. | Котеска, Јасна. Поговор кон: *Ѕиркачот* од Сашо Прокопиев, Магор, Скопје, 2007. | 2 |
| | | |
| | **Речник или стручна енциклопедија** | |
| | | |
| 4. | Котеска, Јасна. „Женско писмо" во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 169-171. | 3,79 |
| 5. | Котеска, Јасна. „Гинокритика" во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 101-102. | 2,61 |
| | **Објавени трудови** | |
| | | |
| 1. | Котеска, Јасна. „Скопје и јас", *Окно*, 2 јули 2010, Скопје (првиот дел од текстот е репринт на Скопје и јас во *Жена*, ноември 2005, бр. 646, год. LXI. | 1 |
| 2. | Котеска, Јасна. „Феминизација на сиромаштијата", *Глобус*, Скопје, бр. 173, 10.8.2010, стр. 38-39. | 1 |
| 3. | Котеска, Јасна. „Јован Котески" – библиографска белешка за *Проектот 130 тома македонска книжевност во превод на англиски јазик.* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Котеска, Јасна: „Скопје", во: Иван Блажев и Владимир Јанковски, *Лицата на невидливиот град*, Темплум, Скопје, 2010, стр. 30. | 1 |
| 5. | Котеска, Јасна. „Каде стоиш додека го создаваш своето дело?, во: *Блесок*, бр. 64, јануари - февруари 2009, Скопје. | 1 |
| 6. | Koteska, Jasna. "Where Do You Stand While You Create Your Work?" Translated into English by Magdalena Horvat, in: *Shine*, No. 64, January-February 2009, Skopje. (English) | 1 |
| 7. | Котеска, Јасна. „Биобиблиографска белешка за авторот", во: *Сончева белегија. Јован Котески*, избор и предговор Санде Стојчевски, НИД Микена, Скопје, 2009, 214-218. | 1 |
| | | |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| | | |
| 8. | Јавна дискусија „Проблемите со полот/родот", Коалиција за сексуалните и здравствени права на маргинализираните заедници во Република Македонија", ГЕМ клуб, 3 мај 2010, Скопје, Македонија. | 0,5 |
| 9. | Промоција на 4 книги и зборници (Вангелов, Клетникова, Тречоски и „Антологијата на словенечката куса проза") (0,5 поени) | 2 |
| | | |
| | **Член на уредувачки одбор на научно - стручно списание** | |
| | | |
| 10. | Член на уредувачкиот одбор на „Идентитети" (списание за род, литература и култура) – меѓународен одбор | 1 |
| 11. | Член на уредувачкиот одбор на „Литературен збор" – национален одбор | 0,5 |
| | | |
| | **Член на организационен или програмски одбор за научен/стручен собир** | |
| | | |
| 12. | Секретар на Научниот собир посветен на проф. д-р Георги Сталев Поповски, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, одржан на 19 и 20 мај, 2011 | 0,5 |
| 13. | Координатор на литературната секција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, лето 2008. | 0,5 |
| 14. | Член на организациониот одбор на *Третата македонско-словенечка научна конференција*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2007. | 0,5 |
| | | |
| | **Вкупно** | **24,45** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 83,84 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 183,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,45 |
| **Вкупно** | **291,29** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Нада Петковска, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.

3. Проф. д-р Науме Радически, член, с.р.

## ПРИЛОГ: БИБЛИОГРАФИЈА

Јасна Котеска

### КНИГИ (2007-2011)

1. Koteska, Jasna: *Intimist (eseji)*, Prevedla Namitta Subiotto. „Društvo Apokalipsa, Ljubljana, 2008, 216 страници. ISBN 978-961-6644-30-3
2. Котеска, Јасна: *Комунистичка интима*, Темплум, Скопје, 2008, 436 страници. ISBN 978-9989-189-41-8
3. Котеска, Јасна (приредувач, избор, поговор, редакција на преводот). *Антон Томаж Линхарт: Веселиот ден или Матичек се жени"- Монографија*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008, 107 страници. ISBN 978-9989-724-63-3.
4. Котеска, Ясна. *Санитарна енигма*, превод од македонски на бугарски јазик Станимир Панайотов, K&X, Critique & Humanism Publishing House, Софиа, Бугариа, декември 2011.

### ПОГЛАВЈА ВО КНИГИ (2007-2011)

1. Koteska, Jasna. "Theoretical Psychoanalysis and Literature" во: *Interpretations. European Research Project for Poetics and Hermeneutics* Volumes No. 4/5, Edited by Katica Kjulafkova and Natasha Avramovska, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, 2011, 237-263. (English)
2. Koteska, Jasna. „Komunistička memorija", preveo s makedonskog Borislav Pavlovski, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Zagreb. Објавено во: *Fantom slobode* , br. 2-3, Goethe Institute, Duriex, Zagreb, 2011, 249-276. (Croatian)
3. Koteska, Jasna: „Kommunistisches Gedächtnis", translated to German by Alexander Sitzmann, in: *Die Horen, Zeitschrift fur Literatur, Kunst und Kritik*, no.239, 3 Quartal, 2010, p. 129-149, Berlin, Germany. (German)
4. Koteska, Jasna. „Dialogue and Samizdat", *Cure*, journal on political culture and dialogue, Civil, Skopje, 2011, 306-316 (English)
5. Koteska, Jasna. „Buržoaska hijerarhija sanitarnih tela". in: *Teorije i politike roda, Rodni identiteti u književnostima i kulturama jugoistočne Evrope*, urednica dr. Tatjana Rosić, Institut za književnost i umetnost, Beograd, 2008, 115-123. (Serbian)
6. Koteska, Jasna. „Intimist" во *N\osztalgia- Ways of Revisiting the Socialist Past*, editor Isabella Willinger, Berlin, 2007, 88-91. (English)
7. Котеска, Јасна. „Женско писмо", во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач: Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 169-171.
8. Котеска, Јасна. „Гинокритика", во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач: Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 101-102.

## НАУЧНИ И СТРУЧНИ СТУДИИ И СТАТИИ (2007-2011)

### 2011

1. Koteska, Jasna. „Implementation on Gender Mainstreaming, Comments Paper for the Republic of Macedonia". Text presented at the Conference: *Good Practice in Gender Mainstreaming*, European Commission of Justice (Brussels) and ÖSB Consulting GmbH (Wien), held 17 and 18 May, 2011 in Brussels, Belgium. Published: *Europa, European Commission, Justice*, 2011 http://ec.europa.eu/justice/gender-equality/files/exchange_of_good_practice_be/mk_comments_paper_en.pdf (English)
2. Koteska, Jasna. „Nož iza leđa", во: *Peščanik*, Beograd, 4 Mart 2011, и во: *Male Novine*, Beograd, 5 mart 2011 (Serbian)
3. Koteska, Jasna. „Komunistička memorija", preveo s makedonskog Borislav Pavlovski, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Zagreb. In: *Fantom slobode* , br. 2-3, Goethe Institute, Duriex, Zagreb, 2011, 249-276. (Croatian)
4. Котеска, Јасна. "Дијалог и Самиздат", во: *Решенија*, списание за политичка култура и дијалог, Цивил, Скопје, 2011, 66-76.
5. Koteska, Jasna. „Dialogu dhe samizdati", in: *Zgjidhje*, Reviste per kulturen politike dhe dialogun, Civil, Skopje, 2011, 186-196 (Albanian)
6. Koteska, Jasna. „Dialogue and Samizdat", *Cure*, journal on political culture and dialogue, Civil, Skopje, 2011, 306-316 (English)
7. Koteska, Jasna. „Скопје и јас", translated into Turkish by Seyhan Murtezan Ibrahimi, in: *Köprü* –in print (Turskish)
8. Котеска, Јасна. „За Јадранка: за канцеларијата на вистинскиот учител", во: *Зборникот посветен на творештвото на д-р Јадранка Владова*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2011 – во печат.
9. Котеска, Јасна. „Црна Арапина кај Сталев", текст за *„Научниот собир Творечкиот лик на проф. д-р Георги Сталев Поповски"*, одржан 19 и 20 мај 2011, Скопје, Македонија.
10. Котеска, Јасна. Комунистичка меморија, текст презентиран на тркалезната маса: *„Осмели се да се сетиш"*, проект на Гете-институтот од Скопје, одржана на 2 јуни 2011 година во Скопје, Македонија.
11. Котеска, Јасна. „Напорно е да се гради сликата на достоинствен човек", Неделен политички магазин *Публика* (Дневник), бр. 44, сабота 8 октомври 2011, 38-39.
12. Koteska, Jasna. "Theoretical Psychoanalysis and Literature" во: *Interpretations. European Research Project for Poetics and Hermeneutics* Volumes No. 4/5, Edited by Katica Kjulafkova and Natasha Avramovska, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, 2011, 237-263. (English)

### 2010

13. Koteska, Yasna. „Sinemada Var olmayan Baba Figürü",translated into Turkish by Seyhan Murtezan Ibrahimi, in *Köprü*, Nisan 2010, Sayi 42, Üsküp, Makedonya, 17-22. (Turkish)
14. Koteska, Jasna. „Prosthetic Ideologies Versus Ethical Acts: Freud and Lacan Against the Communist Heritage of the 20th Century". за

конференцијата *Critical Social Theory: Freud & Lacan For the 21st Century*, April 7 and 8, 2010, Boston, Massachusetts. (English)

15. Koteska, Jasna. „Terrorism", in: *Transcript-review*, Europe's Online Review of International Writing, translated from Macedonian by Rodna Ruskovska, 35th issue, 2010. (English)
16. Koteska, Jasna. "The Secret Services and Artists 1945-1990 in Macedonia (With a Special Reflection on the Case of the Macedonian Poet Jovan Koteski)", text presented at the *10th Literaturfestival Berlin*, 17-19 September, 2010, at the Conference »Enlightenment versus Concealment. Secret Police, Artists and the Examination and Reappraisal of the Communist Dictatorships«, Berlin, Germany. (English)
17. Koteska, Jasna. "Nine Out of Ten: On Women in Literatures and On the Construction of the Literary Canon", text presented at the Symposium "White Ink: Post/feminisms, Gender theories and Literature", at the *7th Festival Review Within Review*, KUD Apokalipsa, 22-27 September, 2010, Skocjan, Slovenia. (English)
18. Koteska, Jasna. "Na čom si, ked' vydávas svoje dielo?", prekl. Juraj Foltan a Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročnik 44-45, 2009-2010, s. 84-88. (Slovakian)
19. Koteska, Jasna. „Otcovia a synovial", preložili Juraj Foltán, Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročnik 44-45, 2009-2010, s. 77-83. (Slovakian)
20. Koteska, Jasna. „Láska v macedónskej fantastickej poviedke (k niektorým aspektom: prechod-hybris, vampirizmus, portrét-zrkadlo, l'úbostný trojuholník akastrácia)", prekl. Alica Kuhilová, Stanislava Repar, in *Romboid*, Bratislava, ročnik 44-45, 2009-2010, s. 55-72. (Slovakian)
21. Котеска, Ясна „Комунистическа памет", Превод от македонски: Станимир Панайотов, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Sofia (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (Bulgarian)
22. Koteska, Jasna: „Kommunistisches Gedächtnis", translated to German by Alexander Sitzmann in: *Die Horen*, Zeitschrift fur Literatur, Kunst und Kritik, no.239, 3 Quartal, 2010, p. 129-149, Berlin, Germany. (German)
23. Koteska, Jasna. *Kujesta Komuniste*, perkthyer nga Milena Selimi, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Tirana (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany (Albanian)
24. Koteska Jasna. *ΚΟΜΟΥΝΙΣΤΙΚΗ ΜΝΗΜΗ*, από την πΓΔΜ. Μετάφραση: Emilija Majstorova-Stojanovska, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Athena (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany. (Greek)
25. Koteska, Jasna. *Memoria comunismului*, Simpraga în traducerea Aralei Ciora, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin-Bucharest (text published online: Goethe.de), October, 2010, Berlin, Germany (Romanian)
26. Koteska, Jasna. Koműnist hafizasi, translated by Oktay Ahmed, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen* , Goethe Institute, Berlin- Istanbul (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (Turkish)

27. Котеска, Јасна. „Скопје и јас", *Окно*, 2 јули 2010, Скопје (првиот дел од текстот е репринт на Скопје и јас во *Жена*, ноември 2005, бр. 646, год. LXI.
28. Котеска, Јасна. „Феминизација на сиромаштијата", *Глобус*, Скопје, бр. 173, 10.08.2010, стр. 38-39.
29. Котеска, Јасна. „Небо на Фима Клетникова", во: *Фима Клетникова: Небо*, Менора, Скопје, 2010, 103-104.
30. Котеска, Јасна: „Комунистичка меморија", за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- Скопје (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany
31. Koteska, Jasna: „Communist Memory", translated by Vera Trandafilovska i Rodna Ruskovska, за проектот *Vom Wagen und Gewinnen*, Goethe Institute, Berlin- London (text published online: Goethe.de) October, 2010, Berlin, Germany (English)
32. Котеска, Јасна. „Филозофијата на ресентиманот во романот 'Див занес' од Атанас Вангелов", текст изложен на *Симпозиумот посветен на Атанас Вангелов*, Филолошки факултет, Скопје, 15 и 16 декември 2009, и во *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010, 257-279.
33. Котеска, Јасна. „Јован Котески" – библиографска белешка за *Проектот 130 тома македонска книжевност во превод на англиски јазик.*
34. Котеска, Ясна. „Архив, травма, помирение", in: *Социологически проблеми* 3-4 (Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията), год. XLII, книжка 3-4, София, 2010, 22-40. (Bulgarian)
35. Котеска, Ясна: „Отсъстващите бащи", in: *Социологически проблеми* 3-4 (Свидетелство и архив - между микроистория и социология, Софија, 2010. (Bulgarian)
36. Котеска, Јасна: „Скопје", во: Иван Блажев и Владимир Јанковски, *Лицата на невидливиот град*, Темплум, Скопје, 2010, стр. 30.
37. Котеска, Ясна: "Към дебата за практическото минало: „Можем да изследваме ... следите... на миналото... но не самото минало" Хейдън Уайт", во: *Социологически проблеми* (Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията), год. XLII, книжка 3-4, Софија, 2010, 215-225. (Bulgarian)

**2009**

38. Котеска, Јасна. „Каде стоиш додека го создаваш своето дело?, во: *Блесок*, бр. 64, јануари - февруари 2009, Скопје.
39. Koteska, Jasna. "Where Do You Stand While You Create Your Work?" Translated into English by Magdalena Horvat, in: *Shine*, No. 64, January-February 2009, Skopje. (English)
40. Котеска, Јасна. „Читателите не се идиоти, барем не секогаш", во: *Глобус*, бр. 92, 20 јануари, 2009.
41. Котеска, Јасна. „Категоријата интимност во првата словенечка нововековна драма 'Матичек се жени' од А. Т. Линхарт", во: *Зборникот од трудови од Третата македонско-словенечка научна конференција (Охрид, 2007)*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009, 405-427.

42. Koteska, Jasna. „Spaces without Time", in: *Radical Education Collective Conference, The Conference Proceedings*, 28 и 29 ноември, 2009, Moderna Galerija, Ljubljana. (English)
43. Koteska, Jasna. „Filozofija resantimana u romanu 'Divlji zanos" Atanasa Vngelova, prevela s makedonskog Borjana Prošev-Oliver, *Kolo*, Zagreb, 2010. (Croatian)
44. Котеска, Јасна. „Биобиблиографска белешка за авторот", во: *Сончева белегија. Јован Котески*, избор и предговор: Санде Стојчевски, НИД Микена, Скопје, 2009, 214-218.

**2008**

45. Koteska, Jasna. „Buržoaska hijerarhija sanitarnih tela" in: *Teorije i politike roda, Rodni identiteti u književnostima i kulturama jugoistočne Evrope*, urednica dr. Tatjana Rosić, Institut za književnost i umetnost, Beograd, 2008, 115-123. (Serbian)
46. Koteska, Jasna. „Intimist". in: *Pro Femina, Časopis za žensku književnost i kulturu*, god. X, broj 51/52, Beograd, 2008, 268-282. (Serbian)
47. Котеска, Јасна/Koteska, Jasna. „Отсутни татковци/Absent Fathers", in: *Блесок/Shine*. No. 61-62, Скопје/Skopje, July October 2008.

**2007**

48. Koteska, Jasna. „Intimist" во: *N\osztalgia- Ways of Revisiting the Socialist Past*, editor Isabella Willinger, Berlin, 2007, 88-91. (English)
49. Котеска Ясна. „Санитарното налагане на табуата (балкански родови последици)", во: *Гласове (нова хуманистика от балкански авторки*", Издателство СОНМ, Софиа, Бугариа, 2007, 157-171. (Bulgarian)
50. Котеска, Јасна. Поговор кон: *Sиркачот* од Сашо Прокопиев, Магор, Скопје, 2007.
51. Котеска, Јасна. „Женско писмо", во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 169-171.
52. Котеска, Јасна. „Гинокритика", во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач Катица Ќулафкова, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2007, XV, 101-102.

Освен научните и стручни трудови, д-р Јасна Котеска во наведениот период (2007-2011) објавила 64 колумни во македонската периодика.

## НАУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, СИМПОЗИМИ (2007-2011)

**2011**

1. Debata: Smelost sečanja, "O kulturi sečanja na prostoru bivše Jugoslavije", 10-11 fevruari, 2011, Goethe Institute, Beograd, Srbija.

2. Književna manifestacija Bornina nedelja, Vranje, 24-26 mart, 2011, Vranje, Srbija.

3. Јавна дискусија „Проблемите со полот/родот", Коалиција за сексуалните и здравствени права на маргинализираните заедници во Република Македонија", ГЕМ клуб, 3 мај 2010, Скопје, Македонија.

4. Public Lecture "Macedonian Female Literature" for students from the University Adam Mickiewicz from Poznan, Poland, held on the 11th of May 2011, at the Faculty of Philology "Blaze Koneski", Skopje Macedonia.

5. Conference: Implementation on Gender Mainstreaming. Good Practice in Gender Mainstreaming, European Commission of Justice (Brussels) and ÖSB Consulting GmbH (Wien), 17 and 18 May, 2011, Brussels, Belgium.

6. Творечкиот лик на проф. д-р Георги Сталев Поповски. Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 19 и 20 мај 2011, Скопје, Македонија.

7. Тркалезна маса и панел-дискусија: „Осмели се да се сетиш" Проект во организација на Гете-институтот од Скопје, 2 јуни 2011 година, Скопје, Македонија.

8. Književna debata. Fantom slobode. Goethe Institut – Kroatien, 8-10 декември 2011, Zagreb, Hrvatska.

**2010**

1. Sessions on Women Studies and Gender Studies, Curriculum Resource Center, Central European University; (Централноевропски универзитет, Будимпешта, Центар за развој на наставни планови); 15-21 мај 2010, Budapest, Hungary.

2. Тркалезна маса „Словенистиката и македонистиката – искуства, перспективи и идеи, 50 години од наставата по словенечки јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески", 20 април, 2010, Скопје.

3. Работилница Abecedarium, на Летната школа „Расшколувано знаење" (Summer School Deschooling Classroom). Организатори: Контрапункт, Скопје и ТкХ – генератор, Белград, 10 и 11 (6-12) август 2010, Херцег Нови, Црна Гора.

4. International Literature Festival, Berlin, Germany, 15-26 септември, 2010. Symposium "Secret Services and Artists. 1945-1989" from the 10th international literature festival berlin (ilb) in cooperation with the Behörde der Bundesbeauftragten für die Unterlagen des Staatssicherheitsdienstes der ehemaligen Deutschen Demokratischen Republik (BStU), 15-26 September, 2010, Berlin, Germany.

5. 7th International Literary Festival. Review within Review and KUD Apokalipsa, 22-27 September, 2010, Skocjan, Slovenia.

6. Дебатен клуб. Санитарна енигма (лустрација II), ГЕМ, Скопје, 8 октомври 2010.

7. Семинар: Микроисторија и микроанализа, Студенстки изследователски семинар „Микроистория и миркоанализ", ПУ „Паисий Хилендарски" и семинар „Политики на историята в XXI век",

ЮЗУ „Неофит Рилски", 14-16 октомври 2010, Благоевград, Република Бугарија.

8. Панел-дискусија: ефектите на Wikileaks, Центар за истражување и креирање политики, 24 декември 2010, Скопје.

**2009**

1. Тркалезна маса по повод излегувањето на антологијата на словенечки кус расказ на македонски јазик „За што зборуваме", Институт за македонска книжевност, 10-12 ноември 2009, Скопје.

2. Conference. Radical Education Collective. Moderna Galerija, Ljubljana, Slovenia. Радикална конференција, Модерна галерија Љубљана, 27-29 ноември, 2009, Љубљана, Словенија.

3. Симпозиум посветен на Атанас Вангелов, Филолошки факултет „Блаже Конески", 15 и 16 декември 2009, Скопје.

**2008**

1. CRC, Gender Studies. Feminist Film Theory. Проект на Curriculum Resource Center, Central European University (Централноевропски универзитет, Будимпешта, Центар за развој на наставни планови); 6-10 октомври 2008 година, во Будимпешта, Унгарија.

**2007**

1. N\osztalgia, мај 2007, German - Hungarian Cultural Year 2007, project of Płotki (Berlin) and Anthropolis (Budapest), мај 2007 година во Занка, Унгарија.

2. „Интернационален семинар на Collegium Hungaricum Berlin", 28-30 септември 2007 во Берлин, Германија.

3. „Утопија, носталгија и креативно заборавање", 17-19 октомври 2007 во Будимпешта, Унгарија.

4. Megjunarodni naučni skup: Pretstavljanje rodnih identiteta u književnostima i kulturama Balkana i jugoistočne Evrope, 29-30 ноември 2007, Белград, Србија.

## ПРОЕКТИ (2007-2011)

Учество во научноистражувачки национални и меѓународни проекти

**2010-2011**

1. Проект: Vom Wagen und Gewinnen , Goethe Institute, Berlin (Bucharest, Belgrade, Skopje, Tirana, Athens, etc). 2010-2011 – регионален проект на Гете-институтот од Берлин, со учество на единаесет земји од Источна и Југоисточна Европа.
2. Interpretations 4 and 5. European Research Project for Poetics and Hermeneutics. 2010 и 2011. Проект на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје. Раководител: академик проф. д-р Катица Ќулафкова. Издавач: МАНУ, Скопје.
3. Проект: Свидетелство и архив: Контексти на микроисторията. 2010. Носител на проектот: ЮЗУ "Неофит Рилски", ПУ „Паисий

Хилендарски", семинар „Политики на историята в XXI век" и "Социологически проблеми", София. Раководител: проф. д-р Снежана Димитрова.

4. Curriculum Resource Center, Central European University, Budapest, Hungary, 2010. Раководители на проектот: д-р Јасмина Лукиќ, Централноевропски универзитет, Будимпешта, Мелинда Молнар, Центар за развој на наставни планови.
5. International Literature Festival, Berlin, Germany, 2010. Symposium "Secret Services and Artists. 1945-1989" from the 10th international literature festival berlin (ilb) in cooperation with the Behörde der Bundesbeauftragten für die Unterlagen des Staatssicherheitsdienstes der ehemaligen Deutschen Demokratischen Republik (BStU).
6. Review Within Review, KUD Apokalipsa, 7th International Literary Festival, 2010, Skocjan, Slovenia.

**2009**

1. Project radikalnega izobraževanja. 2009 година. Moderna galerija/Museum of Modern Art, Ljubljana, Љубљана, Словенија. Проект на Модерната галерија од Љубљана. Раководители: д-р Бојана Пишкур и д-р Гашпер Краљ.

**2008**

1. CRC, Gender Studies. Feminist Film Theory. 2008 година Проект на Curriculum Resource Center, Central European University; (Централно-европски универзитет, Будимпешта, Центар за развој на наставни планови); Budapest, Hungary. Раководител: проф. д-р Јасмина Лукиќ.

**2007**

1. N\osztalgia, 2007, German-Hungarian Cultural Year 2007, project of Plotki (Berlin) and Anthropolis (Budapest). Раководители на проектот: Organizations Rejs e.V. (Berlin) and Collegium Hungaricum (Berlin). Publisher: Rejs e.V., Berlin.
2. Teorije i politike roda. Pretstavljanje rodnih identiteta u knjizevnostima i kulturama Balkana i jugoistocne Evrope, 2007 година, Београд, Србија. Носител на проектот: Institut za književnost i umetnost, Beograd, 2008. Раководител: prof. dr. Tatjana Rosić. Изведувач: Institut za književnost i umetnost, Beograd.
3. Поимник на книжевната теорија, 2006 и 2007 година. Проект на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје. Раководител: академик проф. д-р Катица Ќулафкова. Издавач: МАНУ, Скопје.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р АНА МЛАДЕНОВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 78. редовна седница одржана на 23.12.2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр. 205/17 од 29.12.2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација ***Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција*** и оспособеност на кандидатката **м-р Ана Младеновска** за научна работа. Комисијата е во состав:

1. проф. д-р Илија Велев
2. проф. д-р Марко Китевски и
3. проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ.

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатката м-р Ана Младеновска и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатката м-р Ана Младеновска за научна работа

Кандидатката м-р Ана Младеновска достави до Советот на Институтот за македонска литература уредна документација за нејзиното образование, од која се гледа дека кандидатката ги исполнува предвидените услови за пријавување на докторска дисертација согласно со Законот за високото образование.

М-р Ана Младеновска е родена на 3 март 1978 година во Скопје, каде што и го завршила своето континуирано школување сè до студирањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на отсекот – Македонска литература и јужнословенски книжевности со македонски јазик. Пред самото дипломирање во 2002 година веќе имала професионален ангажман како стручен соработник и менаџер за соработка со издавачи и училишта при Англискиот центар (The English Centre) во Скопје. Во меѓувреме зела учество на курсот за бизнис-менаџмент, организиран од Macedonian Business Resourece Centre, како и на семинарот за професори по англиски јазик во Англискиот центар во Скопје, а под покровителство на Oxford University Press. Веќе од 2003 година наваму е вработена како професор по македонски јазик и литература (со посебен ангажман во Меѓународната матура) во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. Од времето на своето вработување како средношколски професор

наваму континуирано го проширувала и го надградувала своето професионално усовршување преку најразлични учества на семинари, тренинзи или обуки организирани од високи компетентни институции. Ваквата активност ја реализирала во нашата држава, но и во странство (Република Бугарија, Швајцарија, Велика Британија). Тоа сведочи дека м-р Ана Младеновска постојано вложувала во сопственото професионално надградување, сообразувајќи се со новите развојни тенденции за глобална размена на стручните и на научните искуства. Тоа во голема мерка придонело и за нејзиното успешно завршување на постдипломските студии на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што во 2011 година ја одбрани магистерската теза под наслов „Врските и односите на Македонската држава и Зета (998-1018)". Стекнувајќи се со академскиот степен магистер на науки, м-р Ана Младеновска веќе се стекна со оспособеноста и за научна работа.

Во функција на потврдувањето на нејзината оспособеност за научна работа оди во прилог објавениот научен труд „Ликот на Скендербег во истоимениот еп на Григор Прличев", што беше презентиран на Меѓународниот научен собир во Скопје по повод 600-годишнината од раѓањето на Ѓерѓ Кастриот Скендербег, а што го организираше Институтот за национална историја. Нејзиниот научен реферат беше печатен и во Зборникот со одобрените рецензирани научни прилози (Скопје 2006, стр.221-229). Нејзината оспособеност за научна работа посебно се потврдува во напишаниот магистерски труд, што од рецензентската комисија беше оценет како комплексен и сложен интердисциплинарен истражувачки потфат реализиран преку монографско научно претставување.

## 2. Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

*2.1. Образложение на темата на докторската дисертација*

Предложената тема за изработка на докторска дисертација од м-р Ана Младеновска под наслов *Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција* нуди своевиден истражувачки предизвик од повеќе аспекти на третирање или интерпретации. Како прво, темата е мошне податлива и нуди основа за најразлични истражувачки пристапи на ангажираниот мотив за Владимир и Косара, којшто во традицијата и во современата книжевнотворечка перцепција има статус на култна, легендарна или на потврдена историска драматика. Токму од различните пораки на духовни или на естетски произнесувања можат да се црпат богати творечки искуства за реализација на успешни современи книжевни достигнувања во скоро сите жанровски форми. Култната реминисценција за овие две историски личности ја поткренуваат легендарната приказна која натаму низ творечките искуства се преточува во современо уметничко доживување. Особено тоа се потврдува преку творечките проекции во книжевната и во народната традиција и современост, преку жанровските книжевнотворечки искуства во хагиографските или химнографските творби, преку легендите и преданијата, преку современите книжевни форми на прозното, поетското или на драмското творечко искуство и сл. Токму преку ваквиот одраз на мотивската преокупација за култот и славата на овие личности во книжевноста и во народната традиција ќе се гради и содржинската структура на докторската дисертација, што прегледно и успешно е презентирана и во самото образложение на кандидатката м-р Ана

Младеновска. Но она што би требало да остави личен белег на овој докторски труд ќе биде предавањето на претставата за воспоставената историска основа на интеркултурното искуство меѓу македонската и црногорската традиција, од чиишто извори ќе се напојуваат и современите творечки врски и влијанија како потврдени искуства на една до друга, но и на една со друга блиска и препознаена култура.

*2.2. Цели на предложената докторска дисертација*

Целите при истражувањата на докторската дисертација ќе бидат насочени кон реализацијата на предметот на дисертацијата, да се изготви монографско претставување за ангажираната мотивска преокупација поврзана со култните и легендарните профили на историските личности Владимир и Косара, а во функција на воспоставувањето и на одбележувањето на историските, духовните и културните врски меѓу македонската и црногорската традиција и современост. Македонската и црногорската историска предодреденост на овие легендарни протагонисти ја овозможуваат и творечката дисперзија пошироко во глобалното балканско културноисториско искуство. Во практично-истражувачка смисла, овој труд ќе придонесе преку него да се оствари документиран увид во целокупното творештво на оваа тема кај одделните автори, во усната народна меморија и трагите во севкупната традиција на балканските простори и посебно во Македонија, во рамките на Охридската архиепископија и во творештвото на македонските автори. Едноставно, книжевнонаучната и легендарно-фолклорната обработка на овие историски личности ќе придонесат за реафирмацијата на нивното место и значење во македонската и во црногорската култура од последните десет века, како и во современите состојби.

*2.3. Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Темата за изработка на докторска дисертација под веќе наведениот наслов ќе ги зафати културолошките, книжевните и фолклористичките аспекти на проследување, па следствено на тоа, при истражувањата и при самото пишување ќе бидат применети повеќе соодветни методологии: историско-дескриптивен, експликативен, структурален, компаративен и други истражувачки методи на анализа, индукција, дедукција и синтеза. Целината на трудот ќе биде надополнета и со искуствата на практичните истражувања врз оригиналните преписни варијанти на изворните сочувани текстови, а нема да отсуствува и критичкиот однос кон досега произнесените истражувачки искуства кои, за жал, сè уште се нецелосни и недоречени.

*2.4. Очекувани резултати од предложената докторска дисертација*

Со оглед на веќе јасната ориентација на кандидатката м-р Ана Младеновска, темелно и сестрано да им ги посвети сопствените истражувања на македонско-црногорските културноисториски врски и влијанија, со посебен поглед кон значењето и улогата на историските и легендарни профили на Владимир и Косара, тоа веќе е гаранција за успешно монографско претставување на ваквата мотивска преокупација во книжевноста и во народната традиција. Се очекува нејзината монографија за првпат да ги разјасни конкретните релации на историските, духовните, културните и

фолклорните облици и форми на интеркултурна партиципација меѓу македонската и црногорската традиција и современост, при што најилустративно ќе ги афирмира актуелните за нашево современо време глобални тенденции за културно прелевање меѓу народите. Токму историските, култните и легендарно-митските проекции изградени од конкретните благороднички ликови на Владимир и Косара на типичен начин станале основа за творечка инспирација во книжевноста и во народната традиција. Успешноста на овој докторски труд на најсоодветен начин ќе ја расветли историската сцена од прикриените или од присвојуваните македонски и црногорски културноисториски традиции и културноисториски идентитети.

## 3. Предлог до Советот на Институтот

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема ***Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција*** е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува релативно ново, но особено потребно истражување во рамките на интердисциплинарното подрачје на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатката м-р Ана Младеновска, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособена за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација ***Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција*** од кандидатката **м-р Ана Младеновска** и за ментор на докторската дисертација да го определи **проф. д-р Илија Велев** од Институтот за македонска литература во Скопје.

Скопје, 3.1.2012.

Комисија

1. Проф. д-р Илија Велев, с.р.
2. Проф. д-р Марко Китевски, с.р.
3. Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р НАЦИ СЕЛИМИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 77. редовна седница одржана на 9.11.2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр. 12-195/17 од 13.12.2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација **„Културните фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија"** и оспособеност на кандидатот **м-р Наци Селими** за научна работа. Комисијата е во состав:

1. проф. д-р Наташа Аврамовска
2. проф. д-р Зорица Николовска, и
3. проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер.

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатот м-р Наци Селими и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот м-р Наци Селими за научна работа

Кандидатот м-р Наци Селими достави до Советот на Институтот за македонска литература уредна документација за неговото образование, од која се гледа дека кандидатот ги исполнува предвидените услови за пријавување на докторска дисертација согласно со Законот за високото образование кој предвидува студии од прв циклус во траење од 8 семестри и студии од втор циклус во траење од 4 семестри, во случајот на Наци Селими - во областа на германистиката. Притоа, Комисијата констатира дека кандидатот уредно доставил потврда дека неговите дипломи се предадени до службата за еквиваленција на високото образование при Министерството за образование и наука на РМ и позитивно изјаснувајќи се по однос на научната заснованост и оправданост на предложената тема за докторска дисертација, како и по однос на научната компетентност на кандидатот, забележува дека кандидатот се задолжува во предвидениот законски рок за изготвување на дисертацијата, а најдоцна пред неговата одбрана да достави и одлука

за еквивалентност на образованието потврдена од надлежната институција во РМ).

Кандидатот Наци Селими во периодот 1994-1998 завршил студии од прв циклус во областа на германистиката, Универзитет во Приштина, со дипломски труд во областа на компаративната лингвистика - „Придавки на германскиот и албанскиот јазик – контрастивна анализа". Во периодот 1998-2005 завршил студии од втор циклус во областа на компаративната лингвистика и книжевност, а со одбраната на магистерскиот труд „Маките на младиот Вертер во албанскиот јазик и книжевност" го стекнал звањето магистер на филолошки науки на Универзитетот во Приштина.

Во периодот и по студирањето на постдипломските студии при Универзитетот во Приштина, Наци Селими континуирано го надополнува своето образование и академско профилирање во рамките на швајцарскиот образовен систем:

| | |
|---|---|
| 2002-2004 | Постдипломска квалификација „Миграција и училишен успех" (Migration und Schulerfolg), Виша педагошка школа Цирих |
| 2003-2007 | Учител за одделенска настава, Виша педагошка школа во Цирих<br>- Дипломски труд: „Поддржување на лексиконот во многујазични одделенија" |
| 2006-2007 | Дополнителни студии, Институт за гимназијална педагогија на Циришкиот универзитет (во рамки на нострификацијата на неговата диплома од Приштинскиот универзитет од надлежните институции во Швајцарија). |

Притоа, кандидатот Наци Селими и натаму го продлабочува неговото стручно усовршување посетувајќи низа семинари во областите на: образованието и педагогијата во областа на јазикот (од 1990-), интеркултурните преводи (2005) и менаџментот (2010).

Професионалната дејност на Наци Селими, како наставник и подоцна како научен соработник во Дирекцијата за образование на Циришкиот Кантон, како и неговото учество во повеќе проекти од областите на лингвистиката, интеркултурноста и мултикултурноста го осведочуваат стекнатото искуство и знаење на кандидатот во областа во рамките на која го предлага и изготвувањето на докторската дисертација. Во оваа област тој ја потврдува својата научна компетентност и со завиден број на релевантни научни соопштенија и публикации:

| | |
|---|---|
| 2011 | „Лексикологија како наставен принцип" (Wortschatzarbeit als Unterrichtsprinzip), in: *Wortschätze*, 4bis8, Heft 5/2011, schulverlag plus |
| 2011 | (коавторски со Наташа Аврамовска и Зорица Николовска) «Македонски» (Mazedonisch), in: Basil Schader (Hg.), *Deine Sprache – meine Sprache*. Handbuch zu 14 Migrationssprachen und zu Deutsch, Lehrmittelverlag Zürich |
| 2010 | Прирачник за наставници „Лексикологија конкретно – Дидактична берза на идеи за сите одделенија" (Wortschatzarbeit konkret – Eine didaktische Ideenbörse für alle Schulstufen), 2010, Schneider Hohengehren |
| 2010 | Главен автор на прирачникот за воспитувачи на мали деца „Учење германски во група на деца за заеднички игри" |

(Deutschlernen in Spielgruppen plus), Bildungsdirektion Kanton Zürich (Hg.)

2006 (коавторски со Едина Капрец-Кромпак), „Во врска со првојазичните компетенции на албанските деца во германскиот дел на Швајцарија – компаративна анализа на грешки врз основа на Ц Тест" (Zur Erstsprachkompetenz von albanischen Kindern in der Deutschschweiz – Eine vergleichende Fehleranalyse anhand des C-Tests), in: Basil Schader (2006), Albanischsprachige Kinder und Jugendliche in der Schweiz, Verlag Pestalozzianum an der Pädagogischen Hochschule Zürich

2006 „Квалитет во мултикултурни училишта" (Qualität in multikulturellen Schulen) in: Mechtild Gomolla (2006): Schulqualität in der Einwanderungsgesellschaft: Strategien und Fallbeispiele. Zentrum für Lehrerbildung; Universität Münster

2006 Прирачник за наставници на одделенска настава „Придонесување за подобрување на јазикот во одделенска настава т.е 1-6 одд." (Sprachförderung in der Grundstufe), Bildungsdirektion Kanton Zürich

2005 „Придонесување за подобрување на лексиконот во QUIMS-училишта" (Wortschatzförderung in QUIMS-Schulen) и други состави, Online: www.volksschulamt.zh.ch

2005 учество во научен проект: „Описменување во световите на учење" (Lernwelten – Literacies), Виша педагошка школа - Цирих

2005-2007 учество во научен проект: „Придонесување за подобрување на првиот и вториот јазик во интеркултурен контекст" (Entwicklung der Erst- und Zweitsprache im interkulturellen Kontext), Педагошки институт при Универзитетот во Цирих.

## 2. Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

### 2.1. *Образложение на темата на докторската дисертација*

Предложениот докторски труд со наслов „Културните фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија", како културолошки предмет на интерес го поставува проследувањето на семејствата-мигранти од Македонија и нивните деца кои растат во Швајцарија, како и начинот на којшто тие го восприемаат и интерпретираат нивното јазично и културно секојдневие. Во фокусот на ова истражување е поставен процесот на усвојувањето на вториот јазик (швајцарската варијанта на германскиот) кај македонските деца во Швајцарија. Вака поставениот проблем на истражувањето поаѓа од претпоставката дека различните степени на успешност во усвојувањето на *туѓиот*, односно *другиот* јазик кај учениците со потекло од Р. Македонија примарно треба да се бараат во нивната семејна структура, а помалку во теориски воопштените општествени фактори како што се интеркултурната општествена состојба, социјалната оптовареност итн. Со тоа е поврзано и прашањето

на кој начин мајчиниот јазик (македонскиот) ѝ припаѓа на клучната област на културниот и социјалниот идентитет на оваа јазична група, т. е. како Македонците го изразуваат својот идентитет преку јазикот што го користат и преку примената на различните јазични репертоари.

### 2.2. *Цели на предложената докторска дисертација*

Во рамките на предложениот докторски труд ќе се настојува да се посочат аргументирани одговори за следниве културни, јазични и социјално-психолошки прашања:

- Како учениците од македонско потекло кои растат во Швајцарија генерално се справуваат со двете култури, односно јазици (македонскиот и швајцарската варијанта на германскиот јазик), т.е. дали постојат специфични културни фактори кои влијаат врз нивните состојби на учење и унапредување на овие јазици?
- Во која мера ставовите на учениците, во однос на македонската и швајцарската култура и јазик, влијаат врз специфична структурираност на нивните текстови пишувани на македонски, односно германски јазик?
- Дали можат разликите меѓу индивидуалните јазични познавања (на македонскиот и германскиот) да се објаснат од социо-културен и социо-психолошки аспект?

### 2.3. *Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Проследувањето на предметот на истражувањето најнапред ќе настојува теориски да ги проследи културолошките претпоставки на препознавањето на проблемите при учењето на јазикот во услови на билингвална општественост. Притоа, посебно ќе биде проследена и врската меѓу миграцијата, јазикот и културниот идентитет.

Емпирискиот дел од истражувањето ќе биде спроведен врз основа на: а) изготвување и анализа на прашалници во кои како посебни групи на испитаници се предвидени и децата и нивните родители и б) компаративна анализа на текстови напишани од децата на македонски и германски јазик (швајцарска варијанта).

### 2.4. *Очекувани резултати од предложената докторска дисертација*

Во спрегата на теориското и емпириски спроведеното истражување ќе се настојува да се детектираат тешкотиите со кои најчесто се соочуваат македонските деца при усвојувањето на германскиот јазик и со оглед на разликите во лингвистичките системи на нивниот мајчин, македонски јазик и германскиот јазик во мултикултурното швајцарско општество. Во завршница, ќе се настојува културолошки и лингвистички да се образложат причините за овие тешкотии, како и да се дадат насоки за нивно надминување на сите рамништа на општественоста кои директно или индиректно учествуваат во процесот на образованието во оваа област.

## 3. Предлог до Советот на Институтот

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема **„Културните фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“** е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува релативно ново, но особено потребно истражување во рамките на интердисциплинарното подрачје на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатот м-р Наџи Селими, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособен за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација **„Културните фактори во процесот на учење јазик – истражување спроведено кај децата со македонско потекло во Швајцарија“** од кандидатот м-р Наџи Селими и за коментори на докторската дисертација да ги определи проф. д-р Наташа Аврамовска од Институтот за македонска литература во Скопје и проф. д-р Зорица Николовска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Скопје, 9.1.2012

Комисија

1. Проф. д-р Наташа Аврамовска, с.р.
2. Проф. д-р Зорица Николовска, с.р.
3. Проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р СОЊА ЈАЌОВСКА-САМАРЏИЕВА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 76. редовна седница одржана на 18.11.2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр. 185/17 од 24.11.2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација **МАГИЧНИОТ РЕАЛИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДОЛГОМЕТРАЖЕН ИГРАН ФИЛМ** и оспособеност на кандидатката **м-р Соња Јаќовска-Самарџиева** за научна работа. Комисијата е во состав:

1. проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева
2. проф. д-р Ленка Татаровска и
3. проф. д-р Соња Стојменска- Елзесер.

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатката м-р Соња Јаќовска-Самарџиева и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатката м-р Соња Јаќовска-Самарџиева за научна работа

Кандидатката м-р Соња Јаќовска-Самарџиева достави до Советот на Институтот за македонска литература уредна документација за нејзиното образование, од која се гледа дека кандидатката ги исполнува предвидените услови за пријавување на докторска дисертација согласно со Законот за високото образование.

Соња Јаќовска-Самарџиева дипломирала на Факултетот за драмски уметности - Скопје – отсек драмски актери како студент на генерацијата во учебната 1987/88 во класата на проф. Слободан Унковски. На истиот Факултет ги завршила и постдипломските студии во 2006 год. на Катедрата за театрологија на Факултетот за драмски уметности во Скопје, со темата ТЕАТАРСКАТА ПРЕТСТАВА ВО ТЕЛЕВИЗИСКИОТ МЕДИУМ, со просек 9,86.

Од 1993 год. е вработена во МРТВ како новинар во Културно-документарната програма на МТВ. Исто така, во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј " во двата оддела, балетскиот и традиционалниот, веќе 10 години е професор по предметот глума.

Во МТВ работи како сценарист и уредник на стотина емисии од областа на програма за деца и млади, од областа на културата и уметноста („Стилски вежби“, „Во светот на бајките“, „Златни басни“, „Виолински клуч“). Во Секторот за играна програма била уредник на најголемите играни серии реализирани во последниве десетина години: серијата „Обични луѓе“ (10 епизоди од 50 минути) и хумористичната серија „Сашко и Сашка“ (25 епизоди од 30 минути), „Турни ме да кинисам“ (15 епизоди по 40 мин.), како и уредник на сите театарски претстави кои се снимени во МТВ. Во соработка со Струшките вечери на поезијата низ изминатите години подготвила бројни емисии, како и ексклузивни интервјуа со добитниците на Златниот венец- Фатос Арапи, Томаж Шаламун, Љубомир Левчев, Матеја Матевски. Уредник е на колажната емисија од областа на културата и уметноста, „Витраж“, која на програмата на МТВ се емитува веќе трета сезона.

Има учествувано на неколку фестивали во странство како претставник на МТВ, како и учесник со свои излагања на симпозиуми од кои би ги издвоиле: на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп како и на Фестивалот за монодрама „Ристо Шишков“ во Струмица, материјали објавени во нивните зборници.

1. Соња Јаќовска-Самарџиева, 2000. Десет години од формирањето на театарот за деца и младинци. *Прилози за историјата на македонскиот театар: зборник на трудови од симпозиумот* одржан на 5 и 6 јуни 2000 (приредила: Јелена Лужина), Прилеп, стр. 266 – 269.
2. Соња Јаќовска-Самарџиева, 2002. Актерската игра на Ристо Шишков, во: *Шишков: Монографија* (прир. Јелена Лужина) ФКТ "Ристо Шишков", Струмица, стр. 77-81

Била рецензент на книгата „Музички екран“ – за развитокот на музичката програма на Македонската телевизија низ творештвото на режисерот Коле Малинов од авторот Весна Маљановска.

Нејзината магистерска теза под наслов „Театарската претстава во телевизискиот медиум“ претставува сублимат на теориската и практичната медиумска средба на овие два медиума – театарот и телевизијата – односно нивното комуникациско преплетување. Во посебно поглавје се изнесени комуниколошките аспекти на театарската претстава, преку функциите на јазикот/говорот, како и односот со публиката, а од друга страна споредбено истражени во однос на телевизијата и нејзините карактеристки, како и нивните заеднички елементи на спојување и развојување.

## 2. Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

### *2.1. Образложение на темата на докторската дисертација*

Докторскиот труд „Магичниот реализам во македонскиот долгометражен филм“ се однесува на феноменот на магичниот реализам и неговата имплементација во македонскиот долгометражен филм. Магичнореалистичната постапка се состои од специфични

карактеристики поврзани со појавата на чудесното во реалниот свет преку кое се врши и дешифрирање на неговата комплексна состојба.

На експликацијата и афирмацијата на магичнореалистичната постапка во Македонија е многу малку работено, но од досегашните истражувања е дојдено до заклучок дека феноменот на магичниот реализам не се состои само од механичко спојување на бинарно-опозитните кодови на реализмот и чудесното, туку во создавање на нов комплексен магичнореалистичен наратив кој ја продолжува критичката жица на реализмот, остварувајќи ги своите цели со поинакви постнадреалистички ресурси кои ќе бидат предмет на истражување и во оваа - прва докторска дисертација во Македонија посветена на магичниот реализам.

Во трудот ќе биде истражен магичниот реализам како често употребуван феномен од македонските уметници, преку неговата застапеност, неговите специфики и разлики како дел од уште еден жанровски систем - македонскиот долгометражен игран филм. Самиот филм, како посебен вид на уметност, нуди повеќе можности на истражување од различни аспекти: сценаристичко-литературен израз, аудиовизуелен приказ и режисерски ракопис кои придонесуваат да се говори за замисленото чудесно од повеќе агли.

Магичнореалистичното понекогаш претставува индиректно коментирање на различни општествени случувања што во дисерацијата ќе бидат јасно образложени. Кога прикажувањето на објективната стварност мора да биде подложена на цензуриран ракопис, магичнореалистичниот модел на изразување овозможува прикажување на потенцираното незадоволство на одредените состојби во самата реалност што ќе бидат посебно потенцирани и протолкувани во оваа докторска дисертација.

*2.2. Цели на предложената докторска дисертација*

- Преку овој труд, научната јавност ќе биде запознаена со историјатот на терминот „магичен реализам" , со неговото дефинирање, со бројните именувања на феноменот на „магичнореалистичното", со создавањето на новата реалност преку вкрстувањето на реалниот и магичниот свет.

- Трудот ќе донесе и теоретска експликација на елементите кои влегуваат во составот на магичнореалистичната постапка, и тоа во: доменот на сижето на сценариото, формирањето на имагинарните слики, сценската презентација и режијата.

- Истражувањето ќе ја обелодени појавата, застапеноста и контекстот на магичниот реализам во македонскиот долгометражен игран филм. Ќе бидат истражени неговите извори, мотивации и неговите специфики. Варијациите кои произлегуваат од бројните општествени фактори, неговите форми, елементи и, секако, неговото значење во севкупниот израз на македонската кинематографија.

*2.3. Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Согласно со предметот и целта на истражувањето во докторскиот труд „Магичниот реализам во македонскиот долгометражен филм", ќе бидат применети следниве методи на истражување:

- дескриптивниот метод, со кој подетално ќе се опишат условите, и процесот на појавата на феноменот на магичниот реализам;
- аналитичкиот метод, со помош на кој ќе се спроведе проучувањето на сите фактори за појавата на магичниот реализам во полето на филмската уметност;
- историскиот метод, кој ќе биде клучен во проучувањето на архивската граѓа на македонскиот долгометражен игран филм;
- синтентизирани методи, кои ќе овозможат заклучоци и оценки за застапеноста и специфичностите на магичниот реализам во македонската кинематографија.

*2.4. Очекувани резултати од предложената докторска дисертација*

Овој пионерски труд, иницирајќи ја средбата на двата феномена - филмот и магичниот реализам, треба да донесе досега непознати резултати. Дистинкциите помеѓу специфичните извори и мотивации на „магичното" ќе придонесат да се посочат разликите, но и да се истакнат генералните карактеристики на магичниот реализам содржан во македонските долгометражни филмови. Седмата уметност во себе ги содржи можностите кои сами по себе се чудесни, а магичниот реализам инкорпориран во едно визуелно дело, гледано во тој контекст, може да понуди вонредни резултати од комплексен вид.

## 3. Предлог до Советот на Институтот

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема **МАГИЧНИОТ РЕАЛИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДОЛГОМЕТРАЖЕН ИГРАН ФИЛМ** е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува релативно ново, но особено потребно истражување во рамките на интердисциплинарното подрачје на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатката **м-р Соња Јаќовска-Самарџиева**, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособена за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација **МАГИЧНИОТ РЕАЛИЗАМ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДОЛГОМЕТРАЖЕН ИГРАН ФИЛМ** од кандидатката **м-р Соња Јаќовска-Самарџиева** и за ментор на докторската дисертација да ја определи проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева од Институтот за македонска литература во Скопје.

Скопје, 3.1.2012

Комисија

1. Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, с.р.
2. Проф. д-р Ленка Татаровска, с.р.
3. Проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р СТОЈЧЕ ТОЦИНОВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 78. редовна седница одржана на 23.12.2011 година, по предлог на Наставно-научниот колегиум, со одлука бр.12-105/16 од 29.12.2011 година формира Комисија за утврдување подобност на темата на докторската дисертација **„Скулптурата во урбаниот простор (Скопје)"** и оспособеност на кандидатот **м-р Стојче Тоциновски** за научна работа. Комисијата е во состав:

1. проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева
2. проф. д-р Александар Прокопиев
3. проф. д-р Мишел Павловски

Комисијата ја разгледа пријавата за изработка на докторската дисертација и доставените материјали од кандидатот м-р Стојче Тоциновски и врз основа на член 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот м-р Стојче Тоциновски за научна работа

М-р Стојче Тоциновски е роден на 8.6.1974 г. во Велес. Основно и средно образование (Училиште за применета уметност „Лазар Личеновски") завршил во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На истиот Факултет се стекнат со титулата магистер по сликарство. Магистерските студии ги завршил во класата на проф. Жанета Вангели. Го посетувал KEY2CAREERS College, кадешто се стекнал со сертификат за Multimedia & Graphics.

Неговото работно искуство ги бележи следниве податоци:

1999: Прва детска амбасада Меѓаши - Скопје наставник по ликовно воспитание
2000: Македонска Радио - телевизија, новинар во „Утринско огледало"
2000 - 2003: ДСУ Гимназија „Јосип Броз Тито" - Скопје, проф. по ликовна уметност
2008 - 2010 Inernational Language Academy of Canada – ILAC Toronto - Canada Staff, оддел за активности.

Автор е на повеќе изложби тоа:

2001: *Прозорци*, Дом на културата „Кочо Рацин", Скопје
2002: *Моменш/релашивишеш- ноќ на йерформанси*, Културен центар „Точка", Скопје

2004 - 2005: *Solaris, Art – action*, Recontres internationals, Pariz/Berlin; Solaris, Art – action, Recontres internationals, Berlin/Pariz
2010: *Ретро*, Отворено графичко студио, Скопје

Учествувал на повеќе ликовни колонии и групни изложби, а автор е и на 2 илустрации на книги. Активно се служи со англискиот јазик.

## 2. Образложение за научната оправданост на темата на докторската дисертација

### *2.1. Образложение на темата на докторската дисертација*

Предложениот докторски труд со наслов „Скулптурата во урбаниот простор (Скопје)", како централен предмет на својата културолошка анализа ја поставува скулптурата и тоа во одреден конкретен простор - градот Скопје. Ставајќи ја во контекст на научниот интерес на неомарксистите за глобалниот простор кој како последица ја имаше поделбата на светот на центар и периферија и постмодернистичкиот интерес за имагинарните географии, овој труд ќе ја разгледува скулптурата како еден од начините на дизајнирање на просторот кој во себе содржи естетски, уметнички, политички, социјални, економски и културни контексти.

Проследувањето на поставувањето на скулптурата во даден, конкретен урбан простор - градот Скопје, е тема која кај нас речиси и не е работена. Таа добива во значење со оглед на актуелната и интензивна изградба на градот. Теоретската рамка која е посочена, овозможува низ еден дијахрониски пресек, конкретизиран од римскиот и ранохристијанскиот период до денес, да ја исцрта историјата/меморијата на градот Скопје, но и да се означи и неговата иднина.

Вака поставениот проблем на истражувањето поаѓа од претпоставката дека скулптурата во урбаниот простор создава нови релации, а јавниот простор добива нови значења и пораки.

### *2.2. Предмет на истражување*

Оттука, како што се посочува во пријавата, предмет на истражување на докторската дисертација се скулптурите на почвата на град Скопје, како и испитување на идејата дека низ забрзаноста на нашата современост, промените и пресоздавањето на просторот преку поставувањето на скулптурата од една и урбаниот простор од друга страна, се означува просторот на градот Скопје. Како посебна цел на истражувањето се поставува проследувањето на релациите меѓу:

а) скулптурата, просторот и времето;

б) светлината, времето и илузијата на просторот.

### *2.3. Цели на предложената докторска дисертација*

Скулптурата го менува просторот. Таа му дава нови димензии и значења. Дизајнирањето на урбаната средина преку скулптурата, дадениот простор може да го идентификува како близок и пријателски на луѓето кои го населуваат, но не ретко да го претвори во недогледен лавиринт, во простор кој збунува и заплашува. Оттука, цел на истражувањето е да се проследи:

- како, во интеракција со скулптурата, се менува пејзажот во кој живееме и се движиме;

- како просторот кој стапува во интеракција со скулптурата, помага/противречи во поимањето на светот и
- каква е улогата на скулптурата во дефинирањето на т.н. „позитивен и негативен простор".

*2.4. Методологија на изработка на предложената докторска дисертација*

Проследувањето на предметот на истражувањето најнапред ќе настојува теориски да ги проследи начините на кои со поставувањето на скулптурата, на конкретно место и во конкретен простор, симболички се означува светот. Притоа, посебно ќе биде нагласена врската меѓу просторот и времето, како и врската на скулптурата и дизајнирањето на просторот со сите негови импликации: естетски, уметнички, политички, социјални, економски и културни.

Емпирискиот дел од истражувањето ќе биде спроведен врз основа на типологија на скулптурите поставени во Скопје:

а) типологија врз основа на периодите: (римски и ранохристијански скулптури, скулптурални одбележувања на Втората светска војна и современи и модерни скулптури);

б) типологија врз основа на формата и просторот: скулптури на плоштади, во паркови, пред институции, скулптури на посебно одвоени простор, скулптури – надгробни споменици;

в) скулптурите како историја и меморија (скулптури од македонската цивилизација, од историјата на Македонија, скулптури на историски личности, на личности од културата и уметноста и на историски и општествени појави, процеси, автори и дела).

*2.5. Очекувани резултати од предложената докторска дисертација*

Во спрегата на теориското и емпириски спроведеното истражување се очекува да се покаже дека доколку е остварено единството/хармонијата меѓу скулптурата и урбаната средина во одреден културен контекст, дизајнирањето на просторот преку поставување на скулптурата ги задоволува културните потреби на даден локален ентитет.

## 3. Предлог до Советот на Институтот

Имајќи го предвид сето горенаведено, чест ни е да ги изнесеме следниве ставови и оцена:

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, планираната методологија на истражувањето и очекуваните резултати, Комисијата утврдува дека пријавената тема **„Скулптурата во урбаниот простор (Скопје)"** е подобна за изработка на докторска дисертација и претставува релативно ново проучување во рамките на културолошките студии.

Комисијата оценува дека кандидатот **м-р Стојче Тоциновски**, врз основа на досегашниот степен на образование и стручната активност, располага со потребните знаења и е оспособен за научна работа на предложената тема за докторска дисертација.

Затоа, со задоволство на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му предлагаме да ја прифати изработката на докторската дисертација **„Скулптурата во урбаниот простор (Скопје)“** од кандидатот м-р Стојче Тоциновски и за ментор на докторската дисертација да ја определи проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева од Институтот за македонска литература во Скопје.

Скопје, 23.1.2011 г.

Комисија:

Проф. д-р Лорета Георгевска-Јаковлева, с.р.

Проф. д-р Александар Прокопиев, с.р.

Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, бр. 02-10 од 5. 1. 2012 година, избрани сме за членови на Комисијата за избор на научен советник од областа на етнологијата и фолклористиката, за работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата. По завршувањето на објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија", Комисијата ги доби пристигнатите материјали и утврди дека на конкурсот се пријавил еден кандидат - д-р Зоранчо Малинов, виш научен соработник на Институтот за фолклор „Марко Цепенков". Доставените документи на кандидатот содржат: 1. диплома за завршен Природно-математички факултет во Скопје, група: географија, насока: етнологија, со што се стекнал со стручно звање дипломиран етнолог; 2. диплома за завршени постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Белград и стекнување со научно звање магистер на етнолошки науки; 3. решение за нострификација за дипломата од постдипломските студии; 4. диплома за стекнување со научното звање доктор на етнолошки науки; 5. одлука од последниот избор во звањето виш научен соработник; 5. пријава со кратка биографија; 6. список на трудови во периодот од последниот избор и по еден примерок од секој труд. По извршениот преглед на доставената документација, и со меѓусебна консултација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### КУСА БИОГРАФИЈА ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ЗОРАНЧО МАЛИНОВ

Роден е 1964 год. во Штип, каде што има завршено основно и средно образование - гимназија. Стручното звање **дипломиран етнолог** го стекнал по завршените студии на етнолошката насока на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во 1988 год.

Во 1995 година се вработил во Институтот за фолклор како **помлад асистент** на работното место: истражувач на народните обичаи и игри (етнолог). Постдипломските студии ги завршил во 1999 год. на Одделот за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград и со јавна одбрана на магистерскиот труд: "Посмртни обичаји у Брегалничкој области", се стекнал со научното звање **магистер на етнолошки науки**. Во 1999 год., од Советот на Институтот за фолклор бил избран во звањето **асистент - истражувач**, а во наредната 2000 год., откако му била нострифицирана дипломата на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на истиот Факултет му била прифатена и темата на дисертацијата со наслов: "Традицискиот народен календар во Шопско-брегалничката етнографска целина", под менторство на проф. д-р Анета Светиева. Со одбраната на докторската дисертација во јули 2005 год. го стекнал научното звање **доктор на етнолошки науки**. Истата година бил избран во звањето научен соработник, а во декември 2008 год. и во звањето виш научен соработник на

работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата, каде што работи и денес.

Досега учествувал во 10-тина научноистражувачки проекти, и на над 20-тина домашни и меѓународни научни собири. Има објавено три монографии и над 30-тина трудови од областа на етнологијата и социо-културната антропологија, претежно поврзани со обредноста од посмртниот комплекс и со народниот календар, како и со традиционалната култура на некои од македонските етнографски групи (Шопи, Мрваци). Како вработен во Институтот за фолклор при досегашните теренски истражувања снимил аудиоматеријал на повеќе од 100-ттина магнетофонски ленти и касети, како и неколку видеоматеријали со етнолошки и фолклорни содржини кои се предадени во архивот на Институтот за фолклор.

Во периодот после изборот во звањето виш научен соработник учествувал во пет научно-истражувачки проекти, од кои четири домашни и еден меѓународен со Р. Бугарија, како и на три меѓународни и три домашни научни собири. Во изборниот период реализирал над 10-тина научни трудови, од кои најголемиот дел се и објавени.

Покрај со научноистражувачка дејност, во изборниот период извршувал и наставна дејност. Од учебната 2006/07 г. бил ангажиран и до денес работи како наставник на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во звањето **насловен доцент** (до учебната 2010/11), а потоа како **насловен вонреден професор**, по предметите: етнологија на воневропските народи II (според старата програма), етнологија на Африка I и II, етнологија на Австралија и Океанија и традициска народна култура на Македонците. На Одделот за етнокореологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип вршел и денес врши наставна дејност по предметите: регионална етнологија I и II и народни носии I и II. Во матичната институција, Институтот за фолклор „Марко Цепенков", покрај редовните обврски, одржува и настава на студиите од втор циклус (постдипломски студии) по фолклористика, каде што е избран за наставник по три предмети, и тоа: балканска фолклористика - до учбната 2010/11 (задолжителен) - заедно со уште двајца наставници, духовна и материјална култура (задолжителен) - заедно со уште еден наставник и обреди и верувања (изборен) - самостојно.

Од другите активности коишто се поврзани со поважни работни обврски, Комисијата ги издвојува и следниве: кандидатот е избран за в.д. директор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје од 16.2.2011 год. до денес, а воедно и за раководител на постдипломските студии на ИФМЦ, потоа претседател на Македонското етнолошко друштво (од март 2009 до денес) и претседател на организационен одбор на симпозиум во организација на МЕД, во Штип (септември 2010 г.). На полето на заштитата на културното наследство, досега изготвил пет елаборати за валоризација на културни добра (обреди), потоа е именуван за претставник на Р. Македонија во Регионалниот центар за заштита на нематеријалното културно наследство за земјите на Југоисточна Европа под покровителство на УНЕСКО во Софија, Бугарија, и е назначен за претседател на Советот за духовно културно наследство при Министерството за култура на Р. Македонија. Со Решение на министерот за култура на Р.

Македонија одреден бил за претседател на Рецензентската комисија за избор и преизбор во стручни звања во областа на музејската дејност, од областа на етнологијата. Член е на четири редакции на стручни научни списанија, а за својот придонес во науката и културата, во декември 2011 год. доби признание од општина Штип за особен придонес и постигнувања во афирмацијата на општината.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

По воведувањето на постдипломски и докторски студии од областа на фолклористиката на ИФ „Марко Цепенков“ во Скопје во учебната 2008/2009 година, се отвори единствена можност за студирање на оваа важна научна област за секој народ, па во таа смисла и за македонскиот и другите народи и етнички заедници во Р. Македонија. Меѓу активните учесници во концепирањето на наставниот план и програма за работа на постдипломските студии, беше и д-р Зоранчо Малинов. Во рамките на наставниот план и програма, д-р Зоранчо Малинов успешно одржува настава и консултации од два (2) базични наставни предмети на постдипломските студии на ИФМЦ, и тоа: 1. духовна и материјална култура и 2. балканска фолклористика.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Објавени научни/стручни трудови

Во изборниот период, 2008-2012, кандидатот д-р Зоранчо Малинов продолжил поинтензивно со научноистражувачка работа. Главен предмет на неговиот интерес биле македонските етнички групи на македонска етничка територија и нивната народна култура, како и динамичните процеси на градење на етничкиот идентитет, како елемент на националниот идентитет. Како резултат на оваа научноистражувачка работа на авторот, објавил една монографија и единаесет оригинални научни статии во зборници на трудови од научни собири, и тоа:

1. ***Етнолошка монографија на Зрново (Драмско), Егејска Македонија***, "Камелеон", Скопје, 2009, 1-160 стр. (монографски труд).

1. ***Ареалот на Шопите во Република Македонија***, *Музејски гласник*, бр. 5, Општинска установа Музеј на град Кратово, Кратово, 2009, стр. 85-107;
2. ***Етнографската група Мрваци***, *Етнолог* бр. 12-13, Скопје, 2009, стр. 40-53;
3. ***Популаризацијата на македонската традиционална култура во Република Македонија и во светот***, во: *Социјални и духовни аспекти на материјалната култура* (Прилози од меѓународната конференција: „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", во организација на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, Скопје, одржана на 20-22 септември 2008 г. во Охрид), Скопје/Skopje, 2009, с. 491-497;
4. ***Заемното учество во некои обреди на Македонците и***

***Турците во с. Суво Грло, Штипско.*** *Македонски фолклор*, бр, *68*, Скопје, 2009, стр. 87-94;

5. ***Компаративно проучување на акултурацијата на мигрантите од Шоплукот (на примери од источна Македонија и Североисточна Бугарија)***, во: *Балканската миграционна култура: исторически и съвремени примери от България и Македония*, БАН, ЕИМ. София, 2010, стр. 111-132;
6. ***Етничките процеси во североисточниот дел на македонскиот етнографски простор - прв дел (Краток преглед на етногенетските процеси од неолитот до падот на Самоиловото Царство)***, *Годишен зборник*, бр. 1, Институт за историја и археологија при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, Штип, 2010, стр. 27-37;
7. ***Comparative study of the acculturation of the migrants from the Shopluk (on exemplars from Eastern Macedonia and North-eastern Bulgaria)*** - In: *Balkan migration culture: historical and contemporary cases from Bulgaria and Macedonia*, BAS, EIM, Sofia, 2010, p-p. 133-154;
8. ***Идентитетот на македонските Шопи***, во: *Македонскиот идентитет низ историјата* (Материјали од меѓународниот научен собир по повод 60 години од оновањето на Институтот за национална историја, Скопје, 10-12 октомври 2008), ИНИ, Скопје, 439-449;
9. ***Научниот придонес на Ѓорче Петров во македонската Етнографија***, во: *Зборник на трудови Ѓорче Петров - живот и дело* (Материјали од научната трибина одржана на 1.4.2011 година во Скопје по повод 90 години од смртта и 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров), Скопје, 2011, стр. 211-217;
10. ***Обичајот „четерсе" во Штип и обиди за негова поширока популаризација***, *Етнолог*, бр. 14, Скопје, 2011, стр. 40-53;
11. ***Македонци во Тузлукот (Идентификацијата на преселниците од Македонија во Североисточна Бугарија)***, во: *Миграциите на Балканот (билатерални истражувања)*, ИНИ, Скопје, 2011, стр. 140-165.

**Учество на научни/стручни собири со реферати (секциски предавања на научни/стручни собири)**

Во периодот меѓу два избора, д-р Зоранчо Малинов учествувал на редица научни/стручни собири со усни излагања на подготвените реферати, од кои повеќето во овој момент се наоѓаат во печат. Станува збор за шест (6) научни/ стручни собири, од кои четири (4) меѓународни и два (2) домашни, и тоа:

1. Меѓународна научна трибина: „Методологија на истражувањето на миграциите на работната сила", одржана на 21.3.2009 год. во Софија, Р. Бугарија, во организација на Етнографскиот институт со музеј при БАН од Софија и Институтот за национална историја во Скопје. Настап со тема: *Методологија на проучувањето на акултурацијата како последица на движењето на работната сила на примери од Источна Македонија.*
2. Меѓународен научен симпозиум: „Популаризација на етнолошкото културно наследство", одржан на 20-21.9.2010 год. во Штип, во организација на Македонското етнолошко друштво. Настап со тема: *Обичајот „четерсе" во Штип и обиди за негова поширока популаризација.*

3. Меѓународна научна конференција: "Migration and Identity: Historical, Cultural and Linguistic Dimensions of Mobility in the Balkans", одржана на 14-15.10.2011 год. во Софија, Р. Бугарија, во организација на Институтот за етнологија и фолклористика со етнографски музеј при БАН. Настап со тема: *The identity of the migrants from Shopluk in the new environments of the orher parts of Bulgaria, Serbia and Macedonia.*
4. VIII меѓународен конгрес за турска народна култура, одржан на 21-24 ноември 2011 год. во Измир, Турција, во организација на Министерството за култура и туризам на Р. Турција. Настап со тема: *Contribution of the Institute of Folklore from Skopje in the research, the archiving, the valorization and the protection of the intangible cultural heritage in the Rebublic of Macedonia.*
5. Научен симпозиум: "Јосиф Ковачев и неговото време", одржан на 29.10.2010 год. во Штип, во организација на Институтот за историја и археологија при Универзитетот "Гоце Делчв" во Штип. Настап со тема: *Фолклорни и етнографски материјали публикувани од штипјани кон крајот на XIX век.*
6. Научна трибина по повод 90 години од смртта и 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров, одржана на 1.4.2011 год. во Скопје, во организација на општина Ѓорче Петров и Институтот за национална историја во Скопје. Настап со тема: *Научниот придонес на Ѓорче Петров во македонската етнографија.*

**Раководење и учество во национални и меѓународни научни проекти**

Од прегледот на дејноста поврзана со раководењето и учеството во научни-стручни проекти, може да се констатира дека д-р Зоранчо Малинов раководи со еден (1) проект, а како учесник се појавува во пет (5) други проекти, од кои еден (1) е меѓународен:

1. „Промените во календарската обредност по општествено-политичките настани од '90-тите години на XX век"; раководител: д-р Зоранчо Малинов. Учество со тема: „Свети Трифун и Свети Валентајн - двајца светци, а еден празник (судир на традицијата и помодарството)" (МОН - 2010-12).

2. "Миграции на работната сила на Балканот"; раководители: д-р Билјана Ристовска-Јосифовска (ИНИ, Скопје) и д-р Петко Христов (ЕИМ-БАН, Софија). Учество со тема: „Компаративно проучување на акултурацијата на мигрантите од Шоплукот (на примери на Источна Македонија и Североисточна Бугарија"). Меѓународен научноистражувачки проект, финансиран од МОН на Р. Македонија и МОН на Р. Бугарија (2008-2009).

3. "Помеѓу традицијата и современоста: етнолошко-фолклористичко истражување на народната култура"; раководител: д-р Весна Петреска. Учество со тема: "Современите селски слави во Македонија" (МОН - 2009-11).
4. „Сурвивали од изминати култури во североисточна Македонија, присутни во традициската народна култура"; раководител; д-р Анета Светиева. Учество со тема: „Васуљица - мечкина повојница (Култот на мечката во Кумановско во контекст на балкано-словенските релации)". Научно-истражувачки проект на НУ Музеј Куманово, финансиран од Министерството за култура (2009-10);
5. „Фолклорно наследство: истражување и дигитализација"; раководител: д-р Катерина Петровска-Кузманова. Учество со тема: „Дигитализирање на

архивските материјали од сферата на календарската обредност" (МОН - 2009-11).
6. „Улогата на жената во обредите"; Раководител: д-р Родна Величковска. Учество со тема: "Обредната улога на жените во календарската обредност" (МОН - 2010-12).

**Менторска научноистражувачка работа**

Во изминатиот период, во рамките на законските услови за докторски студии и пријавување на докторски дисертации на ИФ „Марко Цепенков во Скопје, д-р Зоранчо Малинов се појавува како ментор на две докторски дисертации, и тоа:

1. Докторска дисертација на м-р Стојанка Манева-Чуповска, со наслов: „Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн" (Одлуката на ИФ е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 979 од 1.2. 2010);
2. Докторска дисертација на м-р Тони Симоновски, со наслов: „Традиционалната исхрана на Македонија во контекст на туристичката понуда споредено со состојбите во балканските земји" (Одлуката на ИФ е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 969 од 1.9. 2009).

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Во изборниот период, кандидатот д-р Зоранчо Малинов бил исклучително активен во редица дејности од поширок интерес, учествувал во промотивни активности на Институтот за фолклор „Марко Цепенков", во експертски активности како евалуација, стручна ревизија, супервизија како и во други значајни организациони и развојни дејности од поширок интерес и од посебно значење за науката, образованието и воопшто за нашето општество, и тоа:

1. Директор на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (2011 г.);
2. Раководител на постдипломски студии по фолклористика на ИФМЦ (2011 г.);
3. Претседател на организационен одбор на научен собир: меѓународен научен симпозиум: „Популаризација на етнолошкото културно наследство", одржан на 20-21.9.2010 год. во Штип, во организација на Македонското етнолошко друштво;
4. Член на организационен одбор на научен собир: меѓународна научна конференција: "Migration and Identity: Historical, Cultural and Linguistic Dimensions of Mobility in the Balkans", одржана на 14-15.10.2011 год. во Софија, Р. Бугарија, во организација на Институтот за етнологија и фолклористика со етнографски музеј при БАН;
5. Член на уредувачки одбор на четири (4) стручно-научни списанија и зборници: 1. „Македонски фолклор" – ИФМЦ Скопје; 2. „Етнолог" – МЕД Скопје; 3. „Годишен зборник" ИНИСА УГД Штип и 4. „Музејски гласник" - Кратово;
6. Национален координатор во стручни и научни тела од областа на етнологијата и фолклористиката, и тоа:

а) претседател на Советот за заштита на нематеријалното (духовно) културно наследство;
б) претставник на Р. Македонија во Регионалниот центар на УНЕСКО за нематеријално културно наследство во Софија, Бугарија;
в) претседател на Македонското етнолошко друштво;
г) претседател на Рецензентската комисија за избор во стручни звања во областа на музејската дејност (етнологија);

7. Награда за научни постигнувања:
- признание од општина Штип за особен придонес и постигнувања (самостоен), (2011).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, познавањето на кандидатот и соработката со него на стручен и научен план, членовите на Комисијата заклучија дека проф. д-р Зоранчо Малинов бил особено успешен во периодот помеѓу два избора (2008-2012), што е логично ако се земаат предвид околностите во претходниот изборен период по докторирањето (2005-2008), кога се очекува нова фаза во созревањето и кога поединци земаат силен замав во одредено научно поле. Може да се забележи дека во овој период кандидатот се одликува со љубопитност за научно истражување на нови, дотогаш неосвоени теми од современата етнографија, етнологија, антропологија и фолклористика, како и од областа на политичката антропологија. Во овој успешен период, д-р Зоран Малинов бил автор на една (1) монографија, на единаесет (11) оригинални научно-стручни статии, бил учесник на (4) меѓународни и на два (2) домашни стручно-научни собири и трибини. Самостојно раководи со еден (1) научноистражувачки проект и активно учествува во уште пет (5) други проекти на соработници од ИФ и од други институции од земјата и од странство, ангажиран е како ментор на две (2) докторски дисертации, изведува настава од два (2) базични предмета на постдипломските студии на ИФМЦ и е задолжен со редица стручно-апликативни и организационо-развојни дејности.

Покрај научноистражувачката и наставно-образовната дејност во ИФМЦ, во изборниот период извршувал и наставна дејност на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како и на Одделот за етнокореологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На Институтот за етнологија и антропологија бил ангажиран во учебната 2006/07 г. и до денес работи како наставник по предметите: етнологија на воневропските народи II (според старата програма), етнологија на Африка I и II, етнологија на Австралија и Океанија и традициска народна култура на Македонците. Неговиот ангажман е реализиран врз основа на одлуките за добивање на две наставно-научни звања, и тоа: **насловен доцент** (до учебната 2010/11), а потоа како **насловен вонреден професор**. На Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип држи настава по предметите регионална етнологија I и II и народни носии I и II.

Сите реализирани активности во изборниот период, почнувајќи од научните трудови, до наставно-образовните, апликативните и другите значајни дејности од поширок интерес, се одликуваат со висок квалитет, доследност и забележителен обем на работа, што потврдува дека проф. д-р Зоранчо Малинов

сигурно чекори како оформен научник - етнолог и антрополог, што значи дека успешно се претставува пред домашната и меѓународната научна заедница, како и пред пошироката стручна и културна јавност.

Врз основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека д-р Зоранчо Малинов ги задоволува бараните критериуми по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да му предложиме на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје, да го избере во звањето **научен советник** од областа на етнологијата и фолклористиката, за работното место **истражувач на народниот календар, обредите и верувањата.**

Скопје,
28. 1. 2012

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Анета Светиева, ред. проф., Институт за за етнологија и антропологија (ПМФ) (во пензија), с.р.

2. Проф. д-р Весна Петреска, научен советник (ИФ), с.р.

3. Проф д-р Клеанти Ановска, научен советник (ИФ), с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Д-р Зоранчо, Лазар, Малинов, виш научен соработник на ИФМК
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** етнологија, антропологија, фолклористика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА (НАСТАВНО-НАУЧНА) ДЕЈНОСТ (НН)

| Ред. број | Назив на активноста: **Настава и консултации од втор циклус студии** | Поени |
|---|---|---|
| | учебна 2008-2009 | |
| 1. | Предавања од втор циклус студии: духовна и материјална култура - зимски семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 2. | Предавања од втор циклус студии: балканска фолклористика - летен семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 3. | Консултации со студенти во зимски семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 4. | Консултации со студенти во летен семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 5. | учебна 2009-2010 | |
| 6. | Предавања од втор циклус студии: духовна и материјална култура - зимски семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 7. | Предавања од втор циклус студии: балканска фолклористика - летен семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 8. | Консултации со студенти во зимски семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 9. | Консултации со студенти во летен семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 10. | учебна 2010 - 2011 | |
| 11. | Предавања од втор циклус студии: духовна и материјална култура - зимски семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 12. | Предавања од втор циклус студии: балканска фолклористика - летен семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 13. | Консултации со студенти во зимски семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 14. | Консултации со студенти во летен семестар 4*0.002 | 0,008 |
| 15. | учебна 2011 - 2012 | |
| 16. | Предавања од втор циклус студии: духовна и материјална култур - зимски семестар - 2*15*0,05 | 1,5 |
| 17. | Консултации со студенти во зимски семестар 4*0.002 | 0,008 |
| | Вкупно | 10,556 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)

| Ред. број | Назив на активноста: **Објавени монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање, менторство** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија (детални податоци во текстуалниот дел) 1*8 | 8 |
| 2. | Три (3) труда со оригинални научни резултати објавени во | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | стручни-научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (детални податоци во текстуалниот дел, под бр. 5., 7., 11) 3*4 | |
| 3. | Осум (8) труда со оригинални научни резултати, објавени во стручни-научни списанија (детални податоци во текстуалниот дел под бр.1., 2., 3., 4., 6., 8., 9., 10) 8*2 | 16 |
| 4. | Четири (4) секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (детални податоци во текстуалниот дел, под бр. 1., 2., 3., 4) 4*2 | 8 |
| 5. | Две (2) секциски предавања на научен/стручен собир (детални податоци во текстуалниот дел, под бр. 5., 6.) 2*1 | 2 |
| 6. | Раководител на еден (1) национален научен проект (детални податоци во текстуалниот дел) 1*6 | 6 |
| 7. | Учесник во еден (1) меѓународен научен проект (детални податоци во текстуалниот дел) 1*5 | 5 |
| 8. | Учесник во четири (4) национални научни проекти (детални податоци во текстуалниот дел) 4*3 | 12 |
| 9. | Ментор на две (2) докторски дисертации (детални податоци во текстуалниот дел) 2*3 | 6 |
| | Вкупно | 75 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА (СА)**
**И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ (ОР)**

| Ред. број | Назив на активноста: Дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| | Директор (детални податоци во текстуалниот дел) 1*6 | 6 |
| | Раководител на постдипломски студии по фолклористика на ИФМЦ (2011 г.) 1*2 | 2 |
| | Претседател на организационен одбор на научен собир (детални податоци во текстуалниот дел) 1*2 | 2 |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (детални податоци во текстуалниот дел) 1*1 | 1 |
| | Член на четири (4) уредувачки одбори на стручно-научни списанија и зборници (детални податоци во текстуалниот дел) 4*0,5 | 2 |
| | Национален координатор на четири (4) стручни и научни тела од областа на етнологијата и фолклористиката (детални податоци во текстуалниот дел) 4*4 | 16 |
| | Награда за самостојни научни постигнувања (детални податоци во текстуалниот дел) 1*3 | 3 |
| | Вкупно | 32 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)** | 10,556 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)** | 75 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ /** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА+ОР)** | 32 |
| **Вкупно** | 117,556 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Анета Светиева, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Весна Петреска, член, с.р.

3. Проф. д-р Клеанти Ановска, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ"
# ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ

Согласно со одлуката бр. 02-560/8 од 22. 12. 2011, год., донесена од Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, избран сум рецензент на ракописот „Методика на музичкото образование", како основа за учебник по наставната дисциплина основи на музичкото образование со методика за студиската група одделенска настава на македонски наставен њазик, од авторот доц. д-р Владимир Талевски.

Следствено на извршената анализа на дотичниот ракопис, го приложувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

1. Називот на ракописот, односно учебникот гласи: „Методика на музичкото образование".

2. Ракописот – учебникот е наменет за студиите и студентите на студиската група одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

3. Ракописот – учебникот се однесува на наставната дисциплона основи на музичкото образование со методика, кој според студиската програма се изучува во петти, шести, седми и осми семестар со неделен фонд на часови и еквавилентност од ЕКТС.

4. Ракописот – учебникот е во согласност со предметната програма ма групата одделенска настава.

5. Автор на ракописот – учебникот е д-р Владимир Талевски, доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

6. За рецензент сум избран со одлука на седницата на Наставно – научниот совет одржан на 22. 12. 2011 год.

7. Ракописот – учебникот ќе претставува основна литература за студентите од групата одделенска настава на Педагошкиот факултет .

8. Ракописот – учебникот ќе биде прво издание во статус на учебник и на студентите треба да им овозможи квалитетна учебникарска основа за совладување на материјата од предметната настава.

9. Општи податоци за ракописот – учебникот:

- напишан е на компјутер со фонд на букви 12, проред 1;
- конципиран е на 218 страници со примена на стандарната учебникарска структура целосно соодветна на современите студиски потреби и цели;
- содржинскиот материјал е распореден во 5 поглавја, односно логични заокружени целини;
- стручниот материјал е презентиран на систематичен начин;
- теоретско – методските објаснувања го чинат принципот на застапеност на сопственото како и искуството на проучувачите на методиката на музичкото образование, односно научно – педагошките сознанија во музичката област;
- низ содржините на ракописот актуализирани се современите пристапи во образованието.

10. Краток опис на содржината на ракописот, односно учебникот

Од приложеното во ракописот „Методика на музичкото образование" се доаѓа до констатација дека музиката, односно музичкото образование, во целост е спацифична научна дисциплина која бара и посебност во методскиот пристап за нејзина успешна примена.

Низ целиот ракопис авторот укажува на неопходноста од солидна музичка писменост, како предуслов за успешна примена и реализација на теоретско – методските содржини во образовниот процес.

Во воведниот дел, авторот укажува на важноста на музиката во севкупниот развој на личноста, односно нејзиното сеопфатно влијание во формирањето на моторните и интелектуалните способности, а со тоа и на местото и значењето на музичката настава во воспитно – образовниот процес.

Во првото поглавје се опфатени историскиот развој на музичката уметност воопшто, односно почетоците на музиката, музички периоди и историски преглед на музичкото образование, цели, задачи и значењето на методиката на музичкото образование, влијанието на музичкото образование врз развитокот на способностите за перцепција, доживување и вреднување на естетските својства на музиката.

Второто поглавје опфаќа разработката на дидактичко – методските содржини: принципи, методи и постапки, форми на работа и средства за реализација.

Третото поглавје – Фонотарен систем, многу студиозно го обработува основниот услов за восприемање и реализирање на музичките содржини: органите за слушање и говорење, нивната анатомија и физиологија. Авторот, со особен пиетет кон чувствителноста на детскиот глас, ја обработува наставната материја содржана во методските постапки во негувањето, развивањето и импостацијата на основниот инструмент за музичка реализација – човечкиот, односно детскиот глас.

Четвртото поглавје е посветено на дидактичко – методските наставни теми, со посебен акцент на основната музичка писменост – како предуслов за

правилно воспriемање на наставните содржини. Сите наставни содржини се обработени со посебно внимание, каде што доаѓаат до полн израз методско – стручните постапки при обработката на сложената музичка материја. Илустрираните примери на методските постапки во обработка на наставните содржини во целост го потврдуваат насловот на ракописот.

Значењето на планирањето на наставата и сложениот одговорен процес при распределбата на наставните теми е разработен во петтото поглавје. Мошне студиозно и со впечатлив научен пристап, авторот ги образложува материјалните и функционалните задачи при конкретизација на наставните единици и примена на современи наставни технолигии во подготовката, организацијата и реализацијата на воспитно – образовната работа.

Ова поглавје е логично заокружување, односно круна на авторската свесност и творечка концепција за постапност, по суштина и значење, градење, односно распоредување на содржинската материја.

11. Категоризација: учебник

## II. ЗАКЛУЧОК

Според изложената содржина, ракописот претставува сериозен и вреден труд кој во целост одговара на барањата од музичката педагогија, теорија и практика, неопходни за студентите од групата одделенска настава на Педагошкиот факултет и истородните факултети, како и за сите што сакаат да се упатат во посебноста на музичката проблематика и наука.

## III. ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ

Врз основа на напред изнесеното, ракописот – учебникот „Методика на музичкото образование" од авторот доц. д-р Владимир Талевски, со особена чест и задоволство, на Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, му предлагам ракописот – учебникот да биде прифатен и објавен како учебник за студентите од студиската група одделенска настава.

Рецензент
Проф. Запро Запров с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ˝ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски˝ во Скопје, бр. 02-560/8 од 22. 12. 2011, одредена сум да бидам член на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Методика на музичкото образование" од доц. д-р Владимир Талевски, наменет за студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски˝ во Скопје, за предметот основи на музичкото образование со методика, за студиската група одделенска настава, на македонски наставен јазик.

По разгледувањето и анализата на учебникот „Методика на музичкото образование" од доц. д-р Владимир Талевски, имам чест до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски˝ во Скопје да го поднесам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕБНИКОТ

1. **Назив на учебникот:**
„Методика на музичкото образование".

2. **Назив на предметната програма:**
Учебникот „Методика на музичкото образование" се однесува за програмата основи на музичкото образование со методика.

3. **Назив на студиската програма:**
Учебникот „Методика на музичкото образование" е наменет за студиската програма за одделенска настава на Педагошкиот факултет на македонски наставен јазик.
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:**
Предметот основи на музичкото образование со методика за одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски˝ во Скопје е задолжителен предмет и се слуша во: петтиот семестар – 30 часа неделно (1+1), шестиот семестар – 30 часа неделно (1+1), седмиот семестар – 45 часа неделно (1+2) и осмиот семестар – 60 часа неделно (2+2), со 3 ЕКТС-кредити по семестар.

5. Учебникот „Методика на музичкото образование" е напишан согласно со наставниот план и програмата за наведениот предмет за групата одделенска настава на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

6. Име на авторот на учебникот и на практикумот: доц. д-р Владимир Талевски.

7. Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, бр. 02-560/8 од 22. 12. 2011, одредена сум за член на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Методика на музичкото образование" од доц. д-р Владимир Талевски, наменет за студентите од македонска наставна група на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, за предметот основи на музичкото образование со методика.

8. Учебникот претставува прво издание.

9. **Општи податоци за учебникот:**
   - Учебникот во ракопис соджи 200 страници напишани на компјутер.
   - Содржината на учебникот е поделена во пет тематски целини:
     - првата тематска целина од учебникот содржи три дела, а секој од нив е поделен во помали поглавја;
     - втората тематска целина од учебникот содржи четири делови;
     - третата тематска целина се состои од четири дела;
     - четвртиот дел содржи шест поглавја кои се поделени во повеќе наслови;
     - по последната тематска целина од учебникот, која е напишана во една целина, следува делот со користена литература и содржина.

10. **Краток опис на учебникот:**

Во приложениот учебник во ракопис „Методика на музичкото образование" станува збор за обработка на системот на изучувањето на предметот музичко образование. Учебникот опфаќа повеќе поглавја кои претставуваат една логичка заокружена целина која се однесува на основните постулати на методиката на музичкото образование. Во целина гледано, изборот на поглавјата кои се претставени во ракописот и начинот на кој тие се обработени и презентирани во целост соодветствуваат на длабочината и обемот во кој се проучува основата на методиката на музиката за профилите за кои е наменет учебникот.

Учебникот во ракопис е структуриран во пет целини. Секоја тематска целина е поделена во поглавја кои се логичко-методички и содржински поврзани и претставуваат заокружена наставно-тематска дисциплина.

Првиот дел, ОПШТИ ПОИМИ, претставува синтеза на неколку музички подрачја кои се разгледувани од аспект на воведување во суштината на главниот предмет на интерес – методиката на музичкото образование.

Најпрво е направена ретроспектива на историјата на музиката и на музичкото образование како можност за проширување на општата музичка култура. Следува делот со воведни методско-дидактички забелешки во кој се претставени предметот, целите, задачите на методиката на музичкото образование. Последниот дел од ова поглавје се однесува на значењето на музичкото образование за развитокот на детската личност, кое е прикажано низ призмата на различни научни дисциплини со конкретни примери од бројни истражувања. Во таа смисла, системското музичко образование е разгледувано и од аспект на придобивките во однос на интелектуалните способности, перцепцијата и доживувањата, како и естетското формирање на вкусот кај младата популација.

Всушност, изложените факти ја претставуваат и појдовната точка за подигнување на свеста кај наставниот кадар во однос на значењето на изучувањето на предметот музичко образование во основните училишта.

Поглавјето ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ СОДРЖИНИ е во согласност со современите пристапи во рамките на теоријата на музичката култура и на методиката на музичкото образование. Во таа смисла се презентирани дидактичките принципи, методи, форми на работа како и средствата за реализација како обединувачки парадигми на теоретски неопходните основи и конкретната методика на музичкото образование.

Третиот дел, ФОНОТАРЕН СИСТЕМ, ги содржи објаснувањата за создавањето и функционирањето на човековиот глас, разгледувано од аспект на средство за музичко изразување. Содржинската структура на овој дел ги синтетизира сите елементи и параметри кои имаат базична улога во реализацијата на една од главните програмски теми во наставата по музичко образование – пеењето.

Четвртата тематска целина ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ НАСТАВНИ ТЕМИ, го претставува најважниот дел од трудот со оглед на тоа дека ги обработува наставните теми застапени во наставата по музичко образование. Секоја од темите - *Пеење, Музика и движење, Слушање музика, Свирење детски музички инструменти, Основи на музичката писменост, Детско музичко изразување и творење и Народно музичко творештво* – кои се презентирани со целосен аналитички пристап, ги обединуваат како теоретските основи на методиката на музичкото образование, така и сознанијата за реализацијата на наставата со учениците за кои е наменета. Од големо значење е обработката на наставната тема Музика и движење која претставува нова тема интегрирана во програмата за музичко образование со воведувањето на деветгодишниот образовен систем. Со тоа е оформен корпус на систематизирани знаења со кои ќе се овозможи поефикасно апсолвирање на содржините од оваа сфера на музичката уметност.

Последниот дел, ПЛАНИРАЊЕ И ВИДОВИ ПЛАНИРАЊА ВО НАСТАВАТА, е обработен во согласност со тековните дидактички поставки и барања во практичната работа во образовните институции. Презентирани се сите видови на планирања кои се применуваат во реализацијата на наставата по музичко образование во одделенската настава.

11. **Предлози за потребни корекции:** Според направената анализа на содржините на предложениот ракопис - учебник и практикум, корекции не се потребни.

12. **Оцена на учебникот и на практикумот:**

Учебникот во ракопис, според содржинскиот корпус, е значаен материјал поради тоа што претставува сублимат на теоретските и практичните сознанија на оваа научна област. Парадигмите кои ја сочинуваат содржинската структура во целост соодветствуваат со постојните методски релации на наставата во современи услови.

Содржините од секоја тематска целина на учебникот се логички поставени и имаат научно-уметничка и методолошка заснованост. Во тематските целини со длабок аналитички пристап се разработени фундаменталните аспекти, концепции и теории за изучувањето на музичката уметност кои се во согласност со современата научна мисла.

Изборот на темите и поднасловите соодветствува со детерминираните нормативно-програмски и дидактичко-методски барања како неопходна условеност за реализацијата на предметот музичко образование.

Паралелно со научно-стручните, застапени се и дидактички сознанија за обликување на содржинската структура, што претставува патоказ за самостојно истражување и решавање на одредени наставни прашања. Со тоа се овозможува полесно усвојување на материјата и поефикасна примена на стекнатите знаења во практичната работа.

Во согласност со темите, во учебникот се застапени и поголем број на илустрации и табели како дополнување на теоретските содржини.

Користениот систем на поими и термини соодветствува со академските барања за обработка на теоретските сознанија и применливоста во образовниот процес.

Учебникот во ракопис „Методика на музичкото образование" е напишан со разбирлив јазик, што овозможува непречено совладување на музичките содржини и нивна ефикасна имплементација во практиката. Стилот на пишување ги задоволува потребните услови на еден универзитетски учебник, во согласност со стандардниот литературен јазик.

Учебникот во ракопис е предвиден да се печати во стандарден Б5-формат.

13. **Категоризација:** учебник

14. **Заклучок:**

Имајќи ги предвид претходно изнесените податоци за учебникот, како во однос на содржинската структура, методолошко-дидактичката поставеност, така и во однос на целосното усогласување со студиските програми на Педагошкиот факултет, сметам дека учебникот во ракопис во целост ги исполнува критериумите да биде објавен.

Врз основа на тоа, имам чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му предложам учебникот „Методика на музичкото образование" од доц. д-р Владимир Талевски да го прифати и да го објави како учебник за студентите од одделенска настава на македонски наставен јазик, за предметот основи на музичко образование со методика на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Аида Ислам с.р.

# ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 10.02.2012 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Ана Чупеска | Од различни правни режими за заштита на пооделни групни права до диференцијално граѓанство | Д-р Љ.Фрчкоски<br>Д-р<br>Г. Силјановска Давкова<br>Д-р З.Илиевски |
| М-р<br>Горан Петрески | Улогата на медиумите во политичката кампања, со посебен осврт на Република Македонија | Д-р Р. Дескоска<br>Д-р Т. Каракамишева - Јовановска<br>Д-р Ј.Бачовска |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Елена Кипровска | Организација на власта во пост-комунистичките земји во Централна и Источна Европа-предизвици и проблеми | **проф.д-р Рената Дескоска** |
| Благој Тодоровски | Globalization and the media | **доц.д-р Дејан Донев/** |
| Ивона Галиќ Петков | Мерливата компонента на односите со медиумите | **проф.д-р Томе Груевски** |
| Елена Костовска | Предизвиците на македонскиот јавен радиодифузен сервис во дигиталната ера | **проф.д-р Љубомир Јакимовски** |
| Игор Анѓелков | Етичките аспекти на новинарското известување за Другиот | **доц.д-р Дејан Донев** |
| Верка Брдарова | Интерна комуникација | **доц.д-р Јасна Бачовска** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на триесет и шест тата седница одржана на 6.2.2012 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Татјана Миткова, редовен професор, д-р Јосиф Митрикески, редовен професор, вработени на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Душко Мукаетов, вонреден професор, вработен на Земјоделскиот институт во Скопје. Комисијата треба да изврши преглед и оцена на научните и стручните трудови на пријавените кандидати на конкурсот за повторен избор на соработник во научната област педологија. Во врска со тоа, Комисијата има чест на Наставно–научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за повторен избор на еден соработник во научната област педологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневните весници „Koha“ од 18. 1. 2012 година и „Нова Македонија“ од 20. 1. 2012 година, а распишан од Деканатот на Факултетот за земјоделски науки и храна–Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се пријавил еден кандидат, досегашниот асистент м-р Миле Маркоски.

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Миле Маркоски е роден на 15.11.1981 во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родниот град со континуиран одличен успех.

Во учебната 2000/2001 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје (поледелска насока), а во мај 2004 година предвремено дипломирал на истиот Факултет со просечен успех 8,96. Во декември 2003, година при изборот на најистакнати студенти на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бил прогласен за најдобар студент во академската 2003/2004 година од Земјоделскиот факултет во Скопје, врз основа на постигнатиот успех.

Од 1.10.2003 година до 30.6.2004 година бил ангажиран како демонстратор на предметот педологија на Катедрата за педологија, агрохемија и мелиорации, при што активно учествувал во одржувањето на практичните и теренските вежби на истиот предмет.

Во академската 2004/2005 година, се запишал на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на група педологија, агрохемија и микробиологија, подгрупа: педологија. Предвидените испити на студиската програма ги положил со среден успех 9,86, а магистерскиот труд успешно го одбранил на 26.9.2008 година и се стекнал со звањето магистер на земјоделски науки.

Се служи со англиски јазик и со компјутерски техники.

**Наставна дејност**

Кандидатот м-р Миле Маркоски, од академската 2003/2004, година прво како демонстратор, а потоа како избран помлад асистент на група предмети по педологија, со успех ја изведува практичната настава, лабораториските и теренските вежби, како и колквиумите на група предмети со студентите од студиските програми каде што се слушаат тие предмети. Стеканатото искуство е драгоцено при понатамошното изведување на практичната настава во согласност со воведениот КТС на студирање на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**Научна и стручна дејност**

М-р Миле Маркоски во изминатиот период активно е вклучен во изведувањето на наставно-научната и апликативната дејност од областа педологија и како резултат на таа активност, м-р Миле Маркоски објавил 24 трудови, од кои 4 се рецензирани во Билтен број 959 од 2. 3. 2009 г. на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од изборот за асистент до сега ги има објавено следниве научни трудови:

**Ќе дадеме краток приказ на трудовите:**

5. Stojanova M., Ivanobski P., Prentović T., Mitkova T., Mitrikeski J., **Markoski M. 2007**. Uticaj različitih sistema dubrenja na hemiski sastav sena visokoplaninskih prirodnih travnjaka. Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, N° 1, pp. 369-374.
6. Prentović T., Ivanovski R. P, Mitkova T., Mitrikeski J., **Markoski M.**, Stojanova M. **2007**. Uticaj đubrenja i kalcizacije na sastav i prinos prirodnih travnjaka na Jakupici, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, N° 1, pp. 347-354.
7. Najdenovska O., Jarak M., Guric S., Stojanova M., Mitkova T., Prentović T., **Markoski M. 2007**. Kvalitet lucerke i kukuruza gajenih na aluvijalnom tipu zemljista u okolini Skoplja. Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo. Novi Sad. Vol. 44, N$^0$ 1, pp. 423-429.
8. Cvetkovska M., Mitkova T., Mitrikeski J., Gjorgeva S., **Markoski M. 2007**.Overview of soil information and soil protection polices in the former Yugoslav republic of Macedonia, European Soil Bureau Research Report, EUR 22646 EN, pp. 55-62.
9. **Markoski Mile. 2008**. Physical and physio-mechanical propertis of chernozems of the ovce pole region. Uiniversity of Ss. Cyrili and Methodius in Skopje, Faculty of Agricultural Sceneces and Food-Skopje, master degree thesis. Skopje. pp. 1-64.
10. Mitkova T. **Markoski M. 2008**. Propertis of the soils for vineyads in the Ramnik locatly, Veles. Soil and Plant, Beograd. Vol. 57, N$^0$. 3, pp. 147-158.
11. Prentovic, T., Mitkova, T., **Markoski, M.,** Mitrikeski, J., Ivanovski, R. P. **2009**. Phitoremediation as a measure for the soil decontamination. Soil and Plant, Beograd. Vol. 58, N$^0$. 3, pp. 189-196.
12. Mitkova, T., **Markoski M.,** Mitrikeski, J. **2009**. Aggregate composition and aggregate stabability of the chernozems spread out in Ovče Pole. Soil and Plant, Beograd.Vol. 58, N$^0$. 2, pp. 81-91.

13. **Markoski, M.,** Mitkova, T.,Mitrikeski, J., Čukaliev, O., Tanasković, V. **2009**. The influence of mechanical composition on the retention curves at soil moisture in the Chernozems. Soil and Plant, Beograd.Vol. 58, $N^0$. 2, pp. 119-127.
14. Tatjana Mitkova, Mihail Petkov, Josif Mitrikeski, **Mile Markoski**. **2009**. Soil-climate connditions as frameworks for improvement of viticulture in Republic of Macedonia. Proceedongs XX scientific-expert conference on agriculture and food industry. Neum, Bosna and Hercegovina. pp. 259-267.
15. Tatjana Prentovic., Tatjana Mitkova., **Mile Markoski. 2009**. The role of organic agricultural production in the environment protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid. pp. 201 – 209.
16. Tatjana Mitkova., Tatjana Prentovic., **Mile Markoski.,** Valentina Pelivanoska. **2009**. Decontamination of the soil of heavy metals spresd out in Veles. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, , Ohrid. pp. 183 – 191.
17. Tatjana Prentovic., Tatjana Mitkova., **Mile Markoski. 2009**. The role of organic agricultural production in the environment protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid. pp. 201 – 209,
18. T. Prentovic T. Mitkova, P. R. Ivanovski, J. Mitrikeski, V. Pelivanoska, **M. Markoski. 2010**. Phytoremediation as an ecologic measure for cleaning up of soils contaminated with heavy metals (Pb, Cd and Zn) in the Veles. Biotechnology in Animal husbandry, XII International Symposium on Forage Crops of Republic of Serbia, Belgrade. Book 2, Vol 26, pp. 577-584
19. Vukelic-Shutovska, M., Mitkova, T., **Markoski, M. 2011.** Managment of waters and soils in Skopje valley according to sustainable agriculture. Croatian waters facing the challenge of climate changes. Proceedings. Opatija. Croatia. pp. 895 – 904.
20. Pelivanoska, V., Jordanoska, B., Mitkova, T.,**Markoski, M. 2011**. Heavy metal contents in soil and oriental tobacco manufactured in Republic of Macedonia, International conference - 100 years Bulgarian soil science, Proceedings of the Conference. pp. 754-758.
21. **Markoski, M.** Mitkova T, Rubinić, V. **2011**. Mineral composition of clay fraction of the Chernozems spread out in Ovče Pole in Republic of Macedonia. Agricultural Conspectus Scientificus. Vol.76. No 1. pp. 71 - 75.
22. **Markoski, M.**, Mitkova, T. **2011.** Physico-mechanical properties of the chernozems widespreaded in Ovče Pole, R. Macedonia. Soil and Plant, Beograd.Vol. 60, $N^0$. 2, pp. 53 - 66.
23. Pelivanoska, V., Jordanovska, B., Filiposki, K., Mitkova, T., **Markoski, M. 2011.** Heavy metal content soil and tobacco leaves at the region of Skopje, Republic of Macedonia. 1st International scientific conference. Land, usage and protection. Proceedings.Novi Sad. pp. 55 – 59.
24. **Markoski, M.,** Mitkova, T., Pelivanoska, V., Jordanovska, B., Prentović, T. **2011.** Investigation of the content of heavy metals in agricultural soils in the region of Struga. 1st International scientific conference. Land, usage and protection. Proceedings. Novi Sad. pp. 49 – 54.

Кандидатот во досегашниот работен период активно учествувал на научни и стручни собири и работилници, одржани во нашата земја и во странство, и тоа:

- Учество на Меѓународната школа (Promotion of organic agriculture in the Balkan region) за органско производство која се одржа од 5 до 11 . 10. 2003 год. во Рибарица, Р. Бугарија.
- Учество во работната група за затворање и рекултивација на депониите, Национален план за управување со цврст отпад и физибилити студија. Министерство за животна средина и просторно планирање, 2005 – 2006 година. Скопје.
- Учество на XI конгрес на Југословенското друштво за проучување на почвите одржан во Будва, Р. Црна Гора, 13 – 16. IX. 2005.
- Учество во работилницата на тема: Развој на капацитетите за управување со загаденоста на почвите и мерки во Р.Македонија – преку искуства од Јапонија, организирана од Министерството за животна средина и МЗШВ, 2006, Скопје.
- Учество во работилницата на тема: Органско производство и обработка на почвата, во организација на Швајцарската агенција за развој и соработка SDS, 27 – 29. III. 2006. Скопје.
- Учесник во работната група на Третата работилница за пилот – проектот "The study on Capacity Development for Soil Contamination Managment Related to Mining in the Republic of Macedonia", во организација на МЗШВ и поддржано од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), февруари 2007, Пробиштип.
- Обука за оценувач по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006, на следниве теми: барање на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025 : 2006, оценување на барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006, процес на акредитација (процедура и методологија на оценување, компетенции и лични способности на оценувачот. Институт за акредитација на Република Македонија – Скопје, 22 – 24 септември 2010 година, Скопје, Р. Македонија.
- Сертификат за учество на семинар за земање на примероци од животна средина на следниве теми: земање на примероци од почва, земање на примероци од почвен гас, земање на примероци од вода. Институт за акредитација на Република Македонија – Скопје (ИАРМ) и Physikalisch – Technische Bundesanstalt (PTB), во периодот 15 – 16 ноември 2010 година, Скопје, Р. Македонија.
- CERTIFICATE Traceability and calculation of the measurement uncertainty in chemistry field and microbiology Technical Assistance for Capacity Building of the Institute of Accreditation (IARM) во периодот 10 - 12 мај 2011.
- Обука за оценувач на следниве теми: оценување на адекватноста на сертификатите за калибрација, улогата на оценувачите во процедурата за оценување, оценување по изменетите документи на ИАРМ за употреба на знакот за акредитација, меѓулабораториски споредби и ПТ шеми, следливост, градација на несобразности, оценување по процедурата за акредитација на флексибилен опсег.
- Студиски престој преку: CEEPUS mobility grant at Wroclaw University of Environmental and Life Sciences, Faculty of Agriculture, во периот од 19. 11. до 18. 12. 2007 година.
- Студиски престој: CEEPUS mobility grant at University of Zagreb, Faculty of Agriculture, во периодот 14. 10. до 15. 11. 2008 година.

- Учество на конгрес на тема "Status and prospective of soil protection, management and use", одржан на Фрушка Гора. Национален парк Андревље, Нови Сад, Р. Србија во периодот 7 – 11. IX 2009.
- Учество на конгрес на тема "International conference - 100 years Bulgarian soil science", одржан во Р. Бугарија во периодот 16 - 20 . V 2011.
- Учество на конгрес на тема "Croatian waters facing the challenge of climate changes", одржан во Опатија, Р. Хрватска, во периодот 18 - 21. V 2011.
- Учество на 1st International scientific conference. "Land, usage and protection", одржан во Фрушка Гора, Национален парк Андревље, Нови Сад Р. Србија во периодот 21-23. X 2011.

Како соработник, активно и успешно учествувал во реализација на научни и апликативни проекти, и тоа:

- Елаборат за контаминација на почвите распространети на локацијата во с. Драгожани, м.в. Дрми – Битолско, СОКО-ТАБ – Битола;
- Меѓународен проект од FP 6 програмата: Water resource Strategies and Drought Alleviation in Western Balkan Agriculture;
- Физибилити – студија за потенцијалните можности и правци на развој на Еуроленд АД Петровец;
- Фиторемедијација на контамираните почви со тешки метали (Pb, Cd и Zn) во велешкиот реон, помогнат од Локалната самоуправа – Велес, Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија, Еколошкото друштво "Вила Зора" и ЈКП Дервен-Велес;
- Фиторемедијација на контамираните почви со тешки метали (Pb, Cd, Zn) во велешкиот реон, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Педолошка студија за својствата на почвите на локалитетот Рамник за подигање на лозови насади, 2008, М-Шест Аграр ДООЕЛ - Велес;
- Елаборат за контрола на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење на почвени проби од парцели на Вардар 03 Градско;
- Елаборат за контрола на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење на почвени проби од парцели на земјоделски производители жители на општина Старо Нагоричане, 2009 година;
- Елаборат за контрола на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење на почвени проби од парцели на земјоделски производители жители на општина Гази Баба, 2009 година;
- Педолошка студија за почвите распространети на површина во Богданци, К О Селемли, 2010 година;
- Елаборат за контрола на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење на почвени проби од парцели на Земјоделскиот комбинат - Битола. З К Битола А Д - Битола, 2009/10/11 година;
- Елаборат за контрола на плодноста на почвите и препораки за ѓубрење на почвени проби од парцели на Тутунскиот комбинат - Прилеп. Тутунски комбинат А Д - Прилеп;
- Елаборат за плодноста на почвите кооперанти на Струмица Табак. Струмица Табак, 2010 година;

- Педолошка студија за земјоделското земјиште К О Амзибегово, Овче Поле, 2011 година;
- Педолошка студија за земјоделското земјиште земено под концесија од АГРОЛЕНД ДОО - Пехчево, 2010 година;
- Проучување на постојната и создавање нова ген - плазма од ориенталски тутуни во агроеколошки услови на Република Македонија и Република Бугарија. Министерство за образование и наука во периодот 2010/2011 година;
- Педолошка студија за земјоделското земјиште за Свети Николе, Езгија ДОО, 2011 година.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, може да се заклучи следново:

1. м-р Миле Маркоски предвреме дипломирал со висока оценка (8,96) на нашиот Факултет. Предвидените испити на постдипломските студии на групата педологија, агрохемија и микробиологија, подгрупа: педологија, ги положил со одличен успех (9,86) и успешно го одбранил магистерскиот труд;
2. како асистент со успех ги изведува практичната настава, теренските вежби и колоквиуми на група предмети од областа на педологијата на повеќе студиски програми;
3. покрај магистерскиот труд, објавил 20 научни и стручни трудови и учествувал на повеќе научни собири и работилници во земјата и во странство и реализирал студиски престои;
4. како соработник, м-р Миле Маркоски активно учествувал во реализацијата на повеќе научни и апликативни проекти.

Комисијата позитивно ги оценува сите негови активности и затоа има голема чест и задоволство да му предложи на **Наставно–научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, м-р Миле Маркоски повторно да биде избран во звање асистент во научната област педологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Татјана Миткова, редовен професор с. р.

2.Д-р Јосиф Митрикески, редовен професор с. р.

3.Д-р Душко Мукаетов, вондреден професор с. р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 32. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, одржана на 24.11.2011 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет.

Комисијата констатира дека на распишаниот конкурс, објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" на 21.10.2011 година, се пријавил кандидатот м-р Слободан Велевски, досегашен асистент на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на поднесената документација, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Комисијата го дава следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци и образование

1976 Роден во Скопје

1995-2002 Студии на Архитектонскиот факултет во Скопје на кој дипломирал во 2002 година и се стекнал со звањето дипломиран инженер архитект.

2005-2007 Постдипломски студии од областа на урбанизмот и архитектурата на Десау- институтот за архитектура при Анхалт - универзитетот за применети науки во Десау, Германија, кадешто се стекнал со звањето магистер во 2007 година

2011 На Архитектонскиот факултет во Скопје пријавил докторски труд под работен наслов „Преклопување на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното ", кој го работи под менторство на проф. д-р Влатко П. Коробар.

Во 2006 година се вработил како помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, а во 2009 година е избран во звањето асистент на предметите од областа на урбанизмот. Наставните, научните и стручните референци на кандидатот до неговиот избор во звањето асистент се претставени во рефератите објавени во Универзитетскиот билтен бр. 886 од 2005 година и 958 од 2009 година.

### II. Наставно-образовна дејност

Кандидатот Слободан Велевски од својот избор во звањето асистент бил активно вклучен во изведувањето на наставата по предметите од областа на урбанизмот, како и во реализацијата на сесиите на Летната школа за архитектура и во другите форми на наставата во рамките на реформираната студиска програма. За одбележување е неговиот активен и одговорен однос кон наставните обврски и успешното изведување на вежбите што се отсликува и во високите оценки што ги добива во студентските анкети.

2009-2011 Учествувал во изведувањето на вежбите по предметите урбанистичко планирање 2 и урбанистичко планирање 1.

2011 Учествувал во изведувањето на архитектонската работилницата на тема „Домување за социјално ранливи групи", организирана од Факултетот во соработка со општина Карпош, Скопје

2011 Учествувал во работата на 20 сесија на Летната школа за архитектура на тема „Невидливи лавиринти", раководена од Александар Бродски од Русија. Во исто време бил и секретар на сесијата.

2011 На покана на Десау - институтот за архитектура на Анхалт - универзитетот за применети науки од Германија бил надворешен член во комисиите за одбрана на магистерските тези.

2010 Учествувал во одржувањето на продлабочената настава - тема „Скопје 2030 - урбанистички проекти за Скопје што се смалува", раководител: проф. д-р Влатко П. Коробар

2009 Учестувал во работата на осумнаесеттата сесија на Летната школа за архитектура на тема „Terristories", раководена од Класке Хавик од Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија. Во исто време бил и секретар на сесијата.

### III. Научноистражувачка дејност

Покрај континуираната работа на своето научно усовршување, кандидатот во овој период бил вклучен во COST - проектот TUD 0803 - CIRES, Cities Re-growing Smaller, кој го истражува проблемот на смалување на градовите во некои делови на Европа. Во рамките на овој проект учествувал во работата на коференцијата Shrinkage in Europe: causes, effects and policy strategies во Амстердам, во февруари 2011 година, како и на редовната годишна работна сесија на проектот во Порто, во мај 2011 година.

**Учество на конференции, предавања и работилници**

2011 Учествувал како ментор во работилницата на тема "South Boulevard Skopje", организирана во соработка со Универзитетот од Торино, Италија.

Во рамките на работилницата одржал предавање на тема "Spatial Changes - Skopje".

2010 Учествувал како ментор на работилницата „Помеѓу потребите, традицијата и спектаклот", организирана во Крушево, Македонија

2009 Учествувал во работилницата "Римски аквадукт Скопје" - организирана од Архитектонскиот факултет, Управата за заштита на културното наследство и Универзитетот Лувен од Белгија, Скопје

2009 Одржал предавање на конференцијата Форум Скопје 2009 – во рамките на темата „The Aftershock of Postmodernism" и учествувал во интердисциплинарната дебата за актуелните урбани феномени, Скопје

### IV. Стручно-уметничка дејност

Иако во ограничен обем, проектантската дејност на Слободан Велевски, особено со наградениот конкурсен проект за зграда на општина Центар, го покажува достигнувањето на повисоко рамниште на проектантска зрелост. Посебно треба да се одбележи неговиот ангажман во издавачката дејност, која во сферата на архитектурата е особено дефицитарна. Иако е надвор од примарното поле на неговиот професионален интерес, тој учествувал и во изработката на десетина технолошки проекти за 'catering' и ентериер на хотелски, угостителски и производни објекти.

**Учество на конкурси, изложби и други стручни манифестации**

2010 Во рамките на авторскиот тим учествувал во реализација на проектот "Learning Architecture", за македонското претставување на меѓународното архитектонско биенале во Венеција.

2010 Конкурсен труд за зграда за општина Центар, урбанистичко/ архитектонски идеен проект за регенерација на градско ткиво, административен објект и културен центар 21.000м², Скопје, коавтор, награден труд.

2009 Конкурсен труд „KM Housing", меѓународен конкурс, урбанистичко/ архитектонски идеен проект за регенерација на градско ткиво, студентско домување 5200м², Атина, коавтор.

2009 Учествувал со два проекта на изложбата „Ние" по повод 60 години Архитектонски факултет, одржана во Музејот на град Скопје.

**Публикации и објавени текстови**

2011 „(Раз)говори за архитектурата" - текст објавен во списанието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ, Пресинг, бр. 3 од јуни 2011 година.

2011 „Современа лектира за секој архитект" - интервју во списанието за архитектура Порта 3, бр.154 од 8.4.2011 година, Скопје.

2010 Книга „Разговори + предавања" - издание по повод 60 години на Архитектонскиот факултет, Скопје, коавтор со Марија Мано-Велевска.

2009 „Terristories" - публикација за Летната школа за архитектура 2009, коавтор.

# ЗАКЛУЧОК

Комисијата смета дека кандидатот м-р Слободан Велевски во периодот по изборот во звањето асистент, со резултатите од неговата севкупна работа, ги оправда очекувањата и ги потврди високите стандарди кои беа обележје на неговата работа и во претходниот изборен период. Неговата работа во изведувањето на наставата се одликува со компетентност и посветеност која не останува незабележана од студентите кои исклучително високо ја оценуваат неговата работа.

Со стремежот кон натамошно научно усовршување изразен преку пријавувањето на докторската дисертација и изборот на темата, тој несомнено го покажува својот интерес за актуелните дискурси во сферата на неговата академска насоченост и континуитетот на неговиот потесен научен интерес воспоставен со магистерскиот труд одбранет на Десау - институтот за архитектура во Германија.

Посебно треба да се одбележи неговото коавторство на изданието „Разговори + предавања", публикувано по повод шеесеттата годишнина на Архитектонскиот факултет во кое, низ разговорите со седум еминентни претставници на архитектонското творештво во светот денес, е направен успешен обид да се обединат нивните размислувања околу неколку актуелни теми, а истовремено да се отсликаат специфичностите на нивното творештво и позиција во светот на архитектурата. Може слободно да се тврди дека ова издание воспоставува нови стандарди во издавачката дејност на Факултетот.

Подеднакво е значајно да се одбележи и подготвеноста на асистент м-р Слободан Велевски да даде свој придонес во претставувањето на Факултетот на меѓународни изложби преку кои како институција го прикажуваме пристапот кон архитектонското образование кај нас и го тестираме неговото позиционирање во рамките на актуелните тенденции во архитектонското образование.

Врз основа на изнесеното, како и врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје да го избере кандидатот м-р Слободан Велевски, дипл.инж.арх., во звањето асистент од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Ред.проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател, с.р

Вонр.проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р

Ред. проф. д-р Тихомир Стојков, член, с.р

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација* | *Комисија за утврдување подобност на кандидатот и темата* |
|---|---|---|
| м-р Ана Витанова-Рингачева | „Шаманизмот како "културен остаток" во македонската народна традиција" | Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ<br>Проф. д-р Виолета Тасевска-Пирузе<br>Проф. д-р Добрила Миловска |
| М-р Маја Милевска-Кулевска | „Примена на заедничката европска референтна рамка за јазиците во наставата по француски и италијански јазик во средното образование во Р. Македонија" | Проф. д-р Мира Трајкова<br>Проф. д-р Маргарита Велевска<br>Проф. д-р Радица Никодиновска |
| м-р Шејназе Ајдини-Муртези | „Падежниот систем во албанскиот и во латинскиот јазик (компаративно-контрастивна анализа)" | Проф. д-р Аслан Хамити<br>Проф. д-р Халит Халими<br>Проф. д-р Мируше Хоџа |
| м-р Весна Тасевска | „Англискиот јазик во струка во терциерното образование во Македонија со посебен осврт на стиловите и стратегиите за учење за негово успешно усвојување" | Проф. д-р Солзица Поповска<br>Проф. д-р Екатерина Бабамова<br>Доц. д-р Анжела Николовска |
| м-р Хуреме Гурра | „Придонесот на албанската дијаспора во материјалните и духовните културни вредности во англо-саксонското општество" | Проф. д-р Рефик Кадија<br>Проф. д-р Виолета Христовска<br>Доц. д-р Агим Лека |
| м-р Наташа Воиновска | „Клитичките заменки во италијанскиот јазик со еквивалент во македонскиот јазик" | Проф. д-р Александра Саржоска<br>Доц. д-р Лучана Гвидо-Шремпф<br>Проф. д-р Славица Велева |
| м-р Анета Симоска | „Временскиот аспект на глаголите во италијанскиот и во македонскиот јазик" | Проф. д-р Александра Саржоска<br>Проф. д-р Радица Никодиновска<br>Проф. д-р Славица Велева |
| м-р Марина Спасовска | „Изразување минатост со глаголските форми во македонскиот и во албанскиот јазик" | Проф. д-р Славица Велева<br>Проф. д-р Живко Цветковски<br>Проф. д-р Стојка Бојковска |

| | | |
|---|---|---|
| м-р Марија Гиревска | „Наследството на готскиот роман во англо-американскиот фантастичен роман" | Акад. д-р Влада Урошевиќ<br>Проф. д-р Зоран Анчевски<br>Доц. д-р Соња Витанова-Стрезова |
| М-р Катерина Сековска-Анѓелковиќ | „Функцијата на јазичните игри за усвојување на вокабулар во наставата по италијански јазик" | Проф. д-р Радица Никодиновска<br>Проф. д-р Александра Саржоска<br>Проф. д-р Мира Трајкова |
| | | |

# ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|
| Гордана Наумовска | "Јазикот на правото, на правните акти и постапки" | Проф. д-р Томислав Треневски |
| Татјана Димова-Анастасов | "Самовилата-конектор меѓу митолошкото и антропоморфното" | Проф. д-р Фанија Попова |
| Биљана Ивановска | "Кратовскиот книжевен центар во XV и XVI век" | Проф. д-р Добрила Миловска |
| Бети Силјановска-Дрнков | "Усвојување на формите за искажување на идност од страна на македонските изучувачи на англискиот јазик со посебен осврт на меѓујазичното влијание" | Проф. д-р Елени Бужаровска |
| Гзиме Бафтири | "Начин на изразување негација во албанскиот јазик" | Проф. д-р Ваљбона Тоска |
| Мирјана Пачовска | "Фразеологизмите со "вода" како главна компонента во германскиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот" | Проф. д-р Силвана Симоска |
| Емилија Јанакиева | "Влијанието на македонскиот јазик врз медиумите на албанскиот јазик во Скопје" | Проф. д-р Аслан Хамити |
| Габриела Стојаноска | "Кусиот расказ и сонот: компаративни паралели низ призмата на неколку критички методи" | Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска |
| Христина Прескакулева | "Толкувачот во трибуналите за воени | Проф. д-р Силвана Симоска |

| | | |
|---|---|---|
| | злосторства и за злосторства против човештвото – врз примери на процесите во Нирнберг и во Хаг" | |

**ПРЕГЛЕД**
на пријавени теми за изработка на магистерски труд,
прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
на седницата одржана на 8.2.2012 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јованка Јузмеска, дипл. инж. | Архитектурата на традиционална македонска куќа во струшки Дримкол<br><br>The architecture of the traditional macedonian house in Drimkol Struga | Проф. д-р Владимир Каранаков, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно- научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на 36. редовна седница одржана на 6. II 2012 година, со одлука бр. 02-68/6 од 6. II 2012 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Цане Стојковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Љупчо Јанкулоски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот пријавен за избор во звањето доцент.

Комисијата изврши преглед на доставената документација и констатира дека на распишаниот конкурс на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 28. XII 2011 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област генетика и селекција на растително производство се пријавил само еден кандидат.

По прегледот на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област генетика и селекција на растително производство, се пријавила д-р Мирјана Жељко Јанкуловска, досегашен асистент на Катедрата за генетика и селекција при Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Врз основа на пријавата и останатите приложени документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Д-р Мирјана Јанкуловска е родена на 24. V 1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1997/98 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, на поледелската насока. Дипломирала во 2002 година, со просечен успех 8,82. Во учебната 2005/2006 година се запишала на постдипломски студии на групата генетика и селекција на растенија. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,67. Магистерскиот труд со наслов „Варијабилност и меѓузависност на компонентите на приносот и квалитетот на маслото кај некои генотипови маслодајна репка (*Brassica napus* L.)" го одбранила на 25. VI 2008 година, со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки. Научниот степен доктор на земјоделски науки го стекнала на 2. XII 2011 година, одбранувајќи ја докторската дисертација со наслов „Поврзаност на генетската дистанца со хетерозисот за принос на семе кај маслодајната репка (*Brassica napus* L.)". Во периодот од 2004 до 2006 година била ангажирана како стручен соработник на Катедрата за генетика и селекција на Факултетот за земјоделски науки и храна во

Скопје. Во 2006 година е избрана за помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на Катедрата за генетика и селекција. Со звањето асистент се стекнала во 2008 година. Во текот на изминатиот период активно учествувала во научната и апликативна дејност од областа на генетиката и селекцијата на растенијата. Активно се служи со англискиот јазик и компјутерските програми.

*Наставно-образовна дејност*

Од 2004 година, д-р Мирјана Јанкуловска е ангажирана во практичната настава на предметите од прв циклус студии: генетика (5+3), на сите студиски програми, современи генетски методи во поледелството и градинарството (3+2), на поледелската и градинарско-цвеќарската насока и одржување на генофондот во поледелството и градинарството (3+2), на поледелската насока на Факултетот за земјоделски науки и храна, вклучувајќи ги дисперзираните студиски програми во Струмица и Прилеп, а во текот на 2011/2012 и на предметот генетски модифицирани суровини на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Покрај лабораториските вежби и практичната настава, редовно одржува и консултации со студентите во рамките на предметните програми.

*Научноистражувачка дејност*

Како резултат на досегашната научна работа, како автор и коавтор, д-р Мирјана Јанкуловска има објавено 19 научни и стручни трудови, вклучувајќи ги магистерскиот и докторскиот труд.

Научноистражувачката дејност на д-р Мирјана Јанкуловска се одвива во рамките на Катедрата за генетика и селекција на растенијата. Активно учествувала во 11 научноистражувачки проекти (3 национални и 8 меѓународни), од кои во 10 е учесник, а на 1 е национален координатор. Учествувала на поголем број конгреси, симпозиуми и советувања во земјата и во странство. За време на студискиот престој во САД, кандидатката учествувала и на Светската конференција за храна (World Food Prize Conference), која се одржала од 15 до 18. X 2007 година во Де Моин, Ајова.

*Стручно-апликативна дејност и дејност од пошироk интерес*

Од вработувањето до денес, д-р Мирјана Јанкуловска активно е вклучена во стручно-апликативната работа од областа на генетиката и селекцијата на растенијата.

За време на својот досегашен работен ангажман, остварила неколку научни посети, студиски престои и обуки во странство: Purdue University, West Lafayette, Indiana, USA 24. IX 2007 до 26. X 2007 година (Norman E. Borlaug International Agricultural Science and Technology Fellowship Program), „PCR based molecular marker systems", Катовице, Полска, од 30. VI 2008 до 11. VII 2008 година, „Application of genetic and molecular markers in gene banks", Алнарп, Шведска, од 2. III 2009 до 13. III 2009 година, „Statistical analysis of genetic diversity and scientific publication", Алнарп, Шведска, од 26. IX 2011 до 30. IX 2011 година, Прехранбено-технолошки факултет и Земјоделски институт, Осијек, Хрватска, од 18 до 20. X 2011 година, Институт за поледелство и градинарство, Нови Сад, Србија, од 20 до 21. X 2011 година.

Како соработник учествувала во изготвување и пријавување на 7 меѓународни и 7 национални научно-образовни проекти.

Од 2007 година е член на EUCARPIA (European Association for Research on Plant Breeding).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавениот кандидат, Комисијата заклучи дека д-р Мирјана Ж. Јанкуловска поседува научни и стручни квалитети кои според Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана за наставник во научната област генетика и селекција на растително производство, во звањето доцент.

Како резултат на погоре наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката д-р Мирјана Ж. Јанкуловска да биде избрана во звањето доцент во научната област генетика и селекција на растително производство.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Цане Стојковски, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.
2. Д-р Соња Ивановска, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.
3. Д-р Љупчо Јанкулоски, доцент
   Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Мирјана Жељко Јанкуловска**
**(име, татково име и презиме)**

**Институција: УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
**(назив на факултетот/институтот)**

**Научна област: генетика и селекција на растително производство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2004/05 (ФЗНХ) | 14,85 |
| 2. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2005/06 (ФЗНХ) | 16,2 |
| 3. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2006/07 (ФЗНХ) | 9,45 |
| 4. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2007/08 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 5. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2008/09 (ФЗНХ) | 14,85 |
| 6. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2009/10 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 7. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (5+3), сите студиски програми, зимски семестар 2010/11 (ФЗНХ) | 13,5 |
| 8. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетика (3+2), сите студиски програми, зимски семестар 2011/12 (ФЗНХ) | 5,4 |
| 9. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: современи генетски методи во поледелството и градинарството (3+2), зимски семестар 2004/05, 2005/06, 2009/10 (ФЗНХ) | 5,4 |
| 10. | Одржување на вежби од 1. циклус студии: генетски модифицирани суровини (0+2), зимски семестар 2011/12 (Технолошко-металуршки факултет) | 0,9 |
| 11. | Консултации со студенти: генетика, современи генетски методи во поледелството и градинарството и одржување на генофондот во поледелството и градинарството 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 | 3,64 |
| 12. | Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум- Збирка задачи по генетика- коавтор | 3 |
| 13. | Интерна скрипта од вежби- Работна тетратка по генетика-коавтор | 3 |
| | **Вкупно** | **117,19** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект: *Примена на современи методи за испитување на квалитетот кај пченицата* (2001-2004), финансиран од МОН. | 3 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект: *South Eastern European Development Network for crop genetic resources* (2004-2014), финансиран од SIDA (Swedish International Development Agency). | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект: *Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality using molecular markers* (2004-2009), финансиран од IAEA (International Atomic Energy Agency). | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект: *Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals Using Nuclear and Molecular Techniques* (2007-2011), финансиран од IAEA. | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: *Phenotyping and genotyping of cereal genetic resources to improve tolerance to abiotic and biotic stresses* (2007), финансиран од SEE-ERA-NET програма. | 5 |
| 6. | Учесник во меѓународен научен проект: *Improving Wheat, Barley and Triticale for Food and Feed in Drought-Prone Areas, Using Nuclear Techniques* (2009 – 2011), финансиран од IAEA. | 5 |
| 7. | Учесник во меѓународен научен проект: *Creation and selection of new wheat breeding lines in Kosovo* (2008-2009), финансиран од Агенцијата за европска интеграција "Research Cooperation and Networking between Austria, Kosovo and South Eastern Europe". | 5 |
| 8. | Учесник во национален научен проект: *Можности за воведување и зголемено производство на тритикале во Р. Македонија* (2008-2010), финансиран од МЗШВ. | 3 |
| 9. | Учесник во меѓународен научен проект: *Starch isolation from domestic cereal varieties and modified starches development for food industry* (2010-2012), финансиран од МОН, билатерална соработка со Хрватска. | 5 |
| 10. | Национален координатор на меѓународен научен проект: *Differences in the seed storage protein structure of selected rapeseed genotypes* (2010-2011), финансиран од Секретаријатот за научен и технолошки развој на Војводина, Србија. | 6 |
| 11. | Учесник во национален научен проект: *Модерни перспективи за одгледување и употреба на афион во Р. Македонија* (2010-2020), финансиран од Алкалоид, Скопје. | 3 |
| 12. | Симеоновска Емилија, Иваноски М., Ивановска Соња, Јанкулоски Љ., Јанкуловска Мирјана. 2006. Квалитетни својства на зрното кај некои сорти мека пченица со осврт за употребата на цело зрно во исхраната. Годишен зборник на Земјоделскиот институт, Скопје, XXIV-XXV, 23-30. | 1,2 |
| 13. | Silvana Manasievska-Simic, Ivan Angelov, Sonja Ivanovska, Emilija Simeonova, Milisav Ivanovski, Mirjana Jankulovska. 2006. Quality of Macedonian soft wheat cultivars I. HMW composition. Proceedings of Biotechnology Conference, University of Kragujevac, 285-291. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Бошев Д., Василевски Г., Пешевски М., Јованов Д., Шекеринов Д., Јанкуловска Мирјана. 2006. Квалитетни особини на семето од пченка одгледувана со дефицитни техники на наводнување. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 51, 7-14. Скопје. | 1,2 |
| 15. | Стојковски Ц., Ивановска Соња, Димов З., Марјановиќ-Јеромела Ана, Јанкулоски Љ., Јанкуловска Мирјана. 2006. Правци во селекцијата на маслодајната репка (*Brassica napus L.*). Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 51, 15-28. Skopje. | 1,2 |
| 16. | Marjanovic-Jeromela Ana, Marinkovic R., Mijic A., Jankulovska Mirjana, Zdunic Z. 2007. Interrelationship Between Oil Yield and Other Quantitative Traits in Rapeseed (*Brassica napus L.*). Journal of Central European Agriculture, Volume 8, No.2, 165-170. | 3,6 |
| 17. | Ivanovska Sonja, Stojkovski C., Dimov Z., Marjanovic-Jeromela Ana, Jankulovska Mirjana, Jankuloski Lj. 2007. Interrelationship Between Yield and Yield Related Traits of Spring Canola (*Brassica napus L.*) Genotypes. Genetika, Vol. 39, No.3, 325-332. Beograd. | 2,4 |
| 18. | Marjanovic-Jeromela Ana, Marinkovic R., Radic V., Ivanovska Sonja, Jankulovska Mirjana. 2008. Variability and Heritability of Yield Components in Rapeseed (*Brassica napus L.*). Cruciferae newsletter, Vol.27, 46-48. INRA, Rennes. | 2,4 |
| 19. | Marjanovic-Jeromela Ana, Marinkovic R., Mijic A. Zdunic Z., Ivanovska Sonja, Jankulovska Mirjana. 2008. Correlation and Path Analyses of Quantitative Traits in Winter Rapeseeds (*Brassica napus L.*). Agriculturae Conspectus Scientificus, Vol. 73, No 1, 13-18 | 2,4 |
| 20. | Marjanovic-Jeromela Ana, Marinkovic R., Mijic A., Jankulovska Mirjana, Zdunic Z., Nagl Nevena. 2008. Oil Yield Stability of Winter Rapeseed (*Brassica napus L.*) Genotypes. Agriculturae Conspectus Scientificus, Vol. 73, No. 4 (1-4). | 2,4 |
| 21. | Димов З., Ивановска Соња, Јанкуловска Мирјана, Јанкулоски Љ. 2008. Маслодајната репка како суровина за производство на биодизел. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 53, 9-15. Скопје. | 1,2 |
| 22. | Ивановска Соња, Јанкулоски Љ., Јанкуловска Мирјана. 2008. On-farm конзервација на локални сорти и популации во малешевскиот регион. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 53, 17-32. Скопје. | 1,6 |
| 23. | Marjanović-Jeromela Ana, Marinković Radovan, Jankulovska Mirjana, Mikić Aleksandar, Stojaković Željka. 2008. Analysis of seed yield components in oilseed Brassicas. Journal of Scientific Agricultural Research. vol. 69, iss. 1. pp. 59-68 | 2,4 |
| 24. | Peric V., M. Srebric, Lj. Jankuloski, M. Jankulovska, S. Žilic, V. Kandic and S. Mladenovic Drinic. 2009. The effects of nitrogen on protein, oil and trypsin inhibitor content of soybean. Genetika, Vol. 41, No. 2, 137 -144. | 2,4 |
| 25. | Mijic Anto, Liovic Ivica, Zdunic Zvonimir, Maric Sonja, Marjanovic Jeromela Ana, Jankulovska Mirjana. 2009. Quantitative analysis of oil yield and its components in sunflower (Helianthus annuus L.). Romanian Agricultural Research. No.26, 41-46. (IF=0,31) | 3,78 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Илиева Верица, Андреевска Драгица, Андов Д., Маркова Наталија, Јанкуловска Мирјана. 2009. Рандманот на белиот ориз во зависност од времето на жетвата на оризот. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 54, 19-27. Скопје. | 1,2 |
| 27. | Babić J., Ačkar Đurđica, Drača Nela, Jankuloski Lj., Jankulovska Mirjana, Brandić V., Miličević Dijana. 2011. Kontrola kvalitete tijekom proizvodnje šećera iz šećerne repe i sirovog šećera iz šećerne trske. *13th Ružička days "Today science - tomorrow industry" Proceedings*/Drago Šubarić (ur.). Osijek : PTF Osijek, 2011. 196-205 | 1,8 |
| 28. | Marjanovic-Jeromela A., R. Marinkovic, S. Ivanovska, M. Jankulovska, A. Mijic, N. Hristov. 2011. Variability of yield determining components in winter rapeseed (Brassica napus L.) and their correlation with seed yield. Genetika, Vol 43, No. 1, 51 -66. | 2,4 |
| 29. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер):<br><br>19th EUCARPIA Conference, Genetic resources section, May 26-29, 2009, Ljubljana, Slovenia.<br><br>Emilija Simeonovska, Suzana Kratovalieva, Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska, Vinko Stanoev COLEOPTILE LENGTH OF THE WHEAT COLLECTION ACCESSIONS<br><br>Rukie Agic, Gafur Ajruli, Gordana Popsimonova, Sonja Ivanovska, Suzana Kratovalieva, Mirjana Vasić, Jelica Gvozdanović Varga, Mirjana Jankulovska, Afrodita Ibusoska DIVERGENCE OF BEAN LANDRACES (Phaseolus vulgaris L.) ACCORDING TO THE TRAITS OF GRAIN | 1 |
| 30. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер):<br><br>Vth Balkan Symposium on Vegetables and Potatoes, October 9-12, 2011, Tirana, Albania.<br><br>Rukie Agic, Danail Jankulovski, Gordana Popsimonova, Suzana Kratovalieva, Jaska Ibraim, Afrodita Ibusoska, Igor Iljovski, Mirjana Jankulovska, Zvezda Bogevska, Margarita Davitkovska, Biljana Ristovska ASSESSMENT OF GENETIC DIVERGENCE AMONG MACEDONIAN TOMATO (*Lycopersicon esculentum, MILL.)* LANDRACES<br><br>Gafur Ajruli, Sonja Ivanoska, Rukije Agic, Mirjana Jankulovska, Mirjana Vasic VARIABILITY OF PRODUCTIVITY CHARACTERS OF LOCAL COMMON BEAN GENOTYPES (*Phaseolus vulgaris*) OF KERCOVA REGION | 1 |
| 31. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:<br><br>Dimov Z., Ivanovska Sonja, Stojkovski C., Jankulovska Mirjana, Jankuloski Lj. 2008. Influence of Genotype and Seeding Date on Fatty Acid Composition of Rapeseed (*Brassica napus* L.). 43rd Croatian & 3rd International Symposium on Agriculture, February 18 – 21, 2008, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Opatija, Croatia. Book of Abstracts, 181p. | |
| 32. | Апстракт објавен во зборник на национална конференција:<br><br>Jankuloski Ljupcho, Jankulovska Mirjana and Simeonovska Emilija. INDUCTION OF DOUBLED HAPLOIDS IN MACEDONIAN WHEAT GENOTYPES (Triticum aestivum L.). Book of Abstracts IV Congress of the Serbian Genetic Society, Tara, Serbia, June 01-05, 2009. pp.186 | 0,5 |
| 33. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:<br><br>Babić J., Šubarić D., Ačkar Đurđica, Kopjar Mirela, Drača Nela, Jankuloski Lj., Jankulovska, Mirjana. 2010. Quality control during refining sugar from sugar beet and raw brown sugar from sugar cane. *13th Ružička days "Today science - tomorrow industry" Book of Abstracts*/DragoŠubarić(ur.). Osijek : PTF Osijek, 2010. pp.48 | 1 |
| 34. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:<br><br>Šubarić D., Ačkar Đurđica, Babić J., Jankuloski Lj., Jankulovska Mirjana, Brandić V. 2010. Pasting and thermophysical properties of wheat starch modified with mixture of adipic acid and acetanhydride. *13th Ružička days "Today science - tomorrow industry" Book of Abstracts* / Drago Šubarić (ur.). Osijek : PTF Osijek, 2010. pp.96 | 1 |
| 35. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:<br><br>Muhamedbegovic B., Subaric D., Babic J., Ackar Dj., Pajin B., Jankulovska M., Ljubas I. 2011. Modification of starch from different sorts of rye. 6$^{th}$ International and 8$^{th}$ Croatian Congress of Cereal technologies Flour-Bread '11, Opatija, Croatia, October 12-14, 2011. Book of Abstracts, pp.83 | 1 |
| | **Вкупно** | **90,88** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 1. | Учество во промотивни активности на Факултетот | 4 |
| 2. | Превод на дел од книгата Biochemistry & Molecular Biology of Plants од Bob Buchanan, Wilhelm Gruissem и Russell Jones | 1 |
| 3. | Студиски престој во странство: од 24. IX 2007 до 26. X 2007 година, Purdue University, West Lafayette, Indiana, USA | 0,5 |
| 4. | Студиски престој во странство: од 30. VI 2008 до 11. VII 2008 година „PCR based molecular marker systems", Катовице, Полска. | 0,5 |
| 5. | Студиски престој во странство: од 2. III 2009 до 13. III 2009 година, „Application of genetic and molecular markers in gene banks", Алнарп, Шведска. | 0,5 |
| 6. | Студиски престој во странство: од 26. IX 2011 до 30. IX 2011 година, „Statistical analysis of genetic diversity and scientific publication", Алнарп, Шведска. | 0,5 |
| 7. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Конзервација и одржлива употреба на растителните генетски ресурси за храна и земјоделство, МЖСПП, 2005– | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | соработник. | |
| 8. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Формирање семенска колекција и датабаза од различни локални сорти и популации грав во Република Македонија, МОН, 2005– соработник. | 0,5 |
| 9. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Збогатување на генофондот на патлиџанот (Solanum melongena) со форми отпорни на биотски и абиотски стрес, МОН, билатерална соработка со Бугарија, 2006– соработник. | 1 |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Биотехнологијата во истражувањето, образованието и праксата, МОН, билатерална соработка со Србија, 2006– соработник. | 1 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Integrated system for preserving native varieties of functional foods- INTRASPECIES, FP6, 2006– соработник. | 1 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Network for supporting Agri-food research in the Western Balkans- FASSA, FP6, 2006– соработник. | 1 |
| 13. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Training Center for Conservation and Sustainable Use of Agrobiodiversity, UNESCO, 2006– соработник. | 1 |
| 14. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Карактеризација на гермплазма од локални сорти и популации грав со употреба на морфолошки и молекуларни маркери, МОН, 2006– соработник. | 0,5 |
| 15. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Споредбено испитување на интродуцирани генотипови пченица за толерантност на суша во Р. Македонија, МЗШВ, 2009- соработник. | 0,5 |
| 16. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Поврзаност помеѓу генетската дистанца и хетерозисот за принос на семе кај маслодајната репка (Brassica napus L.), МОН, 2010- соработник. | 0,5 |
| 17. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Можности за воведување и зголемено производство на маслодајна репка во Р. Македонија, МЗШВ, 2010-соработник. | 0,5 |
| 18. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Генетски и фенотипски диверзитет на популациите од *Botrytis cinerea* – причинител на болеста сиво гниење кај доматот, МОН, 2010-соработник. | 0,5 |
| 19. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Традиционални сорти луцерка како ресурси на фитоестрогени, МОН, билатерална соработка со Словенија, 2011– соработник. | 1 |
| 20. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: European Rapeseed Link, COST, 2011-соработник. | 1 |
| | **Вкупно** | **17,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 117,19 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 90,88 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 17,5 |
| **Вкупно** | **225,57** |

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Цане Стојковски, редовен професор
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.

2. Д-р Соња Ивановска, редовен професор
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.

3. Д-р Љупчо Јанкулоски, доцент
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИТОПАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на XXXVI седница одржана на 6.2.2012 година, со одлука бр. 02-68/6 од 6.2.2012 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Раде Русевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Кирил Сотировски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, и д-р Љупчо Јанкулоски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Комисијата изврши преглед на доставената документација и констатира дека на распишаниот конкурс од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 28.12.2011 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област фитопатологија се пријавил само еден кандидат. Врз основа на приложената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област фитопатологија, се пријавила **д-р Билјана Кузмановска,** досегашен асистент по предметот фитопатологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**<u>Биографски податоци</u>**

**Д-р Билјана Кузмановска** е родена на 19.4.1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1997/98 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, општа насока. Дипломирала во ноември 2001 година, со просечен успех 9.50. Во учебната 2001/2002 година се запишала на постдипломски студии на групата заштита на растенијата, подгрупа фитопатологија на Земјоделскиот факултет во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10.00. Магистерскиот труд со наслов: „Проучување на можностите за сузбивање на причинителот на пламеницата кај лозата *Plasmopara viticola* (Berk. & Curt.) Berlesse et de Toni во лозови насади во услови со и без наводнување", го одбранила на 3.11.2006 година, со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки. Научниот степен доктор на земјоделски науки го стекнала на 15.12.2011 година, одбранувајќи ја докторската дисертација под наслов: „Проучување на *Botrytis cinerea* Pers. – причинител на сивото гниење на доматот во заштитени простори и мерки за негово сузбивање".

Во периодот јануари-декември 2002 година била ангажирана како стручен соработник на Катедрата за заштита на растенијата, при што активно учествувала во одржувањето на вежбите по предметите фитопатологија со фитофармација и ентомологија со фитофармација. На 16.12.2002 година е избрана во звањето помлад асистент на група предмети по фитопатологија. Во звањето асистент по

фитопатологија е избрана на 15.9.2007 година. Има остварено неколку студиски престои и обуки во странство. Кандидатката учествувала и на повеќе научни и стручни конференции, советувања и други собири во земјата и во странство. Активно се служи со англискиот јазик и компјутерските програми.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Билјана Кузмановска во досегашниот период успешно ја изведува практичната настава на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна на повеќе предмети од областа на фитопатологијата и тоа:

- фитопатологија со фитофармација (лозаро-овоштарска, градинаро-цвеќарска и поледелска насока);
- општа фитопатологија (заштита на растенија);
- микози 1 (заштита на растенија);
- микози 2 (заштита на растенија);
- вирози (заштита на растенија).

Покрај практичната настава, д-р Билјана Кузмановска редовно одржува и консултации со студентите околу совладувањето на предметните програми.

Кандидатката била и член во комисија за одбрана на две дипломски работи.

**Научноистражувачка дејност**

Во текот на досегашната научна работа, како автор или коавтор, д-р Билјана Кузмановска има објавено вкупно 15 научни и стручни трудови, вклучувајќи ги магистерскиот труд и докторската дисертација. Трудовите се објавени во домашни и странски списанија, а некои од нив се презентирани и објавени во зборник на трудови од советувања со меѓународно учество.

За време на студискиот престој во САД, кандидатката учествувала и на Светската конференција за храна (World Food Prize Conference), која се одржала од 15 до 18.10.2007 година во Де Моин, Ајова.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатката д-р Билјана Кузмановска се јавува како учесник во два меѓународни проекта.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Од вработувањето до денес, кандидатката д-р Билјана Кузмановска е активно вклучена во стручно-апликативната работа од областа на заштитата на растенијата.

За време на својот досегашен работен ангажман, остварила неколку студиски престои и обуки во странство:

- Agronomski fakultet-Zagreb. Zavod za fitopatologiju, Р.Хрватска (CEEPUS), 13.11 -13.12.2006;
- OARDC, Wooster, Ohio State University, USA (Norman Borlaug Fellowship), 30. 9 - 4.11.2007;
- Institute of genetics, Софија, Р. Бугарија, 2.11 - 14.11.2009;

- IGREF Forestry research Institute, Солун, Р. Грција, 18. 1 - 20. 1.2011;
- Šumarski fakultet – Beograd, Р. Србија, 22. 6 - 24. 6.2011;
- Agrobioinstitute, Софија, Р. Бугарија, 14.11 -17.11.2011.

Како соработник учествувала во изготвување и пријавување на 4 меѓународни и 4 национални научно-образовни проекти.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека **д-р Билјана Кузмановска** поседува научни и стручни квалитети кои според Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **доцент** во научната област фитопатологија.

Според напред наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, **д-р Билјана Кузмановска** да биде избрана во звањето **доцент** во научната област фитопатологија.

**Рецензентска комисија**

**1. Д-р Раде Русевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**2. Д-р Кирил Сотировски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.**

**3. Д-р Љупчо Јанкулоски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Билјана Цане Кузмановска**

**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Научна област: фитопатологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби од прв циклус студии** | |
| 1. | Фитопатологија со фитофармација, 0−2, општа насока (летен), 2001/02; 2002/03 | 1,8 |
| 2. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, општа насока (зимски), 2002/03 | 0,9 |
| 3. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, лозаро-овоштарска насока (зимски), 2002/03; 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08 | 4,5 |
| 4 | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, лозаро-овоштарска насока (летен), 2001/02; 2002/03 | 1,8 |
| 5. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, градинаро-цвеќарска насока (зимски), 2002/03 | 0,9 |
| 6. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, градинаро-цвеќарска насока (летен), 2001/02; 2002/03; 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08 | 5,4 |
| 7. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, градинаро-цвеќарска насока - дисперзија (летен), 2009/10; 2010/11; 2011/12 | 2,7 |
| 8. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, поледелска насока (летен), 2001/02; 2002/03 | 1,8 |
| 9. | Фитопатологија со фитофармација, 0+2, поледелска насока (зимски), 2002/03; 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08 | 4,5 |
| 10. | Општа фитопатологија, 0+2, заштита на растенија (зимски), 2003/04; 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2009/10; 2010/11; 2011/12 | 7,2 |
| 11. | Микози 1, 0+2, заштита на растенија (летен), 2003/04; 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2008/2009; 2009/2010; 2010/2011 | 7,2 |
| 12. | Микози 2, 0+2, заштита на растенија (зимски), 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2009/10; 2010/2011; 2011/12 | 6,3 |
| 13. | Вирози, 0+2, заштита на растенија (зимски), 2004/05; 2005/06; 2006/07; 2007/08; 2009/10; 2010/11; 2011/12 | 6,3 |
| 14. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Вирусни заболувања кај тутунот“, изработена од Ачкоска Ева | 0,1 |
| 15. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Вируси кај пиперка и домат“, изработена од Карамитров Антонио | 0,1 |
| 16. | Консултации со студенти | 1,6 |
| | **Вкупно** | **53,1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Diversity of invading *Phytophthora spp.* plant pathogens in agro and forest ecosystems in Southeast Europe. SEE-ERA. NET. (2010-2012) – учесник | 5 |
| 2. | Evaluation of natural and mutant genetic diversity in cereals using nuclear and molecular techniques (2007-2011), IAEA – учесник | 5 |
| 3. | Русевски Р., Ѓамовски В., **Кузмановска Билјана**. 2005. Сертификација на овошен посадочен материјал. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Вол. 50: 63-71. | 1,6 |
| 4. | Е. Анчев, **Б. Кузмановска**. 2005. Ретроспектива на заштитата на растенијата во Република Македонија. Зборник на трудови. | 1,8 |
| 5. | Вјекослав Танасковиќ, Ордан Чукалиев, Илија Иљовски, Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**. 2005. Современи агротехнички мерки и заштита за зголемување на приносот кај пиперката одгледувана во заштитени простори. Зборник на трудови. I Конгрес за заштита на растенијата во Република Македонија. 35-38. | 1,2 |
| 6. | **Билјана Кузмановска**. 2006. Ефикасност на некои фунгициди во сузбивањето на пламеницата кај лозата. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Вол. 51: 103-112 | 2 |
| 7. | **Билјана Кузмановска**, Петар Јованчев. 2007. Микотоксини – продукти на секундарниот метаболизам кај некои габи и нивното штетно дејство врз луѓето и животните. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Вол. 53: 181-201. | 1,8 |
| 8. | **Билјана Кузмановска**. 2008. Уништување на причинителот на пламеницата на лозата *Plasmopara viticola* (Berk & Curt) Berlesse et de Toni со некои фунгициди во тиквешкиот лозарски реон. Заштита на растенија. Вол. XIX: 108-112. | 4 |
| 9. | Раде Русевски, Катерина Банџо, **Билјана Кузмановска**, Виктор Ѓамовски. 2009. Вирусен статус на пиперката во Кочанско во 2008. Заштита на растенија. Вол. XX: 84-88. | 2,4 |
| 10. | D. Ivić, **Biljana Kuzmanovska**, B. Cvjetkovič. 2009. Utjecaj različitih *Fusarium* vrsta na klijanje sjemena pšenice u *in vitro* uvjetima. Sjemenarstvo 26 (3-4): 143-150. | 3,2 |
| 11. | Раде Русевски, Катерина Банџо, **Билјана Кузмановска**, Мирјана Станоевска. 2010. Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Република Македонија во 2009 година. Заштита на растенија. Вол. XXI: 44-50. | 3,6 |
| 12. | **Билјана Кузмановска**, Раде Русевски, Александар Михајловски. 2010. Биолошки контролни агенси во заштитата на растенијата со посебен осврт на микопаразитните габи од родот *Trichoderma*. Заштита на растенија. Вол. XXI: 51-56. | 1,6 |
| 13. | R. Rusevski, Katerina Bandzo, **Biljana Kuzmanovska**, Mirjana Stanoevska. 2011. Virus status of pepper plants cultivated on open fields. XVI Savetovanje o biotehnologiji, Zbornik radova. Vol. 16 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | (18): 429-434. | |
| 14. | Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо, Панде Петровски. 2011. Производство на индустриска пиперка – ризици и решенија. Заштита на растенија. Вол. XXII: 37-43. | 1,2 |
| 15. | Dario Ivic, Zdravka Sever, **Biljana Kuzmanovska**. *In vitro* sensitivity of *Fusarium graminearum*, *F. avenaceum* and *F. verticillioides* to carbendazim, tebuconazole, flutriafol, metconazole and prochloraz. Pestic. Fitomed. 26(1): 35-42. | 3,2 |
| 16. | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>-Русевски Р., Ѓамовски В., **Кузмановска Билјана**. Сертификација на овошен посадочен материјал. XXX Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2005 (усна презентација);<br>-Е. Анчев, **Б. Кузмановска**. Ретроспектива на заштитата на растенијата во Република Македонија. XXX Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2005 (усна презентација);<br>- Вјекослав Танасковиќ, Ордан Чукалиев, Илија Иљовски, Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**. Современи агротехнички мерки и заштита за зголемување на приносот кај пеперката одгледувана во заштитени простори. XXX Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2005 (постер);<br>- Михајловски А., Русевски Р., **Кузмановска Билјана**. Можности за криопрезервација на *in vitro* изолати од фитопатогената габа *Botrytis cinerea* Pers. XXXIV Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација);<br>- **Кузмановска Билјана**, Русевски Р., Михајловски А. Биолошки контролни агенси во заштитата на растенијата со посебен осврт на микопаразитните габи од родот *Trichoderma*. XXXIV Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација);<br>-Русевски Р., Банџо Катерина. **Кузмановска Билјана**, Станоевска Мирјана. Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Република Македонија. XXXIV Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација);<br>- Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо, Панде Петровски. Производство на индустриска пиперка – ризици и решенија. XXXV Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2010 (усна презентација);<br>- Михајло Ристески, Раде Русевски, Маријана Накова, Ненад Кеча, Славчо Славов, Александар Михајловски, **Билјана Кузмановска,** Ирена Папазова Анакиева, Кирил Сотировски. Појава на *Phytophthora sp.* по јаболковите насади во Ресенскиот регион, Република Македонија. XXXVI Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација);<br>- Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо. ENERVIN – нова алатка во контролата на некои псевдогаби. XXXVI Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација);<br>- Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо. ORVEGO – нов ефикасен фунгицид за уништување на оомицетни габи. XXXVI Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 | 11,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | (усна презентација);<br>- Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо. TALENDO – нова можност за уништување на *Uncinula necator*. XXXVI Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација);<br>- Раде Русевски, **Билјана Кузмановска**, Катерина Банџо. Биолошка контрола на *Pythium spp.* кај пиперката со примена на биофунгицидот Trianum-P. XXXVI Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација). | |
| | **Вкупно** | **50,3** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во промотивни активности на Факултетот | 5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Студиски престој во странство: од 13.11.2006 до 13.12.2006 престојувала на Agronomski fakultet-Zagreb, Zavod za fitopatologiju, Р.Хрватска. | 0,5 |
| 2. | Студиски престој во странство: од 30.9.2007 до 04.11.2007 престојувала на OARDC, Wooster, Ohio State University, USA (Norman Borlaug Fellowship). | 0,5 |
| 3. | Студиски престој во странство: од 02.11.2009 до 14.11.2009 престојувала на Institute of genetics, Софија, Р. Бугарија. | 0,5 |
| 4. | Студиски престој во странство: од 18.1.2011 до 20.1.2011 престојувала на IGREF Forestry research Institute, Солун, Р. Грција. | 0,5 |
| 5. | Студиски престој во странство: од 22.6.2011 до 24.6.2011 престојувала на Šumarski fakultet – Beograd, Р. Србија. | 0,5 |
| 6. | Студиски престој во странство: од 14.11.2011 до 17.11.2011 престојувала на Agrobioinstitute, Софија, Р. Бугарија. | 0,5 |
| 7. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Detection and identification of some grapevine viral and fungal pathogens in Croatian, Bosnian and Macedonian vineyards and nurseries. SEE-ERA.NET. 2007 – соработник. | 1 |
| 8. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Diversity of invading *Phytophthora spp.* plant pathogens in agro and forest ecosystems in Southeast Europe. SEE-ERA.NET. 2010 – соработник. | 1 |
| 9. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Истражување на распространувањето и разновидноста на патогените *Phytophthora spp.* во шумските екосистеми и овошните агросистеми во Бугарија и Македонија. МОН. 2010 - соработник. | 1 |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Испитување на локални и интродуцирани овошни сорти подлоги со цел нивно воведување во системот за производство на сертифициран овошен посадочен материјал. МОН. 2010 - | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | соработник. | |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Генетски и фенотипски диверзитет на популациите од *Botrytis cinerea* – причинител на болеста сиво гниење кај доматот. МОН. 2010 - соработник. | 0,5 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Поврзаност помеѓу генетската дистанца и хетерозисот за принос на семе кај маслодајна репка (*Brassica napus* L.). МОН. 2010 – соработник. | 0,5 |
| 13. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Примена на хемигација преку систем за микронаводнување и технологија на контролиран раст на пиперката со цел унапредување на производството и заштита на животната средина. МЗШВ. 2010 - соработник. | 0,5 |
| 14. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Примена на фертиригација и технологија на кроење на пиперката со цел унапредување на производството и заштита на животната средина. МЗШВ. 2011 - соработник. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **14** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **53,1** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **50,3** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **14** |
| **Вкупно** | **117,4** |

**Рецензентска комисија**

1. **Д-р Раде Русевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

2. **Д-р Кирил Сотировски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.**

3. **Д-р Љупчо Јанкулоски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА – СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата триесет и шеста седница одржана на 6. 2. 2012 г., по пријавата на м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска, асистент по предметот хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, по објавениот конкурс во дневните весници „Koha" од 18. 1. 2012 г. и „Нова Македонија" од 20. 1. 2012 г. за повторен избор на еден соработник во звањето асистент во научната област хемија избра Рецензентска комисија во состав: д-р Биљана Петановска-Илиевска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Олга Бауер, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Јосиф Митрикески, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Врз основа на доставената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за повторен избор на еден соработник во звањето асистент во научната област хемија, објавен во дневните весници „Koha" од 18. 1. 2012 г. и „Нова Македонија" од 20. 1. 2012 г., се пријави кандидатката м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска, асистент по предметот хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**Биографски податоци**

М-р Ленче Д. Велкоска-Марковска е родена на 6. 9. 1974 г. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во учебната 1993/94 г. се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за хемија, а дипломирала на 16. 4. 1999 г., со средна оценка 8,88.

За време на студиите учествувала во Организациskiот одбор на Третиот конгрес за чиста и применета хемија на студентите од Македонија, одржан во мај 1998 г. во Скопје.

На 5.10.2000 г. е избрана за помлад асистент по предметот хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во учебната 1999/2000 г. се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за хемија. Предвидените испити ги положила со средна оценка 10,00.

Магистерскиот труд под наслов „Разработка на HPLC-методи за истовремено определување на активните компоненти фенмедифам, десмедифам и етофумесат во пестицидната формулација Inter of" го одбранила во ноември 2008 г., со што се стекнала со правото на научен степен *магистер на хемиски науки*.

На 26. 3. 2009 г. е избрана за асистент по предметот хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во овој период работи на докторската дисертација под наслов „Разработка на HPLC-методи за квантитативно определување на некои хербициди и органофосфорни инсектициди во различни матрици“, којашто е прифатена и одобрена за изработка од Наставно-научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје на 14. 5. 2009 г.

Активно се служи со англискиот јазик и владее со компјутерските програми.

**Наставна дејност**

М-р Ленче Д. Велкоска-Марковска е ангажирана во изведувањето на вежбите по предметите хемија, неорганска, органска и аналитичка хемија. Од учебната 2005/06 г. учествува и во изведувањето на вежбите по предметите хемија и аналитичка хемија на дисперзираните насоки на Факултетот во Струмица и Прилеп. Вежбите ги изведува со голема одговорност, на високо стручно и научно ниво. Има коректен однос со студентите и успешно им го пренесува знаењето од овие наставни дисциплини.

**Научноистражувачка дејност**

Покрај ангажираноста во наставата, м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска е вклучена во апликативната и научноистражувачката дејност на предметот хемија. Нејзиниот пристап кон реализацијата на разни задачи од научната, стручната и апликативната дејност на предметот е исклучително сериозен и темелен. Покрај редовните наставни задолженија, кандидатката учествува и на разни манифестации од научен, стручен и апликативен карактер. Има објавено 13 трудови, од кои 2 се рецензирани и објавени во Билтенот бр. 759 од 15. 6. 2000 г., 3 во Билтенот бр. 888 од 29. 12. 2005 г. и 4 во Билтенот бр. 959 од 2. 3. 2009 г. на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од изборот за асистент до сега ги има објавено следниве научни трудови:

**Научни трудови**

10. А. Марковски, **Л. Велкоска-Марковска**, Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, Хемиски состав на плодовите од типови и сорти кинеска урма (Zizyphus jujuba Mill.), *Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт – Скопје* **(26/27)**, 223-230 (2008/2009).
11. Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, **Л. Велкоска-Марковска**, Определување на содржината на активните супстанци хлорпирифос и циперметрин во препаратот Pirel-D со помош на високоефикасна течна хроматографија, *Заштита на растенија, Скопје* **(XX)**, 142-146 (2009).
12. Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб, **Л. Велкоска-Марковска,** Квантитативно определување на пиримикарб во пестицидната формулација Pirimor 25 WG со помош на високоефикасна течна хроматографија, *Заштита на растенија, Скопје* **(XX)**, 147-151 (2009).
13. **Л. Велкоска-Марковска**, Б. Петановска-Илиевска, Л. Водеб. Разработка на HPLC-метод за истовремено определување на фенмедифам, десмедифам и етофумесат во препаратот Inter of на колоната Lichrosorb CN column, *Заштита на растенија. Скопје* **(XX)**. 137-141 (2009).

**Учество на манифестации од научен, стручен и апликативен карактер**

1. Б. Петановска-Илиевска, **Л. Велкоска-Марковска**, Л. Водеб, Квантитативно определување на активните супстанции во пестициднатa формулација Inter of со помош на високоефикасна течна хроматографија, *XXXV традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија*, 23-26. 11. 2010, Охрид, Р. Македонија

Од изборот за асистент по предметот хемија до денес има учествувано во повеќе проекти, а има посетено и повеќе професионални курсеви, работилници и студиски престој:

**Научноистражувачки проекти:**

1. FP7 project - REGPOT-2008 „SWOT - CHEMISTRY - FOOD" (2009 - 2010).
2. Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia, funded by Sida and implemented by Consortium consisting of SWEDAC and the National Food Administration, (2009 - 2011).
3. RER5013 Evaluation of Natural and Mutant Resources for increased phytonutrient Levels in Vegetable Crops and Potatoes, (2009 - 2011).
4. „Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education", Tempus IV, ETF-JP-00295-2008, (2009 - 2011).

**Професионални курсеви, работилници и студиски престој:**

1. Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia, Training course on laboratory accreditation according to ISO 17025, Skopje, Macedonia (16-20. 3. 2009).
2. NATO Advanced Training Course "Food Safety and Security-Rapid detection methods, policy making and emergency response", Belgrade, Serbia (18-22. 5. 2009).
3. Course "Academic writing in English", Skopje, R. Macedonia (16-25. 6. 2009).
4. Regional Training Course on Standardizing Methods for Antioxidants Analysis in Solanaceous Food Crops, Budapest, Hungary (16-27. 11. 2009).
5. Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia, Training Course in Measurement Uncertainty Estimation for Chemists and Microbiologists, Skopje, Macedonia (9-11.12.2009).
6. Workshop "Preparation of FP7 Collaborative Projects", Skopje, Macedonia (18. 2. 2010).
7. Final Conference of the projects "Evaluation of the Research Capacity and Development of a Strategy for Further Growth in Chemistry in General and in Food Science in Particular", Skopje, Macedonia (19. 2. 2010).
8. Cost Action FA0904, Short Training School "Deepening the knowledge in the field of polymer nanomaterials for food packaging and other potential uses: theory and practice, University "Ss Cyril and Methodius", Skopje, R. Macedonia (3-5. 11. 2011)
9. Студиски престој на University Hohenheim, Stuttgart, Germany (1-7. 12. 2011).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на приложената документација и личното познавање и следење на секојдневната ангажираност на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека

м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска, во текот на изминатиот период, покажала забележителна активност во однос на извршувањето на своите наставни обврски и научното усовршување. Добиените обврски секогаш ги извршува совесно и одговорно, со што ги оправдува и нашите очекувања за нејзино издигнување во солиден наставен и научен работник. Поради тоа, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, м-р Ленче Д. Велкоска-Марковска повторно да биде избрана во звањето асистент во научната област хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Биљана Петановска-Илиевска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Олга Бауер, редовен профессор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

3. Д-р Јосиф Митрикесски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БОТАНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXXVI седница и решение бр. 02-68/6 од 6.2.2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Иван Ангелов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Лефтерија Станковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија и д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и други активности на кандидатот кој се пријави за избор во звањето вонреден професор.

Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 28.12.2011 година и „Koha“ од 28.12.2011 година, констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област ботаника се пријавил само еден кандидат, д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци, релевантни за изборот на кандидатот, Рецензентската комисија, до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ е родена на 20.8.1971 година во Скопје. Основно и средно медицинско образование завршила во Скопје, со одличен успех. Во 1990/1991 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, на општата насока, и дипломирала во декември 1995 година со просечен успех 8,29. По завршувањето на студиите, во периодот од јануари 1996 до септември 1998, работела во земјоделска аптека во Скопје, каде што се стекнала со практични знаења од областа на заштитата на растенијата и семенскиот материјал.

На Земјоделскиот факултет во Скопје, при Катедрата за ботаника и микробиологија се вработила во октомври 1998 година, како помлад асистент на предметот ботаника. Во јануари 1999 година се запишала на интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија и генетски инженеринг при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Македонската академија на науките и уметностите, на Курсот за молекуларна биологија и генетско инженерство во земјоделските науки. Испитите од постдипломските студии успешно ги положила со просечна оценка 9,71. На 12.7.2002 година магистрирала со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Протеински профил на некои видови пченица (*Tr. aestivum, Tr. durum, Tr. dicoccum*) и нивните морфолошки, биолошки и производни карактеристики“ и се

стекнала со звањето магистер од областа на молекуларната биологија и генетското инженерство во земјоделските науки. На 16.12.2002 година е избрана за асистент по предметот ботаника на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Докторската дисертација под наслов „Полиморфизам на глутенините, глијадините и компонентите на принос кај хибриди пченица од видовите *Tr. durum, Tr. aestivum* и *Tr. dicoccum*" ја одбранила на 22.12.2006 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и се стекнала со звањето доктор на земјоделски науки. На 21.5.2007 година е избрана во наставно-научното звање доцент по предметот ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатката остварила повеќе студиски престои на неколку странски универзитети и меѓународни организации, како: Nanjing Agricultural University, Кина (2006), Agricultural University, Пловдив, Бугарија (2009), Земјоделскиот факултет во Белград (2008), Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA) во Виена, Австрија (2007, 2009, 2010, 2011), во насока на нејзино усовршување и размена на наставните и научно-стручните знаења. Кандидатката посетувала повеќе курсеви и од нив ги набројуваме само позначајните:

- Grain quality analisis e.g. Baking quality of wheat mutants, Минхенски технички универзитет во Freising-Weihenstephan, Германија, 6.3.2000 до 5.5.2000;
- Creation and management of mountain organization for development, од 22 до 29. 7.2000 во Hondrich, Швајцарија;
- Вовед во еколошкото земјоделство и земјоделство со ниски вложувања во југоисточна Европа, 7.5.2002, Скопје;
- Процена и раководење со ризикот при примена на ГМО, 22.4.2004, Скопје;
- Семинар за пластинација, 4-7.5.2004, Скопје;
- ISTA/FAO Workshop on electrophoretic and PCR-based methods for varietal verification and GMO detection, 10-14.7.2004, Љубљана, Словенија;
- Identification workshop in environmental statistics, 14-17.2.2005, Скопје;
- The Introduction of Bachelor-Master structure, using Flanders and Ghent as case models, Темпус програма, 7.10.2005, Скопје;
- Measuring food quality: concepts, methods, results and challenges, 1-14.2.2007, Dribergen, Холандија;
- PCR Based Molecular Marker Systems, 30.6.-11.7.2008, Катовице, Полска;
- Training course on laboratory accreditation according to ISO 17025, 2009, Скопје.

Со изведување на практичната работа во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ во Скопје и Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје се здобила со познавања на техниките на генетското инженерство и молекуларната биологија и нивната употреба во еволутивните студии, молекуларната систематика на растенијата и одредување на квалитетот на земјоделските растенија и нивните продукти.

Од септември 2002 година номинирана е за National Correspondent во рамките на меѓународната организација FAO за организацијата World Information and Early Warining System on Plant Genetic Resources (WIEWS). Од 2006 година, член е на Меѓународната агенција за тестирање на семе ISTA-International Seed Testing Agency). Кандидатката е рецензент на списанието Field and vegetable crop research при Институтот за земјоделство и градинарство во Нови Сад, Србија.

Д-р Силвана Манасиевска-Симиќ активно го познава англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик. Ја користи компјутерската техника и владее со современите програмски пакети.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ во досегашниот период успешно ја изведува теоретската и практичната настава на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна по предметите ботаника за сите студиски програми од прва година и физиологија на растенијата за студентите од лозаро-овоштарската, градинаро-цвеќарската и поледелската насока. Од 2007 година учествува во изведувањето на теоретската и практичната настава на предметот ботаника и физиологија на растенијата на дисперзираните студиски програми во Струмица. Од 2010 година учествува во теоретската и практичната наставата по предметите ботаника и физиологија на растенијата на дисперзираната насока за производство и преработка на тутун во Прилеп.

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ од 2009 година учествува во реализација на наставата по предметот физиологија на растенијата на постдипломските студии при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Од 2010 година учествува во наставата на акредитираните студиски програми од втор циклус. На студиските програми Растителна биотехнологија и Менаџмент на природни ресурси и животна средина реализира настава по предметот физиологија на растенијата. На студиската програма Квалитет и безбедност на храна учествува во реализација на наставата по предметните програми: методи за контрола на храна, етноботаника, контрола на ботаничкото потекло на храната и физиологија на растенијата.

Заради полесно следење на наставата и рационално користење на времето предвидено за предавањата и вежбите во изминатиов период, кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ подготвила, како автор, интерна скрипта за настава по предметот физиологија на растенијата, а како коавтор, интерна скрипта за практична настава по предметите ботаника и физиологија на растенијата. Како коавтор учествувала во подготовката на учебното помагало Практикум по ботаника, наменето за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ е ментор на една докторска дисертација, еден магистерски труд и еден дипломски труд. Како член на комисија учествувала во одбраната на еден докторски и еден магистерски труд. Во овој период, кандидатката остварила голем број консултации со студенти од додипломските и постдипломските студии.

Во периодот од 1999 до 2001 година изведувала практична настава и колоквиуми по предметот биологија со ветеринарна генетика за студентите од прва година на Факултетот за ветеринарна медицина.

Во периодот од 2008 до 2009 година одржувала практична настава по предметот биологија за учениците од меѓународното средно училиште „Нова“.

Наставно-образовната дејност на додипломските и постдипломските студии, кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ ја реализира на завидно педагошко ниво. Во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, семинарски работи, како и внесување на позитивни искуства во наставниот процес стекнати од научноистражувачката работа и бројните контакти и студиски престои со сродни институции кои ги остварила во земјата и во странство. Во интерната евалуација на наставно-образовната дејност, кандидатката е високо оценета од страна на студентите.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од приложената документација се констатира дека во научноистражувачката работа кадидатката активно се занимава со истражување на проблемите од научната област ботаника и физиологија на растенијата. Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, во периодот до изборот за наставно-научното звање доцент, има објавено 14 труда, а за овој избор приложила 10 труда објавени во домашни и меѓународни научни списанија и публикации. Учествувала како автор или коавтор во изработка и презентација на научни трудови на домашни и меѓународни конференции и симпозиуми во Италија, Холандија, Бугарија, Србија и во нашата Република.

Кадидатката во периодот до изборот во наставно-научното звање доцент учествувала во 3 национални и 2 меѓународни проекти. Во период од изборот за доцент учествува во 8 меѓународни проекти и била национален координатор на еден проект на Меѓународната агенција за атомска енергија. Во 2009 и 2011 била ангажирана како консултант на проекти во Меѓународната агенција за атомска енергија со седиште во Виена, Австрија. Во 2011 година била ангажирана како локален консултант на проект од Светската банка.

Научноистражувачката работа кандидатката им ја пренесува и на помладите генерации преку менторства на докторски дисертации и магистерски трудови, а воедно и како член на докторски дисертации и магистерски трудови. Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ е ментор на една докторска дисертација и еден магистерски труд (во изработка). Како член на комисија учествувала во одбраната на еден докторски и еден магистерски труд.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, по изборот во звањето доцент, била активна и во стручно-апликативната дејност. Д-р Силвана Манасиевска-Симиќ учествувала во изработка и пријавување на проекти, и тоа: како носител, на 4 меѓународни и 5 национални проекти, а како учесник, на 1 меѓународен проект. Учествувала како коавтор во изготвување и презентација на стручни трудови на меѓународни симпозиуми.

Во периодот од изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ вршела различни дејности од поширок интерес за Факултетот. Во 2009 година била избрана за продекан по настава, во истиот период извршувала повеќе функции на Факултетот како: претседател на Комисија за настава, претседател на Комисија за втор циклус студии, претседател на Комисија за упис на студенти, член на Комисија за реформи на прв и втор циклус студии и координатор на кампања за промотивни активности. Од 2010 година член е на факултетската Комисија за настава и координатор на додипломските студии на студиската програма Квалитет и безбедност на храна.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, во текот на изминатиот период од изборот за доцент, покажала забележителни активности во наставно-образовната дејност на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии, при што е високо оценета во интерната евалуација на студентите. Во изминатиот период ја интензивирала научноистражувачката и стручно-

апликативната работа со учество и раководење на меѓународни и домашни научноистражувачки проекти, публикација на научни и стручни трудови, менторство и оцена на докторски и магистерски трудови. Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и други активности од поширок интерес, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, е солиден научен работник, која владее со методите на научноистражувачката работа во научната област ботаника.

Врз основа на изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, доцент на истиот Факултет, да биде избрана за наставник во научната област ботаника, во звањето вонреден професор.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Иван Ангелов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија) с.р.

2. Проф. д-р Лефтерија Станковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија) с.р.

3. Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Силвана Александар Манасиевска-Симиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **ботаника**

| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активностите** | **Поени** |
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1. | Ботаника (4+4) (летен), 2009/2010 | 2,4 |
| 2. | Ботаника (3+2) (летен), 2010/2011 | 1,8 |
| 3. | Ботаника (4+4) (летен), 2006/2007, Струмица | 2,4 |
| 4. | Ботаника (4+4) (летен), 2007/2008, Струмица | 2,4 |
| 5. | Ботаника (4+4) (летен), 2008/2009, Струмица | 2,4 |
| 6. | Ботаника (4+4) (летен), 2009/2010, Струмица | 2,4 |
| 7. | Ботаника (4+4) (летен), 2006/2007, Струмица (вежби) | 1,8 |
| 8. | Ботаника (4+4) (летен), 2007/2008, Струмица (вежби) | 1,8 |
| 9. | Ботаника (4+4) (летен), 2008/2009, Струмица (вежби) | 1,8 |
| 10. | Ботаника (4+4) (летен), 2009/2010, Струмица (вежби) | 1,8 |
| 11. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2006/2007 | 1,2 |
| 12. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2007/2008 | 1,2 |
| 13. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2008/2009 | 1,2 |
| 14. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2009/2010 | 1,2 |
| 15. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2010/2011 | 1,2 |
| 16. | Физиологија на растенијата (3+1) (зимски), иузпв 2006/2007 | 1,8 |
| 17. | Физиологија на растенијата (3+1) (зимски), иузпв 2007/2008 | 1,8 |
| 18. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), Прилеп, 2010/2011 | 1,2 |
| 19. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2006/2007 (вежби) | 2,7 |
| 20. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2007/2008 (вежби) | 2,7 |
| 21. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2008/2009 (вежби) | 2,7 |
| 22. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2009/2010 (вежби) | 2,7 |
| 23. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), 2010/2011 (вежби) | 2,7 |
| 24. | Физиологија на растенијата (3+1) (зимски), иузпв 2006/2007 (вежби) | 0,45 |
| 25. | Физиологија на растенијата (3+1) (зимски), иузпв 2007/2008 (вежби) | 0,45 |
| 26. | Физиологија на растенијата (2+2) (летен), Прилеп, 2010/2011 (вежби) | 0,9 |
| 27. | Изработка на семинарски труд (ботаника), 2006/2007 (71) | 2,13 |
| 28. | Изработка на семинарски труд (ботаника), 2007/2008 (35) | 1,05 |
| 29. | Изработка на семинарски труд (ботаника), 2008/2009 (11) | 0,33 |
| 30. | Изработка на семинарски труд (ботаника), 2009/2010 (140) | 4,2 |
| 31. | Изработка на семинарски труд (ботаника), 2010/2011 (174) | 5,22 |

| | | |
|---|---|---|
| 32. | Изработка на семинарски труд (физиологија на растенијата), 2006/2007 (55) | 1,5 |
| 33. | Изработка на семинарски труд (физиологија на растенијата), 2007/2008 (64) | 1,92 |
| 34. | Изработка на семинарски труд (физиологија на растенијата), 2008/2009 (62) | 1,86 |
| 35. | Изработка на семинарски труд (физиологија на растенијата), 2009/2010 (56) | 1,68 |
| 36. | Изработка на семинарски труд (физиологија на растенијата), 2010/2011 (50) | 1,5 |
| 37. | Консултации со студенти, 2006/2007 (126) | 0,25 |
| 38. | Консултации со студенти, 2007/2008 (99) | 0,19 |
| 39. | Консултации со студенти, 2008/2009 (73) | 0,15 |
| 40. | Консултации со студенти, 2007/2008 (206) | 0,41 |
| 41. | Консултации со студенти, 2007/2008 (224) | 0,45 |
| 42. | Теренска настава по предметот ботаника (4+4), летен 2006/2007; 2007/2008; 2008/2009; 2009/2010; 2010/2011 | 0,8 |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 43. | Физиологија на растенијата (3+0), 2008/2009 | 2,25 |
| 44. | Физиологија на растенијата (3+0), 2009/2010 | 2,25 |
| 45. | Ботаника (75) 2010 зимски КБХ-двогодишен | 3,75 |
| 46. | Ботаника (75) 2011 летен КБХ -двогодишен | 3,75 |
| 47. | Физиологија на растенијата (90), зимски 2010, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 48. | Физиологија на растенијата (75), зимски 2010, МЖСПР едногодишен | 3,75 |
| 49. | Физиологија на растенијата (90), зимски 2010, РБ едногодишен | 4,5 |
| 1. | Физиологија на растенијата (90), летен 2011, РБ едногодишен | 4,5 |
| 2. | Физиологија на растенијата (90), зимски 2011, РБ едногодишен | 4,5 |
| 3. | Физиологија и исхрана на растенијата (75), зимски 2010, КБХ-двогодишен | 3,75 |
| 4. | Физиологија и исхрана на растенијата (75), летен 2010, КБХ-двогодишен | 3,75 |
| 5. | Одбрани поглавија од контрола на храна (75), летен 2011 | 3,75 |
| 6. | Методи за контрола на храна (90), зимски 2010, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 7. | Методи за контрола на храна (90), летен 2011, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 8. | Методи за контрола на храна (90), зимски 2011, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 9. | Етноботаника (90), зимски 2010, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 10. | Контрола на ботаничко потекло на храна (90), зимски 2010, КБХ едногодишен | 4,5 |
| 11. | Консултации со студенти од постдипломски студии (70), 2010/2011 | 0,14 |
| 12. | Консултации со студенти од постдипломски студии (20), 2008/2009, 2009/2010 | 0,04 |
| 13. | Изработка на семинарски труд од постдипломски студии (70) 2010/2011 | 2,1 |
| 14. | Изработка на семинарски труд од постдипломски студии (20) 2008/2009, 2009/2010 | 0,6 |
| 15. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник- коавтор Ангелов Иван, Станковиќ Лефтерија, Манасиевска-Симиќ Силвана, Мисковска-Милевска Елизабета. Практикум по ботаника. Факултет за земјоделски науки и храна. стр. 210 | 3 |
| 16. | Интерна скрипта за предавања по предметот физиологија на растенијата | 4 |
| 17. | Интерна скрипта за практична настава по предметот физиологија на растенијата | 3 |
| 18. | Интерна скрипта за практична настава по предметот ботаника | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Пакет материјали за предавања по предметот методи за контрола на храна | 1 |
| 20. | Пакет материјали за предавања по предметот етноботаника | 1 |
| 21. | Пакет материјали за предавања по предметот контрола на ботаничкото потекло на храната | 1 |
| 22. | Ментор на дипломска работа: Ботаничка класификација на родот *Lycopersicon* од фамилијата *Solanaceae*, одбранета на 21.4.2011 | 0,2 |
| 23. | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов „Истражување на микросателитската ДНК кај различни вариетети на домат (*Lycopersicum esculentum Mill.*)", изработена од Елизабета Мискоска-Милевска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 8.7.2010. | 0,5 |
| 24. | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот на пченката во Скопскиот регион", изработена од Христина Поповска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 31.10.2011. | 0,3 |
| 25. | Одржување на практична настава по предметот биологија за учениците од меѓународното средно училиште „Нова", 2008 | 0,54 |
| 26. | Одржување на практична настава по предметот биологија за учениците од меѓународното средно училиште „Нова", 2009 | 0,54 |
| | **Вкупно** | **159,2** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активностите** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација под наслов „Систематска припадност на некои видови од родот *Triticum* врз основа на полиморфизмот на глијадините и пероксидазите", пријавена од Леонора Руфати на Факултетот за земјоделски науки и храна (неодбранета). | 3 |
| 2. | Ментор на магистерски труд под наслов „Ботаничко потекло на мед од Пробиштипскиот регион", пријавена од Јана Таскова на Факултетот за земјоделски науки и храна (неодбранета). | 1 |
| 3. | Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality using molecular markers", 2004-2007, финансиран од Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA). | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: South Eastern European Development Network for crop genetic resources", 2004-2014, финансиран од Шведската меѓународна агенција за развој (SIDA). | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: Одгледување на домашни сорти житни култури (пшеница, рж, пченка) и нивна преработка на традиционален начин, 2007-2009, финансиран од Глобален еколошки фонд (GEF, UNDP). | 5 |
| 6. | Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals by Nuclear and Molecular Techniques, 2007-2011, финансиран од Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA). | 5 |
| 7. | Национален координатор во меѓународен научноистражувачки проект: „Evaluation of Natural and Mutant Resources for increased phytonutrient Levels in Vegetable Crops and Potatoes " 2009-2011, финансиран од Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA). | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Учесник во меѓународен проект: TEMPUS IV „Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education" 2009-2011. | 5 |
| 9. | Учесник во меѓународен проект: Creation and management of mutant varieties database of Joint FAO/IAEA Programme Nuclear Techniques in Food and Agriculture, Plant Breeding and Genetics Section (IAEA), 2009. | 5 |
| 10. | Учесник во меѓународен проект: Sustainable Intensification of Crop Production Systems (IAEA) 2011. | 5 |
| 11. | Учесник во меѓународен проект: The Agriculture Strengthening and Accession Project (World bank) 2011. | 5 |
| 12. | Силвана Манасиевска-Симиќ, Иван Ангелов, 2006. Идентификација на глијадините и глутенините со полиакриламид гел електрофореза и нивно влијание во селекцијата на пченицата и квалитетот на пекарските производи. XXXI средба „Факултет-стопанство 2006", год. 14, стр. 19-34. | 3,6 |
| 13. | Manasievska-Simić Silvana. 2007. Quality of wheat and organic agriculture in Republic of Macedonia. Proceedings of workshop "Measuring food quality: concepts, methods, results and challenges", Dribergen, Netherlands, p. 27-29. | 1,8 |
| 14. | Силвана Манасиевска-Симиќ, Ицко Ѓоргоски, Иван Ангелов,, 2008. Анализа на полиморфизмот на γ глијадините во $F_2$ генерација кај хибриди од видовите *Triticum durum* и *Triticum aestivum* L. Анализа на комбинацијата ива x МТ 6/2. *Biologia Macedonica*, 59/60, 101-113. | 3,6 |
| 15. | Silvana Manasievska-Simić, Mile Peševski, Ivan Angelov. 2008. Biodiversity of cereals and economic issues in Republic of Macedonia. Proceedings of International scientific meeting "Multifunctional agriculture and rural development", Belgrade, 140-147. | 3 |
| 16. | Ferhat Ćejvanović, Kadrija Hodžić, Črtomir Rozman, Silvana Manasievska-Simić. 2009. Support measures for the agricultural and rural development in Bosnia and Herzegovina the case Brčko district of Bosnia and Herzegovina. *Transition*, Vol. 10, No.20-21, p. 71-79. | 3 |
| 17. | Учество на First Meeting on RTCP Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals Using Nuclear and Molecular Techniques, 2007, Vienna, Austria. | 1 |
| 18. | Учество на First Coordination Meeting on RTCP Evaluation of Natural and Mutant Resources for increased phytonutrient Levels in Vegetable Crops and Potatoes, 2009, Plovdiv, Bulgaria. | 1 |
| 19. | Учество на Second Coordination Meeting on RTCP Evaluation of Natural and Mutant Resources for increased phytonutrient Levels in Vegetable Crops and Potatoes, 2010, Vienna, Austria. | 1 |
| 20. | Учество на Regional Stakeholders Meeting on TC Project RER5013 Evaluation of Natural and Mutant Genetic Diversity in Cereals Using Nuclear and Molecular Techniques, 2011, Vienna, Austria. | 1 |
| 21. | Учество на семинар Measuring food quality: concepts, methods, results and challenges, Dribergen, Holand, 2007. | 1 |
| 22. | Учество на курс: PCR Based Molecular Marker, Katowice, Poland, 2008. | 1 |
| 23. | Учество на Training course on laboratory accreditation according to ISO 17025, Скопје, Македонија, 2009. | 1 |
| | **Вкупно** | 72 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Носител во изготување и пријавување на меѓународен проект: Scaled Effects of Agricultural Production Systems on Biodiversity, SEE-ERA.NET, 2010. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Учесник во изготување и пријавување на меѓународен проект: Increased capacity building of Food Research Institute in Republic of Macedonia, FP7-REGPOT, 2010. | 1 |
| 3. | Носител на изготвен и пријавен меѓународен проект: Training center for food quality and safety in organic agriculture, SCOPES, 2009. | 2 |
| 4. | Носител на изготвен и пријавен меѓународен проект: Developing drought-resistant cereals with improved yield stability to support efficient water use in the MPC region and Southern Europe, FP7, 2007. | 2 |
| 5. | Носител на изготвен и пријавен меѓународен проект:Improving quality and safety and reduction of cost in the European organic and "low input" food supply chains, FP7, 2006. | 2 |
| 6. | Носител на изготвен и пријавен национален проект: Лабораторија по ботаника и физиологија на растенијата, МОН, 2010. | 1 |
| 7. | Носител на изготвен и пријавен национален проект: Систематска припадност на некои видови од родот Triticum врз основа на полиморфизмот на глијадините и пероксидазите, МОН, 2011. | 1 |
| 8. | Носител на изготвен и пријавен национален проект: Испитување на антиоксидансите кај видови од фамилијата Solanaceae, МОН-2010, 2011; МЗШВ-2010. | 3 |
| 9. | Ferhat Čejvanović, Kadrija Hodžić, Črtomir Rozman, Silvana Manasievska-Simić. 2008. Support measures for agricultural and rural development in Brčko district of Bosnia and Herzegovina. 44 International Symposium of Agriculture, 15-20 February, Opatija, Croatia. | 1 |
| 10. | Mile Peševski, Silvana Manasievska Simić, 2008. Stanje makedonskog agrokompleksa u tranzicionom periodu (1991-2006). XIV Medjunarodni naucni skup, 4-6 September 2008. | 1 |
| 11. | Ferhat Čejvanović, Silvana Manasievska-Simić, Bajramovic Sabahudin, 2009. Food safety and implementation of HACCP and GLOBALGAP in Brčko district of Bosnia and Herzegovina, Proceedings of International symposium „Quality 2009" Neum, B&H. | 1 |
| 12. | Cevjanović Ferhat, Silvana Manasievska-Simić, Aleksandar Djurić. 2010. Application of the GLOBALGAP standard in the Brcko district of Bosnia and Herzegovina. Agriculture in the process of adjustment to the common agriculture policy, Faculty of agricultural sciences and food, p.57-63. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 13. | Студиски престои под 3 месеци (3) | 1,5 |
| 14. | Учество во промотивни активности на Факултетот | 2,5 |
| 15. | Уредник на Информатор, ФЗНХ, 2009/2010 | 2 |
| 16. | Продекан | 4 |
| 17. | Претседател на Комисија за настава | 0.5 |
| 18. | Претседател на Комисија за втор циклус студии | 2 |
| 19. | Претседател на Комисија за упис на студенти | 0.5 |
| 20. | Член на Комисија за избор во звање | 0.2 |
| 21. | Член на Комисија за реформи на прв и втор циклус студии | 0.5 |
| 22. | Член на Комисија за настава | 0.5 |
| 23. | Координатор на додипломски судии на студиската програма КБХ | 1 |
| 24. | Координатор на кампања за промотивни активности | 1 |
| 25. | Координатор на постдипломски студии – КБХ, етноботаника | 1 |
| 26. | Рецензент во научното списание Field and vegetable crop research | 0,5 |
| | **Вкупно** | **35,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 159,2 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 72 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 35,7 |
| Вкупно | 266,9 |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Иван Ангелов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија) с.р.

2. Проф. д-р Лефтерија Станковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија) с.р.

3. Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата дваесет и прва редовна седница одржана на 14.12.2011 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата од д-р СЛОБОДАНКА КОЛЕМИШЕВ-СКА на конкурсот објавен во *Нова Македонија* на 26.11.2011 г., за избор на еден наставник (во сите звања) по француски јазик. Рецензентската комисија, во состав: д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, д-р Маргарита Велевска, редовен професор, и д-р Мирјана Алексоска-Чкатроска, вонреден професор, по увидот во доставениот материјал на Наставно-научниот совет му го предлага следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Слободанка КОЛЕМИШЕВСКА е родена на 16.6.1950 година во Куманово, кадешто ги завршила основното и средното образование.

Студиите по француски јазик и книжевност ги завршила на тогашниот Филозофски факултет во Скопје во 1972 година.

Во периодот од 1972 до 1985 година работела како професор по француски јазик во ОУ "Лирија" во Скопје, а од 1985 до 1993 г. исто така како професор по француски јазик во ОУ "Владимир Назор" (денес "Блаже Конески") во Скопје.

Од февруари 1993, г. д-р Колемишевска е вработена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје како наставник по предметот француски јазик за нематични факултети.

На полето на стручно-научното усовршување, Колемишевска ги има следено и завршено постдипломските студии на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје. Испитите ги има положено со просечна оценка 9,60, а магистерскиот труд под наслов *Лингвистичките калки како средство за збогатување на македонскиот јазик* го одбранила на 17.12.2003 г., по што се стекнала со називот магистер на филолошки науки. По магистрирањето, д-р Слободанка Колемишевска била избрана како виш

лектор по предметот француски јазик за нематични факултети. Во ноември 2008 година, Колемишевска била избрана како виш лектор по француски јазик за нематични групи и факултети при Катедрата за романски јазици и книжевности.

На 30.9.2011 г., Слободанка Колемишевска ја одбранила својата докторска дисертација под наслов *Народните називи на растенијата во францускиот и во македонскиот јазик* и се стекнала со звањето доктор на филолошки науки.

Во текот на својата професорска дејност во изминатите години, д-р Колемишевска постојано водела грижа за своето стручно и научно усовршување. Уште како млад професор по француски јазик, таа активно учествувала во воведувањето на нови наставни методи за изучување на францускиот јазик. Низ неколкуте учества на семинари по француски јазик во Франција, д-р Колемишевска била во постојан допир со најновите достигнувања на полето на дидактиката на францускиот како странски јазик. На планот на усовршување на професорите по француски јазик од Република Македонија, Колемишевска изведувала и нагледни часови на разни семинари. Таа била коавтор на работни тетратки по француски јазик за петто и за шесто одделение, како и рецензент за новите учебници по француски јазик за шесто, седмо и осмо одделение. Учествувала во работата на бројни комисии при одржување на олимпијадите по француски јазик.

Со префрлувањето на работа на Филолошкиот факултет, д-р Слободанка Колемишевска природно ја подигнала за едно скалило нагоре дотогашната соработка со Филолошкиот факултет. Имено, долги години наназад д-р Колемишевска учествувала како ментор на студентите по француски јазик од Педагошката академија и од Филолошкиот факултет кои изведувале практични часови по предметот методика на наставата по француски јазик.

За потребите на Филолошкиот факултет д-р Колемишевска изведувала настава по француски јазик за студентите од Медицинскиот факултет, од Фармацевтскиот факултет и за другите студиски групи при Филолошкиот факултет. Во последните неколку години, д-р Колемишевска компетентно и со голем ентузијам ја префрлила главнината на својата активност врз воведување на студентите од другите студиски групи на Филолошкиот факултет во тајните и меандрите на францускиот јазик.

Во своето стручно усовршување, д-р Колемишевска во повеќе наврати користела стипендија на француската влада за учество на стручни сенминари во Франција.

Кандидатката била ангажирана и во работата на Сојузот на друштвата за странски јазици, како и во повеќе комисии за изведување на квалификациски испити при Филолошкиот и при Филозофскиот факултет во Скопје. Во периодот 1997-1999 год. била заменик-шеф на Катедрата за романски јазици и книжевноти.

Освен на магистерскиот труд, д-р Колемишевска е автор и на следниве трудови:

- *Работна тетратка за V одделение* (во коавторство со Милка Анчева), Просветно дело, Скопје, 1985;
- *Работна тетратка по француски јазик за VI одделение* (во коавторство со Анастасија Белопета), Просветно дело, Скопје, 1986;
- "Мини дијалози – микро конверзации", *Просветен работник,* Скопје, 30.4.1992;
- "Програмирани секвенци - Imparfait", *Просветен работник,* Скопје, 31.12.1992;
- "Интерференции меѓу англискиот и францускиот јазик кај ученици кои во основното училиште ги учат двата јазика", *Странските јазици како светоглед. Зборник трудови,* Скопје, 1993, стр. 89-92;
- "Францускиот јазик кај Каѓенците во Луизијана, САД", *Годишен зборник на Филолошкиот факултет,* Скопје, 1994/1995, стр. 177-185;
- "Француската медицинска терминологија во македонскиот јазик", *Први романистичко-балканистички средби,* Скопје, 1995, стр. 109-114;
- "(Не)преводливоста на францускиот говорен јазик", *XXIV меѓународни средби на преведувачите*, Тетово, 1995;
- *Француски јазик за медицинари и фармацевти* (учебник), Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје,1996, 238 стр.;
- *NOMINA ANATOMICA, латинско-македонски-француски речник* (во коавторство со Аница Карговска-Клисарова), Просветно дело, Скопје, 2000;
- "Калки од францускиот јазик", *Годишен зборник на Филолошкиот факултет,* Скопје, кн. 32/I, 2006, стр. 125-133.

Како последен и најзначаен досегашен научен труд на Слободанка Колемишевска е нејзината докторска дисертација под наслов *Народните називи на растенијата во францускиот и во македонскиот јазик (лексичко-семантичка анализа).* На 460 страници текст, д-р Колемишевска ја обработува, на компаративен начин, проблематиката на народните називи на растенијата во францускиот и во македонскиот јазик.

Докторската дисертација на кандидатката претставува придонес во проучувањето на народните називи на растенијата во францускиот и во македонскиот јазик (на нивната структура, етимологија и деноминативни модели). Дисертацијата има голема практична вредност со оглед на тоа што на едно место авторката компаративно ги третира фитонимите во двата јазика, расветлувајќи ги притоа причините за деноминацијата на растенијата, што е од особена важност за македонскиот јазик и за македонската лингвистика.

Д-р Слободанка Колемишевска веќе подолго време се занимава и со преведување на дела од француски на македонски јазик. Досега ги има преведено следниве книги:

- Симон де Бовоар: *Скршена жена,* Огледало, Скопје, 1993; Детска радост, Скопје, 1995;
- Франсоаз Саган: *Го сакате ли Брамс,* Мисла, Скопје,1994;
- Доминик Вилен: *Окото на камерата*, Кинотека на Р. Македонија, Скопје, 1994;
- Милан Кундера: *Бавност,* Култура, Скопје, 2002;
- Марсел Пруст: *Исповед на една девојка*, Сигмапрес, Скопје, 2002;
- Жоел Гарон: *Протестирам наместо вас,* Култура, Скопје, 2002;
- Мишел Панданкс: *Активности за учење на часот по странски јазик*, Логос А, Скопје, 2004;
- Мирча Елијаде: *Историја на религиите и религиските идеи,* том 2, Табернакул, Скопје, 2005;
- Филип Мерје: *Алатки за учење во група,* Логос А, Скопје, 2006.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Слободанка Колемишевска е професорка која целиот свој работен век го поминала во образованието и која постојано се стремела да ги примени најсовремените методи во наставата по француски јазик. Незгасливата жед за учење Колемишевска ја продолжила преку магистерските студии и докторската дисертација, преку научните и стручни трудови, преку преводите на стручна литература и на белетристика. Преку својата долгогодшна и разновидна наставна практика како професор по француски

јазик и преку своето постојано стручно и научно издигнување, д-р Слободанка Колемишевска се има профилирано во успешен професор, стручњак и преведувач по француски јазик. За сите наведени активности салдото на освоени поени на д-р Колемишевска изнесува **122,2 поена**.

Имајќи го предвид сето погоре кажано, можеме сесрдно да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" да ја избере д-р СЛОБОДАНКА КОЛЕМИШЕВСКА во звањето доцент по француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, ред. проф., с.р.
2. Д-р Маргарита Велевска, ред. проф., с.р.
3. Д-р Мирјана Алексоска-Чкатроска, вонр. проф., с.р.

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат**: **СЛОБОДАНКА (Борис) КОЛЕМИШЕВСКА**
**Институција**: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје
**Научна област**: француски јазик

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Настава од прв циклус студии** | |
| 1 | француски јазик 1, 2+2, зимски семестар, 2008/2009 | 2,4 |
| | француски јазик 3, 2+2, | 2,4 |
| | француски јазик за фармацевти, 2+2 | 2,4 |
| | стручен предмет медицина, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 2, 2+2, летен семестар, 2008/2009 | 2,4 |
| | француски јазик 4, 2+2 | 2,4 |
| | француски јазик за фармацевти, 2+2 | 2,4 |
| | стручен предмет агрономија, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 1, 2+2, зимски семестар, 2009/2010 | 2,4 |
| | француски јазик 3, 2+2 | 2,4 |
| | француски јазик за фармацевти, 2+2 | 2,4 |
| | стручен предмет медицина, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 2, 2+2, летен семестар, 2009/2010 | 2,4 |
| | француски јазик 4, 2+2 | 2,4 |
| | француски јазик за фармацевти, 2+2 | 2,4 |
| | стручен предмет агрономија, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 1, 2+2, зимски семестар, 2010/2011 | 2,4 |
| | француски јазик 3, 2+2 | 2,4 |
| | преведување од француски на македонски јазик 0+2 | 1,2 |
| | практика на преведување, 0+2 | 1,2 |
| | стручен предмет медицина, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 2, 2+2, летен семестар, 2010/2011 | 2,4 |
| | француски јазик 4, 2+2 | 2,4 |
| | преведување од француски јазик на македонски 0+2 | 1,2 |
| | практика на преведување, 0+2 | 1,2 |
| | стручен предмет агрономија, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 1 почетен, 2+2, зимски сем., 2011/2012 | 2,4 |
| | француски јазик 1, продолжен курс, 2+2 | 2,4 |
| | француски јазик 3, 2+2 | 2,4 |
| | преведување од француски на македонски јазик, 0+2 | 1,2 |
| | практика на преведување 0+2 | 1,2 |
| | стручен предмет медицина, 1+1 | 1,2 |
| | француски јазик 2, 2+2, летен семестар, 2011/ 2012 | 2,4 |
| | француски јазик 4, 2+2 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | преведување од француски јазик на македонски, 0+2 | 1,2 |
| | практика на преведување, 0+2 | 1,2 |
| | стручен предмет агрономија, 1+1 | 1,2 |
| | | |
| 2. | **Консултации со студенти** | 1,2 |
| | 2008/2009, 176 студенти | |
| | 2009/2010, 179 студенти | |
| | 2010/2011, 126 студенти | |
| | 2011/2012, 131 студент | |
| 3. | **Член на комисија за дипломска работа** | |
| | Ирена Георгиевска, Тамара Дејановска, Елена Филипова, Наташа Таневска (4 x 0,2) | 0,8 |
| 4. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник - автор** | 8 |
| 5. | **Рецензент на универзитетско наставно помагало** (Анита Кузманоска, *Мал речник на растенија*) | 1 |
| | **Вкупно поени од наставно-образовна дејност** | **80,6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2 x 2) | 4 |
| 2 | Труд објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор (1 x 3) | 3 |
| 3 | Труд објавен во зборник на в.о. институција (3 x 2) | 6 |
| 4 | Учество на научен/стручен собир со реферат (2 x1) | 2 |
| 5 | Секциско предавање на на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 x 2) | 4 |
| | **Вкупно поени од научноистражувачка десјност** | **19** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Коавтор на речник | 3 |
| 2 | Рецензент на учебници за основно образование (3 x 0,5) | 1,5 |
| 3 | Учество во работа на комисии за државни натпревари по француски јазик (4 x 1) | 4 |
| 4 | Превод на книга/учебник (2 x 3) | 6 |
| 5 | Заменик-шеф на катедра | 3 |
| 6 | Член на комисија за избор во звање лектор на: Анита Кузманоска, Зора Јосифоска, Ирена Павловска (3 x 0,2) | 0,6 |
| 7 | Член на факултетска пописна комисија | 0,5 |
| 8 | Студиски престој во странство до 3 месеци (4 x 0,5) | 2 |
| 9 | Член на организационен одбор на меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст*, Скопје, 12-13.12.2011. | 2 |
| | **Вкупно поени за стручно-апликативна дејност** | **22, 6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **80,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **19,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22,6** |
| **Вкупно** | **122,2** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, ред. проф., с.р.

2. Д-р Маргарита Велевска, ред. проф., с.р.

3. Д-р Мирјана Алексоска-Чкатроска, вонр. проф., с.р.